УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

М-р Јован КОРУБИН

# НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО СТРУКТУРАТА НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

(Докторска дисертација)

Ментор:

Проф.д-р Томислав ЧОКРЕВСКИ

Скопје, 1992.

# С О Д Р Ж И Н А

**В о в е д**

Живиот песок: Интелигенцијата ..................... 1

**Дел први**

Теоретските контроверзи за интелигенцијата......... 10

**Глава прва**

Интелигенцијата: Мит или стварност ................ 11

**Глава втора**

Функцијата на интелигенцијата: Вон времето или
со времето ........................................ 39

**Глава трета**

Интелигенцијата во општествената структура: Образо-
ваниот двојник на средната класа .................. 57

**Глава четврта**

Научната интелигенција во социолошката анализа:
Методолошки аспекти на истражувањето............... 78

**Дел втори**

Структурните белези на научната интелигенција во
Македонија (социолошки пресек) .................... 92

**Глава прва**

Формирање на научната интелигенција: Интелектуал-
ниот скок ......................................... 93

**Глава втора**

Научната интелигенција: потекло и статус........... 119

**Глава трета**

Половата структура: надминување на научната
"Маскулинократија" ................................ 192

**Глава четврта**

Интелигенцијата: Генерациска или хронолошка група?.. 210

**Глава петта**

Структурата според одделните науки: новиот идентитет на истражувачот ................................ 222

**Општи согледувања:**

Социјалниот портрет на научната интелигенција ...... 228

Пролегомена за едно идно истражување ............... 238

Литература ...................................... 242

Прилози ......................................... 260

# В о в е д

## ЖИВИОТ ПЕСОК: ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

Една подлабока историска анализа најверојатно ќе ја потврди тезата дека времињата на значајни општествени промени и превирања отсекогаш и одново го отвораle прашањето за природата, местото и улогата на интелигенцијата во нив. Ако се согласиме дека и нашето време е време на такви промени тогаш е сосема разбирлив фактот што ова прашање се јавува и денес како едно од клучните за разбирање и објаснување на вкупните општествени процеси. Тоа го потврдуваат и, во последно време, обновените расправи за него и околу него а кои, во најповеќе случаи, тргнуваат од тоа дека објективно сѐ уште не се надминати историските услови кои интелигенцијата социјално ја детерминираат, издвојувајќи ја како нешто посебно во целината на општествената структура и односите во неа. Овие расправи се, често, проследени и со извесна доза на скептицизам, на тој вечен сопатник на секој кој ќе се обиде да навлезе во "областа на социолошкиот жив песок" како што, своевремено, ја нарече Едгар Морен темата за интелигенцијата.

Ако е за многумина, во таа смисла, интелигенцијата нешто недофатливо, за политиката нешто "опасно", за Морен е таа социолошки проблем кој крие многу теориски и методолошки

замки за истражувачот. Ако се држиме до социологијата тогаш, како што вели тој, проблемот како да започнува и да завршува со следното: Што е интелигенцијата? Што се интелектуалците? Каков тип на група се тие во општеството? Какви им се структурите и идеологијата? Каква улога играат тие во политичкиот живот? Итн., итн... Проблемот, навистина, како секогаш да започнува и да завршува со истите прашања.

Истражувањето во "областа на социолошкиот жив песок" повторно не исправа пред дилемата: можна ли е, воопшто, социолошката анализа на интелигенцијата. Не е ли таквата анализа, всушност, своевидна авантура на духот, кој сака да се спознае самиот себе си? Ова дотолку повеќе што и самиот Морен, како творец на наведената метафора, смета дека интелектуалците не можат да го проучуваат прашањето на интелигенцијата а притоа да не тргнат од самоанализа и самокритика. Имено, кога интелектуалците расправаат за интелигенцијата тие нужно мора да расправаат **за себе**, за тоа што **мислат за себе**, како се гледаат **себе си** во "сплетот на вкупното социоисториско окружување" или, како што вели Карл Манхајм, да се согледаат себе си не само како индивидуи, туку и како општествена група во сопствените очи. За Манхајм, имено, она што е вистина за поединецот важи речиси еднакво и за групите. Послужувајќи се со зборовите на американскиот социолог Кули тој ќе забележи дека тие (групите), исто така, имаат слика од огледалото за сопствената природа, како и поединецот.

Кај таквата самоанализа, меѓутоа, се јавуваат нужно две потешкотии. Првата е од субјективна природа. Интелектуале-

цот е, имено, често наклонет да се гледа себе си онака како што тој сака да се види: како свест и совест на историјата и општеството и никако поинаку. Со таквиот самоглед можеме, сè почесто, да се сретнеме и во сегашниот општествен миг. Таквото чувство дури и официјално се поттикнува. Ако таа официјалност во нашето **не баш така далечно минато** му го одзеде огледалото на интелектуалецот за да не се види тој во него, сега му го враќа но со **задача** не да се види само самиот тој во него, туку да ја види и иднината што новата официјалност треба да си ја обезбеди и, повторно, рационално да ја **оправда** таа иднина. Задоволен од чинот на вратеното огледало интелектуалецот повторно е ставен во ситуација да се разбере себе си "првенствено низ мислењата на другите", како што би рекол Манхајм. Клучното прашање и сега е, значи, кој е тој "другиот" во чии што очи се гледаме себе си, вели тој,додавајќи дека историјата на групното самоспознавање е во одредена смисла еволуција на свеста, а дека секоја фаза од тој развој ја обележува природата на "оние другите" во чии претстави и поединците се гледаат себе си. Обидувајќи се да укаже на истиот проблем Морен смета дека "самокритиката" на интелектуалецот мора да води во правец на два противречни но нужни пола: од една страна кон дистанца во однос на сопствената интелектуалност, а од друга страна кон продлабочување на таа интелектуалност, односно од една страна кон десубјективизација, а од друга кои транссубјективизација.

Втората потешкотија е од објективна природа. Квантитативниот и квалитативниот раст на нивото на образованоста и општата култура сè повеќе ги потхранува мислењата дека совре-

мениот карактер на трудот и модерната технологија и постепеното бришење на границата меѓу умствениот и физичкиот труд ја определуваат интелигенцијата само во смисла на врвните творечки интелектуалци. Но, дури и таквите врвни интелектуалци често не се во можност да дадат попрецизен одговор на прашањето: води ли "масовноста на интелектуалците" кон самоукинување на интелигенцијата, како што тоа Сартр го бараше, или кон нејзино објективно исчезнување со остварување на Марксовата визија за "вкупниот работник" или, пак, таа е сè уште посебен слој кој и понатаму го има чувството на самостојност, историски континуитет и интерес? Зашто, како што е тешко да се определи границата каде завршува мануелниот а каде започнува умствениот труд, исто толку, ако не и повеќе, е тешко да се најде границата што го одделува интелектуалецот од неинтелектуалецот. Критериумите за таквите дистинкции се многу различни. Од Платоновите концепции за филозофите како духовна елита па сè до најновите сфаќања за менаџерското општество. Причините за тие разлики не може, според нас, да се бараат само во бројниот раст на оние што се занимаваат со умствен труд или кои поседуваат определено образование. Антонио Грамши, во таа смисла, пишуваше дека најраспространетата методолошка грешка се состои во тоа што критериумите на разликувањето (помеѓу интелигенцијата и,така да речеме, оние другите) се бараат во самата природа на интелектуалната дејност, а не во целокупниот систем во кој тие, а според тоа и групите што нив ги отелотворуваат, се нашле во општиот склоп на општествените односи. Во тој поглед ни се чини дека и Сартр е близок до Грамши кога тврди дека интелектуал-

ците (кои за него, исто така, не се само оние кои се бават со интелектуален труд) треба да научат дека универзалното кон кое се стремат треба да го сфатат во стварноста, во моментот, во непосредната сегашност. Се чини дека доколку интелектуалецот, во потрагата по сопствениот идентитет, не ги прифати наведените мислења, се става во ситуација себе си да се дефинира како човек кој знае кој е Тулуз-Лотрек, пред да биде прикажан филмот "Мулен Руж", како што тоа духовито, но и со доза на блага иронија, го забележал еден од читателите на списанието "Штерн" (Бранислав Милошевиќ, "Витезови духа", списание "Данас" од 08.08.1989). Доколку, пак, ги прифати тогаш несомнено треба да го утврди идентитетот на времето во кое живее за да може да го осознае и сопствениот идентитет.

Не станува збор, значи, само за некакви промени во бројноста на интелигенцијата туку за мноштво фактори кои во современото општество влијаат врз нејзиното битие, врз постојаните и динамичките елементи на тоа битие. Претрпувајќи и самата радикални преобразби во него таа, во исто време, во сопствениот етос ги инкорпорира универзалните вредности на својата историска претходница но создава и нови, отфрлајќи ги оние ознаки за себе кои не се примерени на времето. Бројниот нејзин раст, може да се рече, само ги заострува критериумите за тоа кој може да се смета, денес, за интелектуалец и за припадник на интелигенцијата но, сам за себе, не зборува многу за нејзината природа, социјална функција и место во општеството. Оттука, се јавува и потребата од посебна структурална анализа на нејзините социјални, професионални, квалификациони, демограф-

ски и други белези, за да би се утврдиле и скриените социјални детерминанти врз кои израснува и нејзиното творечко битие.

Има, меѓутоа, и такви мислења кои категорично тврдат дека интелектуалците и се измолкнуваат (и избегнуваат) на строго социолошката анализа, дека од становиштето на строго социолошкиот метод тие се несфатливи. Дека, на пример, секој обид на социолошко толкување на Сократовите мисли останува прекратко. Според таквото мислење (Ѓуро Шушњиќ) кога Сократ говори социологијата мора да молчи! Таквото мислење, можеби, би можело да се прифати ако пред нас не се испречува една објективна ситуација: а, имено, како денес, во време на масовна култура да го препознаеме гласот на Сократа, опсипани од сите страни со големи и мали "сократи" и "сократчиња" кои секојдневно ги слушаме, гледаме, срекаваме. Зад умноста на Сократ стоел самиот Сократ, зад умноста на денешницата, пак, често стои некој колективен Сократ, збир на поединци кои можат и да не се познаваат меѓу себе. А да не зборуваме за оние што стануваат "сократи" благодарејќи му на она што Сократ го говорел. Како, со други зборови речено, да ја направиме разликата меѓу копиетo и оригиналот? Очигледно е дека социјалната база на интелигенцијата секојдневно се проширува поставувајќи го прашањето за нејзиниот социјален идентитет во еден поинаков контекст. Всушност, интелигенцијата и стана објект на зголемениот научен интерес од оној историски момент кога таа се преобрази во поширок, помасовен слој кој, како таков, се најде во посложен интеракциски однос со другите делови на општеството, вршејќи, притоа, и позначајно влијание врз сите процеси во него.

За Карл Манхајм, наспроти таквите мислења, интелигенцијата е средишен проблем на социологијата на духот. Тој дури зборува за посебна социолошка теорија за интелигенцијата. Факт е, меѓутоа, дека сѐ уште не можеме да зборуваме за некаква поцелосна и поконсеквентна теорија за интелигенцијата ниту, пак, за некои позабележани претходни трудови од историски карактер кои би ни дале попрецизни сознанија за нејзините корени, за нејзиниот настанок, развој и историски континуитет. Тоа важи дури и за оние автори кои и посветиле определено внимание како што се, покрај Манхајм, и Ж.П.Сартр, Јозеф Шумпетер, Т.Гајгер, А.Грамши, А.В.Гулднер, С.М.Липсет, Ј. Шќепански, П.П.Амелин и др. Тоа, уште повеќе се однесува на социолошката теорија кај нас. Навистина, одвреме-навреме, можеме да се сретнеме со темата за интелигенцијата но таа е секогаш во некоја конкретна функција - или да се вклопи интелигенцијата во политиката и владејачката идеологија или, пак, да се докаже нејзината инкопатибилност со нив. На тој начин темата добива исклучително политички конотации кои не дозволуваат нејзина посестрана елаборација. Посматрана in concreto и како група sui generis интелигенцијата секогаш се поставува наспроти оние другите - интелигенцијата и политиката, интелигенцијата и работничката класа, интелигенцијата и партијата, интелигенцијата и нацијата - или, обратно, оние другите се поставени наспроти неа. Најчестата последица на таквиот пристап е априорното интелектуално дисидентско кај интелектуалците и априорниот антиинтелектуализам кај оние другите. И, диле-

мата е веќе не само родена, туку и наметната: за или против интелигенцијата? Таа дилема, ако малку се поразмисли, во теориска смисла, всушност, и не постои и обично, доколку се појави, е резултат на дневнополитичките или идеолошките "прагматски апетити" кои, за жал, во конвертитската свест можат брзо да еволуираат од "за" во "против" и обратно.

На темата за интелигенцијата или, поточно, за научната интелигенција во македонското општество и пристапивме токму во време на една силна и брза, би рекле дури и дневна конверзија на македонското општество, во време на преобразби не само во неговата структура, туку и во свеста на луѓето и во нивниот став кон интелигенцијата. Тој став, во зависност од неговите носители, се движи од митолошката свест за нејзината "месијанска" улога до јавните обвинувања дека е таа "петтата колона" на сопствениот народ. Таквата стварност ни ја постави, пред сè, задачата да не му подлегнеме на моментот и на избрзаните оценки, под влијанието на социјално-психолошките колебања на денот кои, често, долгата и макотрпна, "мирна" научна работа можат да ја направат наизглед бесмислена, јалова, непримерена на актуелниот општествен момент.

Сето тоа, меѓутоа, можеби беше додатниот мотив да се истрае во напорот што пообјективно и поегзактно да се оцрта овој општествен слој, од кој, понатаму различно се диференцираат и дејствуваат често антагонистичките социјални групации. Ориентацијата на истражувањето во тој правец, се чини, ќе може да ги даде оние елементи кои се релевантни за оценување на функци-

јата на интелигенцијата и во општествените процеси. Комплементарната обработка на феноменот на нашата интелигенција е, впрочем, голема и сложена задача, која во догледно време нема изгледи да биде сосема извршена.

Во една таква состојба навистина благотворно дејствуваат зборовите на извесниот Лајонел Трилинг кој, сеќавајќи се на времето на својата докторска дисертација, ќе рече: "Нешто од интелектуалното расположение на тоа време се одрази во мојата решеност трудот да најде своја публика не само меѓу учените луѓе туку и меѓу пошироките слоеви".

Со такво расположение, без претензии дека сосема ќе успееме, и пристапуваме, понатаму, на нашата тема.

## Дел први

# ТЕОРЕТСКИТЕ КОНТРОВЕРЗИ ЗА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

# Глава прва

## ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА: МИТ ИЛИ СТВАРНОСТ

Во колективната свест на денешницата живеат повеќе претстави за интелектуалците. Меѓу нив, секако, е и следната: интелектуалците се, воопшто, смешни суштества пред сè затоа што себе си се земаат многу сериозно. Можат да се препознаат по важно-смешните бради, по очилата со јака диоптрија и јаки рамки за доживотна употреба, по излитените палта, најчесто со шара "рибина коска" и со кожени флеки на лактовите. Своите деца ги повиваат во веќе прочитаните или позајмени весници, ги учат потајно на вегетаријанство и создаваат од нив вундеркинди, божем случајно, но секогаш некако по сопствен облик и пример[1].

Во ваквите претстави треба, секако, да го вброиме и стереотипот за "расеаниот професор", за интелектуалецот како несмасно суштество кое во животот, не гледајќи од книгите подалеку, многу често, се однесува "како слон во стаклена бавча". Од тој стереотип може, некако , да започне и приказната за "јајцеглавите" како што, понекогаш, ги нарекуваат интелектуалците и денес во определени средини[2].

---

1) Димиќ Мома, Интелектуалац изван институције, "Градина", Ниш, 1984/12, стр.62

2) Поимот "интелектуалец", како што наведува Луис Фајер, во Америка, од неговото појавување во 1898 година, па до триесеттите години на овој век, обично бил употребуван погрдно со задолжителната фраза "таканаречени",

Но, ако и приказната за интелигенцијата, како една од, во социолошка смисла, значајните општествени групи, може да започне од таквите претстави, таа, секако, не ќе може да го одбегне фактот за долгата еволуција на создавањето на современиот интелектуалец без кого е, всушност, и невозможно да се сфати ни времето во кое, денес, живееме.

Иако во модерна смисла на зборот интелигенцијата е поим на дваесеттиот век, мит на денешницата, нејзините историски корени допираат до најраните периоди на човештвото, Зачетоците на тој мит, кој ќе израсне врз обавувањето на духовните и интелектуалните функции во општеството, ќе ги пронајдеме, како што тоа го забележува и Едгар Морен, кај племенскиот маг (врач, шаман) како предок на модерниот интелектуалец и мислител[3]. Тој прв свештеник и лекар чија "интелектуалност" е, навистина, ирационална, ќе се издвои, сепак, од припадниците на групата на која и припаѓа по посебноста на својата функција. Од таа функција, подоцна, ќе израснат и ќе се издиференцираат

---

за подоцна интелектуалците да бидат наречени "јајцеглави". (Фајер С. Луис, Ко је интелектуалац? "Градина" 1984/12, стр.6). Таквите претстави, во тоа време, биле, пред сè, резултат на изразениот антиинтелектуализам во американското општество. Во таа смисла д-р Ѓорѓе Поповиќ ја наведува и мислата на Ајзенхауер дека интелектуалецот е човек кој употребува повеќе зборови одошто е потребно, за да соопшти повеќе одошто знае. Истиот автор, послужувајќи се со соодветни извори ќе наведе дека и еден од министрите на Ајзенхауер се "прославил" со изјавата дека "јајцеглавиот" е човек кој не го разбира сето она што го знае! - Popović dr Đorđe, Inteligencija i radnička klasa, "Radnička štampa", Bgd.,1980, str.13.

3) Morin Edgar, Intelektualci: kritika mita i mit kritike, "Marksizam u svetu", 1977/1-2,str.70. Тој факт експлицитно го истакнува и Карл Манхајм. Раздвојувањето на секојдневнието од езотеричното подрачје на знаењето, истакнува тој, почнува со појавата на професионалниот врач, а посебно со волшебничките цехови и, на крајот, со кастата на волшебниците.- Mannheim Karl, Eseji o sociologiji kulture, "Stvarnost", Zgb., 1980, str. 124.

првите свештеници, филозофи, лекари и учители со што, конечно, и човековата умна дејност ќе се претвори во релативно осамостоена сфера во општеството.

Нашата намера не е, во случајов, да направиме некаков подолг осврт врз историјатот на интелигенцијата. Тоа е, секако, задача која може да се постави во некој друг контекст. Сакаме само да укажеме на оние социолошки претпоставки кои се јавуваат како значајни за дефинирањето на проблемот на интелигенцијата денес.

Имено, ако со поделбата на трудот на умствен и физички се создадоа историските услови за појавата на т.н. праинтелигенција која врз себе, потполно или делумно, ја презеде мисловно-управувачката дејност, тогаш интелигенцијата како слој со поширока социјална основа ќе се појави дури со зачетоците на граѓанското општество, со развојот на градовите, трговијата, машинското производство, со ширењето на знаењето и науките. Сето тоа ќе ги зголеми потребите од поголем број образовани луѓе, од специјализирани духовни занимања. Ваквото становиште за оформувањето на модерната интелигенција е, речиси, општоприфатено и покрај фактот што и антиката, и средниот век, и азиските цивилизации познавале веќе издвоени категории на интелигенција. Таа т.н. традиционална интелигенција, меѓутоа, ќе дејствува, сепак, во услови на неразвиена поделба на трудот и, главно, во крилото на владејачките слоеви од кои, како таква, и ќе се издиференцира. И покрај фактот што античките мислители во многу нешто ќе останат како ненадмината парадигма на интелектуалноста, подоцна таа интелектуалност, како што тоа убаво го забележува и

Морен, повторно ќе биде апсорбирана од религијата, јавувајќи се, како што, на тоа додава Грамши, како монополизатор на целокупната општествена мисла.[4]

За пресвртни моменти во тој поглед, некои автори, како што е на пример Жорж Лапасад, ги сметаат периодите на хуманизмот и ренесансата. Француските просветители се, всушност, првите интелектуалци во вистинска смисла на зборот и тие се првата интелигенција на модерното време. Основата на нивната појава Лапасад ја наоѓа во посебните "културалистички постулати" кои тогаш за прв пат, а и подоцна, ќе бидат карактеристика на дејствувањето на интелектуалците. Првиот постулат се однесува на човекот како универзална вредност на цивилизацијата, како единствено битие кое е способно да ја создава, пренесува и да ја прима културата. Вториот постулат е "спротивставувањето на мрачњаштвото на поранешните векови, знаењето на незнаењето, цивилизацијата на варварството" во што се пројавува моралниот аспект на интелигенцијата. И, третиот постулат е ослободувањето на човекот што, пак, претпоставува знаење и воспитување и со што "се докинуваат грешките на човековото индивидуално и историско детство"[5]

---

4) Morin Edgar, наведеното дело, стр.70; Грамши Антонио, Одбрани текстови, Здружени македонски издавачи, Скопје, 1978, стр.107. Истокот, особено далечниот, познава периоди и на владеење на "интелигенцијата" како посебна група. Таков е случајот кај кастинското уредување, особено во Индија, како и случајот со т.н. "литерати" во Кина кои низ духовната дејност оствариле и силно политичко влијание во општеството на што укажувал и Макс Вебер.- Popović dr Đorđe, наведеното дело, стр. 26

5) Lapassade Georges, Ruso i enciklopedisti, "Marksizam u svetu" 1977/1-2, stra.55

Ако тие моменти се земат за почеток на, како што вели Алвин Гулднер, историјата на развојот на модерните интелектуалци, тогаш таа историја би морала да ги има предвид некои моменти кои директно влијаеле врз формирањето на таа интелигенција. За Гулднер, како прв таков момент, се јавува процесот на секуларизацијата на интелектуалната дејност која не е повеќе врзана за црквената организација. Понатаму, како резултат на тоа, е и појавата на разните народни јазици и изумирањето на латинскиот јазик како јазик на интелектуалците. Пропаста на феудалниот систем и системот на т.н. "стар режим" на персонализирани односи на покровителство на владејачките елити над интелектуалците, е третиот значаен момент. Врз тоа се надоврзува и зголемувањето на "анонимниот пазар" за производите и услугите на интелектуалците како и ширењето на системот на јавното "мултикласно" образование кое се јавува како основа на масовното "производство" на интелигенција. Врз основа на тоа се формираат и извесни нови вредности кај луѓето, вредности кои се различни од оние кои дотогаш ги создаваше главно патријархалното семејство, а кои вредности добиваат покосмополитиски карактер.[6] На значењето на ширењето на образованието укажуваат, во иста смисла, Јозеф Шумпетер и Антонио Грамши.[7]

---

6) в. Gouldner Alvin, Uvod u teoriju revolucionarnih intelektualaca, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str.172-174

7) Екпанзијата на просветниот апарат во капиталистичката цивилизација беше и е толку неизбежен колку што беше неизбежен и развојот на индустриската единица вели Шумпетер, Антониот Грамши, пак, пишува: "Училиштето е инструмент за создавање интелектуалци од различен степен. Сложеноста на интелектуалната функција,во различни држави може објективно да се измери со бројот на стручните училишта и со нивната хиерархиска подреденост - колку пошироко е училишното "подрачје" и колку побројни се "вертикалните" степени на училиштето, толку посложен е културниот свет, т.е. цивилизацијата на определена држава".- Денес,веројатно,многумина нема да се сложат со Грамши сметајќи дека масовноста на школувањето доведе до извесна деградација на интелектуалниот труд,до негова формализација. Интересно е,сепак,дека и

Денешната интелигенција, според тоа, се јавува како наследник на грчките софисти и мислители,на ренесансниот хуманист или филозофот на 18 век но, таа е, во исто време, и производ и носител на новите знаења, на критичкиот дух на новото време. Таа, што би рекол Морен, ги нагризува табуата и празноверјата, ги разбива митовите, но во исто време е и потврда на универзалните принципи, на "принципите на умот".[8]

Врз тоа својство на битието на современата интелигенција, меѓутоа, започна да се создава и митот за интелигенцијата - за нејзината месијанска улога, за интелектуалците "кои спасуваат со културата и разумот" (Морен). Под влијанието на тој мит и самиот интелектуалец ја заборава својата сопствена генеза, својата длабока вкоренетост во почвата на која тој израснал. Тоа е онаа почва врз која, како што не случајно ќе инсистира Грамши, израснува секоја општествена група со определени функции во економското производство, а која група истовремено создава еден или повеќе слоеви на интелектуалци кои на таа група и даваат хомогеност и ја прават свесна за нејзините функции на сите полиња на општествениот живот.[9] Зашто, како што на примитивниот човек му беше неопходен магот како духовна

---

и Шумпетер и Грамши, уште во свое време и независно еден од друг, експлицитно ќе укажат на тоа дека масовноста на школувањето неминовно ќе доведе до масовна невработеност на интелигенцијата, за што ние ќе станеме свесни многу подоцна.- Šumpeter Jozef, Kapitalizam, socijalizam i demokratija, "Kultura", Beograd, 1960, стр.223 и Грамши Антонио, наведеното дело, стр. 111

8) в. Morin Edgar, наведеното дело, стр. 70

9) Капиталистичкото претпријатие, пишува Грамши, го создава и индустрискиот техничар, научникот по политичка економија, организаторот на една нова култура, на едно ново право итн., со што, историски, се образуваат категории специјализирани за вршење интелектуална функција.- Грамши Антонио, наведеното дело, стр. 105 и 111.

сила за совладување на непознатата природа, како што на антиката и беше неопходен филозофот за водење на јавниот живот во согласност со начинот на искористувањето на трудот, како што на средниот век му беше потребен свештеникот заради зацврстување на постоечките односи на производството и политичката хиерархија, исто така, и на слободниот претприемач му беше и му е потребен популаризаторот на слободната иницијатива, интелектуалниот борец за граѓански слободи и протек на идеи, на новиот економски поредок.

Интелектуалецот е, значи, историски производ. Истакнувајќи го тоа Жан Пол Сартр, во таа смисла, ќе рече дека ниедно општество не може да се жали на своите интелектуалци а, притоа, да не се обвини самото себе си бидејќи во него нема никакви други интелектуалци од оние што самото ги создало.[10]

Што е, тогаш, интелигенцијата? Што се интелектуалците? Можна ли е една, единствена, универзална нивна дефиниција од која, потоа, би се тргнало во социолошката анализа на другите прашања кои се наметнуваат во врска со нив?

Одговорот на овие прашања е, можеби, единствен во едно: дека нема единствен одговор на нив. Тој, имено, секогаш зависел и зависи од конкретната историска и општествена констелација во која се барал, од времето и просторот во кој се барал, од индивидуалниот став на оној што го барал. Уште пред дваесетина години познатиот полски социолог Јан Шќепански, на

---

10) в. Sartre Paul Jean, Što je to intelektualac? "Kulturni radnik", Zagreb, 1975/1, str. 83

пример, ќе наведе дека има повеќе од шеесет определби на интелигенцијата.[11] Тој број е, денес, сигурно поголем. Но, и самиот за себе, доволно зборува за контроверзите околу поимањето и определувањето на интелигенцијата. Тие контроверзи не се присутни само во нејзиното теориско поимање, туку и во свеста на секој човек денес. Тие се во непосредна врска со владејачките општествени идеологии, со економската, образовната и културната развиеност на одделни средини, со процесите кои конкретно се одвиваат во нив. Оттука, и критериумите за разликувањето на интелигенцијата и интелектуалците се различни. Тие се поостри денес, отколку во минатото, поостри во поразвиените земји, отколку во понеразвиените, поостри меѓу самата интелигенција, отколку кај другите општествени слоеви.[12]

Од друга страна критериумите за дефинирање на интелигенцијата зависат и од практично-теориските исходишта од кои се тргнува во анализата. Тие исходишта можат да бидат историски, социјални, функционални, вредносни, културолошки, психолошки итн. Поради тоа има и автори кои, свесно или несвесно,

---

11) *Szepanski J., Funkcje intelligenci we wspolszenych spoleczenstwach*, "Kultura i Spoleszenstwo", Warszawa, 1966, No 3-стр.7

12) Во интелигенцијата, како што видовме, некогаш можевме да го вброиме и магот, и селскиот поп и учител, па дури и обичниот писар. Тоа, истото, денес може да важи и за различните средини. Во високоразвиените земји, често, и најобразованиот поединец не мора да се смета за интелектуалец, како што во неразвиените земји, во кои интелигенцијата штотуку се создава, секој учен човек може да биде сметан за тоа. Извозот на "мозоците" од нашата средина, во таа смисла, го побива присутното, понекогаш, мислење за малобројноста и "неквалитетот" на нашата интелигенција. Според нас, се работи, всушност, само за чувство на помала вредност, условено од средината во која нашиот интелектуалец дејствува.

го одбегнуваат попрецизното определување на интелигенцијата или тоа го прават на индиректен начин со разработката на нејзината природа и функции. Она што, најчесто, се јавува како неспорно е само прашањето за настанувањето на термините интелигенција и интелектуалец иако, и во тој поглед, можат да се сретнат извесни, помали неслагања.[13]

И двата термина, всушност, се творба на 19 век, со слично значење иако се појавиле во различни средини и општествени услови. Познато е дека терминот "интелигенција" за прв пат се јавил во Русија, во шеесеттите години на тој век меѓу припадниците на народничкото движење. Тогаш "интелигенти" се нарекувале образованите луѓе,и тоа оние кои,не само што се занимавале со умствен труд, туку се сметале за претставници на напредната култура, за носители на новите хуманистички идеали, "луѓе кои длабоко и страсно ја мразеле секоја форма на угнетување, самоволие и насилство на царското самодржавие".[14] Има, меѓутоа, и такви мислења дека терминот, всушност, настанал во

---

13) Овде го имаме предвид само социолошкото значење на термините. За етимолошкото и психолошкото значење упатуваме на постоечките лексикографски изданија кај нас.- в.Вујаклија Милан, Лексикон страних речи и израза, "Просвета" Бгд., 1976; Enciklopedija leksikografskog zavoda, knjiga 3, JLZ,Zgb., MCMLXVII; Kljajić Bratoljub, Leksikon stranih riječi i izraza, Zagreb i sl.

14) Надель С.Н.,Научно-техническая интеллигенция в современном буржуазном обществе, "Наука", Москва, 1971, стр. 40. Пошироко за тоа види кај: Stojković Andrija, Kako je počelo: o ruskoj inteligenciji i francuskim intelektualcima, "Revija za sociologiju" 1987/3-4, str.3-13. Стојковиќ вели дека терминот "интелигенција" прв го употребил новинарот и писателот Боборикин, но го наведува и мислењето на Билингтон кој смета дека се работи за негово некритичко преземање од некои руски дореволуционерни извори, а дека терминот, всушност, го лансирал Аксаков во 1861 година. - Billington J.H.,The Icon and the Axe, An Interpretative History of Russian Culture, Vintage Books, New York, 1970, 749

Полска и дека е оттаму, во шеесеттите години на 19 век, пренесен во Русија.[15] Терминот "интелектуалец", пак, е скован во Франција при крајот на 19 век и неговото појавување е врзано за познатиот "Манифест на интелектуалците" кој, како реакција на т.н. Драјфусова правосудна афера, стана синоним за ангажираноста на интелектуалците во одбраната на вистината и демократијата.[16]

---

15) Според Даворка Матиќ терминот се јавил во Полска во 1844 година во литературата на извесен Карол Либелт кој со тој термин го означувал својот ка осиромашеното благородништво, деловите на граѓанството и селанството кои се спротивставувале на вредностите и начинот на животот на буржоазијата во издигнување. Матиќ, меѓутоа, не го наведува изворот на податокот, иако сме ние склони да го прифатиме нејзиното тврдење, како точно. Инаку, полскиот социолог Јан Шќепански, кој посебно се занимавал со прашањето на полската интелигенција, исто така, не го споменува тој податок. Николај Берѓаев, пак, за татко на руската интелигенција го смета рускиот писател Александар Николаевич Радишчев (1749-1802)кој, според него, ги предвидел и ги определил нејзините основни црти. Берѓаев вели: "Кога тој (Радишчев) во своето 'Патување од Петербург во Москва' напиша: 'Погледнав околу себе - душата моја беше ранета со страдањата на човештвото', руската интелигенција беше родена".- Matič Davorka,Kritika teorija o novoj klasi intelektualaca i inteligencije, "Revija za sociologiju", 1987/3-4, str.63-64; Šćepanski Jan, Struktura i položaj inteligencije u poljskom društvu, "Sociologija" 1959/2-3; Berđajev Nikolaj, Ruska ideja, "Prosveta", Beograd, 1987, str.31

16) Манифестот го објавиле група интелектуалци на чело со Емил Зола во весникот "Аурора", на 14 јануари 1898 година. Оттогаш темринот добива поширока употреба и покрај тоа што, од дел на јавноста на Франција, бил дочекан со потсмев. Веќе, на почетокот на оваа глава, споменавме дека и во Америка до триесеттите години тој бил погрдно употребуван. Но, во истите тие години, во Европа тој веќе се употребува во почесно значење, за поединци кои припаѓаат на образованата, средна класа. Во литературата тоа се објаснува со непостоењето, во тоа време, на изградена американска културна традиција, додека Европа го надврзува тој термин на својата стара културна традиција. Липсет, во таа смисла, го наведува објаснувањето на американскиот автор Керти Мерл, кој, покрај другото, вели дека во тоа време во Америка "професорите и интелектуалците не беа сметани за посебна група" и дека тие "тогаш, а и подоцна, не го уживаа оној углед, почести и материјални награди какви што ги уживаа во Европа".- в. Фајер С.Луис, Ко је интелектуалац?, сп. "Градина", 1984/12, стр.6; Lipset M.Sejmor, Politički čovek, "Rad", Beograd, 1969, str.395

Па, сепак, и покрај своето првично значење кое и двата термина го имале, во својата основа идентично - како синоним за учени луѓе што се истакнувале со својот ангажиран и критички однос кон стварноста и кои биле носители на хуманистичките идеали, денес се јавуваат и разлики во нивното толкување кои, како што вели Пјер Фужеорала, не се последица само на обичното јазично изживување.[17] Се работи, всушност, за настојувања тие термини сосема прецизно да се определат во согласност со сложеноста на феноменот на интелигенцијата денес.[18]

Меѓутоа, и покрај многуте нијанси во терминолошка, а уште повеќе во суштинска смисла, во свеста на најголемиот број поединци интелигенцијата, сè уште, се идентификува со карактерот на нејзиниот труд, а оттука и со професијата со која одделни луѓе се бават. Тоа е донекаде и разбирливо со оглед на големото значење што професиите и професионализацијата го имаат, како и со оглед на нагласната потреба од специјализирани знаења што ја

---

17) в. Fougeyorallas Pierre, Reč intelektualac, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str. 79

18) Пример за тоа дава, меѓу другите, и Роб Барнс. Добро е, вели тој, да се истакне разликата меѓу германските зборови Intellektuelle, Inteligenz i Intelligenzia. Гајгер го употребува зборот интелектуалец во врска со Intelligenz за да би ги означил "сите оние кои во најширока смисла на зборот се занимаваат со интелектуален нематеријален труд" (Aufgabe und Stellung der Intelligenz). Оваа употреба на зборот интелектуалец, истакнува Барнс, е прешироко. Рене Кениг, вели тој, го зема зборот Intellektuelle како синоним за Akademiker (академик), макар што допушта, со својот избор на зборот Intelligenz почесто да се вклучува под ознаката Intellektuelle. (Soziologie, Fischer Lexikon, Frankfurt n/M,1958, str. 148). Од овие три збора за Барнс зборот Intelligenzia е далеку најспецифичен и упатува на своето потекло во Русија од 19 век,т.е. на оние луѓе кои имале "политичка функција да ја подготват револуцијата". v.Burns Rob, Zapadnonemački intelektualci i ideologija, "Marksizam u svetu" 1977/1-2, str.320, fusnota 2

наметнува општиот технолошки развој на современото општество. Од друга страна ако се има предвид дека "основната карактеристика според која професијата се одделува од останатите работни активности е вештината и знаењето" и дека "општественото признавање на повеќе професии е поврзано со образовниот систем, со системот на дипломи, квалификации и сл.", тогаш е, исто така, логично таквото идентификување: интелигенцијата е онаа што поседува најповеќе вештина и знаење и најчесто највисок степен на квалификации.[19] Кај нас, на пример, Јоже Горичар смета дека прашањето за интелигенцијата и нејзиното определување е прилично расчистено и дека, во таа смисла, под интелигенција се подразбира **оној општествен слој чии припадници обавуваат претежно умствен труд, труд од умствен карактер**. Постоењето на тој слој, според него, е всушност надворешниот, структуралниот израз на општествената поделба на трудот на физички и умствен[20].

Полскиот социолог Јан Шќепански, пак, истакнува дека постојат определени видови работа кои, пред сѐ, бараат интелектуален напор како што се културното творештво, создавањето на научни, естетски, морални и слични вредности. Понатаму, тука тој ги вбројува и дејностите на организирањето на човековиот труд и раководењето со заедничкиот живот и дејностите на групите и, најпосле, работите за чие што обавување е потребно теориско знаење -

---

19) Поопширно за тоа види кај: Чокревски д-р Томислав, Социологија, ИП, "Љуботен", Скопје, стр. 314-318.

20) в. Goričar dr Jože, O pojmu i klasnoj fizionomiji inteligencije u savremenom kapitalizmu, "Gledišta", 1960/2, str.11 i 14

за лекарот, правникот, учителот итн. Тргнувајќи од тоа Шќепански интелигенцијата ја дефинира како **збир на професионални категории кои се занимаваат со културно творештво, организација на трудот и заедничкиот живот, како и со извршување на работи за кои е потребно теориско знаење.**[21]

Со категориите на трудот и професијата интелигенцијата ја определува и рускиот социолог П.П.Амелин кој посебно се занимавал со овој проблем. Интелигенцијата, според него, е составена од **луѓе за кои висококвалификуваниот и квалификуваниот умствен труд во која и да е сфера на општествената дејност и професијата се јавуваат како единствени или, во крајна линија, главни извори за егзистенција.** За Амелин професионалниот умствен труд не е странична, туку основна сфера на животната дејност на интелигенцијата.[22] Интелигенцијата на сличен начин ја определуваат и Мансуров и Барбакова. За нив таа е "посебна целина на луѓе кои професионално се занимаваат со производство, репродукција и ширење на духовно-културни продукти, а кои, исто така, исполнуваат и организационо-управна функција во духовното и материјалното производство, а за кои таа дејност се јавува како единствен извор на егзистенција".[23]

---

21) Ščepanski Jan, Struktura i položaj inteligencije u poljskom društvu, Sp. "Sociologija", Bgd, 1959/2-3, str. 19

22) Амелин П.П., Интеллигенциа и социализам, Издательство ленинградского университета, 1970, стр. 47

23) Мансуров В.А., Барбакова К.Г., Молодой интеллигент развитого социалистичкого общества, "Наука", Москва, 1981, стр. 34

И покрај парадигматичноста на својата личност, која далеку повеќе би се вклопила во оние концепции кои интелектуалецот го дефинираат со неговата морално-критичка функција,на сличен начин интелигенцијата ја сфаќа и Лешек Колаковски. И за него тоа е "**збир на сите образовани луѓе кои го заработуваат својот леб со умствен труд, или таа дејност барем ја сметаат за своe главно занимање**".[24]

Колку и да се ваквите определби на интелигенцијата реално засновани врз историскиот факт на поделбата на трудот на умствен и физички, како услов и за самото појавување на интелигенцијата и интелектуалните професии, во врска со нив се јавуваат оние мислења кои сметаат дека тој услов, денес, не е веќе доволен за дефинирање на интелигенцијата. Така, на пример, се истакнува дека треба да се прави разлика помеѓу современиот интелектуалец и интелектуалецот во минатото и тоа од две причини. Прво, поради квантитативните промени кај оние што се занимаваат, денес, со умствен труд, а кои промени неминовно водат кон квалитативно редефинирање на интелигенцијата и, второ, што интелектуалецот денес живее во квалитативно поинакво општество, па доколку таквата редефиниција изостане и самиот поим губи многу од своето значење.[25] Затоа се инсистира на таква дефиниција која би морала да биде повеќе генетска отколку статистичка бидејќи разликата

---

24) v. Kolakowski Leszek, Intelektualci i komunistički pokret, "Naše teme", 1971/4, str.728

25) v. Burns Rob, Zapadnonemački intelektualci i ideologija, "Marksizam u svetu" 1977/1-2, str. 320-321

меѓу интелектуалниот и мануелниот труд не го дефинира интелектуалецот од простата причина што и поимот на интелектуалниот труд, па и на интелектуалната професија, денес е многу поширок.[26] Од друга страна се укажува и на тоа дека денес не постои труд кој би бил исклучиво интелектуален, а ни труд кому интелигенцијата не би му била потребна. Затоа и определувањето на интелектуалецот само со категоријата на трудот е "лоша дефиниција".[27] За едни, значи, таквите дефиниции се претесни, а за други преширoки.

Свесни, веројатно, за непотполноста на определувањето на интелигенцијата со карактерот на трудот, наведените автори, кои на тој начин ги изведуваат своите дефиниции,нивната контроверзност се обидуваат да ја надминат, главно, со дополнителни објаснувања за тоа кој труд може да се смета за интелектуален

---

26) v. Morin Edgar, Intelektualci: kritika mita i mit kritike, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str. 69

27) Од интервјуто на Ж.П.Сартр во списанието L'Idiot International, бр.10 од септември 1970 год., кај нас објавено во "Marksizam u svetu" 1977/1-2, pod naslov "O ulozi intelektualaca u revolucionarnom pokretu", str.14. Слично мислат и други автори. И Пјер Фужеорала го поставува прашањето: Кои се границите преку кои е некој интелектуалец а под кои не е? Ако интелектуалецот го дефинираме како спротивност на мануелниот работник, треба ли да се рече дека канцелариските службеник или комесарот на полицијата се интелектуалци како што се тоа писателот, професорот или филмскиот работник? - Фредерик Бон и Мишел-Антоан Бурние, исто така, инсистираат на исклучување на сите оние расправи кои тргнуваат од поделбата на трудот. За нив, имено, не е доволно да не се работи со рацете за да се биде интелектуалец. - Fougeyorolles Pierre, Reč Intelektualac, "Marksizam u svetu, 1977/1-2, str. 79; Bon Frederic i Bournier Michel-Antoine, Novi intelektualci, "Marksizam u svetu" 1977/1-2, str.85

во сегашните општествени услови.[28] Така, П.П.Амелин ќе истакне дека професионалниот умствен труд е "целесообразна, општествено значајна, првенствено творечка човекова дејност, насочена кон се подлабоко познание на законитостите на објективниот свет, труд кој се пројавува низ широката репродукција на теоретски и практични знаења и кон нивна оптимална реализација во сите видови на општествената практика". Низ тој и таков труд, за него, се пројавуваат и наклоностите и надареноста на интелигенцијата, нејзините творечки стремежи и социјални идеали, се искристализираат нејзините политички и морални норми и ориентации[29]. С.Н. Надељ, пак, ќе подвлече дека како посебна карактеристика на интелигенцијата се јавува не воопшто секој умствен труд, туку интелектуално-професионалната дејност од определено повисоко ниво, најсложениот вид на умствен труд кој, во услови на современото општество, бара обично повисока образовна и професионална подготвеност. Во таа смисла, интелигенцијата за него **е општествена група на луѓе кои професионално се занимаваат со повисоки, најсложени видови на умствен труд.**[30] Својата определба на интелигенцијата Лешек Колаковски ја надополнува со забелешката дека интелектуалците се оние кои располагаат со најголеми духовни

---

28) Како што може и да се забележи се работи за автори од досега т.н. социјалистички земји, иако таквите определби можат, но поретко, да се сретнат и во други средини. Тоа е, најверојатно, резултат на неможноста на интелигенцијата да ја изрази, во овие земји, својата "критичко-морална функција", ако не сакала да биде прогласена за "дисидент". Денес, со промените кои настанаа во овие земји, може да се очекуваат и нови определби и сфаќања воопшто за интелигенцијата.

29) в. Амелин П.П., наведеното дело, стр.51

30) в. НадельС.Н., наведеното дело, стр. 43

средства како и со способност за воспитно и културно дејствување.[31] Поставувајќи си го и самиот прашањето што е тоа умствен, интелектуален труд воопшто, Јоже Горичар, сепак, не дава одговор на тоа прашање. За него, меѓутоа, широката определба на интелигенцијата врз основа на поделбата на умствен и физички труд е можност "да се пријде кон проучување на процесот на ликвидацијата на таквата поделба".[32] Приклонувајќи се кон ваквите сфаќања Мирослав Печујлиќ укажува на стратифицираноста на умствениот труд во општеството. Признавањето на квалификативот "интелигенција" само на оние групи кои се на "врвот" на скалата и кои се занимаваат со умствен труд во неговиот "чист", развиен вид е, социолошки гледано, премногу тесно и неадекватно.[33]

Во утврдувањето на посебните атрибути кои ја определуваат современата интелигенција сè повеќе, во последно време, се прифаќа критериумот на општествената улога што таа, во функционално-етичка смисла треба да ја има. Таа улога се поврзува,притоа, или со функцијата која интелигенцијата ја има во ширењето на одделни културно-цивилизациски вредности или, пак, со функциите кои се изразуваат како критичко-мислечка дејност на интелектуалецот во однос на општествената стварност. Со други зборови, во мноштвото на оние кои се занимаваат со умствен труд и професија која бара соодветни квалификации, својството на припадник

---

31) в. Колаковски Лешек, наведеното дело, стр. 728

32) Goričar dr Jože, наведениот труд, стр. 14

33) Pečujlič Miroslav, Nameštenička inteligencija u savremenom kapitalizmu, "Gledišta", 1960/2, str. 106, fusnota 1

на интелигенцијата им се признава само на поединци кои поседуваат специфични духовни квалитети како критички мислечки личности.

Еден дел од авторите кои тргнуваат од овој критериум ги истакнуваат културните специфики и особини по кои интелектуалците се издвојуваат од "оние другите". Јозеф Шумпетер, на пример, ќе ги определи интелектуалците како "**луѓе кои суверено владејат со снагата на говорниот и пишаниот збор, а една од особините која ги разликува од другите луѓе кои тоа истото го прават е отсуството на директна одговорност за практичните работи**".[34] Дека, Шумпетер не е осамен во таквото размислување може да се види и од сфаќањето на Алвин Гулднер според кого интелигенцијата може да се определи според важноста на сложените јазички кодекси релативно независни од ситуацијата на нивниот говор, кодекси кои ги одредуваат **интелектуалците како говорен слој, иако не секогаш и како говорна заедница, слој кој го карактеризира заедничка говорна варијанта**.[35]

---

34) в.Шумпетер Јозеф, наведеното дело, стр. 216

35) Треба да се забележи дека Гулднер ваквото свое сфаќање го искажува во определен контекст и дека таквата карактеристика на интелектуалците е само една од најзначајните. Меѓутоа, што се однесува до Шумпетер, неговата определба наидува и на критики. Така, Милош Илиќ смета дека навистина би било тешко да се најде попогрешна дефиниција од неговата. Според Илиќ, таа дефиниција "тотално излегува од рамките на една посовремена и научна дефиниција на интелигенцијата". Обидот интелигенцијата да се дефинира на наведениот начин за него е определување на интелигенцијата само како **вербална** категорија. Без сомнение, вели Илиќ, вербалната моќ е една од најизразените и најубоитити моќи на интелигенцијата. Но, науката која би продолжила да ја следи оваа категорија само во таа смисла, што би било природно да се очекува, неминовно би морале да утврди дека така замислената интелигенција е несовремено определена. Оваа карактеристика во дефиницијата повеќе води сметка за традиционалната и класична интелигенција која се еманципираше од другата општествена маса главно и претежно на вер-

Други автори инсистираат на т.н. креативна функција на интелигенцијата и тоа, пред сѐ, на културно-научен план. Во таа смисла интелектуалци се само оние кои ја збогатуваат културата со нови вредности, кои се во состојба да ги создаваат тие вредности како оригинални. Најкарактеристични се, во тој поглед, опделбите на Сејмор Мартин Липсет и на Рајт Милс. За Липсет интелектуалци се сите оние "кои ја создаваат, шират или применуваат к у л т у р а т а, т.е. симболичкиот свет на човекот, вклучувајќи ги тука уметноста, науката и религијата", додека за Милс тоа се "луѓе кои се специјализирани за симболи... кои произведуваат, расподелуваат и одразуваат одредени облици на свест... луѓе кои живеат за и д е и т е а не в о н идеите.[36] Слично е

---

балeн план, паралелно со процесот на сопственото ослободување од обврските на физичкиот и техничкиот труд. За Илиќ, оттука, таквата дефиниција е историски недовршена и бара дополнување во смисла на тоа дека интелигенцијата, особено современата, не се задоволува веќе само со тоа да се огледува на чисто вербален план. - в.Gouldner Alvin, navedeno delo, str.179; Ilić Miloš, Inteligencija i javnost, "Treći program", Bgd., proleće 1969., str.34

36) Сејмор М.Липсет смета дека кога Европјаните говорат за интелигенцијата тука ги подразбираат како творците на културата, така и оние кои културата ја шират, но и оние кои таа култура ја применуваат - стручњаците. Во Америка, меѓутоа, истакнува тој, каде што факултетското образование е многу почесто, факултетски образованите луѓе не се сите тоа, па во интелигенцијата не спаѓаат оние кои ја применуваат културата. За самиот Липсет во групата на интелигенцијата постојат две нивоа: цврстото јадро на создавачите на културата - научниците, уметниците, филозофите, писателите, некои издавачи и некои новинари - и оние кои таа култура ја шират - изведувачите на разни уметности, поголемиот дел од наставниците, повеќето од новинарите. Периферната група ја сочинуваат оние кои ја применуваат културата вршејќи ја својата професија - стручњаците како што се лекарите и адвокатите. За Рајт Милс, пак, тука спаѓаат сите "непосредни носители на уметностите и идеите" што е, сепак, недоволно прецизна определба. Во смисла на Липсетовото и Милсовото сфаќање ќе го навдеме и мислењето на ЕрвинПератонер. Негде прочитав (веројатно кај Рејмон Арон), пишува тој, дека како интелектуалци можат да се сметаат само оние луѓе кои навистина создаваат културни вредности, но не и оние кои само се занимаваат со тоа тие вредности да ги пренесат на други. Тоа ми беше тешко прифатливо. По тоа сфаќање професорот кој само ги подучува учениците или

и сфаќањето на Теодор Гајгер кој под интелигенција во потесна смисла ги подразбира **"создавачите на репрезентативни творби на културата"** **ониe кои "создаваат нови духовни вредности"**.[37] Ваквото дефинирање на интелигенцијата, со помош на критериумот на творештвото, е доста прифатлив и содржински вреден. Меѓутоа, тој е, практично, неприменлив во конкретните анализи пред сѐ поради различното вреднување на творечкиот придонес на одделните припадници на интелигенцијата во определено време и во определени средини.

На крајот, во оваа група на сфаќања се оние кои, имајќи ги предвид веќе наведените карактеристики, најексплицитно го истакнуваат критичкиот став на интелектуалецот, неговата улога на етички чувар на општествените вредности која него и го дефинира како таков. Интелектуалците се, истакнува во таа смисла Едгар Морен, повеќе движење отколку состојба, па, оттука, и поимот на интелектуалецот не одговара толку на самата професија, колку на улогата во општеството. Тој, главно, се јавува како "свест", интелектуална и морална истовремено, како чувар на добродетелите

---

новинарот кој само ја информира јавноста не би можеле да бидат вредени во интелектуалците... Инаку, кај нас, интелигенцијата на сличен начин ја дефинира Милан Недељковиќ кој смета дека како најсоодветна определба може да се прифати онаа која интелигенцијата ја означува како креативен и креативно-репродуктивен слој на општеството кој на разни нивоа и во разни облици произведува идеи или творечки ги применува. - в.Lipset M.Sejmor, Politički čovek, izd."Rad" Bgd., 1969., str.376; Mills Wright, Bijeli ovratnik, izd. "Naprijed", Zgb., 1979., str.138-139; Peratoner Ervin, O mogućem sukobu, o disciplini i o odgovornosti, o buntovnoj i o prilagodjenoj inteligenciji, "Naše teme", Zgb. 1970/12, str.2265; Недељковиќ Милан, Интелигенција на раскршћу, "Градина", Ниш, 1972/9, стр.23

37) Наведено според: Nemanjić Miloš, Neke tendencije u nastanku i obnavljanju stvaralačke inteligencije Srbije, "Sociološki pregled" 1964/2-3,str.62

на универзалната свест. Според него интелектуалецот се дефинира врз основа на три моменти; прво, по културно вреднуваната професија; второ, по општествено-политичката улога; и, трето, по свеста која комуницира со универзалното.[38] За Жан Пол Сартр, пак интелектуалецот е "некој што се меша во работите што не се однесуваат на него", додека целината на интелектуалците се појавува како "збир на луѓе кои се здобиле со некаква познатост со трудови во врска со интелектот... и кои таа познатост ја з л о у п о т р е б у в а а т за надминување на своето подрачје и за критика на општеството и етаблираните моќи...". Врз основа на тоа тој ќе заклучи дека интелектуалецот е "човек кој доаѓа до свест за спротивноста која во него и во општеството постои помеѓу истражувањето на практичната вистина и владејачката идеологија (со нејзиниот систем на традиционални вредности)".[39] Сартровата парадигма на интелектуалецот ќе ја прифатат

---

38) Morin Edgar, наведениот труд, стр. 69

39) Доколку е потребен пример за ваква заедничка претстава за интелектуалците, вели Сартр, можам да речам дека научниците кои работат на разорувањето на атомот не се нарекуваат "интелектуалци": тие се едноставно научници. Но, кога овие исти научници, застрашени од разорната моќ на направите чие што производство тие го овозможиле, ќе се здружат и ќе потпишат манифест во кој јавноста ја предупредуваат на опасноста од користењето на атомската бомба, тогаш тие стануваат интелектуалци. - Sartr Jean Paul,Šta je to intelektualac?, sp. "Kulturni radnik".1975/1, str.83 i 99. Овде Сартр, се чини, на личноста на интелектуалецот, и дава извесен дуален карактер: како мисловна личност која еднаш мисли рационално, а другпат етички. Останува, сепак, нејасно, како една иста личност може да создава нешто на кое, потоа, треба да му се спротивстави со својата совест. Инаку, примерот на Сартр, е дотолку точен доколку ја изразува денешната растргнатост на интелигенцијата - растргнатост помеѓу наемната природа на неговиот труд, од една страна, и хуманите цели кон кој тој се стреми, од друга страна.

и други автори. Фредерик Бон и Мишел-Антоан Бурние толкувајќи го, всушност, сфаќањето на Пол Баран, ќе истакнат дека интелектуалецот е, по своето битие, општествен критичар, човек кој се стреми да идентификува, да анализира и со тоа да придонесе кон надминување на пречките кои го оневозможуваат постигнувањето на подобар, похуман и порационален општествен поредок. Со тоа тој станува совест на општеството и гласноговорник на прогресивните сили.[40] Кај нас најексплицитно таквото становиште го изразува Ѓуро Шушњиќ. Интелектуалецот е секој човек, смета Шушњиќ, во чиј што живот влегла разумната и умната идеја која го одредува целокупниот негов начин на мислење, верување, вреднување и дејствување, без оглед на неговото општествено потекло, класна положба, формално образование итн. Обично во општеството постои група на луѓе која собира, средува, шири, толкува, создава и растворува најразновидни духовни вредности, живее со духовен живот, водена од интересот светот да го з а п о з н а е и да го о с м и с л и а не со него да владее или да го користи за други потреби.[41]

Како што авторите кои во дефинирањето на интелигенцијата тргнуваат од поделбата на трудот се, во повеќето случаи, свесни за слабостите на сопствените определби, може да се рече дека и меѓу оние кои го ставаат акцентот на нејзината критичко-

---

40) Слични се сфаќањата на Ајен Ренд, на Луис С.Фајер, како и на Хајек Ф.А., Хосе Ортега и Гасет.- "Градина" 1984/12, нивни прилози за интелигенцијата.

41) Šušnjić Đuro, Cvetovi i tla, NIRO "Mladost", Beograd, 1982, str.247

мислечка функција има колебања во таа смисла. Кај Фредерик Бон и Мишел-Антоан Бурние таа дилема е изразена во прашањето: Зарем ни преостанува изборот само меѓу овие две крајности? Од една страна - многу лабавата дефиниција заснована на умниот карактер на трудот, а од другата - многу ограничената дефиниција која тргнува од политичко-моралните критериуми? Треба ли да се даде предност на преодните степени, т.е. да се тргне од дефинирањето на видот на трудот, за потоа, крадешкум, одново да се уведе ублажениот поим на критичкиот интелектуалец? Не инсистирајќи веднаш на одговорот тие само укажуваат дека секое од овие гледишта зема, всушност, предвид само една стварност, дека не може да се негира специфичноста на трудот на групите кои ги нарекуваме интелектуални, ниту, да се негира улогата која интелектуалците ја имаат во освестувањето и преобразувањето на општеството. Исцрпната дефиниција, затоа, не може, според нивното мислење, да се темели само врз едното или другото становиште, но ни на брзоплетата "синтеза" на двете.[42]

Наместо таквата синтеза, во литературата почесто ќе го сретнеме разликувањето на поимот интелектуалци од поимот интелигенција. Со таквата дистинкција навидум како да се "разрешува" и проблемот околу критериумите за дефинирањето на интелигенцијата. За одредени автори во таквиот пристап е и средиштето на проблемот бидејќи "интелектуалецот не е прост припадник на интелигенцијата" од причината што "интелектуалноста подразбира,пред

42) v.Frederic Bon i Michel-Antoine Burnier, Intelektualci u društvu, "Kulturni radnik" 1967/1, str. 96

сè, вистинска, полна и активна отвореност кон сите суштински содржини и изразувања на надворешниот свет". За таа моќ на сознавање и "извлекување на поуки" се неопходни барем три основни својства: активен мислечки интелект, сознајна и сетилна љубопитност и критичност кон сè што не опкружува. Само во присуство на овие три својства, според таквото мислење, се создава интелектуалецот па, според тоа, заблуда е да се очекува од интелигенцијата во целина да има такви особини и моќ. Затоа припадникот на интелигенцијата по својата природа треба да се стреми да биде интелектуалец.[43] Во разликувањето на поимите интелектуалци и интелигенција, значи, за првите би можело да се зборува како за "атрибут, квалитет, ентитет на духот", а за вторите како за поширока емпириска категорија на образовани луѓе, како за "социолошки" феномен.[44] На тој начин како да се сака да се измират двата, веќе наведени, пристапа во дефинирањето на поимот на интелигенцијата: под интелигенција, како поширок и емпириски опиплив поим би се подразбирале бројните категории на немануелни работници, а под интелектуалци само творечкиот дел од нив. Се укажува, меѓутоа, дека и покрај таквото разликување, мора да се води сметка за фактот дека и тоа е социолошки условено, и дека не може да се припише само на состојбите на духот како негова основна детерминанта. Имено, секој човек "во кругот на својата

---

43) в.Деспиќ А.Р., искажување на тема "Интелектуални рад у самоуправном друштву", "Политика" од 21.II 1970, стр.13-14

44) Babić Ivan, Uz aktueliziranje diskusija o odnosu politike i inteligencije, "Kulturni radnik", 1966/11-12, str. 2

дејност, во средината во која живее го носи и, неретко, го изразува својот критички, денунцијаторски, утописки итн. момент". Но, не секој се изразува суштински како "интелектуалец ex professo, односно не е во положба како таков да се изрази или пак да ги развие своите интелектуални латенции и потенции. Тоа е суштински одредено со поделбата на трудот која има своја долга историја". Оттука, според ова мислење, може да се зборува за интелигенцијата како општествен слој, а внатре во тој слој за интелектуалци.[45] Повикувајќи се на определени компаративни анализи чисто социолошкиот пристап во дистингвирањето на овие два поима го задржуваат и оние автори кои разликата меѓу нив ја врзуваат за професијата. Така, кон интелектуалците припаѓаат сите оние кои се занимаваат со умствен труд, но кои не егзистираат од него. Припадниците на интелигенцијата, пак, како поширок општествен слој, пред сè, се зависни во својата егзистенција од тој труд.[46]

Очигледно е, и покрај аргументите кои се наведуваат во прилог на секое од наведените сфаќања, дека се работи за сложен социјален феномен чие што дефинирање, често, зависи и од личниот став и определба на одделните автори.[47] Можеби затоа, понекогаш,

---

45) v.Mikecin Vjekoslav, Napomene o inteligenciji i komunističkom pokretu, "Naše teme", Zgb., 1971/2, str.277-278

46) в. Мансуров В.А. и Барбакова К.Г., наведено дело, стр.36-37

47) Славен Летица, на пример, истакнува: "Имајќи ја можноста на избор помеѓу двата колоквијални термина - интелектуалци и интелигенција јас со случајна вредносна употреба го добрав првиот. Не поради давање на предност на француската традиција во однос на руската туку поради тоа што поимот интелектуалец е поблизок на либералната и индивидуалната, а поимот интелигенција на колективната и авторитативната социјална традиција. - Letica Slaven, Intelektualac i kriza, izd. "August Cesarec, Zgb., 1989, str.9, fusnota 1

наидуваат на разбирање и мислењата дека тој феномен и не треба строго да се дефинира, бидејќи не се работи за еднаш за секогаш дадена состојба, туку за процес со разновидно изразување во стварноста.[48] Тоа го потврдува и долгиот историски развој на интелигенцијата и местото што таа, во определени историски ситуации, го заземала.

Доколку, сепак, фактот на поделбата на трудот останува и покрај сѐ неспорен, останува сепак забелешката дека и таа поделба, особено во смисла на физичкиот и умствениот труд, подлежи на постојано редефинирање и допрецизирање, не само поради нејзиното различно сфаќање и употребување во одделните науки, туку и поради општествено-историскиот момент на кој таа се однесува. Во тој поглед ни денес не е сосема јасно издиференцирано сфаќањето за тоа што може да се смета за физички, а што за интелектуален труд бидејќи ниту првиот не е лишен од извесни умни, "интелектуални" операции кои бараат и соодветна подготовка, ниту, пак, самиот интелектуален труд е лишен, понекогаш, од физички напрегања. Оттука, кога станува збор за дефинирањето на интелигенцијата се чини поприемерено разликувањето на т.н. рутиниран труд, како труд во кој отсуствува, во поголем степен, иницијативата, творештвото и автономијата во одлучувањето, и на т.н. креативен труд, во кој, во голем степен, таквите елементи се содржани.

Од друга страна и поседувањето на критичко-морална свест на поединецот не го одредува, сама по себе, интелектуалецот како

48) v.Tanović Arif, Intelektualeci i radnički pokret, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str.VI

таков. Таквата свест, дури и сама за себе, сепак се темели врз определен категоријален апарат за формулирање на одделните ставови кон стварноста, врз одредено образование и познавање на онаа човечка проблематика кон која тие ставови треба да се изразат. Тие попродлабочени сознанија, во сложеноста на денешниот свет, и не можат да се стекнат доколку поединецот претходно не овладее со соодветниот квантум на знаења кои денес, главно, се стекнуваат низ институционалниот систем на образованието. Единката која мисли критички, всушност, треба да има целосно изграден став наспроти стварноста што ја мисли. Ако критериумот за тоа се заостри, бидејќи квантитетот на човековите знаења и мисловност е зголемен тогаш произлегува дека и Декартовото начело "когито, ерго сум" не е достатно за интелектуалецот денес.

Ако за интелигенцијата зборуваме од вредносна гледна точка, од гледна точка на оценка на идеите и креативноста на овој или оној припадник на интелигенцијата, тогаш таквата оценка би морале да ја препуштиме, во голем степен, на субјективноста што за социолошката анализа е неупатно и, во помала или поголема мера, произволно.[49] Во тој поглед е, исто така, методолошки тешко да се разграничат сосема поимите "интелектуалци" и "интелигенција" како ознаки за степенот на креативноста и иновативноста.[50]

---

49) За илустрација ќе наведеме една забелешка на Бертран Расел кој, наводно, рекол: Интелектуалецот може да се определи како индивидуа која претендира на поголем разум, од оној со кој располага, но се надевам дека таквата определба не се однесува на мене. - Според: Надель, С.Н., наведеното дело, стр.40, фуснота 6

Според тоа, при дефинирањето на интелигенцијата и (ли) интелектуалците денес секогаш се појавува комплексноста на факторите кои го определуваат нејзиното битие. Тие фактори се и формални, но и дејствени и етички. Тие се и теориски, но и практични. Индивидуални, но и социјални. Универзални, но и конкретни. Што се однесува, пак, на нашата анализа таа ќе се труди, колку што е можно и во согласност со нејзината цел, да ги има предвид барем повеќето од нив.

---

50) Строгото разликување на двата термина, според Иван Кувачиќ, слабо ќе помогне, затоа што таквата дистинкција не е воопшто прифатена, што значи дека и не е упатно таа да се воведува веднаш во почетокот на расправата. Во структуралната анализа, која се повеќе превладува прашањето, имено, не се поставува на тој начин.- Kuvačić Ivan, Obuzdana utopija, "Naprijed", Zgb., 1986, str.60-61

# Глава втора

## ФУНКЦИЈАТА НА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА: ВОН ВРЕМЕТО ИЛИ СО ВРЕМЕТО?

Кога се зборува за интелигенцијата едно прашање никако не може да биде одминато. Тоа е прашањето за нејзината функција и улога. Веќе и самиот осврт на сфаќањата за нејзината појава и за нејзиното поимање, и покрај сета нивна контроверзност, недвосмислено укажува на фактот дека тие се, всушност, во најнепосредна врска со сфаќањата за таа улога и функција и дека произвлегуваат од нив. Од друга страна не е можно да се разбере, а оттука ни попрецизно да се определи, местото на интелигенцијата во самата општествена структура, ако не се земе предвид токму специфичноста на таа улога и функција, која интелигенцијата ја прави, во структурална смисла, поливалентна. Таа нејзина улога и функција, може да се рече, и во минатото и денес, во многу нешто и го одредува и местото во општествената композиција на групите или на скалата на општествената хиерархија. Иако таа улога и функција никогаш директно не влијаеле на формирањето на самата општествена структура, индиректно, сепак, често биле значаен катализатор на поместувањата и промените во неа, на историските структурни превирања. Според тоа интелигенцијата, навистина, "живее, се создава и мисли во определени општествени структури, го носи на себе "печатот" на општествената средина и со тоа и по правило на нивото на оп-

штеството во кое живее"[51] но, во исто време, таа, многу често, токму низ остварувањето на својата улога и функции може и да ги надмине тие рамки јавувајќи се како антиципатор на едно ново ниво на општественоста.

Она што, веројатно, е неспорно, и во историска, и во современа смисла, е тоа дека интелигенцијата се јавува, пред сè, како социјален носител на знаењето, науката, културата без што, секако, нема ни општествен развој. Таа нејзина улога и функциите кои произлегуваат од неа се и најчесто истакнувани и, по правило, прифаќани како нешто без кое се не може, без разлика за кој општествен субјект се работи и на кој сегмент на општеството тој му припаѓа. Интелигенцијата, во таа смисла, се јавува, заедно со другите носители на процесот на трудот, како еден од факторите на материјалните сили на општеството, на нивото на развојот на општеството во целина, на цивилизацијата сфатена во најширока смисла. При укажувањето на таа нејзина улога најчесто се потенцира онаа нејзина посебност која се изразува особено во функцијата на "обопштување на разгранетото социјално искуство на современоста, но и на претходните епохи, умножувајќи ги постојано знаењата и сознанијата на сите полиња на духовното творештво - од сферата на природно-научните, филозофските, политичките, етичките, па сè до естетските и други вредности"[52]. Во тој процес интелигенцијата не се

---

51) Đorđevič Jovan, Politički sistem, Izdanje Saveza udruženja pravnika Jugoslavije, Bgd. 1967., str. 709

52) в. Амелин П.П., наведеното дело, стр. 52

јавува само како создавач на тие вредности, туку и како комуникатор во нивното усвојување, придонесувајќи кон формирањето на нови генерации на творци во секое од наведените полиња. На тој начин интелигенцијата ја има улогата и на апликатор на тие вредности разработувајќи ги "принципите, формите и методите на нивната примена која, на тој начин, добива систематски и организиран карактер".[53]

Таквата најопшта улога и функција на интелигенцијата, која низ историјата се пројавувала во различни општествени констелации и на различен начин, упатува, сепак, на традиционалното поимање на интелигенцијата и на улогата што таа, всушност, ја има во поделбата на трудот. Нејзината современа положба и внатрешна структура и мноштвото на "улоги" што таа денес ги има, од оние во процесот на материјалното производство до оние во управувањето и највисоките степени на духовно творештво, резултира и со различни поимања на нејзините функции.

Така, во својата прегнантно изложена социологија на интелектуалците Јозеф Шумпетер откако децидно ќе го изнесе ставот дека "човечките маси никогаш не создаваат одредени мислења по своја сопствена иницијатива" и дека таквите мислења "уште помалку се во состојба јасно да ги формулираат и да ги вообличат во постојани ставови и акции" таа улога ќе и ја припише на групата на интелектуалците. Појавувајќи се во сите делови на општеството тие, во таа смисла, се јавуваат како "претходница

53) Sociološki leksikon, izd."Savremena administracija" Bgd., 1982, str. 232

на класните интереси кои не се нивни сопствени". Интелектуалците создаваат не само групни ставови, туку ја имаат и функцијата на обликување на групните интереси, при што сличното образование што го поседуваат, но кое не е пресудно за да се биде интелектуалец, им го олеснува меѓусебното разбирање и претставува врска меѓу нив.[54] Иако многумина во функцијата на интелектуалците како што ја сфаќа Шумпетер наоѓаат противречност во нејзината класна улога, која може да се јави и како "критичка" и како "апологетска", во зависност за која група на интелектуалци се работи, Шумпетер, се чини, и кога ја истакнува антисистемската позиција која интелектуалците можат да ја заземат, како групно водство на масите, самиот го дава одговорот на таквите забелешки. Имено, тој ќе подвлече дека во системот на апстрактниот индивидуализам - кој е императив број еден на граѓанското општество, бранејќи ги интелектуалците како група "буржоазијата се брани самата себе си и својата шема на животот", всушност ги брани прокламираните права на индивидуална слобода и претприемаштво, права кои, пред сѐ, се однесуваат на неа. Ограничувањето на тие права за интелектуалците би значела, оттука, и самоограничување, па дури и свртување на системот против неа самата. Очигледно, Шумпетер овде уште појасно посочува на функцијата на интелигенцијата како обликувач на класни интереси и покрај нејзината, често, опозициона улога кон тие интереси. Ни се чини дека Шумпетер, иако не толку експлицитно, сепак ја воочил противречната положба на интелиген-

---

54) Šumpeter Jožef, наведеното дело, стр. 215-216

цијата во условите на капитализмот и дијалектиката на односот на тој систем кон неа во кој таа, многу често, и според нашето мислење, се јавува и како револуционерен фактор но и како интелектуален издувен вентил на тој систем, или како "буржоаска јавност" како што и самиот тој вели.[55]

И додека Шумпетер зборува за интелигенцијата како формулатор на групните ставови и групните интереси, Карл Манхајм во интелигенцијата го наоѓа оној општествен субјект кој е единствено способен да ги трансцендира партикуларните погледи на различните општествени групи, нивните одделни идејни ориентации. Како функционална група интелигенцијата, според него, е единствено во можност актуелните проблеми да ги посматра од повеќе перспективи, а не само од една, да се ориентира во целината на општествените односи и да го сфати нивниот тоталитет. Во таа смисла интелигенцијата е носителот на духовната синтеза и таа нејзина функција ја прави да биде, во тој поглед, "слободнолебдечки" слој, ослободен од класниот партикуларизам. Дури

---

55) Šumpeter Jozef, наведеното рело, стр.220; Инаку, таква забелешка на Шумпетер му става, на пример, д-р Ѓорѓе Поповиќ кој смета дека "професионалното" одржување на немири и создавање на незадоволство во едно општество, и истовремено, одбраната на системот и на владејачката класа - меѓусебно се противречни.- в. Popović dr Đorđe,наведеното дело, стр.35 - Па сепак, покрај горе реченото, ако се има предвид и констатацијата на Шумпетер дека само влада која по својата природа и убедување не е буржоаска - во современите околности - само социјалистичка или фашистичка влада - е достатно силна да ги дисциплинира интелектуалците, и ако се имаат предвид искуствата денес на таквите влади, тогаш и не е противречен фактот што и самата интелигенција, и покрај својот немирен дух, и граѓанската класа, и покрај стравот од тој дух, можат меѓусебно дијалектички да се надополнуваат, наспроти таквите "влади", што, според нас, и во многу случаи, емпириски се потврдува и денес. Оттука, сметаме дека и забелешката на Поповиќ не е оправдана.

и приклучувањето на интелигенцијата кон овој или оној општествен слој или класа, или посебна политичка партија, не ја негира и не ја елиминира таквата нејзина функција. Тоталната ориентација потенцијално е жива и готаш кога интелектуалецот ќе се приклучи кон некоја партија, вели Манхајм, бидејќи она што е заедничко за сите припадници на овој слој е интелектуалниот процес: трајниот напор да се анализираат проблемите, да се утврдува постоечката состојба и да се предвидуваат промените, да се сфатат и утврдат разните гледишта, а не да се одбиваат или асимилираат. Во тоа е и мисијата на интелигенцијата како носител на "духовната синтеза".[56] Таа синтеза, меѓутоа, за современиот интелектуалец "кој е динамичен и секогаш подготвен да ги промени своите погледи и да започне одново" не е статичка, туку, исто така, динамичка со тоа што, како и интелектуалците сами, постојано се обновува, дополнува и прилагодува кон историскиот момент.[57] Кај Манхајм, значи интелигенцијата се јавува како посебен слој "со специјализирани културни функции во склопот на поширокие општествено-историски движења и во разни историски ситуации".[58] Во тој поглед таа е духовната елита во општеството која е единствено способна да го сфати него во неговиот тоталитет, но не преку реалната положба на општествените групи во него, туку преку нивните посебни идеологии.

56) v.Manhajm Karl, Ideologija i utopija, izd."Nolit",Bgd.1978.,str.158; Manheim Karl, Eseji o sociologiji kulture, izd."Stvarnost",Zgb.1980, str.126 i 178

57) Исто, стр. 178

58) в.Милић Војин, предговор кон делото на Карл Манхајм "Ideologija i utopija","Nolit", Bgd. 1978, str.LXVI

Наспроти Манхајм, кој функцијата на интелигенцијата ја изведува, така да речеме, од самата интелигенција, од нејзините посебни својства, ставајќи ја, на тој начин, го сакал тој тоа или не, над општествените групи, Антонио Грамши функцијата на интелигенцијата ја поврзува со функциите на тие групи. Со тврдењето дека секоја општествена група си создава себе си еден или повеќе слоеви на интелектуалци и дека нивната функција се состои во тоа што на таа група "и даваат хомогеност и ја прават свесна за нејзината функција не само на економско, туку и на општествено и политичко поле" Грамши го прави "Коперникан-скиот обрт" во поглед на традиционалните и класичните сфаќања за интелигенцијата.[59] Интелигенцијата, во таа смисла, не е "слободнолебдечка", туку "органска". Истакнувајќи дека не постои човекова активност од која би можело да се исклучи секакво интелектуално чувство, дека не може да се оддели homo faber од homo sapiens, и дека секој поединец пројавува некаква интелектуална активност, учествува како таков во еден светоглед, има свесна линија на морално однесување, Грамши вели дека во таа насока сите луѓе се интелектуалци. Меѓутоа, не сите луѓе ја *имаат* функцијата на интелектуалци. Образувањето на категориите специјализирани за вршење интелектуална функција се засновува врз професијата, врз нејзината општествена функција. Затоа кога се прави разлика помеѓу интелектуалците и неинтелектуалците всушност се има предвид општествената функција на професионалната категорија на интелектуалци, истакнува Грамши. Таа функ-

---

59) Грамши Антонио, наведеното дело, стр. 105

ција за модерниот интелектуалец кој, наспроти традиционалниот интелектуалец на средниот век, тој го нарекува "нов интелектуалец", не може веќе да се состои "само од елоквенција, туку од активно учество во практичниот живот, како градител, организатор и постојан убедувач".[60] Според тоа, функцијата на интелектуалецот не е "неутрална" - само како носител на знаењето и идеите, на културата - туку, тоа е и функција на практичен реализатор на групните стремежи.

Иако современото општество, во функционална смисла, веќе ги има "распоредено" припадниците на интелигенцијата органски да припаѓаат на различни општествени групи, при што се најбројни оние кои "органски" му припаѓаат на наемниот труд како модерни наемни интелектуални работници, сфаќањата на Грамши, освен во марксистичката теорија, не се акцептирани од многу автори. Всушност, се смета дека професијата денес не може да се земе како услов за да се има улогата и функцијата на интелектуалец. Таа, како што би рекол Жан Пол Сартр, го дефинира интелектуалецот само во "неговата егзистенција", но не и во неговата функција. Луѓето кои се занимаваат со интелектуални професии тој ги нарекува "техничари на практичното знаење", но не ги смета за интелектуалци по својата функција. Во тој поглед тие и не се разликуваат многу од класичните, некогашни припадници на интелигенцијата.[61] Функцијата на интелектуалецот е, оттука, врзана за неговата улога на универзален мислител кој треба да

60) Грамши Антонио, наведеното дело, стр. 109 и 111

61) Наведено интервју со Ж.П.Сартр, стр.14 и 16

се стави на страната на масите, а не во нечија служба, доаѓајќи, притоа, до противречностите на своето време кои мора да ги сфаќа и во својата конкретност. Принуден на тоа постојано да ја промислува стварноста тој мора да дојде до определена свест за таа стварност, но до свест за сите.[62] Во тој поглед нема повеќе разлика меѓу интелектуалецот и политичкиот човек, иако интелектуалецот како мислечка личност не смее да прифаќа политички функции.[63] За него, како таков, е карактеристично дека ни од кого и да е нема добиено "мандат" за извршување на некоја функција, да добие "свесен налог како интелектуалец да ги изразува противречностите".[64] Носејќи ги во себе сопствените противречности, како израз на противречностите во општеството што, според Сартр станува негова функција, неговото дејствување е насочено во неколку правци. Прво, тој мора постојано да се бори против оние идеологии кои го попречуваат народот, и да ги разорува таквите идеологии. Второ, мора да го користи капиталот на знаењето во создавањето на темелите на една универзална култура и, во таа смисла, во остварување на слободата на мислата и вистината. Во таа смисла тој мора да биде против секоја власт, како чувар на историските цели на масите.

---

62) Sartr Jean-Paul, Funkcija intelektualca, "Marksizam u svetu",1977/1-2, str.11

63) Ернест Фишер , во таа смисла, наведува една интересна забелешка на Симон де Бовоар од нејзината автобиографија а која се однесува токму на функцијата на интелектуалецот. Вчера, пишува Симон де Бовоар, се согласивме со Сартр: интелектуалецот може да се согласува со режимот, но никогаш не смее да ја прифати функцијата на стручњак како што тоа го направи Малро, освен во неразвиените земји каде што недостасуваат кадри. (подвлеченото мое). - Fischer Ernest, Intelektualci i vlast, sp.,"Naše teme", Zgb. 1966/10, str.1833

64) Sartr Jean-Paul, Funkcija intelektualca, str. 1

Интелектуалецот, значи, има поширока општествена функција од онаа што ја има како "техничар на практичното знаење". Тој е, како што ќе рече и Ајен Ренд, "очи, уши и глас на слободното општество" и неговата работа е "да ги посматра збиднувањата во светот, да го оцени нивното значење и да ги извести луѓето од сите други сфери на животот за таквата оценка".[65] Интелектуалноста, значи, треба да е во корелација со моралноста, а оваа во ист таков однос со јавниот живот.

Според некои други концепции таквиот интелектуалец е "едно големо yesterday". Интелектуалецот од Сартров тип е "идеалист прегазен од времето и приликите". За новиот тип на интелектуалец, чија функција се изразува во неговата најнепосредна вклученост во процесот на работното, технолошкото, политичкото и друго одлучување, темелниот критериум е корисноста и акцијата, т.е. "учеството" во тој процес, а не мудроста, образованието, спознавањето и знаењето. Тој интелектуалец е наречен "интелектуалец на акцијата" и неговата моќ произлегува од неговата способност своите идеи да ги претвори во дело.[66]

Вака различното поимање на улогата и функцијата на интелектуалецот, кое ни ја открива целокупната негова противреч-

---

65) Ајен Ренд, За новог интелектуалца, "Градина", Ниш, 1984/12, стр.71.Слично и Хосе Ортега и Гасет, прилог во истиот број на списанието "Градина", потоа и Пол Баран, Шарл Франкел, Роб Барнс во прилозите објавени во "Marksizam u svetu" 1977/1-2

66) v.Letica Slaven, Intelektualac i kriza, "August Cesarec", Zgb.,1989., str.124-125. Летица, всушност, ги изложува идеите на Теодор Вајт изложени во списанието "Лајф" од 9.VI 1967, под наслов "Интелектуалци на акцијата". Очигледно се работи за идеи израснати на тлото на Америка, иако и во Европа денес можат да се јават како присутни.

на природа, неговиот Јанусов лик, кој на една страна се пројавува како трагање по вистината, суштината на човекот, историјата и иднината, а на друга страна како стремеж кон моќ, статус, престиж, богатство и углед, го враќаат кон неговата апстрактност. Сејмор М.Липсет, на пример, ќе рече дека улогата и функцијата на интелектуалците се состои едноставно во тоа што тие создаваат и шират култура. Дури и кога се тие принудени "да го продаваат својот дух на антиинтелектуални и антихуманистички вредности" интелектуалците остануваат интелектуалци бидејќи ја имаат таквата функција.[67] Нивната улога е, во основата, иновативна и интегративна, во согласност со општите концепции на "пожелното", со идеалните концепции кои се сметаат универзално применливи. Тие, вели Липсет, своето задоволство го бараат во интеграцијата на "вистините" во поширокиот домен на општеството, при што се, во основата, критичко-оценувачки расположени.[68]

Низ сите наведени размислувања за улогата и функцијата на интелигенцијата и низ разликите кои притоа се пројавуваат е содржана, на одреден начин, еволуцијата на поимањето на интелектуалецот како дејствен субјект. Од улогата на мислител, до улогата на свештеник, од улогата на просветител до улогата на критичар и револуционер, од улогата на маг до улогата на современиот технократ. Од старите софисти и мудреци до потписниците на "Манифестот на интелектуалците", па се до интелектуалците на акцијата во ликот на модерниот менаџер. Оттука, може да се конста-

---

67) v.Lipset M.Sejmor, Politički čovek, стр.377

68) в.Липсет М.Сејмор и Басу Асоке, Иновативна и интегративна улога интелектуалаца, "Градина", 1984/12, стр.35-36

тира дека тој никогаш не бил вон времето, туку со времето во кое живеел и создавал.

Со истакнувањето дека најважната улога и функција на интелектуалецот е да создава интелектуални дела, да придонесува кон културната традиција на сопствената или општата, светска заедница, при што таа традиција ја пренесува, објаснува и менува, влијаејќи и врз идните генерации, не изостанува и напорот да се систематизираат сите тие специфични улоги и функции. Така, според извесни мислења, нив ги има пет. Прво е создавањето и ширењето на елитната култура, улогата која, главно, се однесува на интелектуалната елита, на "интелектуалците на интелектуалците". Втората улога се состои во создавањето на национални и интернационални интелектуални и културни модели, со што се помага во развојот на општата култура, што е трета улога која на себе ја презема репродуктивната интелигенција. Четвртата улога, а која е овозможена од првите три, е во вршењето на силно влијание на вкупните општествени промени. На таа улога, на крајот, се надоврзува т.н. политичка улога на интелигенцијата.[69]

Наведената ситематизација на улогите на интелектуалецот ја даваат, на свој начин, неговата идеално-типска слика. Се поставува, меѓутоа, прашањето: може ли современиот интелектуалец да ги игра денес сите тие улоги и да ги извршува сите функции кои од нив произлегуваат? Може ли, навистина, тој денес да го надмине својот Јанусов лик?

---

69) v.Letica Slaven, наведеното дело, стр. 41-43

Одговорот, секако, лежи во утврдувањето на објективните општествени услови кои денес ја детерминираат општествената положба на интелигенцијата во целина и кои како такви го определуваат и духовното битие на интелектуалецот. Ова дотолку повеќе што и современата поделба на трудот создава многубројни групи на интелектуални работници, различни како по својата класно-слојна припадност, така и по идеологијата и погледот на светот, по видот и степенот на образованието, начинот на животот, политичката определеност и сл. Тоа, се разбира, бара посебна анализа, која во случајов излегува од контексот во кој ние се движиме. Би сакале, меѓутоа, да укажеме на извесни состојби на духот кои, според нас го изразуваат и битието на интелектуалецот денес, а без кои не може, во целост, да се согледа и неговата улога и функција. Тие состојби ние ќе ги наречеме: состојба "вон", состојба "во" и состојба "наспроти".

Првата состојба, состојбата "вон" може да се јави во две варијанти: како интелектуален елитизам и како интелектуален изолационизам. Интелектуалниот елитизам, кој е, всушност, плод на интелектуалната самомистификација отколку на реалните состојби, ја прифаќа само улогата на своевиден арбитар, неприкосновен морален судија на стварноста при што состојбата "вон" се огледува во тоа што интелигенцијата е "слободнолебдечка", посебен организам кој функционира според свои иманентни закони на универзалните општочовечки вистини и вредности и кој е во состојба да ги интерпретира само интелектуалецот, а ние другите треба само да ги применуваат. Позицијата на таквиот интелектуалец, имено, се засновува врз "знаењето и вистината" и, оттука,

тој е и единствено повикан да биде свеста и совеста на општеството. Интелектуалниот изолационизам е, пак, резултат на стремежот кон сопствена објективизација на интелектуалецот при што тој, привидно, зазема индиферентен, аполитичен став кон општествените збиднувања заменувајќи ги нив со мирот и тишината на светот на науката, уметноста, творештвото воопшто. Значајно е само делото и неговата сегашна или идна валоризација. Посебен вид на таквиот изолационизам е онаа интелектуалност која, поради неможноста да се вклопи во реалните збиднувања, се чувствува несфатена и отфрлена и кај која, како резултат на тоа, се раѓа прво збунетоста и неразбирањето на стварноста, а потоа и интелектуалниот гнев кој, најчесто, завршува со резигнантниот став за немоќта на интелектуалецот. Заробен, во исто време, во идиотизмот на својата професија таквиот интелектуалец, често, го бара излезот во статусот на "слободен стрелец", несакајќи или неможејќи да сфати дека не е можно да се живее во стварноста, а да се биде слободен од неа.

Втората состојба, состојбата "**во**", го претпоставува учеството на интелектуалецот, на посреден или непосреден начин, во структурите на јавниот живот. Таквиот интелектуалец обично ја прифаќа улогата на "органски интелектуалец" во Грамшиевата смисла на зборот учествувајќи во формулирањето и реализацијата на политичките и општествените цели што таа ги промовира, но најчесто до оној момент додека тие не се судрат со неговите сопствени хуманистички принципи, од кој момент тој може да биде или екскомунициран од политиката или, пак, да ја напушти самиот. Состојбата "**во**" може да се појави и на друг начин: ка-

ко груб материјализам кој се изразува во желбата за углед,моќ, материјален статус. Од таквата желба до апологијата на постоечкото патот е краток. Интелектуалниот ангажман во тој случај е, обично, лажен, некреативен и стерилен. Вистината за таквиот "практичен ум" е идеолошкиот параван зад кој може да се манипулира слободно. Тој ум не трага по вистината, по новото и креативното туку напротив, тоа нему му пречи. Обично за таквиот интелектуалец се вели дека се бирократизирал. Својата дејност во општествениот живот тој ја идентификува со сопствената позиција во општеството, со својот статус чие евентуално губење интимно го чувствува како трагедија, а јавно го прикажува како општествена загуба или идеолошко издајство или, во најблага форма, како потценување на интелектуалниот труд за кој општествената средина нема разбирање. За таквиот интелектуалец може да се рече дека е, во исто време, и типичен малограѓанин.

Третата состојба, состојбата "**наспроти**", која многумина ја сметаат за **единствена и вистинска** интелектуална состојба и која ја нарекуваат "работа на интелектуалецот" е онаа која претпоставува тој секогаш да биде наспроти политичката власт - без оглед дали, притоа, учествува во неа или не - и наспроти отуѓените политички идеологии. Критериумот е, всушност, тој секогаш "прагматичните интереси на своето самоодржување да ги подредува на постарите начела на моралноста - вистинољубивоста, праведноста, почитувањето на човековото достоинство".[70] Само таквиот

---

70) v.Milošević Branislav, Vitezovi duha, revija "Danas" Zagreb, od 08.08. 1989., str. 37

интелектуалец се смета за интелектуалец бидејќи само како таков може да ја исполнува критичко-конструктивната функција во општеството. Таа функција, пак, најчесто го принудува на свесна екскомуникација и конфронтација со носителите на политиката и моќта и покрај тоа што, било да е тој свесен за тоа или не, е во политиката и во јавниот живот воопшто. Таквите креативни состојби, меѓутоа, не ретко се извртуваат претворајќи се во перманентно радикално критизерство. Ако кај интелектуалниот изолационизам можевме да зборуваме за постоење на т.н. "несреќна свест" (Сартр), тогаш во овој случај може да стане збор за т.н. незадоволена свест за која дисидентството се јавува како медиум на живеење и самодокажување, како единствен modus vivendi на духот. И, наместо тој дух да се обновува и освежува тој, најчесто, попаѓа во замката на политиканско-интелектуалното сплеткарење завршувајќи, на крајот, во интелектуалното боемство како сурогат на интелектуалната осмисленост на животот.

Во врска со типологијата на интелектуалците можеме да сретнеме и други поделби.[71] Сите тие се, меѓутоа, само израз на

---

71) Интересна е, на пример, типологијата што ја прави Бошко Ковачевиќ. Тој разликува четири основни типа на интелектуалци. Првиот тип, кој тој го нарекува "бела јака", се огледа во неговата неутралност и му служи на секој систем. Кај него е очигледна наемната позиција која на идејно и политичко рамниште продуцира бирократи и технократи. Вториот тип, наречен "степски волк", е всушност, т.н. "апстрактен хуманист" и се однесува на оние луѓе кои "произвеле и создале свој сон и со него ја заменуваат стварноста". Во нивните глави се втиснати зборовите слобода, еднаквост, братство, правда и човеково достоинство. Третиот тип, означен како "пластичен трендафил", се однесува на, како што вели авторот, духовно оженетите луѓе, со класичен морал, своја куќичка, со свој круг на пријатели и со своја професија. Тоа е "заштитната ограда" низ која од општеството може да помине само она, што носи, пред сè, лична корист. Таа свест е "приватизирана", до крај утилитарна и омеѓена со формалниот статус,знаењето, со позицијата која е стекната, а која треба да се задржи. Тоа е улогата на псевдоинтелектуалец. Четвртиот тип, наречен "валкани раце", е

денес сè уште противречната природа на трудот воопшто, па и на интелектуалниот. Маркс не изгради, навистина, некоја кохерентна теорија за интелигенцијата, но неговата теорија за наемниот карактер на трудот укажува, секако, на вистината дека клучот за разрешувањето на тие противречности не е само во владејачките духовни односи. Освен тоа, тој и практично покажа која е и каква треба да биде улогата на интелектуалецот: постојано да ја промислува и осмислува стварноста, и теориски и практично. Тој тоа прегнантно го искажа во својата единаесетта теза за Фоербах. На денешниот интелектуалец како да му останува само да ја примени. Смислата на неговиот ангажман, на неговата улога и функција е во откривањето на оние скриени социјални детерминанти кои го движат човекот напред, да дејствува во согласност со нив. Но не како некоја самостојна сила, која е вон времето, туку со времето. При тоа би можела да се следи и Марксовата интелектуална парадигма која, како што забележува и Морен, се труди да го надмине проблемот на "интелектуалците", самомистификацијата на интелектуалноста, која верува во својата сопствена универзалност додека е всушност само идеологија. Тој интелектуалец, кој ја надминува класичната интелектуална парадигма, мора и самиот да биде повеќе од интелектуалец. Морен, во таа смисла, истакнува дека Марксовата опсесија е интелигенцијата да ја отвори кон светот,

---

врзан за оние луѓе кои се носители на критичката свест за постојното и, кои, истовремено, трагаат по можностите за промена во окружувањето во кое живеат и кои учествуваат во тие промени. - v.Kovačevič Boško, Naznake o intelektualcima i inteligenciji, "Rukovet", Subotica, 1987/2, str.140-141

тоа е опсесија со праксисот, со постојаната размена помеѓу теоријата и практиката. Во тој процес се кали **тоталниот човек**, кој повеќе не е интелектуалец туку творец на сопствената историја. А, пак, целта на таа историја е единството на човекот, односно крајот на поделбата на интелектуален и мануелен труд.[72]

Се чини дека тоа се, денес, и предизвиците кои стојат пред интелигенцијата. Колку тие визии, во моментот, и да изгледаат далечни или дури и утописки, интелигенцијата, во сета своја реална егзистенција, сепак мора да ги има пред себе. Во спротивно таа останува на маргините на општествените настани, колку и да верува дека може, со силата на својот интелект, да дејствува на нив.

---

72) Morin Edgar, наведениот труд, стр. 72

## Глава трета

# ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА: ОБРАЗОВАНИОТ ДВОЈНИК НА СРЕДНАТА КЛАСА

Функционалната анализа обично ги остава понастрана општествено-структуралните аспекти на интелигенцијата насочувајќи го своето внимание, пред сè, на индивидуалните, вредносно-етичките и сознајните ознаки на интелектуалецот, ставајќи ја, на тој начин, во средиштето на интересот неговата личност, неговиот општествен ангажман. Таа анализа е, како што можевме и да забележиме, или апстрактна и идеално-типска или, пак, е доколку е конкретна и емпириска, свртена кон интелектуалците на определена општествена средина, кон нивната творечка дејност и вклученост во конкретните идејни, културни или политички движења и струења.[73] Структурните белези на интелигенцијата при таквиот приод, најчесто, остануваат скриени во сенката на нејзината улога и функција.

Доколку, меѓутоа, сакаме интелигенцијата да ја одвоиме како социолошки феномен и во теориска и во емпириска смисла, би требало, пред сè, да тргнеме од нејзината сложеност како посеб-

---

73) При споменувањето на темата за интелигенцијата, а во врска со овој наш труд, најчесто така и бевме разбирани. Ретко кој соговорник, и покрај насловот на темата, успеваше да го дистингвира проблемот во правец на структурниот аспект. Прашањето за интелигенцијата изгледа дека, во најголем број случаи, буди вредносни, а не строго социолошки асоцијации.

на општествена група, од нејзината хетерогеност и диференцираност како во неа самата, така и во однос на другите општествени групи. Ова дотолку повеќе што интелигенцијата, како што и се забележува, не е веќе малубројна, лесно распознатлива по надворешните белези или по социјалниот статус, не е веќе група која се регрутира од определени слоеви на општеството, како што тоа беше случај со т.н. традиционална интелигенција, туку се намножува во "милионска армија" станувајќи цел конгломерат од социјални слоеви. Оттука, дури и таквите тврдења дека денес нема ни еден посигурен критериум со помош на кој современата интелигенција би можела да се издвои во посебна социјална категорија или, пак, да се "конципира" како хомогена социјална група.[74] По својата различност во општествено економската положба, по своето социјално потекло, општествените функции, начинот на животот, па дури и по своите ставови, мислење и идеолошка припадност таа објективно не е ниту, пак, може да биде хомоген општествен слој.[75] Од друга страна интелигенцијата поседува и такви карактеристики (како што е природата на нејзината дејност, образованието, начинот на меѓусебното комуницирање, припадноста кон разните заеднички здруженија итн.) кои, во многу нешто,

---

74) в. Кожул др Фрањо, Старе подјеле, нове страсти, "Борба" од 20-21.X 1984 год., стр.11 (Анкета: "Партија и интелигенција")

75) в.Vujačić dr Vidak, Dijalektika duha, izd."Obod", Cetinje, 1978.,str-24-25. И Кувачиќ Иван, во таа смисла, истакнува дека постојат многубројни видови и "фракции на интелектуалци" кои, во согласност со приликите,меѓусебно се борат или соработуваат. Тој наведува и разни термини кои се користат во литературата за тие делови на интелигенцијата како што се "владејачка каста", "бирократска интелигенција", "технократија", "револуционерни интелектуалци", "маргинални интелектуалци", "радикални интелектуалци" и сл. - в.Кувачиќ Иван, Интелектуалци и власт, "Градина", Ниш, 1984/12, стр.48

сè уште и го даваат чувството на посебност и поврзаност кое чувство ги упатува одделните нејзини припадници на взаемни специфични односи. Со тоа интелигенцијата влегува во составот на основните елементи на класно-социјалната структура, јавувајќи се самата како посебност, но со сопствена сложена структура. Според тоа, интелигенцијата може да се истражува како од аспект на општествената макроструктура, на нејзиното место во вкупните односи на социјалните класи, слоеви и групи, така и од аспект на нејзината внатрешна диференцираност.[76] Функционалната поделба на трудот и постоењето на различни интелектуални професии ја прави можна, покрај вертикалната, и хоризонталната структурна анализа.

Всушност, структурните аспекти на интелигенцијата стануваат интересни од оној момент кога таа, пред сè во рамките на граѓанското општество, се оформи како помасовен општествен слој. Иако во почетокот ќе се регрутира, главно, од повисоките социјални слоеви, со што донекаде ќе ја има својата традиционална улога, логиката на пазарната економија наскоро ќе ја детронизира, внесувајќи и во неа самата многу структурни промени.[77] Кон тоа ќе помогне и ширењето на масовното школување, преку кое, кон интелигенцијата, сè повеќе, ќе можат да пристапат и припадниците на пониските класи. Еволуцијата на производните сили во

---

76) в.Чулачников В.С., Интелигенция и управление, зборник: "Социологические исследования интеллигенции, Москва, 1982, стр.59

77) Не можеме овде а да не се присетиме на марксовите и Енгелсовите зборови од "Манифестот"; Буржоазијата од сите дотогаш уважувани професии, на кои се гледаше со стравопочитување, го симна светителскиот ореол. Лекарот, правникот, свештеникот, поетот и научникот таа ги претвори во свои платени наемни работници.

рамките на развиениот капитализам ќе предизвика два процеса: квантитативно проширување на интелектуалните слоеви и "динамична квалитативна мутација" на, отпорано, постоечките слоеви со смалување на самостојното интелектуално творештво. Тоа, пак, ќе предизвика снажен пораст на интелектуалните професии, со што интелектуалецот, конечно ќе ја напушти позицијата на директен "службеник" на владејачките слоеви, претворајќи се, повеќе или помалку, во интелектуален работник од наемен тип.[78] Од тој момент припадници на интелигенцијата ќе можат да се пронајдат во речиси сите социјални слоеви, што ги прави да бидат отворена група достапна за поединци од различни општествени средини.

Таквата објективна положба на интелигенцијата ќе има свој одраз и врз теориските толкувања за нејзиното место во социјалното миље. Тие толкувања се движат од сфаќањата дека таа не е некоја посебна група, дека е, всушност дифузна категорија, па сѐ до теориите за интелигенцијата како нова класа во општеството.

Интелектуалците не се една општествена класа во онаа смисла во која селаните или индустриските работници претставуваат општествени класи, пишува Јозеф Шумпетер истакнувајќи дека тие се појавуваат во сите делови на општеството. Не образло-

---

78) Тој пораст Казанова го илустрира и со конкретни податоци и табели. Значителен е, според него порастот, во западните земји, на интелектуалците во наемен однос - кај наставниците и хуманистичките професии за 56%, кај инженерите и раководниот персонал за 44%, додека слободните професии стагнираат.- Casanova Antoine, Socijalni status intelektualaca "Marksizam u svetu", 1974/3, str. 105.

жувајќи го понатаму овој свој став тој само ќе забележи дека тие, сепак, создаваат групни ставови и групни интереси "доволно силни да влијаат голем број интелектуалци да се однесуваат на начин кој обично се врзува за поимот на општествените класи".[79] Шумпетер е, значи, свесен за хетерогеноста на интелигенцијата, но во исто време смета дека таа, или одделни групи на интелектуалци, можат да имаат класна функција во идеолошка смисла.[80]

Шумпетеровото сфаќање, на извесен начин, коренспондира со она на Карл Манхајм. И Манхајм тргнува од функцијата на интелигенцијата иако е свесен за нејзината рзалична класна припадност. Социологијата која, меѓутоа, се ориентира само кон класите, за Манхајм, не може сосема да го сфати и да го објасни феноменот на интелигенцијата. Секако дека интелигенцијата е, истакнува тој, во значителен дел интелигенција на рентиери, која живее од капиталот. Но тука, исто така, спаѓаат и широките чиновнички слоеви и голем број на т.н. слободни професии, па ако сите нив ги испитуваме во однос на нивната општествена основа, ни оддалеку нема да дојдеме до онаа недвосмислена припадност каква што ја откриваме кај слоевите кои непосредно учествуваат во економскиот процес. Постои, меѓутоа, една социолошка врска што ја обединува интелигенцијата и што ја прави да биде слој

79) Šumpeter Jozef, наведеното дело, стр. 215-216

80) Врз примерот на идеолошката функција на интелектуалците во работничкото движење Шумпетер укажува, сепак на нивната посебност. "Слушајќи го интелектуалецот, работник е речиси непрекинато свесен за бездната која не може да се премости...". Меѓу него и интелектуалецот, се разбира. - Исто, стр. 226

и покрај сите различности во неа, а тоа е образованието. Тоа, за Манхајм, по својата тенденција се повеќе ги потиснува разликите врз основа на раѓањето и сталежот, занимањето или богатството, создавајќи го носителот на идејната општествена синтеза, "еден релативно бескласен слој", кој "по својата тенденција се обновува од поширокатa општествена основа". Додека оној кој директно учествува во производниот процес, оној кој е врзан за класите, е непосредно и единствено детерминиран со специфичната општествена положба, дотогаш интелектуалецот секогаш, освен со својот специфичен класен ефинитет, ќе биде одреден и со духовниот медиум.[81] Затоа, интелигенцијата е слој "кој се наоѓа во општествениот меѓупростор", група која е "помеѓу, но не и над класите", затоа е таа "општествено слободнолебдечка". Оттука, марксистичката социологија која ја објаснува таа група само со помош на поимот на класата може, смета Манхајм, на интелигенцијата само да и ја додели улогата на сателит на оваа или онаа постоечка класа.[82]

Размислувањата на Манхајм, колку и да се понекогаш привлечни за самите интелектуалци, наидуваат на многу критички забелешки. Теодор Гајгер, на пример, смета дека интелигенцијата не претставува општествена класа во вообичаената смисла, ниту, дека како целина може да се вброи во некоја конкретна класа. Но, тоа никако не и го дава карактерот на слободнолебдечки слој. Нејзините одделни припадници, сепак, се приклучуваат кон разни-

---

81) Manhajm Karl, Ideologija i utopija, str.152-154

82) Mannheim karl, Eseji o sociologiji kulture, str. 112-113

те општествени класи преку потеклото, традицијата, интересот или наклоноста. Таа, според тоа, не може да се јави како носител на духовната синтеза во општеството, како "помирувач" на одделните идеологии, бидејќи идеолошките борби помеѓу општествените класи ја расцепуваат и самата интелигенција. Погледот на поединечниот припадник на интелигенцијата врз општеството е, исто така, условен од неговото посебно место во општеството, како што се и социјалните претстави на работниците, селаните, претприемачите итн. одредени со нивната класна положба. За Гајгер, затоа првиот чекор кон "синтезата" на времето е анализата на фактичката и идеолошката структура на општеството (подвлекол Ј.К.). Треба да се види, всушност, кои класни положби се дадени и кои идеологии им одговараат, при што тие идеологии треба да се стават "во мотивски однос" кон тие класни положби. На крајот, таквите аналитичко-критички увиди треба да се поврзат со структурално сеопфатната слика на општеството.[83]

Во определен таков контекст, како што тоа често го правел за многу прашања, В.И.Ленин ќе забележи дека интелигенцијата зазема посебна положба помеѓу другите класи, т.е. помеѓу основните класи. Таа не е некоја "самостојна економска класа" и нејзините припадници, во капиталистичкото општество,припаѓаат делумно на буржоазијата, а делумно на наемните работници и тоа во онаа мерка во која тоа општество се повеќе и повеќе му ја одзема самостојната положба на интелектуалецот. Ленин,

83) Гајгер Теодор, Критика идеологије и политичка синтеза, "Градина", Ниш, 1984/12, стр.31-32

всушност, ја смета интелигенцијата за еден вид на меѓукласа бидејќи, според него, најголемиот дел од неа, како според општествено-економската положба, така и според начинот на мислењето и припаѓа на ситната буржоазија, на малограѓанството.[84] Во неа самата тој, сепак, разликува три посебни слоја: буржоаска, ситнобуржоаска и пролетерска интелигенција. Првата ја сочинуваат оние интелектуалци кои, по односот кон средствата за производство, објективно спаѓаат во капиталистичката класа, како што се инженерот-сопственик на претпријатие или лекаротсопственик на санаториум, но и оние кои по своето убедување, го прифаќаат капиталистичкиот поредок. Во ситнобуржоаската интелигенција Ленин ги вбројува повеќето од уметниците, книжевниците и научниците, но тука се и оние кои се по својата објективна положба, пролетери, но и револуционери, како што се повеќето од службениците, просветните работници, новинарите, лекарите во здравствените установи, инженерите и техничарите и сл.[85]

Без оглед на евентуалните забелешки за валидноста на Лениновите искажувања особено во поглед на социјалната структура на современото општество останува фактот дека тој интелиген-

---

84) Ленин В.И., Сочинения, изд.IV,т.7, стр.30 и 248. Слично становиште, во советската теорија, застапуваат подоцна и други автори. Така според П. П.Амелин интелигенцијата никогаш не била и нема да биде посебна класа, туку таа претставува слој чие значење се определува со природата и историската улога на класата, чии интереси и потреби таа ги обслужува. - Амелин П.П., наведениот труд, стр.48. Денес и во други средини го среќаваме сличниот став. Фуад Мурси, од Каиро, истакнува дека и покрај тоа што интелектуалците, како општествен слој, можат да припаѓаат на разни општествени класи, нив сепак ги третираме како дел од ситната буржоазија.- v.Moursi Fouad, Sitna buržoazija kao klasna snaga, "Socijalizam u svetu" 17/80,80.

85) Ленин В.И., наведениот труд, стр. 26

цијата не ја смета за посебна класа и дека ја увидел нејзината хетерогеност. Во едно сосема друго време и други општествени услови на истиот факт ќе укаже и Рајт Милс. Имајќи го предвид американското општество тој интелигенцијата ја посматра како една од групите на средната класа, група која е изразено хетерогена и широко распространета во структурата на општествениот простор. Таа не е единствена општествена групација, туку е еден "рассеан збир на групички".[86]

Под влијание на промените во современиот свет особено во врска со силниот развој на науката и техниката и значењето кое и се придава на интелигенцијата, се појавија, меѓутоа, и спротивни теории. Според нив научно-техничката револуција ја измени суштината на современото општество, одвојувајќи ја власта во производството од сопственоста која, сама по себе, без техничко-технолошката компетентност, не може да опстане. Големите ингеренции на оние кои го поседуваат знаењето водат кон еден нов тип на општество во кое "владее" интелигенцијата. Својата стабилност и општествена позиција таа ја базира врз новиот

---

86) За разлика од ситните бизнисмени, фабричките работници и уредските службеници, пишува Милс, интелектуалците се луѓе кои се релативно бескласни. Тие немаат заедничко потекло, не ја делат заедничката општествена судбина и многу се разликуваат по приходите и статусот; некои живеат, домуваат и духовно создаваат во сиромашните периферни делови на градот; други во големите национални пропагандни апарати. Многу интелектуалци се членови на старата средна класа: работат на специјализирнаиот пазар кој го сочинуваат издавачите и директорите на деловните претпријатија, во својство на претприемачи што го користат своето образование и вербалните способности како капитал. Други и припаѓаат, во прв ред, на новата средна класа: положбата на месечно платени чиновници во работните пирамиди на белите јаки го определува нивниот стил на живот и нивниот труд.- Mills C.Wright, Bijeli ovratnik, str. 138-139

вид на сопственост - знаењето и информациите,т.е. врз "културниот капитал". Така се создава една нова класа - класата на интелигенцијата.[87] Таа нова класа, според Х.Шелски се состои од четири функционални групи: групата на техничко-организаторските специјалисти и експерти, потоа творците на "независни духовни вредности", па групата на научно-техничката интелигенција и, на крајот, истражувачите на современата историска ситуација и футуролозите.[88] Сите тие групи се, како што вели Ф.А.Хајек, еден вид органи кои модерното општество ги разви со цел на ширење на знаењето и идеите, и кои се еден вид на сито низ кое сите нови концепции мораат да поминат пред да допрат до масите.[89] Од ваквите сфаќања покарактеристично е, секако, она на Алвин Гулднер, кој интелигенцијата ја поставува наспроти капиталистите. Еден дел од елитата ја има својата подлога во сопственоста и тој дел, според него, обично се конституира како национална буржоазија. Нему најтемелната опозиција најчесто му доаѓа од другиот дел на елитата, од делот на интелигенцијата чиишто привилегии се засновуваат врз нејзиното образование, знаење, култура и јазик. Но, и покрај таа нивна спротивставе-

---

87) Во литературата се наведуваат повеќе автори кои ја развиваат таквата теза: Даниел Бел, А.Ускоу, Р.Луис, Т.Веблен, В.Махајски и други. - в.Bell D., The Coming of Post - industrial Society, N.Y.1973; Waskow A.Looking farward: 1999,In: Mankind 2000,Oslo; London, 1969; R.Lewis, A.Maud, The Englich Middl Class, London, 1949; T.Veblen, The Engineers and the Price System, New York, 1921; W.Machajski, O vladavini intelektualaca, zbornik: Birokratija i tehnokratija, Bgd,1966, knj.I

88) Наведено според: Мансуров В.А.Барбакова К.Г., Молодой интеллигент развитого социалистического общества, Москва, 1981, стр. 86-87

89) в.Хајек Ф.А. Моќ интелектуалаца, "Градина" 1984/12 стр.38

ност, буржоазијата и интелигенцијата се поврзани: интелектуалците најчесто потекнуваат од класите чиишто привилегии се темелат врз сопственоста или кои се од оваа класа потпомогнати. Со други зборови, за Гулднер интелигенцијата е образованиот двојник на поседничката средна класа. Интелектуалците - вклучувајќи ги разните стручњаци, писатели, инженери, службеници, новинари, правници, книшките луѓе - се културна буржоазија чијшто капитал, знаење и јазик се стекнати во текот на нивното образование.[90] За Гулднер и за другите приврзаници на ова сфаќање "културниот капитал", значи, се јавува како специфично производствено средство кое е во рацете на интлигенцијата, па, оттука, според својот однос кој го имаат спрема тоа средство, таа е класа.

Теоријата за интелигенцијата како нова класа се јави, во посебна варијанта и независно од претходните сфаќања, и кај некои автори од т.н. социјалистички земји. Оваа варијанта се потпираше врз процесите кои беа карактеристични за социјализмот како поредок, пред сè врз процесот на неговата бирократизација. Најзначајни претставници, во тој поглед, се унгарските социолози Конрад и Шелењи, кои, своевремено биле и прогонувани заради своите идеи. Социјалната структура на социјализмот, според нив, е организирана така што го следи начелото на т.н. рационална редистрибуција, и таа структура е дихотомна. На една страна се наоѓа класата на интелектуалците инкорпорирана во

90) Guldner Alvin, Uvod u teoriju revolucionernih intelektualaca, ... str.162

власта и партијата и која ја има позицијата на редистрибутер, а на другата страна е работничката класа која го произведува општествениот вишок, но нема право на располагање со него.[91] Бидејќи моќта на оваа социјална група, а тоа е интелигенцијата, има класна природа, со оглед на тоа што има монопол над редистрибутивниот процес, тоа значи дека може да стане збор за власт на интелектуалците како класа, но не за интелигенцијата во целина, туку на еден нејзин дел - на државната и партиската бирократија.[92] Моќта на редистрибуцијата за Конрад и Шелењи е нешто далеку повеќе од економска власт. Таа создава цел еден модел на цивилизација, во кој подеднакво учествуваат три партнери: стратумот на економисти и технократи кои ги извршуваат задачите на централната редистрибуција, потоа административната и политичката бирократија која го обезбедува непреченото функционирање на редистрибутивниот процес и, конечно, идеолозите, научната и уметничката интелигенција која ја произведува, репродуцира и ја шири културата и етосот на таквите односи. овие три стратуми ја сочинуваат "новата класа", класа par excellence на новиот поредок.[93] Интелектуалците, за прв пат во својата историја, во земјите на Источна Европа, обезбедија таква позиција.[94]

---

91) Konrad George, Szelenyi Ivan, Intelektualci na putu ka klasnoj vlasti, "Marksizam u svetu", 1989/6-7, str.5

92) Исто, стр. 6

93) Исто, стр. 7

94) Исто, стр. 75

И едната и другата варијанта на оваа теорија, колку и да се рационално изведени, доколку се доведат во врска со поимањето на класата, дури и со таквото поимање кај различни автори, тешко можат да бидат прифатени. Маркс зборува за "милиони семејства кои живеат под економски услови на егзистенција кој нивниот начин на живот, нивните интереси и нивното образование" го одвојуваат од начинот на животот, интересите и образованието на други такви милиони семејства. И покрај бројноста на интелигенцијата денес тешко би можело да се зборува за постоење на "милиони семејства" на интелектуалци во рамките на конретните општества, а уште потешко за исти економски услови на живот и интереси кои тие интелектуалци би ги издвојувале како хомогена целина. Останува само фактот на образованието кој, сам за себе, не ја издвојува интелигенцијата како класа. Уште помалку за таквото издвојување може да стане збор во однос на Лениновата определба на класата, особено кога се работи за елементот на односот кон средствата за производство, т.е. сопственоста. Поседувањето на "културен капитал" и контролата над него не би значеле ништо доколку тој капитал не е во функција на финансискиот капитал кој, истовремено, влијае и врз текoвите на знаењето и културата во едно општество.[95] Културниот капи-

95) Како финансискиот капитал влијае на тие текови може да се види од примерот што го дава Андре Горц, а кој се однесува на распределбата на средствата за научни истражувања во Америка. Така, наведува тој, 1% од вкупните средства се издвојуваат за фундаментални истражувања, 3% за применети истражувања, 26% за технолошки истражувања, т.е за изучување на новите производи кои се резултат на применетите истражувања и дури 70% за изработка или усовршување на производите или постапките на производство. Ваквиот распоред на средствата го утврдува соодветен комитет на американскиот Сенат кој тргнува, пред сè, од потребите на производството,

тал, без соодветните материјални средства, не може да произведува нова вредност, станува стерилен.[96] Индиректната врска на духовните дејности со реалната општествено-економска основа, всушност, ја заматува нивната условеност од таа основа, создавајќи привид на самостојност на тие дејности во однос на неа. И овде, само еден елемент, е денес својствен на интелигенцијата, а тоа е местото што таа го зазема во општествената организација на трудот, место кое, всушност капиталот и го отстапи нејзе.

За Вебер класата ја сочинуваат сите оние поединци кои имаат исти шанси или располагаат со приближно исто количество на моќ на пазарот, па според тоа и начинот на распределбата на материјалните добра на пазарот се јавува како најфундаменталниот чинител на економската положба, што значи дека поседувањето или непоседувањето на сопственост е основната категорија на класната положба. Оние кои не поседуваат сопственост можат да се диференцираат само по други белези, пред се професиите, но тогаш веќе не се работи за класна диференцијација, туку за стратификациска разлика.[97] Колкави се шансите и моќта на интелигенцијата да влијаат врз распределбата на материјалните добра на пазарот преку механизмот на "културната сопственост",

---

а не од желбите на оние кои ги спроведуваат истражувањата.- Gorz Andre, Tehnika, tehničari i klasna borba, "Marksizam u svetu" 1974/3,str.38, fusnota 10

96) За тоа илустративен е примерот со нашата и други земји кои располагаат со научен и културен капитал, но не можат да го ефектуираат од причини на несоодветна материјална развиеност. Тој културен капитал, извезен во развиените земји, обично брзо се ефектуира.

97) в.Вебер Макс, Привреда и друштво, "Просвета", Београд, стр.241-242

кога е таа значајна само до моментот кога производот ќе излезе на пазарот.? За културниот капитал што интелектуалецот го вградил во производот тој е однапред платен и, тој, најчесто, потоа не зависи од "шансите на пазарот". Што се однесува на теоријата на Конрад и Шелењи, таа донекаде може да се доведе во врска со сфаќањето на Ралф Дарендорф за класите како групи "чија што основа за одредување е во учеството или неучеството во власта" но, се чини дека по актуелните промени кои настанаа во т.н. редистрибутивни општества, а под влијание на економските детерминанти, при што е присутен процесот на распаѓањето на оние кои ја вршеа редистрибуцијата, таа не би можело сериозно да се прифати, од простата причина што класите како групи така лесно не исчезнуваат од историската сцена. Тоа може да биде карактеристика само на определен тип на власт.[98]

Структуралната сложеност на интелигенцијата се пројавува и во хоризонтална смисла. Функционалната поделба на трудот ја разложува интелектуалната дејност на бројни занимања и професии што резултира и со појава на различни функционални групи во самата интелигенција кои, често, имаат различни и поларизирани интереси и идеологија. Една од најзначајните поделби која се истакнува е поделбата на т.н. **хуманистичка** и т.н. **техничка** интелигенција. Иако таквото разликување не е секогаш прифатено, сепак, тоа се прави барем во условна смисла. Имено, кога се зборува за хуманистичка интелигенција, или за интелигенција во потесна смисла, се мисли, обично, на областа на уметноста,на оп-

---

98) v.Cvjetičanin Vljko, Klase i klasna struktura suvremenog društva, izd. "Školska knjiga" Zgb., 1974, str.52

штествените науки, а кога е во прашање техничката интелигенција се има предвид вклученоста во производниот труд, на примената на научните и техничките знаења во практиката. Едноставно речено во техничката интелигенција спаѓаат повеќето од стручњаците, инженерите, техничарите, економско-финансиските експерти и дел од управниот апарат во одделните сфери на животот, а во хуманистичката интелигенција покрај уметниците и писателите, новинарите, просветните работници, професорите, филозофите и сл. Со оглед на тоа дека при таквата номенклатура обично се тргнува од формалниот критериум или од професијата, се истакнува и вредносната дистинкција која тргнува од тоа дека хуманистичката интелигенција е онаа "која има развиено чувство за општествените цели и за целите на својата сопствена дејност, која поседува висок степен на одговорност", дека на техничката интелигенција тоа и недостасува и дека е таа "повеќе инструментално ориентирана".[99]

Припаѓањето кон едниот или другиот вид на интелигенција се смета дека не е само "техничко прашање". Таа припадност наметнува сосема определени атрибути кои се својствени за нив. Всушност, се афирмира мислењето дека овие групи суштински се разликуваат по видот на интелектуалноста кој го поседуваат и изразуваат. Таа разлика, понекогаш, како што се истакнува, дури и се мистифицира до теоријата за суштествувањето на "две култури" кои меѓусебно не се разбираат и не се допираат, па дури кои, често, се спротивставуваат една на друга, затоа што во

99) v.Sociološki leksikon, izd."Savremena administracija" Bgd.1982,str.233

основата им е различна дејноста и примената на општеството.[100] Во вертикална смисла се истакнува, многу често, и нивното различно место и положба на општествената скала при што на техничката интелигенција и се наменети повисоките позиции, додека хуманистичката интелигенција се чувствува, според местото во таа хиерархија, запоставена, па често дури и отфрлена. На хуманистичкиот интелектуалец, во тој поглед, како да му е наменета прометејската улога во општеството.[101] Оттука и непремостливата противставеност на овие два вида на интелигенција. Хуманистичката интелигенција е, наводно, често расположена да и го одредува на техничката интелигенција карактерот на креативен интелектуален труд, а оваа, пак, да го прогласува трудот на хуманистичката интелигенција за општествено не толку значаен или, во најдобар случај, за потребен но не и неопходен.

Таквата дихотомна свест е, секако, резултат не само на функционално различната улога која ја има едниот или другиот вид на интелигенција туку, често, и на различната положба што тие ја заземаат на општествената скала. Врзана за сферата на

---

100) в.Деспић А.Р., Искажување во весникот "Политика" од 21.II 1970 год., на тема "Интелектуални рад у самоуправном друштву"; Tanovič Arif, Intelektualci i radnički pokret, "Marksizam u svetu", 1977/1-2,str.XIII

101) Шарл Франкел, во таа смисла, пишува: Без оглед на тоа дали суштинската поддршка на "културата" ќе потрае, би било погрешно да се претпостави дека хуманистите и хуманистичката интелигенција ќе бидат конечно во прилика да се ослободат од мачната положба која како судбина ја чувствуваа последните педесет и повеќе години. Хуманистичките интелектуалци сѐ уште себе си се гледаат како послабо платен научник, потиснат, односно неприфатен во општеството во кое владејат материјалните вредности, отфрлен во некое катче на универзитетот; но тие, сепак, остануваат единствено вистинските, во светот втемелени интелектуалци.- Frankel Charles, Muke humanističkog intelektualca, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str. 138

техниката и технологијата, техничката интелигенција е, објективно, во состојба да ги има клучните места во извршно-управниот слој на материјалното производство со што е материјално и хиерархиски супериорна и фаворизирана. Задоена, на тој начин, со технократски дух таа нема разбирање толку за апстрактните хуманистички вредности кон кои, обично, е свртена хуманистичката интелигенција.

И покрај тоа што, реално, ваквата дихотомија е присутна, особено денес, во ерата на т.н. техничко-технолошка револуција, останува прашањето дали таа треба да се прифати од аспектот на општиот историски тек на општествениот развој. Определени историски моменти, можеби, и давале извесен примат на едната или на другата интелигенција со тоа што имало периоди кога улогата на едната или на другата била понагласена но, во основата, се работи, всушност, за две страни на еден ист процес. Имено,како што никогаш немало напредок без соодветен техничко-технолошки развој, така и тој развој секогаш бил слеп и дезоринтиран без отворањето на новите хуманистички хоризонти. Структурално дихотомната положба на интелигенцијата ќе мора да биде надмината од причина што инсистирањето на таквата дихотомија обично завршува како конзервативизам или технократизам.[102] Она што, меѓутоа, во

102) А.Р.Деспиќ, во таа смисла, убаво забележува: Хуманистот кој има одбојност кон секое достигнување на техниката не е ништо помалку сиромашен и антиинтелектуален од техничарот кој секој разговор за прашањата од апрактичната сфера го смета за јалово "филозофирање" и кој се гордее што таквото "филозофирање" го мрази. Да се гледа само духовниот и мисловниот развој на човештвото е исто така антиинтелектуалена еднострaност како и опседнатоста со практичното, за животот корисното, со лагодните творби. Се чини дека овде може да се најде одговорот на спротивставувањето на хуманистичката и техничката интелигенција: тоа се случува дотолку посилно доколку е интелигенцијата помалку интелектуална.-в.Деспиќ А.Р.,искажување во весникот "Политика" од 21.02.1970 год., на тема "Интелектуалниот труд во самоуправното општество", стр.13

структурална смисла може да се очекува е, евентуално, квантитативното зголемување на сегментот на техничката интелигенција што, секако, на хуманистичката интелигенција не смее да и даде маргинален карактер.[103]

Сакајќи да ја надминат наведената дихотомија некои автори во поделбата на интелигенцијата прибегнуваат кон комбинација на структуралниот и функционалниот критериум. На тој начин ја среќаваме поделбата на интелигенцијата на творечка, репродуктивна и производна кон кои се придодава и слојот наречен mixtum composition како слој кој се наоѓа помеѓу интелигенцијата и технобирократијата. Притоа, како творечка интелигенција се означува оној нејзин дел кој ги произведува духовните вредности во науката, уметноста, културното творештво воопшто. Овој слој е всушност елитата на интелигенцијата која, во зависност од конкретните општествено-историски услови, во својот најголем дел

---

103) Земјата која не може да чекори во вртоглавиот индустриски прогрес е осудена на заостанување, на економска подреденост, истакнува Ариф Тановиќ. Без оглед на тоа која класа во која земја е доминантна и владејачка,таа мора да ги организира интелектуалните сили на својот народ или да увезува интелигенција, за да би се одржала во општото движење на човештвото. Радован Рихта и соработниците, пак, истакнуваат, тргнувајќи од тој факт, дека нагло расте бројот на инженерско-техничките и техничко-економските работници, наведувајќи го податокот дека бројот на инженерите во последните децении расте годишно за 6% во СССР, во САД за 5%, што во СССР претставува двојно, а во САД тројно побрз пораст од бројот на другите вработени. Во долгорочната проекција за Рихта и соработниците тоа значи пораст на стручноста, техничката интелигенција, воопшто најпробивното и најтрајното поместување во структурата на трудот. И покрај тоа што,со оглед на поновите збиднувања во светот, наведените податоци се променети, тие, сепак, укажуваат на оние основни тенденции кои ќе доведат и до промени во структурата на самата интелигенција. - v.Tanović Arif, Intelektualci i tadnički pokret, "Marksizam u svetu", 1977/1-2, str.XV; i Rihta Radovan i saradnici, Civilizacija na raskršću, izd."Komnist" Bgd. 1972, str. 106

ја имала и ја има привилегираната положба во општеството,и која, на тој начин, се наоѓа во средиштето на неговите основни текови и стремежи, не како пасивен посматрач на збиднувањата, туку како нивен креатор. Репродуктивната интелигенција е оној социјален слој кој се јавува само како пренесувач на тие знаења и вредности и кој, најчесто, професионално се занимава со тоа. Тука се вбројуваат најголемиот дел на просветните работници, репродуктивните уметници, лекарите, новинарите, организаторите на културата чија социјална положба варира во зависност од нивниот професионален ангажман. Производната интелигенција е онаа која директно учествува во производството на материјални добра и вредности и неа ја сочинуваат бројните инженери, техничари, економисти, правници и сл. Покрај тоа што нивната социјална положба ја дели судбината на производство, таа положба зависи и од тоа на кој сегмент на оваа интелигенција тие и припаѓаат: на групата на организатори на производството и технолошкиот процес, на административно-управниот апарат, на оние кои работат директно во производството или на специјализираната група на стручњаци која работи во службите за развој, проектирање и конструирање. Слојот mixtum composition го опфаќа оној тип интелектуални работници кои се директно врзани за службите во државниот или партиските апарати и кои се еден вид нивен сервис.[104]

Сите наведени диференцијации на интелигенцијата укажуваат недвосмислено на нејзиниот социјално хетероген состав. Таа

---

104) Vujačić dr Vidak, Dijalektika duha, "Obod", Cetinje, 1978

хетерогеност, меѓутоа, не произлегува од нејзиниот однос кон средствата за производство, туку, пред сѐ, од карактерот и содржината на нејзиниот труд. Земена како целина таа, сепак, се смета за група која и припаѓа на средниот слој, и покрај тоа што се бројни и мислењата кои, занемарувајќи го стратификацискиот модел на општествената структура, сметаа дека нејзиниот најголем дел, се наоѓа во наемен однос јавувајќи се како интелектуален пролетеријат со што, во суштинска смисла, не се одвојува од останатите работници.

## Глава четврта

# НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО СОЦИОЛОШКАТА АНАЛИЗА: МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет на истражувањето:** Како посебен сегмент во слојот на интелигенцијата се јавува, секако, научната интелигенција. Тој сегмент ќе биде и **предмет** на нашето истражување. Иако, меѓутоа, на прв поглед таквиот предмет изгледа јасно ограничен и дефиниран, при социолошката анализа ќе се види дека и за него и околу него можат да се поведат сите оние расправи кои се водат и за интелигенцијата воопшто. Па дури и нешто повеќе: научната интелигенција, за разлика од интелигенцијата воопшто, не може да се издефинира така широко, да се определи како еден релативно растеглив и дифузен поим. Со оглед на попрецизното сфаќање на самата наука, и критериумите за определувањето на научната интелигенција се попрецизни и позаострени.

Токму тој факт, кој ја отстранува можноста за дифузија во дефинирањето на овој вид интелигенција, му дава, можеби, за право на Џон Кенет Галбрајт да рече дека всушност и нема вистински израз за таа група која се занимава со научни истражувања, често и со едукација, а која се одвојува од она што е, на пример, карактеристично за техноструктурата.[105] Ова, од друга

105) Во политичките расправи, вели Галбрајт, тие (научниците н.з.) се ставени во истата група со писателите и поетите па ги нарекуваат интелектуалци или "јајцеглави". Првиот израз премногу е ограничен во своето појмовно значење, а ако не е ограничен, тогаш е премногу претенциозен. Вториот израз е несериозен. Нов израз би требало да биде искован само во краен случај; и онака имаме изобилство на зборови а новите обично го навредуваат

страна дотолку повеќе што и оваа интелигенција се дели на хуманистичка и природно-техничка, иако таквата нејзина биполарност не е секогаш и секаде прифатена во светската норматива.

Во таа норматива денес, како и во научните трудови,покрај терминот научна интелигенција, се среќаваат и термините "учен", "научен работник", "научник", "научен потенцијал", "научен кадар" и сл. чии значења не се, секогаш, исти. Така, на пример, се наведува дека терминот "учен" (или "научник"), кој се утврдил во многу јазици уште во 19 век, означува човек на науката или човек кој поседува знаења од која и да е област на науката.[106] Во други определувања се укажува на енциклопедичноста на знаењата како карактеристика на учениот.[107] Во трети случаи се смета дека тоа е оној поединец кој доаѓа до точни знаења со истражувања и експерименти.[108] Во изданијата на УНЕСКО, пак, се употребуваат термините "научни и технички кадри" и "научен потенцијал" но со потесно значење - за научниците од техничко-

---

увото. Затоа јас го усвоив (и во понешто го изменив) изразот на својот пријател, професорот Дон К.Прајс (Don K.Price), кој научната заедница (вклучувајќи го и оној нејзин дел што го вработуваат индустријата и владата) ја нарекува научен сталеж. - Galbraight J.K., Nova industrijska država, "Naprijed", Zagreb, 1972, str.273, fusnota 1

106) v.The Sharter Oxford English Dictionnairy of Historical Principles, Revised Edition, 1959, p.1806; Le dictionnaire de notre temps, Hachette, Paris, 1990

107) Larousse du XX$^{e}$ siecle, tome sixieme, Libraire Larousse, Paris 1933, p.214; Littre E., Dictionnaire de la Langue Francaise, Paris, 1958,p.1107

108) Webster's Unified Dictionary and Encyclopedia, N.Y.1959, p.3784. Треба да се каже дека во нашиот јазик термините "учен" и "научник" не можат да се земат со исто значење. Имено, иако некогаш под терминот "учен" се подразбирал и научникот, денес тој, во секојдневниот говор, главно се употребува во смисла на образован човек ("учен човек"). Терминот "научник", меѓутоа, означува човек не само што е образован, туку и кој се занимава со научна дејност.

технолошката сфера.[109] Затоа се истакнува дека овие изрази не припаѓаат на традиционалните речници ни на општествените науки ни на епистемологијата и дека и покрај својата широка употреба не се доволно теориски разработени.[110]

Таквата теориска празнина го прави и поимот на научната интелигенција недоволно јасен. Најчесто, под тој поим, се подразбираат поединците кои поседуваат соодветна универзитетска или на неа еквивалентна диплома и кои се активно ангажирани во научните истражувања и кои се вработени во соодветни научни институции.[111] Во зависност од сферата на примената на умствениот труд и карактерот на професионалната дејност се прави разлика меѓу три вида на научна интелигенција: на научна интелигенција во потесна смисла на зборот која ја сочинуваат научните работници од научните институти, потоа, на научно-техничка интелигенција во која се вбројуваат оние научни кадри кои работат во научно-истражувачките институти во стопанството и на научно-педагошка интелигенција која ја чинат вработените во високото

109) v.Milić Vojin, Naučni potencijal: pojam i problemi, "Sociološki pregled", 1978/1-2,str.5-6. (Слично е и во САД кадешто во бројот на научниците се вклучени само специјалистите од областа на природните, земјоделските и медицинските науки. "Employment of scientists and enginers in the United States", NSF 68-30, Washington, 1968.

110) v.Milić Vojin, наведениот труд, стр.5-6

111) Така е во САД, досегашниот СССР и во многу други земји. Во составот на научните работници во СССР се вклучени академиците, сите поединци кои имаат научен степен на доктор на науките, некое од универзитетските или научни звања (професор, доцент, асистент, научен соработник) и кои се вработени во научноистражувачки или научно-педагошки организации, а исто така и специјалисти кои немаат научен степен, ни научно звање, но кои систематски се занимаваат со научна работа во претпријатијата и во проектно-конструкторските организации. Истото се однесува и на Полска.- в.Быкова С.Н., Научная интеллигенция : структура и тенденции развития - во зборникот "Социологические исследования интеллигенции - Москва, 1982,стр.98

образование и кои, во својата дејност, ги соединуваат педагошките и научноистражувачките функции.[112] Од ваквата класификација на научната интелигенција се изведува и спределбата на научната интелигенција како збир на поединци кои професионално се занимаваат со научна дејност, т.е. со здобивање на знаења и со нивна примена во практиката.[113]

Тешкотиите околу определувањето на научната интелигенција со употребата на формалниот критериум и не се толку големи. Тие, всушност, се јавуваат во оној момент кога ќе се посегне по критериумот на вистинската оспособеност и придонес на секој нејзин припадник во научната сфера. Како што и се истакнува, успешното занимавање со овој вид на творечки труд бара, покрај другото, и поседување на определени особини од страна на самата личност - како што се способноста за највисок степен на апстракно мислење, сознајна љубопитност и сл. - како и соодветна методолошка подготовка и искуство, оспособеност за користење на научните информации, истражувачки техники итн.[114] Употребата на тој суштински критериум, меѓутоа, уште веднаш ќе не исправи пред многу бариери. Имено, покрај субјективноста на оценката за научната оспособеност и придонес на одделните научни работници, како посебна тешкотија ќе се јави изградувањето на таква оценка за вкупниот "научен потенцијал" на одделни конкретни средини, одделни земји и региони кои се наоѓаат на различен степен на

---

112) Исто, стр.98-99

113) Исто, стр.97

114) v.Zdravkovič Silvija, Putevi preobražaja nauke, "Gledišta", 1978/3, str.179

развојот воопшто, а посебно во научните дејности.[115] Оттука, не е случајна определбата таа оспособеност да се утврдува со одредени формални критериуми, при што конкретниот придонес останува да се верифицира низ практиката.[116]

Доколку, меѓутоа, не се откажеме од намерата на поопшт начин да ја дефинираме научната интелигенција тогаш, се чини, дека можеби нема да направиме голема грешка ако во тоа определување тргнеме од самото поимање на науката. Со извесни сопствени резерви во таквиот обид би можеле, сепак, во најопшта смисла, неа да ја определиме на следниот начин:

Научната интелигенција е оној дел од интелигенцијата воопшто кој се занимава со наука, како систем од знаења за објективната стварност, со примена на одредени методи на истражување, со цел за објективно, прецизно, општо и систематско сознавање на таа стварност.[117]

115) Многу фактори - историски и современи - придонесуваат во обликувањето на научните системи и научниот потенцијал на секоја одделна земја, забележува Војин Милиќ. Сепак, нејзиниот општествено-економски систем е темелната општествена рамка која го модифицира и го ограничува влијанието на сите други чинители. Степенот на стопанската развиеност и општествената организација, особено улогата и функцијата на државата, националниот состав, научната традиција, географските услови се, исто така, фактори кои влијаат. - Milič Vojin, наведениот труд, стр.16

116) Формалниот акт на таа верификација претставува дипломата, вели Силвија Здравковиќ. Системот за организирана подготовка за обавување на научно-истражувачка работа се магистерските студии, а општествената верификација на степенот на оспособеноста се магистерскиот и докторскиот степен. Притоа треба да се има предвид фактот дека за стекнување на овие степени е, по правило, потребно да се вложи значаен труд и дека одбранетата докторска дисертација односно магистерска теза претставува резултат на тој труд. - Zdravkovič Silvija, наведениот труд, стр. 179

117) За самото дефинирање на науката упатуваме на постојната социолошка литература за тоа, како и на позначајните лексикографски изданија кај нас - в.Enciklopedija leksikografskog zavoda, JLZ, Zgb., MCMLXVIII, tom4, str. 487-488; Sociološki leksikon izd."Savremena administracija", Bgd.1982, str.397-398

Ваквото определување ни овозможува да ја одделиме научната интелигенција од другите нејзини видови во чие што творештво и ангажман се присутни други елементи на интелектуалност (вредносни, чувствени, едукативни и сл.) кои, често, се обележени и со субјективност во доживувањето и сознавањето на светот. Стремежот на научникот да ја надмине таа субјективност не ја стеснува, притоа, хуманата димензија на неговата дејност како интелектуалец. Функциите кои науката денес ги добива не се само прагматски, туку и хумани. Тие функции кои ја определуваат и самата природа на научната интелигенција стануваат грижа на најшироката човечка заедница па, во таа смисла, денес веќе и не се зборува за научна интелигенција која израснува врз некоја сопствена почва, како индивидуална желба на овој или оној поединец за сознавање на светот, туку за свесно планирани активности на секоја одделна земја во нејзиното создавање и вклучување во општите општествени текови.

Од тие причини научната интелигенција се повеќе станува предмет на науката како наука па, оттука, таа не може да биде одмината ни од социолошката анализа. Тоа, впрочем, го потврдува и се поголемото инсистирање за што поцелосно конституирање и афирмирање на т.н. наука на науката, а во тие рамки и на социологијата на науката. Се разбира, предметот на таквата социологија (вклучувајќи ја и социологијата на сознанието) е далеку поширок од она што е, во моментов, предмет на нашиот интерес, т.е. прашањето за научната интелигенција како носител на науката. Проучувањето на структуралните ознаки на тој носител може, секако, да открие некои значајни детерминанти на самата наука,

на нејзините дострели и перспективи во конкретна средина. Зашто, колку и научникот да тежнее кон објективното сознавање на стварноста, тој е сепак, субјект кој на себе го носи печатот на средината во која работи, на вредностите и нормите на таа средина, трпи влијание од неа и, се разбира, се надоврзува на научните традиции кои таа средина ги создала и ги создава.[118]

Една таква средина е и македонското општество. Социолошката анализа на интелигенцијата на тоа општество е, секако, потреба на времето. Во согласност со таа потреба конкретниот предмет на нашето истражување е научната интелигенција во Македонија. Имајќи ја предвид констатацијата дека денес "во светот (а особено кај нас - н.з.), сè уште не постои методологија според која можат да се измерат резултатите од научноистражувачката работа", во **операционализацијата** на поимот на научната интелигенција тргнавме, главно, од комбинацијата на формалниот и функционалниот критериум.[119] Тоа, при анализата, значеше дека се земаат три белези кои единката треба да ги поседува:

118) Сите интелектуални дејности, без оглед на тоа колку се генијални нивните носители, на некој начин се одредени со содржината на традицијата, забележува Славен Летица. Во случајот на научната работа, непосредната (последната) традиција служи како задолжително општо поаѓалиште за кој и да е облик на истражување. Наспроти тоа, определени подрачја на интелектуалното творештво, како што се филозофијата, литературата, сликарството или музиката не се обврзани на стриктно почитување на непосредното минато - на традицијата. Интелектуалците во тие подрачја имаат дури и слобода да и се спротивстават на традицијата. Поради тоа "неоригиналноста" во науката - која се состои во доброто познавање на методите и резултатите на сите претходни истражувања - не е недостаток туку добродетел. Во уметноста е често обратно: оригиналноста се вреднува високо, а деталното имитирање на традицијата се смета за плагијат.- Letica Slaven, Intelektualac i kriza, izd."August Cesarec", Zgb.,1989, str.35

119) v. Previšič Jozo, Znanstveni kadar u SR Hrvatskoj, JDIS, Zagreb, 1975, str.9

1. Да има соодветна научна титула (докторат, магистериум);

2. Да има соодветно научно звање (универзитетски професор, научен советник или соработник, асистент и сл.);

3. Да е вработен во научна институција (факултет, институт, научно одделение во стопанските и други организации и сл.).

Со оглед на, сѐ уште, неприсутната кумулативност на овие белези во нашата средина, сметаме дека е доволно ако единицата на анализата поседува барем два од нив. Според тој критериум е, извршена и **селекцијата** на поединците кои се земени предвид во анализата.

**Цел на истражувањето:** При проучувањето на интелигенцијата, најчесто, вниманието се насочува кон нејзиното духовно битие, кон нејзините духовни функции што таа ги имала и ги има. Целите на нашето истражување, меѓутоа, не се од таква природа и покрај фактот дека кога се зборува за интелигенцијата и прашањата за тоа нејзино битие не можат да бидат одминати. На мислење сме, сепак, дека духовното битие на интелигенцијата во една конкретна средина, како што е на пример македонската, не може сосема да се сфати и објасни ако при тоа не се тргне од оние социолошки атрибути кои тоа битие го детерминираат и оформуваат како такво. Во таа смисла и целта на нашето истражување е да ги утврдиме некои од најзначајните општествено-структурални белези на научната интелигенција во македонското општество врз кои се темели нејзиното специфично творечко битие имајќи ги, притоа, предвид објективните општествени рамки во кои и самите тие белези се оформиле како differentia specifica на нашата интелигенција.

Таквата методолошка ориентација која тргнува од поимот на интелигенцијата воопшто, од нејзиниот genus proximus за што веќе стана збор во претходното излагање, треба да ни овозможи, пред сѐ, да утврдиме што е она што е заедничко на интелигенцијата во Македонија со интелигенцијата воопшто, но што е и она што неа ја одделува како појава sui generis, во поглед на нејзината социјална положба, улога, значење и функција, а особено во поглед на нејзиното место во глобалната општествена структура.

Со други зборови, целта е низ проучувањето на структурните аспекти на една конкретна група интелектуалци, во случајов на македонската научна интелигенција, да се дојде до попрецизни сознанија од оние што во моментов ги имаме, за нејзиното поклопување или непоклопување со некои веќе познати интелектуални обрасци кои, во теориска смисла, се јавуваат како идеално-типски. Тоа, всушност, значи низ примерот на научната интелигенција во Македонија да бидат проверени определени теориски поставки за местото на интелигенцијата во социјалната структура и, врз основа на таа проверка, да се направат и извесни воопштувања кои би биле релевантни за нашето општество.

Имено, брзите и значајни промени во структурата на македонското општество, особено во повоениот период, наметнуваат, заедно со неговите историски специфичности, и прашањето за структурата на интелигенцијата да биде поврзано со тие промени. Тоа особено со оглед на (не) дооформеноста на традиционалните слоеви и класи во поблиското минато и наводното (не)постоење на континуитет во неговата социјална структура, а оттука и во структурата на интелигенцијата. Во непосредна врска со тоа е и праша-

њето за нејзината социјална хомогеност или хетерогеност, што, секако, може да се поразјасни и низ анализата на нејзиното социјално потекло, образовно-професионалната ориентација, половата и старосната структура, средините на регрутација итн.

**Појдовната и основната претпоставка** од која, при сето тоа, тргнавме е таа дека, и покрај влијанието на општите интелектуални модели кои еволуираат во согласност со, исто така, општите развојни законитости на општеството, во македонското општество се присутни такви развојни тенденции кои условуваат формирање на посебен структурен образец на интелигенцијата, особено на научната, кој нејзе ја одделува од веќе познатите обрасци карактеристични за поблиските, па и подалечните општествени средини.

Имајќи го предвид тоа дека степенот на денешните сознанија во проучувањето на феноменот на интелигенцијата кај нас не ни дава доволно можности за поцврсти научни заклучоци, тргнавме, сепак, од тоа дека во сегашните, почетни истражувања две тенденции се од особено, хеуристичко значење: да се дојде 1) до определени, поконкретни сознанија за проучуваната појава и 2) до општествената корисност на таквите сознанија за понатамошните истражувања.

Како посебни претпоставки, притоа, ги имавме следните:

- Формирањето на научната интелигенција во македонското општество и нејзиниот развој биле и се под влијание на специфичностите во развојот - економскиот, политичкиот и духовниот - на тоа општество во минатото и денес.

- Со оглед на фактот дека во македонското општество, сѐ уште, се мешаат елементите на традиционалното и модерното, во определувањето на таа интелигенција играат, и понатаму, значајна улога и вредносниот, но и статусниот критериум.

- Оформена во сосема специфични околности, интелигенцијата кај нас, а оттука и научната интелигенција, ќе го гради својот социјален корпус под силното влијание на идејата за национално и социјално осамостојување што ќе удри печат и на нејзините структурни белези.

- Наоѓајќи ја својата потпора во граѓанските слоеви, но и во слоевите на селанството во предвоениот период, таа подоцна ќе се оформи како посебна група од речиси сите слоеви на општеството, па во таа смисла, и самата ќе се појави како слој со хетерогено социјално потекло.

- Силниот повоен процес на урбанизацијата и миграциите ќе удрат карактеристични печат во промената на нејзината структура: денес, таа е, претежно од градски тип иако, добар дел од неа се регрутира и од селото.

- Во поглед на социјално-професионалното потекло веќе се забележува процесот на нејзина елитизација.

- И интелигенцијата во македонското општество, во својот најголем дел, му припаѓа на средниот општествен слој, во што не се разликува од другите општествени средини.

- Како и во другите сфери на општеството половата структура е се уште "маскулинократска", додека во поглед на старосната структура веќе се јавува процес на извесно стареење.

- Општите структурни особености и развиеноста на македонското општество условуваат, и понатаму, општествено-хуманистички профил на научната интелигенција која е, во структурна смисла доминантна во однос на т.н. техничка интелигенција.

**Извори на податоци:** Треба, пред сѐ, да се каже дека изборот на темата е извршен врз основа на консултирање на определена литература за интелигенцијата од поопшт карактер, но и на некои поконкретни истражувања на тој план во одделни други средини.[120] Уследија, потоа, извесни претходни испитувања (низ пописот на литературата) за тоа дали е, барем на некој начин, проблемот на научната интелигенција, истражуван во нашата средина. Сознанието беше дека е тој само посредно допиран при некои други истражувања, и дека, речиси воопшто не е посебно разработуван.[121] Ни остана, оттука, да се потпреме на најопштата литература во врска со интелигенцијата како и на некои истражувања во другите југословенски средини од сличен карактер кои и ни послужија, во извесна смисла, за компарирање.[122] Треба, исто така, да се забележи дека кон истражувањето на оваа тема не поттикнаа и нашиот афинитет и некои непосредни контакти.[123]

---

120) в.на пр. Социологические исследования интеллигенции, Академия наук СССР, Москва, 1982

121) Такво е, на пример, истражувањето на д-р Петре Георгиевски "Социјалната структура на студентите во СР Македонија и нејзиното влијание врз изборот на факултетот (високата и вишата школа), другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето" (докторска дисертација), Скопје, 1981 год.

122) Се работи за слични истражувања во Хрватска и Србија, а за кои ќе стане збор, поконкретно, понатаму.

123) Станува збор за контактите со социолози од Јагиелонскиот универзитет во Краков на советувањето посветено на прашањата за интелигенцијата, кое, заедно со социолозите од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, беше одржано во Закопане во 1987 год.

Врз основа на тие претходни сознанија беше, потоа, подготвена и соодветна библиографија на трудови. Во таа смисла треба да се напомене дека се работи за речиси целосно опфатена литература за интелигенцијата воопшто, на досегашниот југословенски простор.

Конкретните анализи за научната интелигенција во македонското општество се направени, пред сè, според веќе постоечкиот Регистар на научниот кадар во Македонија изготвен од страна на Рефералниот центар при НУБ "Климент Охридски" во Скопје, а кој се однесува на состојбата во 1984 година и со кој, според информациите на Центарот, е опфатена 80% од популацијата на научниот кадар кај нас. Користени се, покрај тоа, и некои други слични публикации, како и извештаи и монографии на универзитетите и научните институции во Македонија. Што се однесува до поопштите статистички податоци потребни за анализата, се користевме со оние со кои располагаше Републичкиот завод за статистика, како и со податоците дадени во соодветна поширока демографска литература.

Недоизграденоста и неусовршеноста на т.н. статистика за науката, на што и се укажува како проблем, не постави пред посебни тешкотии во утврдувањето на материјалниот статус на научната интелигенција што требаше да ни го овозможи и определувањето, врз одделни објективни податоци, на нејзината слојна припадност.[124] Во таа насока беше неопходно да се пристапи кон прибирање на посебни податоци, со помош на соодветен прашалник за одреден број на научни работници. Со анкетата намерно беа одбра-

124) За некои недостатоци на таа статистика не само кај нас, туку и пошироко, види кај Milič Vojin, наведениот труд, стр.8-11

ни неколку научни институции, од различните подрачја на науките, со опфаќање и на научниот и на соработничкиот кадар. Со таквиот пригоден примерок беа опфатени вкупно 347 научни работници, главно оние кои најдоа за сходно да ни издлезат во пресрет. Со оглед на тоа што се работи за релативно хомогена популација, сметаме дека податоците кои ги добивме ќе можат да ни овозможат да дојдеме ако не до сосема прецизни, барем до приближни сознанија за наведениот статус на научната интелигенција кај нас. Ова дотолку повеќе што и попродлабочените истражувања на тој план во досегашна Југославија ги потврдија резултатите до кој дојдовме.

При осврт от за поновиот историски развој на интелигенцијата во Македонија беше користена и соодветната историска литература и историски истражувања.

Во понатамошните истражувања на овој план ќе се наметнат, без сомнение, и поинакви теориско-методолошки пристапи кон наведената тема, или, барем, извесни преосмислувања и дополнувања. Нешто од она што претставува првично сознание, во таа прилика ќе биде прифатено или отфрлено, во зависност од тоа колку во работата на ова поле, во меѓувреме, ќе се изнапредува. Се надеваме, и покрај сознанието дека научната интелигенција кај нас е, сѐ уште, во процес на созревање и создавање на свои научни традиции, дека сепак, ќе успееме во намерата да дадеме свој придонес во заокружувањето на еден временски, но и творечки циклус на таа интелигенција, со што би биле овозможени понатамошните сознанија за научниот потенцијал со кој македонското општество влегува во 21 век.

## Дел втори

# СТРУКТУРНИТЕ БЕЛЕЗИ НА НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

(социолошки пресек)

# Глава прва

## ФОРМИРАЊЕ НА НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА: ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ СКОК

Првото сознание до кое истражувачот ќе дојде при проучувањето на феноменот на интелигенцијата во македонското општество е фактот дека, за жал, никој досега посебно и посериозно не се позанимавал со него, особено не во смисла на одделни синтетички студии кои би можеле да фрлат поголема светлина врз неговата социолошка суштина. Кај нас, навистина постојат бројни студии од литерарно-историски карактер кои се посветени на животот и дејноста на одделни наши културни и книжевни дејци но тие, сепак, не можат да ни послужат како непосредни социолошки индикатори за поегзактни размислувања и заклучоци.

Дури и за истражувачот на современите структурни аспекти на интелигенцијата, кој главно ќе се потпре на оние податоци кои го отсликуваат актуелниот општествен миг, тоа сознание делува поразувачки. Без попотполни научни сведоштва за генеалогијата на нашата интелигенција особено во историографијата, а да не зборуваме и за такви примери во социологијата, навистина е тешко да се разрешат многу теориски и методолошки дилеми на тој план. Тука, веројатно мораме да се сложиме со Манхајм кога тврди дека за да се разјаснат главните обрасци на идеацијата во историски определените околности, не се потребни само анализи на одделни животописи, туку и податоци во врска со

општествената позадина и положба на интелектуалците.[125] Тој аспект на проблемот е, меѓутоа, барем во нашата историографија сосема фрагментарно зафатен, дури би рекле дека воопшто и го нема. Оттука и изучувањето на научната интелигенција во македонското општество е проследено со тешкотии од таков карактер кои истражувачот го поставуваат, често, пред такви задачи кои се несразмерни со неговиот индивидуален напор.[126]

Ќе се обидеме, затоа, да укажеме на најсуштествените социолошки особености на интелигенцијата воопшто, па и на научната интелигенција, во македонското општество во однос на нејзиниот најопшт историски фон врз кој таа се оформуваше како во подалечното, така и во поблиското минато. Нашите претензии, притоа, се движат во границите на оние извори со кои објективно можеме да располагаме и со чија помош би ја воспоставиле онаа неопходна спона на сегашноста со минатото.

Имено, историските, економските, социјалните, културните и политичките услови во минатото упатуваат на следното:

Корените на интелигенцијата во македонија треба да се бараат, пред се, во т.н. традиционална интелигенција која се јавува како специфична и малобројна група на писмени и образувани поединци и тоа, најчесто, од редот на свештенството. Од

---

125) Mannheim Karl, Eseji o sociologiji kulture, "Stvarnost", Zgb.,str.131.

126) Во прашање е, всушност, односот кој е воспоставен меѓу одделните општествени науки кај нас, особено односот меѓу историските и социолошките науки. Тој однос, по наше мислење, сè уште не е воспоставен на она ниво кое би го овозможило проникнувањето на овие науки. Во таква ситуација социолозите се упатени само на ограничени истражувања во кои отсуствуваат социолошките ретроспекции, а историчарите на проучување на историската фактографија која е, најчесто, лишена од посериозни социолошки размисли и анализи. Тоа е, секако, прашање за кое, веројатно, може дополнително да се расправа.

Охридската книжевна школа, па сѐ до појавата на зачетоците на граѓанската класа оваа интелигенција, во структурална смисла, останува во рамките на феудалниот структурен образец - органски врзана за земјишната аристократија, иако голем дел од неа се регрутирал од селанската маса и е од селско потекло.[127] Оваа традиционална интелигенција, меѓутоа, во функционална смисла се јавува како конституент и чувар на народното битие, особено во условите на феудалното османско ропство, како силна брана против процесите на однародувањето.

Формирањето на интелигенцијата во модерна смисла на зборот и на почвата на македонското општество е, во основа, поврзано со општите услови кои се значајни за тоа - како што се поразвиената поделба на трудот, развивањето на трговијата, бројот на професиите, создавањето на соодветни образовни установи и сл., а со тоа во врска и појавата на граѓанската класа. Но со оглед на околностите во кои тој процес се одвивал, особено во 19 век, треба да се забележи дека појавата и израснувањето на таквата интелигенција е, сепак, за разлика дури и од околните народи, процес sui generis.[128] Појавата на слојот на интелигенцијата коинцидира не само со појавата и издигањето на граѓанството, туку и со процесите на националното будење

---

127) И во овој случај важи забелешката на Грамши дека масата на селани, и покрај тоа што врши суштествена функција во производството, не развива сопствени "органски" интелектуалци и не "асимилира" ниеден сталеж на "традиционални" интелектуалци. - в.Грамши Антонио, Одбрани текстови, Скопје, 1978 год., стр. 106

128) Да забележиме, вели во таа смисла Грамши, дека создавањето на интелектуалните сталежи во конкретната реалност не се врши врз една апстрактна демократска почва, туку според многу конкретни традиционални историски процеси.- в.Грамши Антонио , исто, стр. 112

и осознавање, со настојувањата за национално конституирање и ослободување. Во функционална смисла, значи, интелигенцијата, или барем најголемиот нејзин дел, се јавува не само како репрезент на новите социјално-класни стремежи, туку и како репрезент на националните стремежи воопшто. Таа ја презема врз себе улогата на интегративен фактор на сите социјални слоеви и покрај тоа што и во неа самата се јавувале, понекогаш, различни ориентации од политичка природа. На тој начин, и покрај тоа што интелигенцијата обично не се смета за една од основните движечки сили на општествениот развој, во таквите специфични услови имала, сепак, поголема улога одошто, според нејзината реална сила, и припаѓала. Во условите на, сепак, недостатно конституираната нова граѓанска класа, која и не била толку многубројна и економски силна, улогата што интелигенцијата ја имала во самите народни маси и во раководењето со нив била значајна.[129] Би било, меѓутоа, непримерено на една објективна анализа ако се пренебрегне фактот дека процесите на духовните

---

129) Ако оваа улога би се потценила, забележува д-р Десанка Миљовска, тоа би значело да се одречеме од објективната општествена анализа и да изгубиме некои од неопходните нишки во анализата на движењето на масите. - Истиот автор го наведув и следното: Поради тоа станува разбирливо зошто интелигенцијата се јавува како елемент на иницијатива... фермент на националното освестување и амалгам на националното единство. Иако скудни, следните податоци можат да ни послужат за оценување на местото и значењето на интелигенцијата во националното ослободително движење: според една непотполна листа, од 56 раководители на движењето, 45 или 80% доаѓаат од редовите на интелигенцијата, додека на сите останати отпаѓаат 20%. Од 45 раководители - припадници на интелигенцијата, 28 потекнуваат од редовите на учителите и гимназиските професори, а во останатиот број има свештеници, публицисти, правници, лекари, студенти. - В. Миљовска д-р Десанка, Местото и улогата на интелигенцијата во Илинденската народна револуција, зборник: "Илинден 1903", изд. ИНИ, Скопје, 1970 год., стр. 83-84

промени, особено во смисла на процесот на секуларизацијата, ги отвори граѓанството кое, иако често во национална смисла дезориентирано, ја почуствува потребата од комуникација со пошироките европски и други простори. Тоа се изрази, пред сѐ, со барањето за отворање на народни световни училишта, за знаења, макар и елементарни, од посебните науки. Овие училишта, всушност, се и основата врз која ќе се јави модерната интелигенција во македонското општество.[130] Оттука, и во својата основа и во својот првичен развој, може да се каже дека интелигенцијата во Македонија, поради спеицифичните услови во кои се формирала, била, по својот состав, претежно учителска, развивајќи се, понатаму, и на поширок културен план.[131]

И додека на тој поширок културен план таа интелигенција, сѐ до пред Втората светска војна, иако често задушувана и потиснувана од туѓите пропаганди и режими, дала и такви инте-

---

130) Во таа насока Ристо Кантарџиев убаво забележува дека како специјално и постојано занимање учителствувањето кај нас се појавува со појавата на световните училишта и дека, тие училишта, всушност и ја наложиле потребата од таквата професија како единствено занимање на одделни луѓе. - в. Кантарџиев Ристо, Македонското преродбенско училиште, "Култура",Скопје, 1965, стр.204.-Овие забелешки на наведениот автор имаат, несомнено, социолошки карактер.

131) Тој процес, на нему својствен, прегнантен начин, го опишува Блаже Конески. Во петтата и шестата деценија на минатиот век, вели тој, се забележуваат во културниот живот на македонскиот народ сѐ повеќе појави што, меѓу другото, ќе подготват терен и за литература од светски карактер. Пред сѐ во тоа време расте бројот на граѓански училишта, во кои се предава историја, географија, граматика и сметање. Сѐ е почест случајот, млади Македонци да одат и на високи науки, прво обично во Атина, а подоцна сѐ повеќе во Русија. Така се создава македонската интелигенција (подвлекол Ј.К.) која иако малобројна, иако често принудена да ја напушта својата земја поради тешките животни услови, сепак придонесуваше многу за поставување и решавање на прашањата на културниот развиток на својот народ.- в. Конески Блаже, Македонскиот XIX в., "Култура# Скопје, 1986, стр. 10

лектуални творби кои, во литературна и уметничка смисла, имаат свои несомнени пошироки вредности, општествено-економските и особено политичките прилики во кои дејствувала, не и ја дале можноста да се искаже и на научно поле. Како што и се истакнува, во постојните услови, во целиот тој период, во Македонија "не можело ни да стане збор за поширока застапеност на општите и стручни научни сознанија" и покрај тоа што имало поединечни обиди и на тоа поле, но со сосема скромни претензии.[132] Оттука и констатацијата дека во 19 век "уште немало услови за појава на научни работници во Македонија и за организирање на научен живот" и дека "поголемиот број свршени и талентирани македонски студенти, немајќи услови за приложување на своите интелектуални способности и дарби, останувале во соседните национално ослободени земји или во странство, каде што го давале својот придонес.[133]

---

132) Миноски Михајло, Обид на Спиро Гулапчев и на организацијата "Пријателска дружина" за ширење на општите и практичните научни знаења сред селанството во Македонија, зборник "Школството, просветата и културата во Македонија во времето на "Преродбата", МАНУ, Скопје, 1979, стр.201. Авторот укажува на дејноста на наведената организација во Киев која пристапила кон подготвување и издавање, како и преведување на популарни брошури со практичен карактер од областа на научните сознанија за унапредување на земјоделското производство и сл. Таа дејност, меѓутоа, има повеќе просветителски карактер.

133) Во таа смисла, во Историјата на македонскиот народ, посебно се апострофира само примерот на Ѓорче Петров кој, додека бил учител во Скопје од 1888 до 1891 година, се посветил на изучување на скопскиот огкруг во географски и фолклорен поглед, а потоа тие свои проучувања ги проширил и на другите окрузи во Македонија. Како резултат на оваа негова дејност е книгата објавена под наслов "Материјали по изучуванието на Македонија" - в.Историја на македонскиот народ, книга втора, изд.НИП "Нова Македонија" 1969 година, стр.141-142. Треба, меѓутоа, да се укаже и на собирачката дејност што ја развиле браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков и др., а кои, всушност, можат да се земат како први етнографски, културноантрополошки и книжевни истражувања. Во

И во периодот помеѓу двете светски војни интелигенцијата во Македонија се оформува и опстојува во услови на национална, социјална обесправеност што непосредно се одразувало врз нејзината општествена положба и улога. Па, сепак, дури и во таквите услови дел од неа успева да ги развива понатаму определените културни традиции пред сè на литерарно и уметничко поле положувајќи ги на тој начин, основите на современата, модерна македонска интелигенција од која многумина ќе ја продолжат својата дејност и по Втората светска војна.[134] Во областа на науката, меѓутоа, таа не ќе може да се афирмира и покрај тоа што поединци ќе успеат да завршат определени високи школи вон Македонија. Научната дејност, која во редуциран облик можела да се сретне, била под непосредно влијание на српската научна интелигенција и, најчесто, била во функција на големосрпската хегемонија.[135]

---

таа смисла, на пример, Љубен Лапе ја посочува статијата на Марко Цепенков за селските задружни куќи и чифлици во Прилепско, Тиквешко и Штипско, пишувана на крајот на 19 век на македонски јазик и објавена во XVI-XVII том од Зборникот на Министерството на народното просвещение во Софија. Во неа, вели Лапе, Цепенков дава жив опис (подвлекол Ј.К.) на една голема селска куќа со сите споредни простории, бројот на луѓето што живеат во неа, нивната организација за работа и мегусебни односи, нивните права и должности, како и постапката при делбата и распагањето на ваквата селска кука, односно задруга, составена од 20-30 члена (подвлекол Ј.К.). Во истата статија Цепенков ги опишува чифлиците во Прилепско, Тиквешко и Штипско, потоа категориите на луѓето што работат, нивната организација и односите помегу нив и чифликсајбијата (подвлекол Ј.К.). Особено се драгоцени неговите податоци во статијата за причините при преминувањето на една категорија работници во друга, како и разновидноста на односите во чифлиците (подвлекол Ј.К.). Очигледно, во оваа статија на Цепенков се среќаваат елементи на социолошко истражување. - в.Лапе Љ.,Марко Цепенков за селските задружни куќи и чифлици во Прилепско, Тиквешко и Штипско, "Историја", 1967/2,стр.83-84.

134) в.Историја на македонскиот народ, НИП "Нова Македонија", Скопје, 1969, стр.145 и понатаму.

135) Во Скопје, пред Втората светска војна, работеше Филозофскиот факултет како филијала на Белградскиот универзитет. Наставно-научниот кадар го сочинуваа професори само од Србија, но на него се запишуваа студенти

Македонската интелигенција во овој период се формирала главно од средното и ситното граѓанство, но и од посиромашните слоеви.

Повоениот развој на интелигенцијата во Македонија може да се разгледува од два аспекта: од институционален и од структурален. Првиот аспект е, всушност, врзан за создавањето на македонската држава, а во тој контекст и на првите сопствени и самостојни просветни, научни и културни институции кои ќе станат и средишта на создавањето и обновувањето на интелигенцијата, средишта кои, во многу нешто, ќе го определат нејзиниот денешен профил и нејзиниот современ развој. Тие две нешта, како што се истакнува, одигруваат решавачка улога во научниот развој, во развојот на науката и научноистражувачката дејност,на научната мисла.[136] Вториот аспект, пак, се однесува на оние социјални промени во структурата на македонското општество кои ќе го оформат новиот социјален лик на интелигенцијата, нејзиниот нов структурен образец, кој конечно, ќе го обликува нејзиното творечко битие и интелектуален корпус. Длабоките, и по своите последици, далекусежни промени и процеси кои ги зафаќаат

---

и од Македонија. Некои од нив, сепак, ќе ги стекнат потребните знаења на овој факултет и, по војната, ќе се вклучат во интелектуалниот живот на СР Македонија. Освен тоа, во овој период, излегувале и неколку списанија од стручно-научен карактер но, со мали исклучоци, тие биле во функција на српската кауза. Такви списанија биле, на пример, Годишникот на скопскиот филозофски факултет, Гласникот на Скопското научно друштво, списанието "Етнологија" и сл. Младите македонски интелектуалци, главно литерати, се јавувале со свои прилози во тогашниот напреден печат како што биле весниците "Искра", "Наша реч", "Билтен" и сл. - в. Историја на македонскиот народ, НИП "Нова Македонија", Скопје, 1969 г. стр. 142-144

136) в.Бошале Никола, Научното творештво во Македонија, "Македонска книга", Скопје, 1987 год., стр.66-67

сите социјални слоеви (особено работништвото и селанството) ќе ударат силен печат како на политичкиот и стопанскиот живот, така и на општите културни текови во општеството. Со оглед на тоа што некои од тие аспекти ќе бидат зафатени при структуралната анализа на научната интелигенција, засега ќе се задржиме само на некои основни белези на растот на интелигенцијата во повоениот период.

Имено, тој раст, пред сè, е изразен во непрекинатиот процес на создавањето и ширењето на мрежата на просветните, културните и научните институции и во издигнувањето на општото културно ниво на општеството во целина. Тој процес беше, логично, поттикнат од потребите на вкупниот општествено-економски развој, но, во исто време, и од свеста за потребата од што побрзо и поцелосно конституирање и афирмирање на националното битие. Во создавањето на институционалната основа на научниот развој, а во согласност со можностите, па и желбите да се надополни наследената традиција, предимство добија оние институции кои тоа национално битие требаше што побргу да го афирмираат во неговите основни атрибути: историјата, јазикот, литературата, уметноста. Стожер на таа дејност стана Универзитетот чиј што развој, може да се рече, го симболизира и денес развојот на интелигенцијата воопшто. Таа интелигенција, всушност, се јави прво како интелигенција во потесна, традиционална смисла на зборот чии претставници се појавија, пред сè, како творци на националната култура, свест, како писатели, поети, публицисти и просветители, како хуманистичка интелигенција.

Токму затоа и проблемот на интелигенцијата, па и на научната интелигенција, во првичната фаза се постави како проблем на општата просветно-културна дејност и на создавањето на кадри за таа дејност.[137] Македонија го дочека ослободувањето и своето државно конституирање со заостаната стопанска структура, како неразвиено аграрно подрачје, со голем број неписмено население (околу 40% во 1948 год.), со мал број просветни работници и со неповолна образовна структура на населението.[138] Разбирливо е, оттука, што процесот на надминување на таа состојба морал забрзано да се одвива дури и по цена да се направат определени промашувања. Во почетокот се јави потребата од просветни работници со чиешто создавање се шireше и училишната мрежа и се создаваше основа за високостручните кадри. Школувањето е овозможено за секој поединец, а особено на младите.[139]

---

137) Новата слободна држава, СР Македонија, образованието и воспитанието ги издигна, истакнува во таа смисла Иван Ангелов, до ниво на култ. Оваа општествена дејност стана главна стратешка цел не само на политиката туку и на секоја средина и поединец. - в.Ангелов Иван, Демографскиот развој во СР Македонија и неговите импликации врз образовната структура, зборник "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", МАНУ, Скопје, 1985, стр.585

138) Учеството на населението со средна, виша и висока подготовка во вкупното население во 1948 година било само осум проценти. Без школска подготовка биле 390.780 работоспособни лица, со основно образование 415.813, со средно образование 18.750, со више образование 1.746. Според некои податоци населението без школска подготовка од 52% во 1948 год., е сведено на 18% во 1981 год., а неписменото население од од 40% во 1948 год., на 11% во 1981 год. Учеството, пак, на населението со средна, виша и висока подготовка во вкупното население во 1981 год. изнесувало 26% наспроти 8% во 1948 година. - в.Развој на СР Македонија 1945-1984, изд. Републички завод за статистика, Скопје, 1986, стр.7 и 12; Маневски Александар, СР Македонија, "Меѓународна политика", специјален број 16, од март 1983, стр.15.

139) Во 1945 година имало 1034 основни училишта со 113.271 ученици, 69 средни училишта со 19.165 ученици. Во основното образование имало 2.229 наставници, а во средното 722. Во наредните учебни години се забележува постепено намалување на бројот на училиштата, поради фузи-

Високото образование, како потсистем на вкупниот образовен систем, бележи навистина експанзивен раст. Редовните студии на високошколсктие установи, чие формирање се одвиваше сукцесивно, стана најмасовен облик на продукција на високостручни кадри од разни профили. Тоа овозможи брз пораст на слојот на интелигенцијата со што се изменува и нејзината професионална и квалификациона структура. Така, додека во учебната 1946/47 година на скопскиот универзитет студирале 469 студенти кои тогаш биле запишани на првиот факултет (Филозофскиот), тој број во учебната 1979/80 година ќе ја достигне бројката од 42.650 запишани студенти на високите и вишите школи. Во однос на 1946 година тоа е зголемување за речиси 86 пати! Слична е состојбата и со бројот на завршените студенти. Додека во учебната 1952/53 година на високите школи завршиле 96 студенти, во учебната 1982/83 година нивниот број изнесува 3.541 завршен студент што е повеќе за речиси 37 пати![140]

---

онирање на одделни училишта заради порационално и поефикасно работење, но затоа пак бројот на учениците расте. Во периодот од 1945/46 година до 1983/84 година основно образование, на пример, завршиле вкупно 626.674 ученици што просечно годишно е по 16.068 ученици. Во однос на учебната 1945/46 година во учебната 1983/85 во средните училишта биле запишани за 11 пати повеќе ученици. Таканаречената учителска интелигенција денес ја сочинуваат преку 13 илјади наставници во основното и преку 4 илјади во средното образование. - в.Развој на СР Македонија 1945-1984, Републички завод за статистика, Скопје, 1986.; Статистички годишник на СРМ за 1990 год., стр.84

140) Учебните 1979/80 и 1982/83 година ги земаме за споредба затоа што бројот на запишаните, односно завршените студенти тогаш доживува кулминација како резултат на политиката на слободен упис, додека со промените во уписната политика и воведувањето на уписните квоти, тој број понатаму постепено опаѓа. Така, во учебната 1989/90 година бројот на студентите бил вкупно 27.759, што во однос на учебната 1946/47 година е, сепак, повеќе за 56 пати. Во учебната 1988/89 година студиите ги завршиле 2.762 студенти што е, во однос на прводипломираните, повеќе за 29 пати. - в. Статистички годишник на СРМ за 1990 год., стр.84-85

Интересно е да се проследат и податоците за завршените студенти по одделни области на науките. Така, од студиите што тогаш постоеле, во учебната 1952/53 година од вкупно 96 завршени студенти 33 завршиле природно-математички, 37 земјоделско-шумарски и 26 општествени науки во Филозофскиот факултет). Во наведената 1982/83 учебна година, кога се веќе отворени речиси сите видови на студии, природно-математички науки завршиле 175 студенти што е за пет пати повеќе, земјоделско-шумарски 230, што е, повеќе за шест пати, а општествени науки 1.840 студенти што е повеќе дури за 70 пати![141] Кај медицинските науки, каде што првите завршени студенти се регистрирани во учебната 1953/54 година (вкупно 6) споредено со учебната 1982/83 година зголемувањето изнесува 82 пати, додека кај техничките науки каде што првите завшрени студенти се забележани во учебната 1954/55 година (два студента) зголемувањето споредено со 1982/83 година е за 247 пати![142]

---

141) Овде треба да се има предвид дека во меѓувреме се отворени студиите од правните и економските науки, како и некои академии, што се одразува на зголемувањето и на запишаните и на завршените студенти.

142) И овде треба да се истакне дека во првите години по ослободувањето постоеја само студии од архитектонска и градежна насока, додека подоцна се отворија и студии од машинска, електро, технолошка и металуршка насока што, исто така, влијае на вкупниот број на запишаните и завршените студенти. Инаку, во кулминативната 1982/83 година природно-математички науки завршиле 4,9%, технички науки 22,6%, медицински науки 14%, земјоделско-шумарски науки 6,5% и општествени науки 52%. Ваквиот сооднос не се променил многу ни со воведувањето на квотите за упис. Така во 1988/89 година природно-математички науки завршиле 5,2%; технички науки 20,7%; медицински науки 12,1%; земјоделско-шумарски 9,7% и општествени науки 52,3%. Извесно зголемување, значи, се забележува кај природно-математичките и земјоделско-шумарските науки, техничките опаднале, а општествените се на истото ниво. - Пресметано според Статистички годишник на СРМ за 1990 год. стр.85

До учебната 1989/90 година само на Универзитетот "Кирил и Методиј" дипломирале вкупно 83.904 студенти од кои 61% на општествените науки, 21% на техничките науки, 10% на медицинските науки, 7% на биотехничките науки 1% од областа на уметностите.[143]

Релативните показатели уште подобро го илустрираат бурниот развој на високото образование во Македонија. Наведуваме, на пример, дека во 1948 година на десет илјади жители доаѓале по 8 студенти, 1953 година по 30 студенти, 1961 година по 75 студенти, 1971 година по 148,5 студенти, 1981 година по 208 студенти, а во 1990 година по 130 студенти.[144] Според наведените показатели Македонија е над многу други поразвиени земји како што се, на пример, СР Германија, Австрија, Швајцарија и Велика Британија, но под просекот за Југославија, која, пак, е вендаш зад Јапонија како земја со најголем број на студенти на десет илјади жители.[145]

---

143) в.Извештај за работата на Универзитетот "Кирил и Методиј" за учебната 1989/90 година, Скопје 1990, стр.34

144) Пресметано според Статистички годишник на СР Македонија, за 1990 год., стр.57 и 84; заради споредба ќе наведеме дека во Босна и Херцеговина, како република со, исто така, помлад универзитет, во 1961 год. на десет илјади жители имало околу 50 студенти, во 1971 година околу 85, а 1978 година околу 145 студенти. Во 1978 година во Македонија на десет илјади жители имало по 165 студенти. По бројот на студентите, значи, Македонија била пред БиХ. - б. Mikulić Branislav, Osvrt na nastavno-saradničko osoblje visokoškolskih organizacija u BiH, Zbornik radova Eekonomskog fakulteta, Sarajevo, 1980, XV, 15 - str.337-338. Пресметката за 1990 година е направена според прогнозираниот број на населението. Инаку, во 1990 година на десет илјади жители во БиХ доаѓале по околу 84 студенти- . според: Статистички годишник на СРМ за 1990 год., стр. 84 и 110 и 527 и 568

145) Според некои податоци, при што се земени годините 1975, 1977 и 1978 редоследот на одделни земји по бројот на студентите на десет илјади жители е следниот: Јапонија (207), Југославија (201), Шведска (198), СССР (195), Италија (175), (Македонија (165), Шпанија (142), Полска 138), СР Германија (135), Австрија (129), Чешкословакија (121), Швајцарија (101), Унгарија (99), Велика Британија (98), Романија (87) и Кина (65).- Mikulić Branislav, Navedeniot trud, str.338

Зголемувањето на бројот на оние со високо образование е основата врз која израсна, како во квантитативна, така и во квалитативна смисла, научната интелигенција во Македонија, па и интелигенцијата воопшто. Од тенок сегмент во општеството оваа интелигенција, во повоениот период, се оформи во пошироka општествена групација, со белези на слој.

Имено, Филозофскиот факултет во 1946 година ја започнал својата дејност само со 21 наставник и три асистента. Тоа било првичното јадро на научната интелигенција кое, понатаму, ќе се шири. Денес, или поточно во 1990 година, на двата универзитета во Македонија работат 1088 наставно-научни работници и 945 соработници.[146] Во однос на учебната 1948/49 година, кога е основан Универзитетот "Кирил и Методиј" и кога имало 59 постојани наставници и 18 соработници, тоа е зголемување за 18 пати кај наставно-научниот кадар, односно за 52,5 пати кај соработниците.[147] Слични споредби можат да се направат и за одделните високообразовни и научни институции.[148]

---

146) Првиот наставнички совет на Земјоделско-шумарскиот факултет во 1947 година го сочинувале само 10 наставници. Во истата година, кога Медицинскиот факултет започнал со работа имал 14 наставници и два асистента. Во првата учебна 1949 година Техничкиот факултет на своите два отсека (архитектонски и градежен) имал само 13 наставници и 8 асистенти. Економскиот факултет ја започнал својата дејност во 1950 година со само пет наставници и два асистента. в.монографија "Универзитетот во Скопје 1949-69", Скопје 1969, стр.41 и Статистички годишник на СРМ за 1990, стр.373

147) в.наведената монографија, стр. 41

148) Така, кај Филозофскиот факултет, заедно со Природно-математичкиот и Филолошкиот факултет (кои своевремено се издвојија од него) тоа зголемување кај наставниците е речиси десет пати, а кај соработниците повеќе од 58 пати. Кај земјоделско-шумарските науки бројот на наставниот кадар е зголемен за седум пати. На Медицинскиот факултет зголемувањето кај наставниците е 13, а кај соработниците дури 193,5 пати! На Архитектонскиот и Градежниот факултет (земени заедно) тоа зголемување е и кај наставниците и кај соработниците пет пати. Кај економските факултети, зголемувањето на наставниците е 14, а кај соработниците 16,5 пати итн. - в.наведените извори во фуснота 23.

Денес, според бројот на наставниците и соработниците на десет илјади жители, Македонија е пред Босна и Херцеговина и Црна Гора кои имаа сличен повоен развој на високото образование и научната дејност. Во тој поглед предничат Хрватска, Словенија и Србија кои имаат поразвиена традиција на тој план.[149] Зголемувањето на научниот потенцијал, во тој поглед, може да се следи и низ стапката на порастот на бројот на наставниците и соработниците на факултетите заедно со истражувачите во другите научноистражувачки организации вон нив. Според некои извршени анализи, за периодот 1970 - 1984 година, Словенија имала најмал раст на наставниот кадар на факултетите, но значително повисок раст на бројот на истражувачите во научноистражувачките организации вон нив, Србија (без покраините) најмал раст на истражувачите во научноистражувачките организации, Хрватска била околу просекот на земјата во целина според обата показатела, додека Црна Гора, Македонија, Косово и Војводина бележат надпросечен развој на факултетите, т.е. на наставниот кадар. Земено во целина карактеристично е дека бројот на наставниот кадар на факултетите растел со стапка од 4,6 а бројот на истражувачите вон нив со стапка од 3,4 што е резултат на ширењето на мрежата на факултетите на сметка на другите научноистражувачки организации.[150]

---

149) На десет илјади жители во учебната 1989/90 год. во Словенија доаѓале по 11,1 наставници и соработници, во Хрватска 12,3, во Србија 9,6, во Македонија 8,9, во Црна Гора 6,3 и во Босна и Херцеговина 5,6. Во Југославија тој број е 9,4. - Пресметано според СГМ за 1990 год.,стр.531 и 586

150) Стапката на порастот на факултетскиот кадар, во наведениот период, за Југославија била 4,6, за БиХ 2,8, за Црна Гора 13, за Хрватска 4,9, за Македонија 5,3, за Словенија 2, за Србија (без покраините) 3,8, за Косово дури 11,6, за Војводина 6,6. Стапката на порастот на истражувачите

Ако се земат предвид двата вида научни работници заедно (на факултетите и на другите научноистражувачки организации) тогаш произлегува дека највисок пораст на тој план оствариле Црна Гора и Косово, а дека Македонија е пред Србија (без покраините) и Војводина. Меѓутоа, по вкупниот број на научни работници на десет илјади жители Македонија е пред Босна и Херцеговина и Црна Гора, при што предничат Словенија и Хрватска. Тоа говори дека и покрај забрзаниот раст на кадровскиот потенцијал во понеразвиените средини тие, сѐ уште, заостануваат зад поразвиените, што се потврдува и во светски рамки.[151]

---

во другите научноистражувачки организации за Југославија бил 3,4, за БиХ 7,1, за Црна Гора 4,8, за Хрватска 3,3, за Македонија 2,5, за Словенија 4,6, за Србија (без покраините) 2,2, за Косово 3,9, и за Војводина минус 1. - в. Radivojevič dr Predrag, Naučno-tehnološki potencijali Jugoslavije, izd. NIGRO "Privredni pregled", Beograd, 1986 g. str.17-18

151) Пресметано според наведениот извор стапката на порастот на вкупниот научен кадар за периодот 1970/84 година за Југославија е 4, за Црна Гора 8,9, за Косово 7,75, за БиХ 4,95, за Хрватска 4,1, за Македонија 3,9, за Словенија 3,3, за Србија (без покраините) 3, и за Војводина 2,8. Инаку во светот по бројот на истражувачите предничат земјите на Источна Европа (ДР Германија, СССР, Бугарија, Чешкословакија, Полска итн.) со, од над дваесет до над шеесет истражувачи на десет илјади жители, како и Јапонија (над 30), САД (над 25), како и СР Германија, Шведска, Холандија (над 15). Треба да се забележи дека бројот на истражувачите на десет илјади жители не го одразува најверно и нивото на техничко-технолошкиот развој и нивото на одделни земји за што, во светски размери, најчесто се зема предвид бројот на научните работници на десет илјади вработено население. За нашата анализа, меѓутоа, позначајно е да се утврди бројот на научноистражувачкиот кадар како слој во општеството, а не тој да послужи како индикатор за техничко-технолошката развиеност на одделна земја. Треба, исто така, да се истакне дека евиденцијата за научноистражувачкиот кадар не е воедначена, па податоците за одделните земји се однесуваат само на т.н. техничка интелигенција. - в. Radivojevič Predrag, наведениот труд, стр.15-16, дијаграм 1.1

Една од суштинските особини на научниот потенцијал на секоја земја е, како што се истакнува, степенот на самостојноста на нејзината научна организација и способноста таа самата да ги образува своите научни кадри. Притоа, како еден од искуствените показатели на степенот на нејзиниот развој е, секако, и стекнувањето со највисоките научни степени.[152]

Првите одбранети докторати на Универзитетот во Македонија ги бележиме во учебната 1957/58 година - вкупно три. Тој број понатаму постојано се зголемува така што во учебната 1988/89 година биле одбранети 74 докторати што е зголемување за 24 пати. Заклучно со учебната 1989/90 година само на Универзитетот во Скопје со највисокиот научен степен се стекнале 927 кандидати и тоа: од областа на хуманитарните и општествените науки 335, од областа на медицинските и стоматолошките науки 140, од областа на техничките и технолошките науки 120, од областа на природно-математичките науки 157, од областа на земјоделско-шумарските науки 147 итн. Слична е состојбата и со постдипломските и специјалистичките студии. Во однос на учебната 1964/65 година кога ги бележиме првите три успешни завршени студии од овој вид, во учебната 1988/89 година нивниот број е 76, што е зголемување за повеќе од 25 пати. На Универзитетот во Скопје досега постдипломски студии завршиле 1.586 кандидати.[153] Колку и да изгледаат наведените податоци импозантни, сепак, Ма-

---

152) v.Milič Vojin, Doktorati u obrazovanju i obnavljanju naučnog osoblja (I) - "Sociološki pregled", 1981/3-4, str.9

153) в. СГМ за 1990 г., стр.85 и Извештај за работата на Универзитетот "Кирил и Методиј" за учебната 1989/90 г., стр. 78

кедонија е, сè уште, зад другите поголеми универзитетски центри во земјата.[154] И учеството на Македонија во вкупниот број на одбранети докторски дисертации го задржува истиот однос .[155]

Сосема е извесно дека наведените квантитативни показатели не можат да ни ја дадат вистинската и потполната претстава за развојот на научната интелигенција и науката и за нејзиниот придонес во вкупните научни текови кај нас и во светот. Таквата претстава може да ни ја даде само квалитативната анализа.[156] Извесно е, меѓутоа, и тоа дека тие податоци доволно говорат за длабоките промени кои настанаа во образовната, кул-

---

154) Така, на пример, само во областа на природните, техничките и медицинските науки, во периодот 1955/59 година, на Белградскиот универзитет биле одбранети 254 дисертации, на Загребското сеучилиште 201, на Љубљанскиот универзитет и САЗУ 72, на Сараевскиот универзитет 33, на САНУ 24, а на Скопскиот универзитет 14, т.е. само 2,3 насто. Во периодот 1970-74, пак, од областа на истите науки, на БУ биле одбранети 479 дисертации, на ЗС 497, на ЉУ 204, на СУ 112, а на Скопскиот универзитет 30 или само 2,26 насто. И во двата наведени периода, значи, Скопскиот универзитет е на истото ниво, додека на универзитетите во Сараево, Љубљана и Загреб процентот се зголемува.- в.Milić Vcjin, наведениот труд стр.24, табела 1 и првиот дел од наведениот труд во "Sociološki pregled" бр.1-2/1982, стр.60, таб.12.

155) Заради илустрација ќе го наведеме податокот дека во Југославија, во периодот од 1970 до 1981 година, докторирале вкупно 7.561 лице. Во истиот период во Македонија докторирале 208 лица, што е само 2,75 насто од вкупниот број. Во истиот период во Југославија магистрирале вкупно 16.185 лица, а во Македонија 605 што е 3,7 насто.- в.СГМ за 1990 г., стр.85 и Radivojević Predrag, наведениот труд, стр.79.

156) Во таа смисла често се укажува на фактот дека квантитативниот раст на секогаш значи и соодветен квалитет. Дури има и мислења кои тврдат дека рапидниот раст на интелигенцијата, односно експлозијата на високото образование неминовно го следи опаѓањето на нејзиното креативно јадро во релативна смисла. Всушност, според тие мислења, формирањето на мноштво на интелектуалци раѓа просечност која влијае на опаѓањето на квалитетот. - в.Вујошевиќ Ново, Опадање креативног духа интелигенције, "Пракса", 4/1983, стр.40 - Би забележале, сепак, дека причините за (не) развојот на науката не можат да се бараат само во (не)растот на научната интелигенција. Во прашање се, всушност, и многу други фактори од

турната и научната структура на македонското општество во повоениот период а кои промени силно се одразија и во сите други сфери на животот. Зад нив само може да се насетат големите тектонски померувања во македонското општество во целина. Зад сувите и голи цифри се крие, всушност, драмата на преобразбата на тоа општество и драмата на создавањето на неговата интелигенција посебно.

Таа тектоника која беше резултат на засилените процеси на индустријализацијата, урбанизацијата, деаграризацијата и сл., но и на широко отворените можности за образование, се изрази, покрај другото, и во создавањето на низа сосема нови социјални групи и слоеви, во потиснувањето на едни, а во исфрлањето на други на површината, во зголемувањето или смалувањето на бројноста на некои од нив и, на крајот, во изменувањето на односите меѓу нив. Нејзината специфична сеизмографија, секако, сликовито би ни го покажала тоа. За жал таквата општествена сеизмографија, како посебна дисциплина не само во науките, туку и во водењето на целокупната општествена статистика, е речиси сосема занемарена, неконтинуирана и парцијална. Како

---

различна природа-материјални, политички, идеолошки, општоразвојни и сл., што не се секогаш во корелација со човечките потенцијали. Од друга страна, бројноста на оние кои се стекнале со одреден степен на образование и квалификации значи, сепак, во крајна линија подигање на општото ученост на една средина што, земено во целина, е одреден квалитет. Во таа смисла се наведува дека бројот на вработените во науката во светот расте за 2 до 3 пати побрзо отколку во другите гранки. Се смета дека денес во светот има преку три милиони научни работници и преку десет милиони луѓе вработени во научните истражувања. Или, како што тоа убаво го забележал Пјер Анжер, од вкупниот број на научници кои, кога и да живееле, 90 насто се, сѐ уште живи. - в. Anger Pierre, Savremene tendencije u naučnom istraživanju, JNTDJ,Bgd. 1966, str.17

таква таа ни дава само една раздробена слика на општеството која овозможува поглед само од жабја, но не и од птичја перспектива, поглед чии видици не одат подалеку од хоризонтот на сопствената парцела на посматрачот, што во оценките на развојот и на општите состојби, често, има субјективен карактер, карактер на парцијални "вистини" кои стануваат посилни од самата вистина.

Во една таква ситуација која, секако, заслужува повеќе од една ваква дигресија, а кое нешто ќе го оставиме за понатаму, принудени сме да останеме во рамките на оние факти со кои располагаме. Имено, веќе беше речено дека интелигенцијата, творците на духовните и другите вредности, пред војната претставуваше незначителен дел на општеството, дури и во рамките на посебните општествени групи. Тоа се однесува како за македонското општество, така и за другите општествени средини во Југославија и покрај тоа што, меѓу нив, можат да се забележат и извесни разлики. Тие разлики, меѓутоа не ја менуваат општата слика. Според некои проценки бројот на интелигенцијата тогаш не бил повеќе од 50 до 60 илјади лица, односно процентот од 12 насто од составот на немануелните работници. Во нејзиниот состав, пак, најброен бил наставничкиот кадар, околу 49 илјади.[157] Како што видовме, исто така, по војната доаѓа до нејзино брзо зголемување што е резултат и на промените во слоевите кои се занимаваат со немануелен труд, односно на промените кои настануваат со развојот на вкупната општествена по-

157) v.Milič Vladimir, Revolucija i socijalna struktura, "Mladost" Beograd, 1978, str. 115

делба на трудот.[158] Вкупните промени, во таа смисла, влијаеле и до ден денес влијаат како на нејзиното апсолутно зголемување, така и на односите во нејзиниот состав. Додека пред војната техничката интелигенција сочинувала околу 12% од целокупната интелигенција, веќе во 1952 година нејзиното учество е 42,7%. Во рамките на т.н. хуманистичка интелигенција, која учествувала во вкупниот состав на интелигенцијата со 57,6 проценти, како и пред војната, најмасовен нејзин дел била културно-просветната интелигенција (58,9% од вкупниот број).[159]

Треба, меѓутоа, да се забележи дека веднаш по војната не се карактеристични само порастот на слоевите на интелигенцијата и промените во нејзиниот внатрешен состав. Имено, како што и се истакнува, бројниот пораст на т.н. немануелни работници не се одвивал со исто темпо во сите гранки на стопанскиот и општествениот живот. Брзиот развој на индустријата и јавните служби, како и на државниот апарат посебно, доведуваат до нагла експанзија на умните работници кои обавувале

---

158) Според наведениот автор во 1974 година слојот на мануелниот труд во активното население изнесувал 1.239.587 лица или 62,7%, а на немануелниот труд 736.539 или 37,3%; во 1952 година слојот на мануелниот труд го сочинувале 1.992.739 лица или 73,6%, а немануелниот 713.641 или 26,4%; во 1960 година првиот слој изнесувал 2.776.416 лица или 73,4%, а вториот 26,6%, а во 1970 година првиот слој изнесвуал 2.953.645 лица или 67,6%, а вториот 1.413.922 или 32,4%. - в.стр. 103,185 и 247. Разликувањето на мануелен и немануелен труд е, секако, прифатена условно, според карактерот на занимањата кои се земени предвид.

159) В.наведениот труд, стр.114-117. Инаку, како што наведува авторот, во рамките на техничката интелигенција најбројна била здравствената, а потоа инженерите и техничарите. Во тие рамки централната фигура бил техничарот, додека кај хуманистичката интелигенција тоа место веќе не му припаѓа на учителот, туку на професорот од средното училиште.

претежно службенички функции. Нивниот број, во поглед на состојбата пред војната, кај одделни гранки се зголемил за два до три, па и повеќе пати.[160] Напуштањето на етатистичкиот концепт на општествениот развој, меѓутоа, условило, покрај другото, поинакво дејство на индустријализацијата врз слоевите на немануелниот труд и значајни промени во нивниот состав. Споменатиот автор Владимир Милиќ во таа смисла забележува: "Ориентацијата на развој на економските законитости, со релативното самостојно одлучување во келиите на општеството, односно смалувањето на државниот апарат и ограничувањето на неговата моќ, беше релативно поволна рамка во која се постави барањето за замена на дотогашниот социјален носител на индустријализацијата. Имено, се воочуваше стремежот рутинскиот и доминантен труд во етатистичкиот период, да се замени со творечки".[161]

Тоа довело до промени во слојот на немануелниот труд, до побрз пораст на интелигенцијата од чиновништвото, раководните лица и лицата за заштита. Додека во педесеттите години

---

160) v. Janičijevič Milosav, Jedan pogled na karakteristike nastanka i razvitka jugoslovenske inteligencije, "Gledišta" 1960/2 - Имено, додека бројот на т.н. умни работници во 1931 година бил вкупно 280.870, во 1958 година тој се качил на вкупно 755.203. Или, додека во областа на земјоделските дејности во 1931 година бројот на овој вид работници бил 7.289 во 1958 година тој број бил веќе 53.945, во областа на индустријата, занаетчиството, градежништвото и рударството од 28.468 лица, пораснал на 198.893, во областа на трговијата, угостителството и сообраќајот од 78.061 лице на 144.073, а во областа на културата, просветата, социјално здравствената, комуналната дејност и управата од 172.785 на 300.541 лице. како што може да се види најголем бил порастот на немануелните работници во областа на земјоделството и индустриските дејности, за околу седум пати.

161) Milič Vladimir, наведениот труд, стр. 194

чиновништвото сочинувало една половина од сите немануелни слоеви, а интелигенцијата само една третина, дотогаш во шеесеттите години тој однос бил спротивен: речиси една половина од тие слоеви ја сочинувала интелигенцијата, а една третина чиновништвото.[162] Таквата состојба, пак, условила и промени во самата интелигенција. Хуманистичката интелигенција забележала поголем пораст од техничката, што, покрај другото, било резултат на порастот на бројот на економистите и правниците кои во овој период станале доминантна група во рмаките на хуманистичката интелигенција, наместо групата на културно-просветната интелигенција.[163]

Уште се, во тој поглед, покарактеристични промените кои настанале во седумдесеттите години. Во рамките на општото зголемување, слоевите на немануелниот труд побрзо растеле од слоевите на мануелниот труд. Тоа се толкува, покрај другото, и со поразвиената поделба на трудот, како и со реално постигнатиот степен на развојот на материјалните и човечките произ-

---

162) Во слојот на немануелниот труд во 1952 година чиновништвото учествувало со 43,7% (312.207), лицата за заштита со 17,5% (125.087), раководните лица со 7,4% (51.869), а интелигенцијата со 31,4% (224.478). Во 1960 година чиновништвото учествувало со 31,2% (317.268), лицата за заштита со 13,4% (135.980), раководните лица со 9,3% (93.972), а интелигенцијата со 46,1% (486.726).- в.Исто, стр.195

163) Доминантна група во рамките на техничката интелигенција станала групата на техничарите и инженерите. Инаку општиот пораст на хуманистичката интелигенција за Владимир Милиќ е, само на прв поглед, неочекувана појава со оглед на претпоставката дека со развојот на економските законитости би се јавила поголема потреба од техничка интелигенција. Тоа, меѓутоа, е резултат на "специфичниот начин на дејствувањето на економските законитости" кај нас, со оглед на улогата и положбата што економистите и правниците ја добија, тогаш, "како носители на самоуправувањето и развојот на земјата". - Исто, стр.196-198

водни сили.[164] Во рамките на немануелниот труд интелигенцијата е и понатаму доминантна, а проценките за нејзиниот внатрешен состав се во корист на хуманистичката интелигенција.[165]

Со оглед на фактот што и на структурата на македонското општество влијаеле слични системски фактори можеме да претпоставиме дека слични промени настанале и во неа.[166] Тоа го потврдуваат и податоците за учеството на интелигенцијата во немануелните занимања за одделните републики и за земјата во целина. Имено, ако ги анализираме податоците за 1971 година ќе видиме дека тоа учество е скоро секаде приближно еднакво. За Македонија тоа учество е 44,4 насто, во Босна и Херцеговина 45 насто, во Црна Гора 46,3 насто, во Хрватска 45,3 насто, во Словенија 44,5 насто, во Србија 48м3 насто и во Југославија во целина 46,3 насто. Инаку, интересно е дека во вкупниот број на

---

164) Ваквиот однос, нагласува Владимир Милиќ, помеѓу наведените слоеви, е само наизглед сличен на оној од периодот непосредно по војната кога слоевите на немануелниот труд сочинуваа 1/3 од овој дел на општеството. Непосредно по војната зголемувањето на слоевите на немануелниот труд, според него, е резултат на сеопштата етатизација на општеството и на потребата од создавање "државен апарат" и на неразвиената или "вештачки" развиената поделба на трудот.- Исто, стр.248

165) Слојот на интелигенцијата, во однос на 1960 година, во 1970 година го задржува процентуалното учество од 46 насто, додека чиновништвото учествува со 37,6 насто. Учеството на лицата за заштита опаднало на 9,9 насто, а на раководните лица на 6,5 насто.- Исто, стр.266

166) Велиме дека "можеме да претпоставиме" затоа што слични податоци, како наведените, за Македонија не можат да се пронајдат ниту, пак, можат да се изведат од статистичката евиденција. Разликувањето на занимањата од кои тоа може да се направи е дадено само кај резултатите од пописот во 1971 година, па затоа и ги наведуваме тие податоци. По 1971 година во званичната статистика се наведуваат веќе податоци кои воопшто не даваат можност во таа смисла нешто да се заклучува, макар и посредно. Следењето на "општествената сеизмографија", како што ние ги нарековме промените во социјалната структура, тука веќе сосема престанува и нејзе ја заменуваат таквите идеолошки категории како што се термините "работници", "работен народ" и сл.

интелигенцијата во Југославија (667.542), во наведената година, најголемо е учеството на Србија (43,8%), потоа на Хрватска (23,7%), па на Босна и Херцеговина (12,5%), Словенија (10,8%), а Македонија и Црна Гора кои по војната во апсолутни бројки бележат брз пораст учеството е, сепак, сѐ уште мало - 6,9%, односно 2,3%.[167]

Веќе нагласивме дека кон прашањето на структурирањето на интелигенцијата денес, токму поради нејзиниот квантитативен раст, не е можно да се пристапи само од формално-образовен аспект, туку дека, пред сѐ, треба да се има предвид функционалниот критериум. Ако некогаш и досега, критериумот на образованието, поради малобројноста на оние што го псоедувале, значел нешто и во македонското општество, во поглед на припадноста кон слојот на интелигенцијата, денес тој може да се земе само како еден од предусловите за припаѓање кон неа. Во таа смисла, а земајќи предвид извесни, сѐ уште, присутни социолошки карактеристики, може да се рече дека и во македонското општество веќе можат појасно да се разликуваат три основни стратуми на интелигенцијата во најширока смисла. Првиот стратум го сочинуваат т.н. творци на културно-научните вредности, или т.н. творечка интелигенција. Во неа спаѓаат, секако, оние интелектуални работници во науката и културата кои се најкреативни во создавањето на теоретски, идејни, морални и естетски вредности. Вториот стратум го сочинува интелигенцијата во поширока смисла, т.н. професионална интелигенција во која можат да се вбро-

---

167) Пресметано според СГМ за 1973 година, стр.384

јат сите стручњаци, специјалисти, експерти кои најнепосредно се врзани за практиката. На крајот третиот стратум ги издвојува сите оние кои беа означувани со терминот "службеници" а во кои би ги вброиле вработените во државната и стопанската администрација, во здравството и сл. кои поседуваат различно ниво и вид на образование (најчесто средно) и кои, главно,вршат извршна и техничка функција.[168]

Сите овие стратуми, поради својата бројност и социолошките белези кои, како такви, веќе ги поседуваат можат да бидат и, најчесто се, предмет на посебни социолошки анализи. Тие белези наведуваат на заклучокот дека за нив веќе не може да се расправа во рамките на традиционалните поими за интелигенцијата. Дури и во самите стратуми кои ги наведовме веќе се одвиваат такви промени и поместувања кои упатуваат на потребата од нивно посебно проучување и социолошко осмислување. Во тие рамки нашето внимание ќе го свртиме кон социолошките белези на научната интелигенција, како посебна група во општеството. Намерата ни е, всушност, низ анализата на нејзините посебни својства да дојдеме до поблиско социолошко утврдување на нејзините најопшти стратификациски атрибути кои и го определуваат нејзиното место и положба во општеството воопшто, а посебно во македонското. Оттука и нашиот напор понатаму ќе биде насочен во тој правец.

---

168) Таквото разликување е, донекаде, присутно и во податоците според кои, досега, ги изложувавме квантитативните показатели и според кое беа издвојувани мануелниот од немануелниот труд, и интелигенцијата посебно, од занимањата на немануелниот труд. И во пописот од 1971 година, во таа смисла, се врши разликување на лица за заштита, управни, административни и сродни работници, раководен персонал и стручњаци и уметници. - СГМ за 1973 година, стр. 384

## Глава втора

### НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА:
### ПОТЕКЛО И СТАТУС

Во обидот да го определиме, што попотполно, социјалниот портрет на македонската научна интелигенција денес, ќе ја прифатиме сугестијата на Роберт Ескарпи: дека е, најнапред, потребно да се известиме за нејзиното социјално потекло. Имено, со оглед на фактот што при биографските анализи на нејзините оддел-ни припадници најчесто се губат нејзините колективни црти, таквото известување, покрај другото, треба да ни овозможи не само да го утврдиме тој портрет, туку и да ја ситуираме неа во општеството, да допреме до најдлабоките и најскриените пори на нејзиниот интелектуален корпус кој, поради ред причини, се формирал во определена насока и со определени, нему својствени, белези. Искусниот основоположник на социологијата на книжевноста нема, во таа смисла, да пропушти да забележи дека досегашната книжевна историја се задоволуваше само со поделби на нејзиниот развој по векови или исклучиво со проучување на луѓето и делата, со духовните биографии, гледајќи го, при тоа, колективниот контекст само како "некој вид декор, украс препуштен на љубопитноста на политичката историографија"[169]

---

169) v.Escarpit Robert, Sociologija književnosti, izd. "Matica Hrvatska, Zagreb, 1970, str. 7-8

Кога се расправа, според тоа, и за интелигенцијата, како определена творечка популација, како "популација на книжевното творештво", како што би рекол Ескарпи, таа мора да не интересира и од таквата пошироко, општествена и колективна точка, а не само како напор на индивидуалниот творечки дух. Во тој поглед Ескарпи, со посебен пиетет, посочува на пионерските зафати што на тоа поле ги направил британскиот психолог Хенри Хавелок Елис кој, уште при крајот на минатиот век го применувал статистичкиот метод на она што тој го нарекувал "анализа на гениите"[170] Од истражувањата на Елис, сепак, Ескарпи издвојува две главни настојувања кои, според него, можат да се задржат за понатаму. Тоа се истражувањето на, како што тој го нарекува, "географското потекло" и истражувањето на социјално-професионалното потекло.[171]

Овие два аспекта, на начин кој е примерен на нашата средина и на нашиот проблем, ќе бидат присутни и во нашата анализа. Имајќи го предвид фактот дека поимот на социјалната структура, а оттука и поимот на социјалното потекло, вклучува во себе поголем број на социјални белези (пол, старост, национална припадност, материјален статус итн.), што значи дека постојат ред фактори кои го одредуваат социјалниот профил на интелигенцијата, а кои ја одредуваат и **општествената средина** од која интелектуалецот поникнал, најнапред вниманието ќе го насочиме на т.н.социјална географија. Зошто е тоа потребно?

---

170) Станува збор за трудот на Елис под наслов A study of british genius, London, 1904 - Исто, стр.53, фуснота 1

171) Исто, стр. 53

Прво, и покрај вистината дека интелектуалните способности се, пред сѐ, индивидуални и дел на самата личност, останува неоспорен фактот дека интелектуалноста, многу често, се оформува под силното влијание на општествената средина. Освен материјалниот фактор, во обликувањето на таа интелектуалност паралелно и не со помала сила, дејствуваат културната издигнатост на семејството, можноста за културна комуникација во средината во која се живее, занимањето на родителите, нивните сфаќања и амбиции, потоа одделните стопански, географски, демографски и културни традиции и белези на средината, па сѐ до политичките односи и констелации кои, често, ја определувале судбината на цели генерации интелектуалци.[172]

Второ, социјално-географското потекло може понекогаш, директно и индиректно да влијае на типот на интелигенцијата кој ќе преовладува во општеството, на нејзините сфаќања, ставови и однесување како група. Во тој поглед таа може повеќе или помалку да биде традиционална или не, ретроградно свртена или авангардна, конзервативна или радикална и сл. Самиот факт дека поединецот припаѓа на одделен слој или класа, многу често, не е

---

172) Прашањето на "образованоста", пишува во таа смисла, Нада Голнер, не е само прашање на вродената интелигенција, туку и на средината, детството што се живее. Образованоста, во тој поглед, не е само дипломата, туку и вкупната изграденост на самата личност за што градот, сѐ уште, дава поголеми можности, како и припадноста кон повисоките општествени слоеви. - в.Gollner Nada, Socijalna struktura studenata u našoj zemlji njezina uloga u formiranju inteligencije "Politička misao", Zgb 1966/ 1-2, str.28. Што се однесува до политичките констелации се чини дека е доволно илустративен примерот на Македонија и на одделни нејзини региони кои и во минатото, на и денес, удираат одреден печат врз интелигенцијата, а под влијание на доминантните политички и други пропаганди.

доволен за формирањето на неговиот поглед на светот, што впрочем, на соодветен начин го демантира и нашата сегашност. Тоа особено е карактеристично за интелектуалците за што,своевремено, зборуваше и Антонио Грамши.[173] Тој тоа го илустрираше со примерите на формирањето на интелигенцијата во Италија, Англија, Франција, Германија, Русија, Северна и Јужна Америка, па дури и во Индија, Кина и Јапонија. Посебните белези на сите овие региони создадоа и посебни типови на интелигенција.[174] Истото може, секако, да се потврди и кај одделните региони во нашата земја.

Прифаќајќи го предупредувањето на Ескарпи дека кон ваквите истражувања треба да се пристапи со извесна мерка на претпазливост и дека, во таа смисла, од "книжевната географија" не треба можеби, многу да се бара или да се очекува, ќе се обидеме, сепак, да дојдеме до некои сознанија за овој аспект на македонската научна интелигенција.[175] Со анализата на податоците за нејзината вкупна популација, присутна во нашиот научен живот од ослободувањето до денес, при што се земени предвид годината и местото на раѓањето, како и научната област, намерата ни е да го утврдиме следното:

---

173) в.Грамши Антонио, Одбрани текстови, Скопје,1978 стр.116-127

174) Грамши, навистина, на еден прегнантен начин, прави брилијантна анализа на формирањето и карактеристиките на интелигенцијата во овие земји, што нам, секако, ќе ни послужи подоцна, при заклучните компарации со македонското општество. - Исто,стр.120-127.

175) Од таквата географија, според Ескарпи, лесно се лизнува кон регионализам, од регионализам кон расизам. Затоа, истражувањата кои ќе се преземат за да би се разјасниле тие феномени, ќе мораат да бидат водени со крајна претпазливост. Тоа особено се однесува на одделните преместувања, на случајното потекло на поединците и сл., особено во поглед на местото на рагањето кое, тој, сепак, во своите анализи го зема за доволно за осветлување на одреден број појави во нведената смисла - Eskarpit Robert, наведеното дело, стр.53 и 56

1. Од кои социјални средини се регрутирала и се регрутира нашата научна интелигенција;

2. Каков е, во тој поглед, соодносот на релацијата село - град и колку тој сооднос се рефлектирал и се рефлектира на професионалните ориентации на одделни генерации научни работници и нивната научна определба за одделни науки;

3. Кои конкретни региони, населени места и градови во Македонија се јавуваат најчесто како генератори на научната интелигенција со што би се утврдила и "интелектуалната географска карта". Во таа смисла би биле утврдени и медиските и регионални белези кои ја условуваат таа карта;

4. Каков е односот, во поглед на потеклото на научната интелигенција, меѓу центарот на научната и културната дејност (Скопје) и внатрешноста;

5. Каков е односот, кај некои од овие белези, на Македонија кон одделни други средини (во случајов Словенија, Босна и Херцеговина и земјата во целина) и има ли Македонија одделни специфики на тој план.

Секако дека основната теза од која може да се тргне во утврдувањето на една ваква социогеографска стратификација е таа дека разликите помеѓу селото и градот, како и помеѓу одделни регионални подрачја, а кои разлики се огледаат во општата развиеност на тие средини, оддалеченоста од културните центри, различното ниво на писменост на населението, развиеноста на школската и културната мрежа, можат силно да дејствуваат врз т.н. општествена селективност кон највисоките интелектуални дејности.

Таа општествена селективност може да биде проследена и низ дихотомијата на селото и градот, сѐ уште така силно изразена во нашите услови на живеење. Таа поделеност на "душата" и "телото" на општеството во сферата на интелектуалниот живот се јавува, на социјален план, како поделеност помеѓу градот, како центар на духовноста и човековата креација, и селото, како негов антипод, како средиште на духовна редуцираност и креативна осиромашеност. Од таа состојба се создаде и дихотомијата во свеста: градот го уништи селото, го уништи "здравиот селски интелект", селото го задуши градот, ја задуши вистинската интелектуална креација, ги задуши "високите духовни и естетски вредности".

Веќе и самиот факт што и Грамши ја прави разликата меѓу интелектуалци од градски и интелектуалци од селски тип, согледувајќи ја нивната различна положба, речито говори за присутноста на наведената дихотомија и кај слојот на интелигенцијата. Се разбира, таквата типологија, која се базира, главно и сѐ уште, врз реалното постоење на т.н. традиционална интелигенција и веќе започнатото создавање на т.н. модерна интелигенција,денеска веќе не е можно да се примени со оглед на тоа што силната урбанизација интелигенцијата ја претвори во единствена социолошка категорија, оставајќи ја противречноста помеѓу градот и селото да живее само во нејзиното духовно битие, во облик на определени сфаќања и морални вредности, во една постојано потиснувана и потисната свест за себе си, за своето потекло.[176]

Во таа свест, која може да биде предмет на посебни социјалнопсихолошки проучувања останало, можеби, по нешто од она за што зборува Грамши: дека интелектуалците од селски тип во најголемиот дел се "традиционални", интимно врзани за селската општествена маса и за градскиот малограѓански слој (особено во помалите места), а дека интелектуалците од градски тип се, во просек, стандардизирани и поврзани со судбината на индустријата и повисоките општествени слоеви. Од она дека интелектуалецот на село, како свештеник, учител (со наши зборови "даскал"), адвокат или лекар, мора секогаш да тежнее "да излезе од старата состојба", да стане интелектуалец во градот, т.е., како што вели Грамши, "господин", издигнувајќи го социјалното ниво на своето семејство и олеснувајќи му го економскиот живот со помошта на врските што бездруго ќе ги има со другите господа. Од она дека интелектуалната професија не значи животен позив, туку средство за општествена промоција и промена на социјалниот статус. За Грамши таквата свест е разбирлива поради фактот што, како што вели тој, секој органски развиток на селските маси, во извесна мера, е поврзан со интелектуалците (во најширока смисла - н.з.) од кои и зависи, што не е случај со припадниците на градската популација.[177]

---

176) Грамши Антонио, Различната положба на интелектуалците од градски и селски тип, наведената книга, стр. 116

177) Исто, стр. 116-117

Нашиот проблем, меѓутоа, не го врзуваме ниту, пак, сакаме така да биде сфатен, за постоењето или непостоењето на таквата свест или за евентуалните импликации од неа. Имајќи го предвид фактот кој го утврдивме во претходните и веќе изложени разгледи за интелигенцијата во подалечното минато, како интелигенција претежно од селско потекло, би сакале да ги согледаме само оние најзначајни промени кои, во поглед на обновувањето на таа интелигенција, се случиле во поновиот период на нашата историја, а кои промени се резултат на поместувањата што настанале во самата дихотомија на селото и градот. Ако, како што би рекол Маркс, модерната историја е историја на претворањето на селото во град, тогаш би можеле да речеме, барем за наши услови, дека и историјата на модерната интелигенција е историја на менување на нејзиното социографско потекло. Ќе се обидеме, затоа, да го покажеме тоа на примерот на научната интелигенција кај нас која, во согласност со природата на нашиот труд, и самата може да ни послужи како значаен индикатор за пошироките општествени процеси.

Истражувачите на демографските движења кај нас утврдиле, имено, дека посилните процеси на урганизацијата во Македонија започнуваат некаде од 1948 година, која, во таа смисла, се јавува како меѓник и во посилното менување на структурата на населението.[178] Дури се укажува и на фактот дека Ма-

178) в.на пример: Георгиев Ангел, Специфични карактеристики на урбанизацијата на СР Македонија, зборник "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", изд.МАНУ, Скопје,1985, стр. 392; Panov Mitko, Proces urbanizacije u kontekstu demografske strukture stanovništva u SR Makedoniji, sp."Geografski glasnik",Zagreb,1876/38, str.202:

кедонија, покрај Војводина, постојано имала највисок процент на градско население, иако била едно од најнеразвиените подрачја во Југославија. Тоа се објаснува со специфичните историско-политички, социјално-економски и природно-географски услови уште во периодот на турското владеење, кои повлијаеле на подрачјето на Македонија да се јават повеќе и поголеми градови. Тоа условило повисок процент на градско население во вкупното население од другите подрачја во Југославија. Таа "неприродна" состојба, настаната тогаш, силно влијаела и врз натамошните процеси, како и врз карактерот на урбанизацијата, се до денес.[179] Меѓутоа, и покрај таа специфика, Македонија се до наведената 1948 година е, сепак, изразено рурална средина.

Ако констатиравме дека интелигенцијата во Македонија во 19 и првата половина на 20 век е, така да речеме, "стасана" како интелигенција претежно од селско потекло, истото, сепак, не може да се рече за интелигенцијата која беше оформена како таква по војната. Анализата на таа генерација од научната интелигенција ни покажа, имено, дека таа е во голем дел, барем според местото на раѓањето, од градско потекло - 78,1%

---

179) Оваа карактеристика на Македонија, како што наведува Ангел Георгиев, ја забележал и познатиот истражувач на урбанизацијата проф.Душан Стефановиќ, како и некои други автори, кои зборуваат за феноменот на т.н. хиперурбанизација. Имено во Македонија економскиот развој и урбанизацијата не се одвивале паралелно, како што е искуството со развиените земји, туку урбанизацијата одела пред развојот, особено пред индустријализацијата. Тенденцијата се изразувала во предвремено доселување на населението во градовите, повеќе под влијание на аграрната пренаселеност отколку од потребата за работна сила. - Георгиев Ангел, наведениот труд, стр. 391

наспрема 21,9% од селско потекло. Тој факт зборува дека процентот на "урбанизацијата" на интелигенцијата, ако така може да се каже, во Македонија е започнат далеку порано од самиот процес на вистинската урбанизација и дека може да се поврзе со побрзиот развој на градовите и нивната економска моќ. Всушност, развојот на разните стопански дејности веќе ја наметнал потребата од високостручни кадри, а не само од учители како што било, главно, пред тоа. Така, научната интелигенција со која Македонија располагаше веднаш по војната 44,7% беше од областа на општествените науки, 21,1% од областа на земјоделско-шумарските науки, 16,7% од медицинските науки, 11,4% од техничко-технолошките науки и 6,1% од областа на природно-математичките науки.[180] Како градски центри од кои главно се регрутирале првите интелектуалци од областа на науките, покрај Скопје, се јавуваат Прилеп, Велес, Битола, Штип и Куманово. Споредено со Словенија и Југославија во целина, првата повоена генерација на научна интелигенција, според потеклото, ја имала следната структура:

Табела 1: Потеклото (град-село) на првата повоена генерација на научната интелигенција

| Место на раѓање | Македонија | Словенија | Југославија |
|---|---|---|---|
| Град | 89 (78,1%) | 396 (70,3) | 1289 (69,8) |
| Село | 25 (21,9) | 167 (29,7) | 559 (30,2) |
| Вкупно: | 114 (100) | 563 (100) | 1848 (100) |

Извори: Регистар на научни кадри од Македонија на Рефералниот центар при НУБ "Климент Охридски",Скопје,1989; Biografije in bibliografije univerzitetnih učiteljev in sodelavcev, knj.I,II,III,IV, Ljubljana 1957,1969,1979 i 1981 god.; Ko je ko u Jugoslaviji, "Hronometar", Beograd, 1970.

Веднаш може да се забележи дека и покрај тоа што научната интелигенција во Македонија, по војната, имала "најурбан" карактер таа, сепак, во однос на Словенија и според учеството во југословенската научна интелигенција, била малобројна што, покрај другото, укажува дека според степенот на развиеноста на науките, одделни други средини предничеле.[181] Таа малобројност, исто така, не ни дозволува да извлечеме некои посигурни заклучоци за влијанието на процесите на урбанизацијата врз структурата на интелигенцијата во однос на нејзиното потекло. Може, само да се констатира дека со наведените промени Македонија, и во интелектуална смисла, конечно излегла од својата "средновековна" фаза и дека градовите ја презеле на себе улогата на интелектуален генератор.

Како што веќе нагласивме интензивниот процес на урбанизацијата на Македонија, "каков што никогаш не бил во минатото", започнал од 1948 година.[182] Со оглед на тоа што по оваа година промените се многу изразени неа ќе ја земеме како еден вид делница. Неопходно е, во тој поглед, да се направи извесна споредба помеѓу потеклото на родените до 1948 година и на ро-

180) При анализата предвид се земени оние научни работници кои се родени до 1921 година кога е и првиот званичен попис на населението во Југославија и кои веќе можеле да бидат активни по 1946 година, т.е. кои веќе биле "формирани" како научна интелигенција.

181) Анализата на податоците за членовите на Академијата на науките и уметностите на БиХ, родени до 1921 година, покажува дека првичното јадро на научната интелигенција имало слична структура според потеклото како и Македонија. За разлика од другите поразвиени средини, и овде 76,1% потекнуваат од градска, а 23,9% од селска средина. - Анализата е направена според: Spomenica Naučnog društva Akademije nauka i umetnosti Bosne i Hercegovine 1951-1976, Sarajevo.

182) v.Panov Mitko, наведениот труд, стр. 202

дените по тој период. Интересно е да се проследи до какви промени во структурата на научната интелигенција на релацијата село-град довеле силните повоени миграции, а кои промени, всушност, можат поцелосно да се воочат дури денес.

Во периодот по 1921 година, сѐ до 1948 година процесот на урбанизацијата, всушност, не е така нагласен.[183] За ова време, како што се забележува, не може, сѐ уште, да се рече дека градовите претставувале привлечни имиграциони места бидејќи тие, сепак, функционално, а особено индустриски, не биле развиени. На нискиот степен на урбанизацијата, всушност, влијаеле вкупните општествено-економски прилики.[184]

Таквата состојба ја менува, донекаде, општата слика за научната интелигенција. Бројноста на оние кои се родени до 1948 година, а кои подоцна ќе влезат во корпусот на таа интелигенција, во однос на родените до 1921 година, ќе се зголеми за повеќе од осум пати но затоа, пак, со тоа ќе се измени структурата на нејзиното потекло во "корист" на селото. Оваа Интелигенција, со нејзиното "стасување" ќе го изгуби "елитниот" градски карактер што извесно време го имала. Тоа го покажуваат и податоците кои ги споредуваме со оние за Словенија и за Југославија во целина:

183) Во однос на 1921 година градското население пораснало за само 71.602 лица или за 18,1% и тоа, главно, под влијание на природниот прираст. Исто, стр. 202

184) Исто стр. 202

Табела 2: Потеклото (град-село) на научната интелигенција до 1948 год.

| Место на раѓање | Македонија | Словенија | Југославија |
|---|---|---|---|
| Град | 646 (62,4) | 1229 (75,9) | 2918 (67,7) |
| Село | 389 ( 7,6) | 390 (24,1) | 1390 (32,3) |
| Вкупно: | 1035 (100) | 1619 (100) | 4308 (100) |

Извори: Наведените под табелата 1

Може да се забележи дека Македонија ја следи тенденцијата во Југославија како целина: се зголемил процентот на оние кои потекнуваат од село што, од своја страна, зборува за успорениот процес на урбанизација во овој период. Во Словенија, меѓутоа, се забележува обратен процес: се покачило учеството на научната интелигенција од градско потекло, и се смалило учеството на онаа од селско потекло. Ако го земеме тој податок за некаков индикатор тогаш произлегува дека вкупните процеси на урбанизацијата во Словенија започнале многу порано отколку во Македонија и во Југославија во целина. Сепак, може да се констатира дека регрутираната интелигенција во Македонија веќе не е така малобројна. Нејзиното учество во научната интелигенција во Југославија се покачило од 6,2 проценти кај родените до 1921 година на 24,0 проценти кај родените до 1948 година. Таа динамика на регрутацијата е далеку поголема од онаа во Словенија каде што соодносот на наведените проценти е 30,5 наспрема 38,7. Што се однесува до тоа учество во поглед на потеклото од град и Македонија, и Слове-

нија имаат приближно ист раст (за 15,2 односно 11,4 проценти) додека според потеклото од село Македонија забележува висок пораст од 23,4 проценти, а Словенија дури пад од 1,8 проценти.[185]

Како градски центри од кои, според апсолутното учество, во овој период потекнува научната интелигенција се јавуваат повторно поголемите градови. Меѓу нив, секако, предничи Скопје со 181 научен работник роден во него, а потоа следат Битола (54), Прилеп (49), Охрид (40), Велес (31), Струмица (23), Куманово (23), Штип (20), Тетово (15) итн. Од помалите градови се издвојуваат Кочани (13), Ресен (10), Радовиш (9), Кратово (8) итн. Од селските населби се издвојуваат Галичник (10) и Лазарополе (8) кои, во регрутацијата се пред многу помали градски населби, а можат да се истакнат и примерите на Леуново (Гостивар) со 7, Богданци (Гевгелија) со 6 и Владимирово (Берово) со 5 свои "претставници". Инаку, според научната област најбројни се од областа на општествените науки (32,4%), потоа од техничко-технолошките науки (21,1%), природно-математичките науки (17,6%), земјоделско-шумарските науки (14,5%) и медицински науки (14,4%). За разлика од родените до 1921 година, се забележува дека структурата според подрачјата на науките се изменува во корист на техничко-технолошките и природно-математичките науки, за сметка на земјоделско-шумарските и медицинските науки. Во тој поглед структурата не

---

185) Пресметките се направени според податоците од претходно наведените табели 1 и 2

се разликува многу од онаа во Словенија и досегашна Југославија во целост.[186] Инаку, и кај родените на село и кај родените во град најбројни се оние кои се определиле за општествено-хуманитарните науки, меѓутоа во поглед на другите подрачја на науките ориентациите се разликуваат што може да се види и од податоците:

**Табела 3:** Потеклото (град-село) на научната интелигенција по одделните научни подрачја на родените до 1948 година

| Научно подрачје | Родени во: (до 1948) | | |
|---|---|---|---|
| | Град | Село | Разлика |
| 1. Општествени науки | 186 (28,8) | 149 (38,3) | +37 (-9,5) |
| 2. Природно-математички науки | 114 (17,6) | 69 (17,7) | +45 (-0,1) |
| 3. Техничко-технолошки науки | 151 (23,4) | 67 (17,2) | +84 (+6,2) |
| 4. Земјоделско-шумарски науки | 74 (11,5) | 76 (19,5) | - 2 (-8,0) |
| 5. Медицински науки | 121 (18,7) | 28 (7,2) | +93 (+11,5) |
| Вкупно: | 389 (100) | 646 (100) | Се: 1035 |

Извори: Наведените кај табелата 1

186) Подетални анализи за структурата по одделни области на науките ќе бидат направени во посебен дел на трудов. Инаку, во Словенија 28,5% се од општествените науки, 12,5% од природно-математичките, 26,6% од техничко-технолошките, 13,5% од земјоделско-шумарските и 18,9% од медицинските науки. За Југославија по истиот редослед: 31,9%; 13,8%; 23,3%; 16,4%; 14,6%. Извор: наведените кај табелите 1 и 2.

Се забележува дека оние чие потекло е од село, покрај на општествените науки, најповеќе се ориентирале на земјоделско-шумарските и природно-математичките науки, додека оние со градско потекло на технолошко-техничките и медицинските науки. Процентуалните разлики во одделните научни области укажуваат, меѓутоа, дека медицинските науки биле, сепак, повеќе предодредени за оние со градско потекло, додека земјоделско-шумарските (кај кои разликата е дури негативна во однос на градското потекло) се, така да речеме, "резервирани" за оние од селско потекло. Анализите ни покажаа дека Македонија, во тој поглед, не се разликува од Југославија во целина, додека во Словенија оние од селско потекло најмногу се ориентирале, покрај општествените науки, на техничко-технолошките и земјоделско-шумарските науки, а оние од градско потекло на техничко-технолошките и медицинските науки, како што е и во Македонија.[187]

Веќе рековме дека од 1948 година започнува интензивен процес на урбанизација. Во прво време, помеѓу 1948 и 1953 година порастот на урбаното население, како што и се забележува, бил, сè уште, релативно благ, но според масата на популацијата веќе видлив. За тие пет години таа се зголемила за околу 100 илјади лица. Посилен процес на урбанизација се јавува, всушност, по 1953 година, достигнувајќи кулминација меѓу 1961 и 1971 година. Во 1971 година урбаното население речиси се изедначило со руралното (урбано население 48,8%, рурално на-

---

187) Анализата е направена според наведените извори кај табелите 1 и 2.

селение 51,2%). За тие десет години е забележана најинтензивна миграција на релацијата село-град, т.е. од вкупниот број мигранти во Македонија 74,4% потекнувале од селски населби. Тоа, секако, било резултат на функционалниот развој на градовите. На тој начин од 1921 година, кога е извршен првиот званичен попис на населението, до 1971 година бројот на градското население се зголемил за речиси четири пати.[188] Во однос на другите подрачја во Југославија, за овој период, Македонија забележала највисок пораст на степенот на урбанизација.[189] Во периодот помеѓу 1971 и 1981 година тој процес донекаде се смирува. За разлика од претходната декада, кога бројот на селското население опаднал за околу 19 илјади жители, во овој период и тој е во пораст за околу 35 илјади жители, или за 4,2%.[190]

Тие процеси се одразиле, секако, и на структурата на потеклото на последната "стасана" генерација на научната интелигенција. Иако популацијата на оние што се родени од 1948 до 1971 година, а кои денес се дел од општиот корпус на научната интелигенција, не е така голема ќе ги приложиме податоците и за неа, споредени со податоците за Словенија.

---

188) v.Panov Mitko, наведениот труд, стр.202-203

189) Во Словенија тој пораст изнесувал 18,8 проценти, колку што просечно изнесувал и во Југославија, во БиХ 13,5, во Црна Гора 21,7, во Хрватска 20,3, во потесна Србија 21,5, во Војводина 19,4, во Косово 13,3, а во Македонија 24,4 проценти.- в.Георгиев Ангел, наведениот труд, стр.392-393

190) в.Пекевски Боро, Некои демографски појави што се откриваат со резултатите од пописот на населението и становите во 1981 година, зборник "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", МАНУ, Скопје, 1985, стр.465

**Табела 4:** Потеклото на научната интелигенција (село-град) во периодот 1948-1971 година

| Место на рађање | Македонија | Словенија |
|---|---|---|
| Град | 201 (75,8) | 64 (82,1) |
| Село | 64 (24,2) | 14 (17,9) |
| Вкупно: | 265 (100) | 78 (100) |

Извори: наведените кај табелата 1

Споредбата со родените до 1948 година (в.Табела 2), покажува дека процесите на урбанизацијата до 1971 година условиле пораст на интелигенцијата од градско потекло за 13,4 проценти, за колку што опаднало учеството на интелигенцијата од селско потекло. Посмирениот процес на урбанизација во Словенија, пак, условил пораст на интелигенцијата со градско потекло за 6,2 проценти, за колку што опаднало и учеството на онаа од селско потекло.[191]

Кај генерацијата родени до 1948 година, покрај Скопје, како значајни центри на регрутација на научната интелигенција се јавуваа и повеќе други поголеми градови. Анализата на генерацијата родена по 1947 година покажа дека Скопје станува најзначајниот центар на регрутација, додека другите градови, освен донекаде Битола и Штип, го губат значењето. Така, од

191) Овде е неопходно да споменеме дека податоците за Македонија се според евиденцијата до 1984 година што се одразува на апсолутните показатели, додека за Словенија располагавме само со евиденцијата до 1980 година од веќе наведениот извор. Тоа, секако, може да се одрази донекаде врз процентуалното учество, но сметаме дека и наведените податоци можат да ни послужат, во случајов, за споредување.

вкупниот број родени научни работници во овој период 102 или 50,7% се родени во Скопје, 27 или 13,4 во Битола и 12 или 5,9 се родени во Штип. Градовите како Прилеп, Охрид, Куманово, Струмица и особено Велес, повеќе не се значајни како средини од кои се регрутира научната интелигенција. Кај селските населби единствено се издвојуваат Владимирово (Берово) со четири нови научни работници и Галичник со три. Ваквата состојба, сама по себе, зборува речито за метрополизацијата на науката и ја поставува претпоставката за т.н. саморепродукција на интелигенцијата т.е. го поставува прашањето на различните можности за пристап кон научните институции на оние кои доаѓаат од внатрешноста на Македонија. Тоа, пак, може да не наведе на размислата дека науката не се чувствува како животен позив, туку како еден вид "привилегија".

Што се однесува до вкупните ориентации кон одделните научни подрачја на родените од 1948 година наваму нема позначајни промени. И понатаму најголемиот дел се во областа на општествено-хуманитарните науки (37,0%), потоа техничко-технолошките (25,3%), природно-математичките (17,4%), медицинските (10,9%) и земјоделско-шумарските (9,4%). Единствено се променило донекаде учеството на медицинските и земјоделско-шумарските науки: бројот на научните работници кај првите се зголемил во однос на вторите. Забележлива е,меѓутоа, тенденцијата на растење на учеството на општествено-хуманитарните науки (за 4,6 проценти) и на техничко-технолошките науки (за 4,2 проценти), додека кај земјоделско-шумарските и медицинските

науки тоа учество опаѓа (за 5,1 проценти односно 3,5 проценти). Природно-математичките науки се, со мала разлика, на истото ниво.[192] Што се однесува до промените на ориентациите на релацијата град-село тие можат да се проследат од следните податоци:

**Табела 5:** Потеклото на научната интелигенција според местото на раѓање (град-село) по одделни научни подрачја во периодот по 1948 година

| Научно порачје | Родени во: | | |
|---|---|---|---|
| | Град | Село | Разлика |
| 1. Општествени науки | 71 (35,3) | 27 (42,2) | +44 (-6,9) |
| 2. Природно-математички науки | 36 (18,0) | 10 (15,6) | +26 (+2,4) |
| 3. Техничко-технолошки науки | 61 (30,3) | 6 (9,4) | +55 (+20,9) |
| 4. Земјоделско-шумарски науки | 12 (6,0) | 13 (20,3) | - 1 (-14,3) |
| 5. Медицински науки | 21 (10,4) | 8 (12,5) | +13 (-2,1) |

Извор: наведен кај табелата 1

Според апсолутните показатели, оние од градско потекло најповеќе се определиле за општествените и техничко-технолош-

192) Според податоците за Словенија најголемо е учеството на оние од општествено-хуманитарните науки (28,5), потоа од техничко-технолошките (26,6), медицинските (18,9), земјоделско-шумарските (13,5) и природно-математичките науки (12,5). Извор: наведените под табелите 1 и 2

ките науки, а најмалку за земјоделско-шумарските, додека оние од селско потекло, исто така, за општествено-хуманитарните науки, но и за земјоделско-шумарските науки, а најмалку за техничко-технолошките и медицинските науки. Процентуалните разлики покажуваат, меѓутоа, дека од апсолутниот број оние од селско потекло, сепак, во поголем процент се определиле за медицинските и општествените науки од оние од градско потекло. Инаку, техничко-технолошките науки и понатаму остануваат "предодредени" за оние од градот, а земјоделско-шумарските науки за оние од селото.[193] Ако ги побараме проценуталните разлики на релацијата град-село за и двата анализирани периоди (на родените до 1947 и од 1948 наваму) ќе ги добиеме следните показатели:

**Табела 6:** Процентуални разлики на потеклото по местото на раѓање (град-село) на научната интелигенција меѓу периодите до 1947 и од 1948 наваму по одделни научни подрачја

| Научно подрачје | Родени во: | | Разлика (град-село) |
|---|---|---|---|
| | Град | Село | |
| 1. Општествени науки | 6,5 | 3,9 | +2,6 |
| 2. Природно-математички науки | 0,4 | 2,1 | -1,7 |
| 3. Техничко-технолошки науки | 6,9 | -7,8 | +14,7 |
| 4. Земјоделско-шумарски науки | 0,5 | 0,8 | -0,3 |
| 5. Медицински науки | 8,3 | 5,3 | +3,0 |

Пресметано според табелите 3 и 5.

193) Во Словенија кај оние од градско потекло учеството е следното: општествени науки 28,3%, техничко-технолошки науки 27,5%, медицински науки 19,9%, природно-математички 13,7% и земјоделско-шумарски 10,6%. Кај оние од селско потекло учеството е, по наведениот редослед: 29,1; 23,5; 16,о; 8,9 и 22,5

Процентуалната разлика покажува дека во однос на родените до 1948 година најголем пораст во учеството на научната интелигенција се забележува кај медицинските и техничките науки кај оние кои потекнуваат од град, додека кај оние кои потекнуваат од село кај медицинските и општествено-хуманитарните науки. Значаен пад кај родените на село се забележува кај техничко-технолошките науки и, како што може да се види, во тој поглед селото и градот се повеќе се оддалечуваат (разликата меѓу порастот кај оние од градско потекло и падот кај оние од селско потекло е 14,7 процентни поени).

Ни останува уште да го направиме вкупниот кумулативен пресек на потеклото (град-село) на научната интелигенција во Македонија, онака како што тој денес изгледа. Тој пресек, споредeн со пресекот во Словенија, ни ја дава следнава слика:[194]

**Табела 7**: Структура на научната интелигенција во Македонија и Словенија според местото на раѓање (град-село)

| Место на раѓање | Македонија | Словенија |
|---|---|---|
| Град | 847 (65,2) | 1293 (76,2) |
| Село | 453 (34,8) | 404 (23,8) |
| Вкупно: | 1300 (100) | 1697 (100) |

Извори: наведените под табелата 1

194) Податоците за Југославија, со кои располагавме, се однесуваа за родените до 1948 година, па затоа и не ги споредуваме во конечниот биланс. Пописот на научните кадри, кој го користиме за Македонија, е направен во 1984 година, а за Словенија до 1980 година, како што и понапред нагласивме.

Веднаш паѓа в очи дека научната интелигенција во Македонија е повеќе од селско потекло отколку во Словенија и покрај фактот што Македонија во повоениот период имаше посилно темпо на урбанизацијата. Меѓутоа, токму тој факт оди во прилог на тоа темпо: силните миграции на релацијата село-град довеле до зголемувањето на оние кои потекнуваат од село, додека во Словенија тоа темпо е посмирено па и процентуалниот сооднос покажува извесна стабилизација на миграциите.

Распоредот на потеклото, пак, според одделните научни подрачја денес е следниот:

**Табела 8**: Структура на научната интелигенција во Македонија по одделни научни подрачја според местото на раѓање (село-град)

| Научно подрачје | Родени во: Град | Родени во: Село | Разлика |
|---|---|---|---|
| 1. Општествени науки | 257 (30,3) | 176 (38,9) | 81 (-8,6) |
| 2. Природно-математички науки | 150 (17,7) | 79 (17,4) | 71 ( 0,3) |
| 3. Техничко-технолошки науки | 212 (25,0) | 73 (16,1) | 139 ( 8,9) |
| 4. Земјоделско-шумарски науки | 86 (10,2) | 89 (19,6) | -3 (-9,4) |
| 5. Медицински науки | 142 (16,8) | 36 ( 7,9) | 106 ( 8,9) |
| Вкупно: | 847 (100) | 453 (100) | |

Извор: наведениот под табелата 1

Може да се констатира дека најголемиот број на оние кои потекнуваат од град се определиле за општествените и тех-

ничко-технолошките науки, а најмалку за земјоделско-шумарските науки, додека оние кои потекнуваат од село најмногу за општествените и земјоделско-шумарските науки, а најмалку за медицинските. И апсолутните и процентуалните разлики, меѓутоа, зборуваат дека техничко-технолошките и медицинските науки се "предодредени", пред сè, за оние од градско потекло, додека, пак, земјоделско-шумарските се "предодредени" за оние од селско потекло. Процентуалната разлика ни укажува и на таквиот карактер на општествено-хуманитарните науки: дека оние од селско потекло, сепак, повеќе се определувале кон овие науки од оние од градско потекло.[195]

За да ги согледаме појасно процесите во поглед на промените во потеклото на научната интелигенција според местото на раѓање, ќе ги споредиме промените на градското и селското население и промените на научната интелигенција од соодветното потекло за трите анализирани периоди на нејзиното раѓање:

**Табела 9:** Порастот на градското и селското население во Македонија и на научната интелигенција по местото на раѓање во периодот 1921-1971 год.

| Година: | 1921 | | 1948 | | 1971 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | I | N | I | N | I |
| НАСЕЛЕНИЕ | | | | | | |
| Градско | 214.910 | (100) | 318.499 | 148,2 | 803.077 | 373,6 |
| Селско | 593.814 | (100) | 834.485 | 140,5 | 844.231 | 142,2 |
| ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (потекло) | | | | | | |
| Градско | 89 | (100) | 646 | 725,8 | 847 | 951,7 |
| Селско | 25 | (100) | 389 | 1556,0 | 453 | 1812,0 |

Извори: Статистички преглед на РЗС бр.115 и 126; наведениот, за Македонија, под табелата 1

Додека во однос на 1921 година градското население во 1948 и 1971 година пораснало за речиси еден и пол пат, односно повеќе од три и пол пати, научната интелигенција од градско потекло пораснала за повеќе од седум, односно за девет и пол пати. Тоа е, секако, нормално со оглед на апсолутниот пораст на градското население, особено во периодот меѓу 1948 и 1971 година. Масовното регрутирање на интелигенцијата од селско потекло, како резултат на урбанизацијата, особено доаѓа до израз кога ќе се споредат податоците за селското население. Имено, порастот на селското население по 1948 година, како резултат на "празнењето" на селата, стагнира. Така, додека во однос на 1921 година во 1948 година тоа пораснало за речиси еден и пол пат, тој ист однос останува и во 1971 година, по цели 23 години!

За каков егзодус на интелектуален потенцијал, кој веќе никогаш нема да се врати во селото, станува збор, може да се види и од фактот дека во однос на 1921 година, во 1948 година бројот на интелигенцијата од селско потекло пораснал за преку петнаесет и пол пати, а во 1971 година дури за повеќе од осумнаесет пати! Податоците, како за населението во целина, така и за оние млади луѓе кои отишле во градот за да учат и за да останат во него, речито укажуваат не само за економ-

195) Во Словенија од оние кои потекнуваат од град 28,4% се во областа на општествено-хуманитарните науки, 27,3% во техничко-технолошките науки, 19,0% во областа на медицинските науки, 14,6% во природно-математичките науки и 10,7 во земјоделско-шумарските науки. Оние кои се од селско потекло се застапени (по истиот редослед): 29,7%; 23,5%; 15,8%; 9,4%; и 21,5%. - Извор: наведениот под табела 1

ското опаѓање на селото, туку и за неговото целосно духовно осиромашување и културно пропаѓање.

Со метрополизацијата на науката и самите градови, во тој поглед, се само извори на научен потенцијал кој, откако ќе се оформи како таков, останува во метрополата.[196] Податоците, имено, покажуваат дека Скопје, според апсолутниот број на родени научни работници во него, е главниот извор на научната интелигенција. Во вкупниот број научни работници од градско потекло, процентуално, Скопје учествува, во однос на другите градови во Македонија, со 38,3%, што одговара и на неговото учество во вкупното градско население.[197] Меѓутоа, релативните показатели за односот помеѓу бројот на населението во одделните градови и родените научни работници во нив ќе ни покажат дека некои далеку помали и понеразвиени градови се далеку поплодни "расадници" на научна интелигенција од метрополата или од другите поголеми градови во Македонија. Според апсолутните показатели редоследот е следниот: Скопје (283), Битола (81), Прилеп (53), Охрид (46), Велес (33), Штип (32), Стру-

---

196) Извесни промени, во таа смисла, настанаа со отворањето на некои факултети во некои градови (Битола, Прилеп, Охрид, Штип), но концентрацијата на кадрите и материјалниот потенцијал е, сè уште, во Скопје. Дури некои од овие факултети беа укинати, како нерационални, со што се укинаа и самите, иако скромни, зачетоци на науката во нив.

197) Во вкупното градско население Скопје учествувало во 1948 година со 31,2%, во 1953 година со 34%, во 1961 година со 36,3% и во 1971 година со 39,0%. Наспроти тоа, учеството на средните и помалите градови опаднало. Инаку, концентрацијата на градско население во Скопје е поголема одошто во кој и да е друг републички главен град во Југославија, со исклучок на Белград. - В.Ќурчиев Александар, Трајните миграции на населението во СР Македонија, наведениот зборник на МАНУ, стр. 309

мица (31), Куманово (26), Кочани (16), Тетово (15), Кавадарци (13), Радовиш (11), Ресен (11), Кратово (9), Гевгелија, Струга, Крива Паланка и Дебар (по 8), Крушево, Неготино, Кичево (по 7) Берово и Гостивар (по 6), Валандово и Пехчево (по 5), Свети Николе и Виница (по 3), Делчево (2) и М.Брод (1). Со оглед на големината на градовите редоследот е "лигичен", освен што донекаде отскокнуваат Кочани, Радовиш, Ресен и Кратово. Ако, меѓутоа, се земе хронолошката средна големина на населението за секој град посебно, според пописите на населението од 1953,1961 и 1971 година, и ако тоа се спореди со бројот на родените во периодите анализирани порано, тој "логичен" редослед во многу ќе се измени. Така според родените на илјада жители "придонесот" на одделните градови е следниот:[198]

**Табела 10:** Редослед на градовите во Македонија според бројот на научни работници родени во нив на 1000 жители

| Град | Број на жители (хр.ср.гол.) | Број родени научни раб. | На 1000 жители |
|---|---|---|---|
| 1. Кратово | 2.638 | 9 | 3,4 |
| 2. Пехчево | 1.821 | 5 | 2,8 |
| 3. Охрид | 17.998 | 46 | 2,6 |
| 4. Крива Паланка | 3.296 | 8 | 2,4 |
| 5. Струмица | 16.770 | 31 | 1,8 |
| 6. Ресен | 5.999 | 11 | 1,8 |
| 7. Крушево | 4.130 | 7 | 1,7 |
| 8. Битола | 50.150 | 81 | 1,6 |

198) Обично кадровскиот потенцијал се споредува на десет илјади жители. Меѓутоа, со оглед на фактот дека овде не се работи за одделни земји, туку за градови од кои некои се под 10.000 жители принудени сме да постапиме на наведениот начин што, во секој слуачј не го менува соодносот.

Табела 10 (продолжение)

| Град | Број на жители (хр.ср.гол.) | Број родени научни раб. | Над 1000 жители |
|---|---|---|---|
| 9. Радовиш | 6.847 | 11 | 1,6 |
| 10. Штип | 20.402 | 32 | 1,6 |
| 11. Неготино | 4.533 | 7 | 1,5 |
| 12. Кочани | 11.828 | 16 | 1,4 |
| 13. Берово | 4.462 | 6 | 1,3 |
| 14. Прилеп | 40.436 | 53 | 1,3 |
| 15. Велес | 27.552 | 33 | 1,2 |
| 16. Дебар | 6.747 | 8 | 1,2 |
| 17. Скопје | 255.163 | 283 | 1,1 |
| 18. Гевгелија | 7.464 | 8 | 1,1 |
| 19. Струга | 7.546 | 8 | 1,1 |
| 20. Кавадарци | 14.491 | 13 | 0,9 |
| 21. Куманово | 33.821 | 26 | 0,8 |
| 22. Виница | 4.283 | 3 | 0,7 |
| 23. Кичево | 11.402 | 7 | 0,6 |
| 24. Св.Николе | 4.975 | 3 | 0,6 |
| 25. Тетово | 26.667 | 15 | 0,6 |
| 26. Делчево | 3.608 | 2 | 0,6 |
| 27. Гостивар | 17.087 | 6 | 0,4 |
| 28. Пробиштип | 3.286 | - | - |

Пресметано според изворите наведени под табелата 1 и според Статистички годишник на СРМ за 1990 год. стр. 506

При наведениот редослед градовите како што се Скопје, Битола, Прилеп, Велес го немаат веќе оној "рејтинг" кој, според апсолутните цифри, речиси секогаш беше резервиран за нив. Дури и такви градови како што се Кавадарци, Куманово, Тетово се при дното на скалата со научни работници на илјада жители - под еден. Наспроти тоа при самиот врв се таквите населени места како што се Кратово, Пехчево, Кр.Паланка, Ресен,Крушево итн

Дел од научната интелигенција, како што видовме, се регрутира и од контингентот на селското население. Одделните градски центри, како центри на одделните општини, треба оттука да се посматраат заедно со селското население кое гравитира околу нив. Но, пред да го прикажеме редоследот на тој начин ќе ги приложиме и податоците за учеството на одделните општини во регрутирањето на научната интелигенција од селско потекло. Така, според бројот на селското население предничат Тетово, Скопје, Куманово, Битола, Гостивар, Струмица, Прилеп, Струга итн. Би требало да се очекува од овие општини да се регрутира и најголемиот број на научна интелигенција од селско потекло што, апсолутните податоци, со извесни исклучоци и го потврдуваат. Овој вид на интелигенција најповеќе се регрутирал од Гостивар (46), Кавадарци (20), Прилеп (26), Битола (19), Берово (18), Гевгелија (18), Охрид (16), Скопје (17), Велес (16), Струмица (15) итн. додека најмалку од Делчево (2), Св.Николе (3), М.Брод, Неготино, Радовиш и Штип (по 4) итн. Во општините Валандово и Крушево не е регистриран ни еден научен работник од селата. Би рекле, повторно, еден "логичен" редослед. Анализата направена според веќе наведениот начин за градското население, меѓутоа, исто така, повторно ќе ја демантира таа "логика". Со оглед на тоа што селското население кај сите анализирани општини се движи над десет илјади жители во можност сме да се држиме и до веќе утврденото правило - да прикажеме колку научни работници од селско потекло доаѓаат на десет илјади жители.[199] Податоците до кои дојдовме во таа анализа се следните:

---

199) Бидејќи не располагавме со податоци за бројот на селското население по општини според пописот од 1953 година, средната големина на бројот на селското население се однесува на пописите од 1961 и 1971 година.

**Табела 11**: Редослед на општините во Македонија според бројот на научните работници родени на село на 10.000 селско население

| Општина | Бр.селско нас. (просек 1961-71) | Бр.родени науч.раб. | На 10.000 жители |
|---|---|---|---|
| 1. Берово | 13.460 | 18 | 13,3 |
| 2. Кавадарци | 15.679 | 20 | 12,8 |
| 3. Гевгелија | 17.468 | 18 | 10,3 |
| 4. Гостивар | 55.980 | 46 | 8,2 |
| 5. Демир Хисар | 16.442 | 11 | 6,7 |
| 6. Ресен | 17.312 | 11 | 6,4 |
| 7. Пробиштип | 11.317 | 7 | 6,2 |
| 8. Велес | 27.497 | 16 | 6,0 |
| 9. Виница | 10.442 | 6 | 5,7 |
| 10. Охрид | 29.235 | 16 | 5,5 |
| 11. Прилеп | 49.667 | 26 | 5,2 |
| 12. Дебар | 14.529 | 7 | 4,8 |
| 13. Кичево | 29.150 | 14 | 4,8 |
| 14. Кратово | 12.427 | 5 | 4,0 |
| 15. Кочани | 26.845 | 10 | 3,7 |
| 16. Кр.Паланка | 26.796 | 10 | 3,7 |
| 17. Неготино | 11.129 | 4 | 3,6 |
| 18. Струга | 36.481 | 12 | 3,3 |
| 19. Битола | 60.689 | 19 | 3,1 |
| 20. Струмица | 51.718 | 15 | 3,0 |
| 21. Штип | 14.826 | 4 | 2,7 |
| 22. Радовиш | 16.198 | 4 | 2,5 |
| 23. М.Брод | 16.930 | 4 | 2,3 |
| 24. Скопје (сите општ.) | 74.378 | 17 | 2,3 |
| 25. Св.Николе | 16.223 | 3 | 1,9 |
| 26. Куманово | 66.789 | 10 | 1,5 |
| 27. Делчево | 16.023 | 2 | 1,2 |
| 28. Тетово | 87.437 | 10 | 1,1 |

Извори: наведениот под табелата 1 и Статистички преглед на РЗС,бр.17

Паѓа, како прво, во очи фактот дека општините со поголем број на селско население не се јавуваат како позначајни подрачја на интелигенцијата од селско потекло. Таков е случајот со Битола, Скопје, Струмица, Куманово, а посебно е интересен феноменот на Тетово како општина со најголем број на население која е на крајот од скалата. Тоа е секако, резултат на повеќе фактори од кои како значаен се јавува националниот состав на регионите и општото културно образовно ниво на населението. Во поглед на потеклото село-град кај повеќе општини се јавува една структурална инверзија. Имено, општините како што се Кавадарци, Гевгелија, Гостивар, Пробиштип, Велес, Виница, кај кои, во поглед на интелигенцијата од градско потекло, беше забележана извесна инсуфициенција, се при врвот на скалата на регрутираната интелигенција од селско потекло. И обратно: кај повеќе општини кои се јавуваат како инсуфициентни во поглед на регрутирањето на интелигенција од селско потекло, како што е случајот со Радовиш, Штип, Струмица, Битола, Неготино, Крушево, Крива Паланка, Кочани, Кратово, а од кои повеќето се со голем број на селско население, регрутацијата била поголема од градот.

Пред да изведеме некои поопшти карактеристики и заклучоци во врска со наведените податоци ќе ја прикажеме и општата состојба на секоја општина одделно во поглед на т.н. регионално потекло на интелигенцијата. Збирните податоци и за оние кои потекнуваат од градовите и за оние кои потекнуваат од селата ни ја оформуваат конечната географска "интелектуална карта" на Македонија која ќе ни овозможи да ги определиме и поши-

роките подрачја на учеството во формирањето и обновувањето на научната интелигенција, а кои би ни послужиле како основа за понатамошни споредби и анализа, во врска со другите конституциони карактеристики на тие подрачја.[200]

Податоците, во таа смисла, ни ја даваат следната состојба.[201]

**Табела 12:** Редослед на општините во македонија според бројот на научните работници родени во нив на 10.000 жители

| Општина | Бр.на жители (хр.ср.гол.) | Бр.родени науч.раб. | На 10.000 жители |
|---|---|---|---|
| 1. Охрид | 45.966 | 62 | 13,5 |
| 2. Берово | 19.989 | 24 | 12,0 |
| 3. Скопје | 254.313 | 300 | 11,8 |
| 4. Кавадарци | 29.909 | 33 | 11,0 |
| 5. Гевгелија | 23.711 | 26 | 11,0 |
| 6. Штип | 34.387 | 36 | 10,6 |
| 7. Дебар | 16.414 | 15 | 9,4 |
| 8. Битола | 107.297 | 100 | 9,3 |
| 9. Ресен | 23.873 | 22 | 9,2 |
| 10. Прилеп | 89.441 | 79 | 8,9 |
| 11. Велес | 57.433 | 51 | 8,9 |
| 12. Кратово | 15.624 | 14 | 8,8 |
| 13. Гостивар | 68.417 | 52 | 7,6 |
| 14. Струмица | 63.042 | 46 | 7,3 |
| 15. Кочани | 36.030 | 26 | 7,2 |
| 16. Радовиш | 24.290 | 15 | 6,3 |
| 17. Демир Хисар | 17.949 | 11 | 6,1 |

---

200) За сознанијата од тој вид во Србија види: Nemanjić Miloš, Neke tendencije u nastanku i obnovljanju stvaralačke inteligencije Srbije, "Sociološki pregled" 1964/2-3

201) При пресметката на бројот на жителите е земена хронолошката средна големина на населението според пописите од 1948,1953,1961 и 1971 г.

Табела 12 (продолжение)

| Општина | Бр.на жители (хр.ср.гол.) | Бр.родени науч.раб. | На 10.000 жители |
|---|---|---|---|
| 18. Виница | 14.951 | 9 | 6,0 |
| 19. Крива Паланка | 31.822 | 18 | 5,6 |
| 20. Неготино | 16.396 | 9 | 5,6 |
| 21. Крушево | 13.186 | 7 | 5,4 |
| 22. Кичево | 40.655 | 21 | 5,1 |
| 23. Валандово | 9.936 | 5 | 5,0 |
| 24. Струга | 40.838 | 20 | 4,9 |
| 25. Пробиштип | 14.504 | 7 | 4,6 |
| 26. Куманово | 95.863 | 36 | 3,8 |
| 27. М.Брод | 17.786 | 5 | 2,7 |
| 28. Св.Николе | 23.589 | 6 | 2,5 |
| 29. Тетово | 101.766 | 25 | 2,3 |
| 30. Делчево | 20.347 | 4 | 2,0 |

Извори: наведениот под табелата 1 и СГМ за 1990 год. стр. 432

Податоците покажуваат дека, според потеклото на научната интелигенција, општините во Македонија можат да се поделат на три групи. Првата група ја сочинуваат оние општини од кои потекнуваат повеќе од десет научни работници. Тоа се општините Охрид, Берово, Скопје (како целина), Кавадарци, Гевгелија и Штип. Втората група, која е и најбројна, ги опфаќа оние општини од кадешто потекнуваат од пет до десет научни работници, додека третата група ги опфаќа општините кај кои се регистрирани од два до пет научни работника со соодветно потекло - Струга, Пробиштип, Куманово, Македонски Брод, Свети Николе, Тетово и Делчево.[202]

Досегашната анализа, која не открива некои посебни правилности во дистрибуцијата на потеклото на научната интелигенција, упатува, сепак, на констатацијата дека при регрутацијата на научната интелигенција, па и на интелигенцијата воопшто, не влијаат некакви генерални фактори, туку дека одделните случаи бараат и посебна понатамошна анализа. Имено, една покрај друга суштествуваат општини од различни групи. На пример, Охрид од првата група покрај Струга од третата, или Берово од првата покрај Делчево од третата, каков што е случајот и со Гевгелија и Валандово, Штип и Свети Николе итн. Значи, иако се работи за региони со слични економски, географски и др. карактеристики, фреквенцијата на регрутацијата е различна. Од друга страна се јавува, на пример, феноменот на Берово со селото Владимирово, на Гостивар со селата Галичник, Лазарополе и Леуново, како села кај кои бележиме една "традиција" за одење во науката. Или феноменот на Тетово и Куманово кои се, и кај градското и кај селското потекло, при дното на скалата. Или феноменот на едно Кратово или едно Пехчево, кои се на врвот на скалата според градското потекло на научната интелигенција. Или, на крајот, феноменот на Скопје кои, и кај двата вида на потекло, е далеку под многу други населени места и кое,

---

202) И дистрибуцијата на бројот на запишаните студенти од одделните општини во Македонија е слична. Така, највисока стапка на запишани студенти е утврдена кај Скопје, потоа кај Берово, Штип, Кавадарци, Охрид, Битола итн. Најниска стапка, пак, е забележана кај општините Дебар, Тетово, М.Брод, Гостивар, Демир Хисар итн. - в. Жерновска Пауна, Школување на населението на факултетите, високите и вишите школи во СРМ, "Прикази и студии", 1975/46, изд.РЗС, Скопје, 1975, стр.25

на свој начин, ни зборува за односот на релацијата метропола - внатрешност.[203]

Целокупната таа анализа, значи, иако не може да ни ги открие сите скриени посебни детерминанти на проучуваниот феномен, ни овозможува, сепак, како што би рекол и Ескарпи, да ги зацртаме основните линии на, во случајов, социјално-географското потекло на интелигенцијата во Македонија. Во таа смисла би истакнале неколку поопшти констатации.

Прво, научната интелигенција, како посебен вид на популација, во Македонија се формирала под силно влијание на тектониката на другите демографски групи чија подвижност, која е под влијание на вкупните промени во општеството, дејствувала како акцелератор на нејзината регрутација. Со тоа, пак, се надминува статичноста на регрутацијата на т.н. традиционална интелигенција за која е повеќе карактеристична саморепродукцијата и затвореноста од сталешки тип. Примерот на Македонија покажува дека силните демографски разместувања, проследени со демократизацијата на социјалната промоција, особено на релацијата село-град, доведуваат до проширување на социјалната основа на потеклото на интелигенцијата иако градот и понатаму останува доминантен во процентуална смисла. Во тој поглед, доколку продолжи тенденцијата на смирување на миграциите која е присутна во последната деценија, може да се очекува повторно интелектуална стабилизација која предноста ќе му ја даде на градот. Тоа особено се однесува за научната интелигенција.

203) За истражувањата на оваа релација во Франција, а кои се однесуваат на потеклото на француските писатели, види во наведеното дело на Роберт Ескарпи, стр.53-56

Може, како второ, да се забележи дека општата (не)развиеност на одделните региони не е така силен фактор на регрутацијата на интелигенцијата. Мислењето кое може, понекогаш, да се чуе дека "бегството" од пасивните краеви води кон интелектуалните професии барем, во случајот на Македонија, не се потврдува. Имено, анализата на потеклото на научната интелигенција не го издвојува посебно тој фактор. Научната интелигенција во Македонија е, во тој поглед, формирана и со миграциите од пасивните региони, но не помалку и од регионите кои, за македонски услови, не би можеле да се означат како такви. Во таа насока може да се рече дека и едните и другите подрачја вршеле "притисок" врз сферата на образованието, а оттука и на сферата на науката.[204]

Традиционалната шема на дихотомијата меѓу селото и градот и на поделбата на трудот меѓу нив, сѐ уште е, донекаде, присутна кај групните ориентации кон научните подрачја. Во таа смисла интелигенцијата се јавува сѐ уште како "органска" на што укажуваше и Грамши. Областа на земјоделско-шумарските науки и голем дел од општествените науки се јавуваат како силни гравитациони подрачја за оние кои потекнуваат од селото, додека областа на техничките науки кој, се разбира, се врзува за модерното индустриско производство, ги привлекува, во најголем број случаи, оние кои се од градско потекло.

---

204) Интересно е, во поглед на наведената теза, да се спроведат извесни истражувања за другите интелектуални професии, особено на оние во стопанството или во државниот и друг апарат, на пример.

Макар и посредно, местото на некои градски населби на скалата на регрутацијата, наведува на заклучокот дека определена улога во ориентациите има и "школската традиција" на некогашните македонски први поразвиени центри на просветната дејност, особено онаа световната која била поврзана и со создавањето на младата македонска буржоазија во деветнаесеттиот век. Примерот на Охрид, потоа на Штип, Гевгелија, Кавадарци, потоа на Битола, Прилеп, Велес, па и на Кратово, Дебар или Ресен, како и на таквите населби кои во минатото имале определена интелектуална традиција, како што се Дојран, Галичник и Лазарополе, се индикативни во тој поглед.[205]

Треба ли, оттука, да се прифати тврдењето дека интелигенцијата на нашите пошироки простори има "најширока општествена основа" и дека, поради тоа "може да се говори за **народна** интелигенција"?[206] Извесно е тоа дека таквото прифаќање бара претходно уште еден додатен напор кој е во врска со утврдувањето и на социјално-професионалното потекло на интелигенцијата. Имено, наведеното тврдење го истакнува, покрај другото, и фактот дека интелигенцијата денес се регрутира од сите социјални слоеви. Ако, меѓутоа, јаземеме предвид постарата генерација на интелигенцијата тоа и не мора да биде точно. Ако е така, тогаш дали е точно тврдењето дека "интелектуалниот слој ја сле-

---

205) За создавањето на традициите на световното школство кај нас спореди: Кантарџиев Ристо, Школството и просветата во Македонија во периодот на Преродбата, зборник: "Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата", изд.МАНУ, Скопје,1979 год.

206) v.Horvat Branko, Horizontalna struktura jugoslovenskog društva, "Encyclopedia moderna" 1969/8, str.42

ди граѓанската класа во нејзиното издигање" и дека тој "и самиот се модифицира во тој полет", ширејќи го својот делокруг, менувајќи ја својата структура што, пак, е резултат на неговото "обогатување со елементи кои придоаѓаат од другите класи или општествени слоеви".[207] Или, пак, едноставно ќе се сложиме со Жан Пол Сартр кој за припадникот на слојот на интелигенцијата (но не и за интелектуалецот во творечка смисла) ќе рече: "Роден е, главно, во некој средишен слој на средната класа, задоен уште во детството со партикуларистичката идеологија на владејачката класа, станувајќи според својот труд **на секој начин** припадник на средната класа..."[208] Или, со Ерик Хобсбаум кој, имајќи ја предвид денешницата, смета дека постојат разлики во општественото потекло на интелектуалците при што елитните слоеви потекнуваат од постоечкиот граѓански сталеж. Тоа се, според него, "оние кои својата општествена положба и ја должат токму на насобраниот културен капитал на своите родители" додека наспроти на тоа, мнозинството "од првата генерација која е производ на ширењето на образованието во педесеттите години потекнува, главно, барем машките, од редовите на општеството кое е под граѓанскиот сталеж".[209] Хобсбаум, се разбира, го има предвид современото граѓанско општество но, за нас, неготово разликување на прва и втора генерација на интелигенција,

---

207) v.Bon Frèderic i Burnier Michel - Antoine, Intelektualci u društvu, Sp. "Kulturni radnik", 1967/1, str.105

208) v.Sartr Jean Paul, Šta je to intelektualac?, Sp. "Kulturni radnik", Zgb.br.1975/1, str.92-93

209) Hobsbawm Erik, Intelektualci i radnički pokret, "Kulturni radnik", 1979/5, str.129-130

т.е. прашањето на нејзината саморепродукција е, исто така, интересно и може да биде валидно во самата анализа. Дотолку повеќе што, во периодот по војната, со наглото ширење на можностите за образование и кај нас станува особено важен фактор дека "интелигенцијата повеќе не се регрутира само од сопственичката класа или горните слоеви на општеството, туку се умножува во милионска армија и претставува цел конгломерат на социјални слоеви".[210]

Истражувањата во наведениот правец Ескарпи, па и не само тој, ги смета за особено тешки, пред сè, поради самата "подготовка на статистиката" во врска со тоа потекло. Притоа, Ескарпи веќе имал предвид некои, како што вели тој, делумни и незадоволувачки трудови на тој план за кои смета дека можат само да покажат што би можело да се очекува од слични истражувања.[211] За нашата средина не наидовме дури ни на такви делумни сознанија кои, барем, би не навеле на трагот по кој би можеле да одиме. Особено во поглед на "подготовката на статистиката" со оглед на фактот дека таквата статистика, која се однесува на социјално-професионалното потекло, не постои. Останавме принудени општите идентификациони белези, како што е занимањето на родителите на пример, да ги собереме од самата

---

210) Кожул др Фрањо, Старе подјеле, нове страсти - анкета "Партија и интелигенција", весник "Борба" од 20-21.10.1984 год.

211) Роберт Ескарпи наведува две такви истражувања кои се однесуваат на француските и англиските писатели од 19 век, тргнувајќи од констатацијата дека појавата на т.н. "книжевна средина" е карактеристична за 19 и 20 век што се поклопува, всушност, со периодот на израснувањето на интелигенцијата како посебен и помасовен слој во општеството.- в. Eskarpit Robert,наведено дело, стр. 56-58

популација и тоа од оние поединци кои покажаа желба и разбирање да ни излезат во пресрет. На тој начин беа анкетирани вкупно 347 научни работници од неколку институции во Македонија кои, според постоечкиот непотполн попис, преставуваат 27,9% од научната интелигенција во Македонија.[212] Свесни дека ваквото наше истражување може да даде само делумни и повеќе илустративни отколку прецизни сознанија остануваме, сепак, со уверувањето дека ако успееме само "да покажеме што би можело да се очекува од сличните истражувања" во иднина, особено за нашата средина, донекаде сме ја постигнале целта. Во таа смисла она што ќе го изложиме е само еден вид експлорација која, ако ништо друго, треба да ги истакне оние социјални средини погодни, како што би рекол и Ескарпи, "за инкубација" на научната интелигенција кај нас.

При утврдувањето на социјалното потекло на научната интелигенција тргнавме од занимањето на родителот кој повеќе придонесувал со материјални средства во семејството. Шаренилото кое, меѓутоа, се јавува и во званичната статистика и во постоечките истражувања во однос на номенклатурата на занимањата ја отежнува социолошката анализа на тоа потекло. Официјално утврдениот список на групите на занимања кај нас, поради својата раситнетост, не е погоден за таквата анализа, осо-

---

212) Анкетирани се, всушност, научни работници од Филозофскиот, Машинскиот, Технолошкиот, Земјоделско-шумарскиот, Природно-математичкиот и Медицинскиот факултет во Скопје, како и од Економскиот факултет во Прилеп и од два института - Институтот за македонски јазик во Скопје и Институтот за старословенска култура во Прилеп. На тој начин опфатени се научни работници како од т.н. општествено-хуманистичка интелигенција, така и од т.н. техничка интелигенција. Покрај тоа дел од нив се и од институции надвор од Скопје како научна метропола.

бено за идентификација на одделните општествени слоеви. Номенклатурата која, пак, е употребена при класификацијата на занимањата кај пописот на населението од 1971 година испушта предвид некои занимања кои се значајни за нашата анализа.[213] Некогашната поделба на земјоделски, работнички и службенички занимања поради сѐ поголемата развиеност на поделбата на трудот, а и поради различната општествена положба на оние кои можат да се подведат под поимот "службеник", е веќе неприменлива и неприфатлива.

Во една таква ситуација на истражувачот не му останува ништо друго туку да постапи онака како што постапиле и одделни автори: да пристапи кон утврдување на своја, сопствена номенклатура која најповеќе би одговарала на потребите на истражувањето или да прифати некоја од веќе применетите номенклатури која најповеќе би му овозможила соодветни компарации. Ние постапивме на вториот начин прифаќајќи ја номенклатурата на едно слично истражување извршено на Универзитетот во Белград. Во таа смисла занимањата се групирани на следниот начин: 1. Индивидуален земјоделец; 2. Работник; 3. Самостоен занаетчија или трговец; 4. Административен персонал (со нижа или средна

213) Таа номенклатура е следната: 1. Земјоделци и сродни работници; 2.Рудари, индустриски и сродни работници; 3. Работници во трговија; 4. Работници во услуги; 5. Персонална заштита; 6. Управни, административни и сродни работници; 7. Раководен персонал; 8. Стручњаци и уметници; 9. Други занимања. И оваа номенклатура е доста раситнета и како таква се јавува кај наведениот попис. Понатаму во званичната статистика среќаваме поделби само со оглед на степенот на образованието.Ако, меѓутоа, се знае дека степенот на образованието не значи секогаш и бавење со одредена професија, тогаш е јасно дека ни таа поделба не е погодна за нашата анализа. - в.СГМ за 1973 год., стр.384

стручна подготовка); 5. Стручен кадар со средно образование; 6. Стручњак со високо образование, просветен или културен работник; 7. Научник, односно универзитетски наставник; 8. Непознато.[214] Некои занимања, како што може да се види, се групирани во покрупни целини (како што е случај со работниците, занаетчиите, стручњаците, просветните и културните работници и уметниците), а некои се изделени посебно (како што е случајот со научниците односно универзитетските наставници) што ни овозможува, како споредување со званичната статистика, така и со наведените истражувања, а таквата класификација може да се вклопи и во анализата на општата социјална структура.

Што ни покажа анализата на социјалното потекло на научната интелигенција може да се види од следните податоци споредени со процентуалните показатели од истражувањето во Белград.

**Табела 13**: Социјалното потекло на научната интелигенција според занимањето на родителот.

| Занимање на родителот | Македонија Н. | Македонија % | Унив.Белград % |
|---|---|---|---|
| 1. Ундивидуален земјоделец | 49 | 17,0 | 13,9 |
| 2. Работник | 68 | 23,6 | 11,1 |
| 3. Самостоен занаетчија или трговец | 23 | 8,0 | 7,3 |
| 4. Административен персонал | 48 | 16,7 | 12,8 |

214) Станува забор за истражувањето на социолошкиот профил на наставно-научниот кадар на Универзитетот во Белград, спроведено во 1974/75 година врз 2339 испитаници. - в. Zdravković Silvija, Univerzitetski nastavnici u savremenom jugoslovenskom društvu, izd."Savremena administracija!, Beograd, 1977, str.67-70

Табела 13 (продолжение)

| Занимање на родителот | Македонија Н. | % | Унив.Белград % |
|---|---|---|---|
| 5. Средностручен кадар | 11 | 3,8 | 3,8 |
| 6. Стручњак, просветен или културен работ. или уметник | 77 | 26,7 | 35,4 |
| 7. Научник или универзитетски наставник | 12 | 4,2 | 3,6 |
| 8. Непознато (т.е.друго) | 59 | / | 12,0 |
| Вкупно: | 288(347) | 100 | 100 |

ЗАБЕЛЕШКА: Со нашата анкета беа опфатени, како што наведовме, 347 научни работници. Ние го наведуваме потеклото на 288 испитаници затоа што на прашањето за занимањето на родителот еден дел од анкетираните, и покрај нагласувањето дека го истражуваме социјалното потекло, не дал одговор или, пак, во графата за занимањето на родителот впишале "пензионер" или "покоен"!

Дистрибуцијата на податоците, како за Македонија, така и за Универзитетот во Белград, оди во прилог на веќе наведеното мислење дека научната интелигенција, барем во последните децении, не се регрутира само од повисоките слоеви на општеството, туку дека таа е, според своето социјално потекло, конгломерат на различни општествени слоеви. Вкупниот општествено-економски развој, експанзијата на високото школство и неговата достапност за сите социјални групи довеле, очигледно, до тоа академската структура да ја надмине својата традиционална затвореност, разликувајќи се во многу од таквата структура во минатото.[215] Од друга страна, и присутното мислење дека "интелектуалноста" на семејството е еден од основните

предуслови за формирањето на идниот интелектуалец изгледа сериозно загрозено со фактот дека голем дел од научната интелигенција потекнува, сепак, од работнички семејства (во Македонија двојно повеќе од Универзитетот во Белград). Не е мал ни бројот на оние од земјоделско потекло, како и на оние чиј родител работел како понизок административен службеник. Најголемиот дел од испитаниците, и кај двете истражувања, потекнуваат од родители стручњаци со високо образование (инженери, правници, економисти, лекари и сл.), односно од родители од просветната, културната и сл.струка.[216] Со оглед на често при-

---

215) Во недостаток на соодветни податоци за нашата средина како илустрација и во еден поширок контекст, ќе ги наведеме, во таа смисла, податоците кои ги дава Роберт Ескарпи за потеклото на одреден број француски и англиски писатели од 19 век. Така, 18% од писателите во Англија и 8% од писателите во Франција потекнувале од благородништвото; 14% од писателите во Англија (за Франција нема податок) потекнувале од свештенството; 4% од писателите во Англија и дури 24% од писателите во Франција потекнувале од слојот на војската; 14% односно 16% потекнувале од слободните професии и од универзитетските занимања; 12% односно 20% од занаетчиско, трговско или банкарско потекло; 10% односно 4% од високото чиновништво; по 8% од мануелните работници и селаните итн.- в. Eskarpit Robert, наведеното дело, стр.57. Интересно е дека во нашето истражување сретнавме само по еден случај со потекло од фабрикант и од свештеник, само по два случаја со потекло од уметник и слободни професии, и осум случаи со потекло од војничките занимања.

216) Силвија Здравковиќ наведува дека дури и во структурата на наставниот и научен кадар на универзитетите како што се оние во Оксфорд и Кембриџ, 15% од наставниците се од работничко потекло, додека на поновите универзитети како што е, на пример универзитетот Minor Redbrick, овој процент достигнал и до 27%.- Zdravković Silvija, наведениот труд,стр.67. Заради споредба ќе ги споменеме и податоците кои ги приложува, врз основа на други истражувања, Сејмор М.Липсет за потеклото на универзитетските професори од областа на општествените науки во САД, а кои податоци датираат од 1958 година, но кои коренсондираат со нашите. Така, 25% од овие професори потекнувале од родители со менаџерско занимање, 23% од друг вид на стручњаци, 15% од немануелни работници и ситен бизнис, 15% од мануелни работници, 13% од фармери итн.- в. Lipset M.Sejmor, Politički čovek, izd. "Rad", Beograd, 1969, str. 393

сутното мислење дека научната интелигенција ја има "способноста" да се саморепродуцира застапеноста на оние кои потекнуваат од таква средина, сепак, не е така големо.

Ако, меѓутоа, одделните занимања на родителите на испитаниците ги групираме според поделбата на мануелни и немануелни занимања тогаш излегува дека, и понатаму, поголем дел од научната интелигенција потекнува од родители кои се занимавале или се занимаваат со немануелни занимања. Имено, 51,4% од родителите се од оваа категорија, а 48,6% од мануелните занимања. Кај универзитетските наставници во Белград тоа е уште поизразено (55,6% наспрема 32,5%). Се истакнува и фактот дека најголем број од научните работници денес потекнува од повисоките интелектуални слоеви - во нашето истражување 30,9%, а во истражувањето во Белград 39%.[217]

Би била интересна, во тој поглед, споредбата со застапеноста на одделните мануелни и немануелни занимања (вклучувајќи ги тука и административните работници) во вкупното активно население со показателите за структурата на потеклото на научната интелигенција. Така, ако за база ги земеме податоците од пописот на населението од 1971 година, тогаш може да се види дека во вкупното активно население (630.346 лица), земјоделците биле застапени со 42,7% (269.196), работниците

---

217) Слични се и податоците кои се, во оваа смисла, добиени во истражувањата во Хрватска, само во однос на школската подготовка на родителите на истражувачите во оваа република. Се наведува дека во 24% случаи родителот на истражувачот имал средно образование, а во 36% случаи (заедно со оние кои имале магистериум или докторат) биле со више и високо образование.- в. Prpić Katarina, Socijalni profil istraživača, sp. "Naše teme", 1985/1-3, str.147

(онака како што ние ги групиравме) со 30,6% (192.739), а останатите занимања со 16,6% (105.041).[218] Веднаш може да се забележи: ако слојот на немануелните занимања е застапен во вкупното активно население со далеку помал процент, кај социјалното потекло на научната интелигенција застапеноста на овој слој е значајна. Кај слоевите на мануелните занимања ситуацијата е обратна. Процентот на оние кои потекнуваат од нив, и покрај апсолутното зголемување, не соодветствува на висината на процентот на учеството на мануелните занимања во вкупното активно население.[219]

Со овие податоци уште порелјефно се потврдува фактот дека научната интелигенција, па веројатно и интелигенцијата воопшто, се регрутира претежно од немануелните средини и дека "интелектуалноста" на семејството, се уште, има своја улога во формирањето на интелектуалците. Ќе го дополниме овој заклучок и со податокот дека во 1971 година стручњаците и уметниците во вкупното население биле застапени само со 7,3%, а во структурата на социјалното потекло на научната интелигенција, како што видовме, тие занимања се доминантни (26,7%). Сличното може да се каже и за административните занимања кои, во изведената година, во вкупното активно население биле застапени само 6%, а во структурата на социјалното потекло научната интелигенција со 17% или за цели 11% повеќе.[220]

---

218) Понапред веќе нагласивме дека оваа година ја земаме за база поради тоа што по неа не срекаваме "стасана" научна интелигенција, а и поради тоа што само при овој попис е употребена соодветната класификација на занимањата.

219) Пресметано според СГМ за 1973 година, стр. 384

220) Исто, стр. 384

Ако се знае дека социјалната структура на научната интелигенција најдиректно се репродуцира од социјалната структура на студенската популација од кое нешто зависи и карактерот на таа интелигенција тогаш за нашето истражување се, секако, значајни и оние сознанија до кои се дошло во проучувањето на таа популација. Се разбира не мора да значи дека оваа структура, со оглед на шансите за промоција во науката, мора да биде отсликана и во структурата на социјалното потекло на научниот кадар. Сознанијата, меѓутоа, до кои ние дојдовме не се разликуваат многу од оние до кои се дошло во веќе извршените истражувања на социјалното потекло на студентите во Македонија.[221] Тоа зборува дека научната сфера во Ма-

---

221) Станува збор за истражувањето на д-р Петре Георгиевски "Социјалната структура на студентите во СР Македонија и нејзиното влијание врз изборот на факултетот (високата и вишата школа), другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето кое е, како докторска дисертација, одбрането на Филозофскиот факултет во Скопје во 1981 година. Во ова истражување, како едно од ретките од овој вид во Македонија, покрај другото се заклучува дека во еден временски тек "постојано се одржува највисока застапеност на студентите од службеничко потекло, односно со потекло од немануелните слоеви и постојаната тенденција на намалување на учеството на студентите од земјоделско потекло во вкупниот број студенти кои студираат во СР Македонија". Што се однесува до застапеноста на студентите од работничко потекло, во ова истражување се истакнува дека "во почетниот период, т.е. околу 50-тите години таа е мошне помала од застапеноста на студентите со земјоделско потекло. Меѓутоа, во подоцнежниот период промените во учеството на студентите од работничко потекло се побрзи и позначајни и достигнуваат учество од 30% кое е, се уште, под учеството на работничката класа во вкупното население". Зголемувањето на учеството на работничката студентска младина е, според авторот, резултат на "брзиот процес на зголемување и пораст на работничката класа во вкупното население; понатаму, на брзиот развој и ширењето на мрежата на високото образование во СР Македонија, што е изразено од крајот на 60-те години, кога запишувањето се "демократизира" со тнр. "слободен упис" без разлика на успехот во средното училиште". Во нашето истражување видовме дека застапеноста на научниот кадар од работничко потекло во Македонија е 23,6% што е, секако, резултат на промените во социјалната структура

кедонија има соодветна пропусна моќ за сите социјални слоеви или, барем досега, ја имала таа моќ што ја прави да биде, во таа смисла, неелитистичка.[222]

Со оглед на нашата неможност, поради релативно малиот примерок на испитаници, да направиме анализа на темпоралното, генерациско движење на промените во социјалното потекло на научната интелигенција, а во паралела со општите промени во социјалната структура, ќе го споредиме само социјалното потекло на оние кои имаат наставно-научно знаење (а кои се, по правило, постари) и на оние кои се со соработничко звање (а кои се, со исклучоци, помлади). Ова е дотолку попотребно што и веќе наведените истражувања укажуваат на фактот дека "процентот на самообновување на академскиот кадар се удвоил во редовите на најмладата генерација.[223] Ги наведуваме и тие податоци:

---

на студентите. Слично може да се рече и за оние од земјоделско потекло, додека кај немануелните занимања процентот кај научниот кадар е поголем што оди во прилог на тезата дека "интелектуалноста" на занимањето е, сепак, значајна за бавењето со наука, односно дека, во тој поглед, постојат извесни "филтри".- в.Георгиевски Петре, наведениот труд, стр. 434 и 499-500.

222) Некои оваа особина ја толкуваат со "младоста" на универзитетите и научните институции кои, поради тоа, а и поради својата неафирмираност, немале време да се елитизираат во смисла на саморепродукција на кадарот. При споредбата со Универзитетот во Белград видовме дека тој има "поелитистички" карактер при што се укажува на тоа "дека се работи за универзитет со доста долга традиција за наши услови" и кој, поради тоа, "природно пројавува поголем степен на инертност на промените отколку што е тоа случај со новоосновани универзитети". - в. Zdravković Silvija, наведениот труд, стр.70

223) v. Zdravković Silvija, наведениот труд, стр. 69

**Табела 14:** Социјалното потекло на научната интелигенција во Македонија според научното звање

| Занимање на родителот | Наставно-научно звање | | Соработничко звање | | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | Н. | % | Н. | % | % |
| 1. Индивидуален земјоделец | 39 | 21,7 | 10 | 9,3 | -12,4 |
| 2. Работник | 39 | 21,7 | 29 | 26,9 | 5,2 |
| 3. Самостоен занаетчија односно трговец | 18 | 10,0 | 5 | 4,6 | -5,4 |
| 4. Административен персонал | 38 | 21,1 | 10 | 9,3 | -11,8 |
| 5. Средностручен кадар | 2 | 1,1 | 9 | 8,3 | 7,2 |
| 6. Стручњак, просветен или култ.работник и уметник | 37 | 20,5 | 40 | 37,0 | 16,5 |
| 7. Научни, односно универ.наставник | 7 | 3,9 | 5 | 4,6 | 0,7 |
| Вкупно: | 180 | 100 | 108 | 100 | |

Забележливо е дека кај оние научни работници кои се со наставно-научно звање (кај постарите) се јавува извесна рамномерна застапеност на одделни занимања на родителот. Таа застапеност е иста кај занимањето индивидуален земјоделец и работник (21,7%), а речиси иста со нив е и застапеноста на административниот персонал (21,1%) и стручњак, просветен работник или културен работник и уметник (20,5). Оттука, може да се заклучи дека постарите генерации на научни работници главно се регрутирале од сите социјални слоеви.

Кај соработниците (помладите) веќе се забележуваат значајни промени во структурата на социјалното потекло. Најголемо опаѓање, за повеќе од 12%, се случило кај земјоделските занимања, а такво опаѓање е присутно и кај административните занимања, за 11,8%. Опаднало и учеството на занаетчиските занимања за 5,4%. Најголемо, пак, зголемување бележиме кај занимањата стручњак, просветен или културен работник и уметник, за 16,5%. Веднаш по нив се средностручните занимања со пораст од 7,2%. Извесно покачување е присутно и кај работничките занимања, за 5,2%. Зголемувањето на оние со потекло од семејство на научник односно универзитетски професор е, сепак, мало - само 0,7%.

Што, всушност, произлегува од наведените показатели? Пред се, јасно е изразена тенденцијата на "интелектуализација" на социјалното потекло на младата научна генерација. Најголемиот дел од нив е од родители стручњаци со високо образование што говори за поместување на научничкиот позив кон високите социјални слоеви, барем во смисла на образованието и начинот на животот. Иако, кај работничките занимања и понатаму се забележува извесен пораст, тој, сепак, не е со таков интензитет како кај високостручните занимања. Во таа смисла се јавува тенденцијата на постепена елитизација на научната професија за што зборува и фактот на опаѓање на застапеноста на административните занимања за кои е потребно, главно,средно образование. Од податоците, исто така, произлегува дека, барем во Македонија, самообновувањето на научната интелиген-

ција, т.е. создавањето на елита над елитата, не е толку изразено како тенденција.[224]

Промените кои настанале се, бездруго, резултат како на повоеното ширење на самиот слој на интелигенцијата, на нејзината поголема бројност, така и на соодветните поместувања кои настануваат секојдневно во работната сила согласно со барањата на научно-техничката револуција која ги заострува и критериумите на научната промоција. Со оглед на најновите чекори кои се преземаат во уписната политика на високошколските институции во Македонија, како и на заострувањето на критериумите за прифаќање на младиот научен кадар би можело да се претпостави дека таквата тенденција ќе продолжи и покрај фактот дека неповолната материјална положба на науката може да делува и во обратна насока.

Бидејќи е прикажано од кои социјални слоеви е конституирана научната интелигенција во целина и според генерацијата, би било занимливо да се прикаже тоа потекло и за

---

224) И резултатите од наведеното истражување на Универзитетот во Белград покажуваат слични тенденции. Големината на примерокот кај ова истражување овозможила да се направи и споредба меѓу три генерации научни работници - до 30 години, од 31 до 50 и од 51 до 70 години. Процентот на оние од земјоделско потекло од 13,4% кај најстарата генерација опаднал на 6,9%, застапеноста на оние од работничко потекло се зголемила од 9,8% на 14,9%, застапеноста на оние од занаетчиско потекло опаднала од 11,9% на само 3,2%,а значајно опаднала и застапеноста на оние чии родител бил од административните занимања, од 14,2% на 6,9%. Кај стручните занимања е забележан пораст од 36,6% кај најстарата генерација на 41,3% кај најмладите. Порастот на оние чии родител бил научен работник односно универзитетски професор од 1,9% на 6,3% укажува на позасилена тенденција на самообновување на научната интелигенција од онаа во Македонија.- в. Zdravković Silvija, наведениот труд, стр. 68

одделните научни подрачја. Податоците што ги добивме се следните:

**Табела 15:** Застапеноста на научната интелигенција според социјалното потекло во одделни научни подрачја

| Научно подрачје | Земјоделско-шумарски и биолошки науки* | Техничко-технолошки науки | Општеств.-хуманит. науки | Мадицински науки |
|---|---|---|---|---|
| Занимање на родителот | % | % | % | % |
| 1. Индивидуален земјоделец | 21,6 | 13,4 | 16,5 | 12,1 |
| 2. Работник | 27,8 | 13,4 | 32,9 | 6,1 |
| 3. Самостоен занаетчија одн. трговец | 6,2 | 10,4 | 7,7 | 9,1 |
| 4. Административен персонал | 15,5 | 26,9 | 11,0 | 15,1 |
| 5. Средностручен кадар | 3,1 | 1,5 | 6,6 | 3,0 |
| 6. Стручњак, просветен или културен работник и уметник | 23,7 | 32,8 | 17,6 | 48,5 |
| 7. Научник,односно универз.професор | 2,1 | 1,5 | 7,7 | 6,1 |
| Вкупно: | 100 | 100 | 100 | 100 |

*) Поради релативно малиот број испитаници од Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет (другите институти не ни ги доставија прашалниците) овие научни работници ги групиравме во областа на земјоделско-шумарските науки кои се најблиски на биолошките науки.

Најголемиот број на оние научни работници чие потекло е од земјоделските занимања се во земјоделско-шумарските и биолошките науки, оние од работничко потекло во општествено-

хуманитарните науки, оние од занаетчиско потекло во техничко-технолошките науки, оние со занимање на родителот од административната сфера се најзастапени кај техничко-технолошките науки, средностручните занимања кај општествено-хуманитарните науки, додека занимањето на родителот стручњак, просветен или културен работник и уметник е најповеќе застапено кај медицинските науки. Саморепродукцијата на научната интелигенција е, како што може да се види, најприсутна во сферата на општествено-хуманитарните и медицинските науки. Ако показателите ги посматраме вертикално тогаш произлегува дека кај земјоделско-шумарските и биолошките науки покрај занимањето стручњак, се јавува најчесто земјоделското и работничкото потекло, кај техничко-технолошките науки административното занимање на родителот, кај општествено хуманитарните науки предничи работничкото потекло, додека кај медицинските науки стручните занимања и занимањата од административен карактер.[225]

Ваквите показатели недвосмислено говорат за поизразена елитност на медицинските и техничко-технолошките науки во однос на земјоделско-шумарските и, особено, општествено-хуманитарните. Ако се знае дека медицинските и техничко-технолошките науки се, во поглед на подготовката за нив, најскапи а општествено-хуманитарните најевтини, тогаш ваквата дистрибуција на научната интелигенција е уште поразбирлива. Во секој случај, традиционалната претстава за пропусната моќ на

---

225) Кога сме веќе кај маедицинските науки да го спомeнеме и тоа дека 27,3% од соодветните испитаници потекнуваат од семејство во кое еден од родителите бил или е лекар.

одделните науки во однос на социјалното потекло не е многу променета. Оние со потекло од немануелните слоеви се поприсутни во науките кои, во постојната поделба на трудот, обезбедуваат попривилегирана општествена положба и кои се, поради тоа, од гледна точка на социјалната промоција поценети и поконјуктурни.[226]

Прашањето за социјалната промоција на научната интелигенција го наметнува, понатаму, и прашањето за нејзиното место во вкупната социјална структура, на местото кое таа го има, во таа структура денес. Ова дотолку повеќе што и историските анализи покажуваат дека "во текот на целиот историски развој" оваа социјална група, а посебно универзитетскиот кадар "претставувал повластена професионална група, чијшто материјален статус бил далеку повеќе во функција на општествениот углед на видот на трудот што го извршува отколку на конкретно покажаните резултати на работната активност".[227] Имено, припадниците на интелектуалните занимања, образовани на универзитетите, ги сочинувале општествените групи со висок статус. Затоа и не е претерана, можеби, констатацијата дека "целта на стекнатото боразование била, не толку да обезбеди специфично оспособување и стручност колку да овозможи безделно живеење и соодветен општествен престиж" и дека "идеологијата на професионализмот на тоа време ја нагласувала

---

226) За дејството на социјалното потекло врз изборот на видот на високото образование види поопширно во наведеното истражување на д-р Петре Георгиевски, стр. 450 и натаму.

227) Zdravković Silvija, наведениот труд, стр. 80

независноста на интелектуалците од вработувањето, клиентите, економската принуда, па дури и од самиот труд".[228] Радикалните промени во таа смисла започнуваат, всушност, со индустриската револуција и со изразената професионализација на интелектуалните занимања. Тој процес, може да се рече, трае и денес и во нашите актуелни услови може да се очекува дури и негово засилување. Со тоа и прашањето за денешниот социјален статус на научната интелигенција и за нејзиното место меѓу општествените слоеви одново се актуелизира и станува интересно за соодветна социолошка обработка. Од друга страна, со оглед на најновите процеси во нашето општество, во чија матица посебно место добива реприватизацијата на сопственоста и логиката на профитот, одново се поставува и прашањето на обновувањето на социјално-економската диференцијација од класен тип и тоа како "основна тенденција", а не само како "отстапување и деформација" кои се јавуваа во условите на општествената сопственост.[229] Тие процеси и таа матица најверојатно ќе го променат и ќе го редефинираат и местото на интелигенцијата кај нас во смисла на

228) Исто, стр.15 - Во прилог на ваквата функција на образованието оди и сфаќањето на Маркс за разликувањето на класите во општеството. Имено, како што е познато, во "Осумнаесеттиот пример на Луј Бонапарта" како конститутивен елемент на класната положба тој го смета и образованието и можностите за образование.

229) За доскорешните заблуди околу таквите "основни тенденции" и "отстапувања и деформации", во нашата социологија доволно е да се упатиме на констатациите изнесени во истражувањата на д-р Михајло Поповиќ и соработниците за социјалната структура на социјалистичкото општество кои, во тој поглед, можат да се земат за не толку идеолошки обоени. - в. Popović Mihajlo, Teorijske pretpostavke i pojmovni elementi istraživanja, Во студијата "Društveni slojevi i društvena svest", JDN, Beograd, 1977, str.37

маргинализација на извесни нејзини делови или, пак, во смисла на таквиот нејзин професионален статус кај кој обезбедувањето на егзистенцијата со сопствениот труд се повеќе ќе избива во прв план.

Оттука, и покрај тоа што општествената положба на одредените општествени групи и на поединците кои ним им припаѓаат се определуваат со повеќе компоненти меѓу кои се, секако, најзначајни местото што тие го заземаат во распределбата на материјалното богатство, во професионалната поделба на трудот и во распределбата на општествено-политичката моќ и углед, ќе се задржиме, пред се, на материјалниот статус на научната интелигенција кај нас. Таа компонента, барем во актуелните длабоки преструктуирања на поделбата на трудот кај нас, и во условите на релативна политичка нестабилност и брзите промени на соодветната моќ, ни се чини во моментов најиндикативна како за сегашниот, така и за идниот социјален статус на интелигенцијата.

Не потценувајќи ги, секако, сите оние други атрибути кои го определуваат, во социолошка смисла, тој статус ќе се повикаме, барем во овој момент на старата, можеби навистина добра изрека на Еврипид дека "и робот е почитуван ако стекнал богатство, а слободниот човек кој е сиромав не е ништо". Зашто, ако ни биде дозволена една мала импресија која во научна смисла бара посебна расправа, ни се чини, понекогаш, дека супституцијата на материјалниот статус на интелигенцијата со други, нематеријални, статусни ознаки заличува на извесна хипокризија од страна на материјално повисоките

општествени слоеви кон интелигенцијата. На таа хипокризија, понатаму, свесно или несвесно, можат да и подлегнат и самите социолози во своите истражувања кои,потпирајќи се, главно, на определени ставови на средината кон интелигенцијата изведуваат и соодветни заклучоци.

Би требало, ако се има предвид традиционалното гледиште кое Т.Х.Маршал прегнатно го изразил со зборовите "интелектуалецот не работел за да би бил платен; тој бидувал платен за да би можел да работи", да се очекува научната интелигенција да има, и кај нас, соодветен материјален статус кој, ако не и обезбедува стил и начин на живот својствен на повисоките слоеви, барем да го приближува кон нив.[230] Ова дотолку повеќе што, од аспект на општествените потреби и улогата која треба таа да ја има, често се истакнува нејзиниот висок општествен углед.

Тргнувајќи од ставот дека научната интелигенција е релативно хомогена група како во рамките на самата интелигенција воопшто, така и во општеството пошироко, ќе се обидеме низ само неколку индикатори за нејзиниот материјален статус да ја лоцираме во слојната структура на македонското општество денес, имајќи ги предвид сите превирања низ кое тоа поминува.

Како индикатори за материјалната положба, во случајов, ние ги зедовме:

---

230) Цитирано според: Zdravković Silvija, наведеното дело, стр.15

1. Платата, т.е. личните примања што се остваруваат за редовниот труд што се вложува во организацијата каде што се работи;

2. Дополнителните примања по која и да е основа, а кои позначајно влијаат врз материјалната положба;

3. Поседувањето на недвижен имот (земја, деловен простор, куќа за одмор и сл.);

4. Станбените услови во кои се живее.

Овие индикатори, според нас, или укажуваат на оние фактори кои влијаат најдиректно врз материјалната положба или, пак, сами за себе говорат за таа положба. Се разбира, имаме предвид дека можат да се земат и ред други но, се чини, дека наведените четири, барем за нашите услови, се јавуваат како основни и објективни. Имено, ред други, како што се, на пример, оние за месечната потрошувачка и животните трошоци на семејството, поседувањето на подвижна сопственост и сл., се, често, од субјективна природа и се врзани за бројноста на семејството, начинот на живот, па дури и од сликата која се сака да се создаде за себе.

Поновите податоци за личните примања според степенот на стручна подготовка предвидена за вршење на одредени работни задачи ни говорат дека, на пример, во март 1991 година просечните примања на оние со докторска титула во сферата на образованието и науката изнесувале во Македонија 8.037 динари, на оние со магистерска титула 5.702 динари, а на оние со високо образование 4.876 динари.[231] Ако, според

231) Наведено според: Статистички преглед на РЗС бр.213,Скопје,1991 год. стр.24

степенот на образованието, се земе дека тој одговара на определените звања во науката (наставно-научно, асистентско и почетничко асистентско), тогаш доколку се направи споредба со скалата на висината на примањата (од најниските до највоските) во Македонија, во наведениот период, тогаш ќе може да се утврди и местото на таа скала на наградeноста на трудот на научната интелигенција. Според висината на овие примања, кои се прикажани во помали интервалски класи (вкупно дваесет), почнувајќи од примањата до 1.600 динари, па се до примањата над 35.000 динари произлегува дека најмладиот научен кадар се наоѓа во осмата интервалска класа, асистентскиот кадар во деветтата, а наставно-научниот кадар во единаесеттата интервалска класа.[232] Ако наведените класи, заради поголема прегледност ги групираме според Ворнеровата стратификациона скала, се разбира земена условно, состојбата би можеле да ја прикажеме и на следниот начин:

**Табела 16:** Структура на вработените во Македонија според висината на платата (март 1991)

| Висина на платата | Број на вработени | % |
|---|---|---|
| Ниско ниско платени (до 2.500) | 74.555 | 18,8 |
| Повисоко ниско платени (од 2.501-5000) | 209.385 | 52,8 |
| Ниско средно платени (од 5.001-12.000) | 109.056 | 27,5 |

232) Исто, стр.46-47. Се работи за вработени во претпријатија и организации од општествена, задружна и мешовита сопственост.

Табела 16 (продолжение)

| Висина на платата | Број на вработени | % |
|---|---|---|
| Повисоко средно платени (од 12.001-20.000) | 3.172 | 0,8 |
| Ниско високо платени (од 20.001-30.000) | - | - |
| Повисоко високо платени (од 30.001-35.000 и повеќе) | 396 | 0,1 |
| Вкупно: | 396.564 | 100 |

На овој начин прикажаната состојба на платите во Македонија уште појасно ни ја оцртува позицијата на научната интелигенција во поглед на нејзините редовни примања. Според таа состојба и веќе наведените просечни заработувачки наставно-научниот кадар спаѓа во категоријата на "ниско средно" платените, додека најмладиот соработнички кадар во категоријата на "повисоко ниско платените". Тоа се, воедно, и набројните категории на вработени во Македонија кои, заедно, сочинуваат преку 80% од вработените. Колку тоа и да изгледа чудно, барем според вреднувањето на трудот, научната интелигенција е поблиску до ниските општествени слоеви отколку кон високите кои, во случајов, се уште претставуваат тенок сегмент на општеството.[233] Се поставува веднаш прашањето: можно ли е наведените

233) Чувствуваме потреба да забележиме дека во званичната статистика, кога се изнесуваат податоците за платите кај нас, па и во дискусиите околу материјалната положба на науката, често се прибегнува, најчесто од идеолошки или политички причини, кон еден, нека ни биде дозволено да се изразиме така, испробан "трик": просечниот личен доход во науката да се споредува со просечниот личен доход во стопанските деј-

материјални примања на научната интелигенција да бидат супституирани со другите ознаки на статусот во општеството како што се угледот, престижот, условите на работа, образованоста и уважувањето од општествената средина? Или, едноставно речено: можно ли е со таквата награда за својот труд да се овозможи стил и начин на живот својствен, така да речеме, на повисоките слоеви? Одговорот би бил сигурно негативен и покрај тоа што се укажува на фактот дека "губењето на апсолутниот примат на скалата на материјалното вреднување не мора секогаш да значи и влошување на вистинската материјална положба на определени социопрофесионални групи"[234] Тој факт се поткрепува со некои проценки дека вкупните примања на академскиот кадар во современите високоразвиени земји, ако се имаат предвид сите дополнителни заработувачки стекнати врз основа на истражувачката и консултативната работа за потребите на стопанството и општествените служби, се такви што и понатаму овозможуваат "стил и

---

ности без, притоа, да се земе предвид квалификационата структура на вработените. Така, секогаш, испаѓа дека научните работници се релативно добро платени иако тие можат да се споредуваат само со високостручниот кадар во стопанството - раководните лица, инженерите и сл. Меѓутоа, споредувањата на платите на универзитетските професори, на пример, и со други занимања и функции од тој тип кои се извршени во светот покажуваат дека академскиот кадар ја губи својата материјална предност во однос на тие професии. Појавата, како што во таа смисла наведува и Силвија Здравковиќ, задобила такви размери што, уште во далечната 1962 година, Британското здружение на универзитетските наставници вложило протест до Националната комисија за приходи тврдејќи дека платите на универзитетите се за околу 25% пониски ос приходите на најквалификуваните стручњаци во индустријата и во јавните служби. Ваквите примери, па и нашата анализа, покажуваат дека традиционалната повластена положба на овој слој значително се изменила.- в.Zdravković Silvija, наведено дело, стр. 31

234) Zdravković Silvija, наведеното дело, стр. 33

начин на живот својствен на повисоките класи".[235] Таквите проценки бараат, се разбира, дополнителни проверки што се однесува до високоразвиените земји. Кај нас, можеби, тоа би можело да се рече за елитниот дел на интелигенцијата или за еден дел од т.н. техничка интелигенција кои таа можност ја имаат. Дали, меѓутоа, тоа може да се рече за научната интелигенција во целина? Наместо одговор ќе ги приложиме одговорите на самите испитаници:

**Табела 17:** Прашање: Имате ли дополнителни примања кои посуштински влијаат на Вашиот материјален статус?

| Одговор | Со наставно-научно звање | | Со соработнички звање | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н. | % | Н. | % | Н. | % |
| Да | 17 | 7,7 | 2 | 1,6 | 19 | 5,5 |
| Не | 205 | 92,3 | 123 | 98,4 | 328 | 94,5 |
| Вкупно: | 222 | 100 | 125 | 100 | 347 | 100 |

Доколку ваквите одговори ги прифатиме без резерва во поглед на нивната искреност произлегува дека сосема мал дел од анкетираните имаат такви дополнителни примања кои можат позначајно да влијаат на нивниот материјален статус. Кај оние со наставно-научно звање само 7,7% одговориле дека имаат такви примања, а кај соработниците таквиот одговор речиси изостанува. Останува, оттука, да се заклучи дека научната интелиген-

235) Исто, стр.33

ција живее, главно, од платата што ќе ја прими.[236] Со оглед на досегашниот начин на финансирање на оваа сфера од трудот може единствено да се истакне, како позначаен атрибут на статусот на научникот, релативната **сигурност** на примањата по овој основ, за разлика од некои други сфери каде што таа сигурност, и покрај понекогаш подобрата платеност на трудот, ја нема. Со најновите општествени промени, меѓутоа, може да се очекуваат и промени во оваа сфера кои можат да влијаат врз оваа сигурност во смисла на нејзино заменување со правилата на економската логика.

Едно од прашањата кое беше поставено е и она дали трудот на научниот кадар, според мислењето на самите испитаници, е доволно вреднуван. Одговорот е, безмалку, со хорски призвук. Речиси сите одговориле со "не"! Само четири испитаници сметаат дека е тој доволно вреднуван, додека девет испитаници одговориле со "не знам". Кај научната интелигенција, значи, постои еднодушност во уверувањето дека научниот труд не е адекватно платен. Во таквата ситуација единствениот излез се гледа во

---

236) Наспроти ваквиот заклучок Силвија Здравковиќ истакнува дека појавата на ангажирање на дополнителен труд вон од матичната куќа поприма широки размери. Таа наведува дека во едно истражување на Сараевскиот универзитет, на прашањето за причините за остварување на дополнителна заработувачка, 6% од испитаниците изјавиле дека не сака заработка вон факултетот, 10% како мотив го навеле радувањето на творечкиот труд, додека другите изјавиле или дека работат за да би го подобриле својот материјален статус бидејќи природата на работата со која се бават тоа го бара, или дека не работат хонорарно затоа што не можат да најдат таков ангажман. Со оглед на тоа дека наведениот автор ја изнесува горната констатација во 1977 година би можело да се претпостави дека, најверојатно, денес можностите за дополнителен ангажман се значајно стеснати. - Исто, стр. 83

што побрзото напредување кон повисоките научни звања, особено во што побрзото напуштање на соработничките звања кои се и најмалку вреднувани или, што е карактеристично за поново време, во "бегството" на интелигенцијата, особено техничката, во поразвиените земји. Со процесот на забрзан развој на т.н. мало стопанство и приватизацијата на сопственоста се забележува, иако, се уште, инцидентно и појавата на бавење со друга дејност која овозможува и додатни приходи.[237]

Во утврдувањето на материјалниот статус на научната интелигенција кон претходното го приклучивме и (не)поседувањето на недвижна сопственост кое нешто, сепак, ја зголемува материјалната сигурност на поединецот. Добиени се следните одговори:

**Табела 18:** Прашање: Дали поседувате недвижна сопственост (земја, куќа за одмор, деловен простор и сл.)?

| Одговор | Со научно звање | | Со соработничко звање | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| Да | 74 | 33,3 | 18 | 14,4 | 92 | 26,5 |
| Не | 148 | 66,7 | 107 | 85,6 | 255 | 73,5 |
| Се: | 222 | 100 | 125 | 100 | 347 | 100 |

237) Инаку, наведената авторка Силвија Здравковиќ ги наведува и одговорите на испитаниците, во веќе споменатата анкета на Универзитетот во Белград, добиена на сличното прашање за вреднувањето на трудот на академскиот кадар. Имено, од вкупно 2232 испитаника, 60,4% изјавиле дека се незадоволни со тоа вреднување, и дека дистрибуцијата на одговорите на асистентите и наставниците не покажува суштински разлики во оценката. Потполно незадоволство со наградувањето изразиле 60,6% од асистентите-приправници, 66,2% од асистентите и 57,1% од наставниците.- Со оглед на тоа дека истражувањето е изведено во учебната 1874-75 година можеме да претпоставиме дека, со оглед на нашите одговори, материјалната положба на научниот кадар е влошена.- Исто, стр. 82

Состојбата со поседување на недвижна сопственост е поповолна од онаа со дополнителните примања иако, според она што го нагласиле испитаниците, се работи најчесто за поседување куќа за одмор. Тоа нешто, меѓутоа, не влијае само на можностите за одмор и рекреација, туку својата вредност ја има и во можноста за отуѓување на таквата сопственост. Сосема е, се чини, разбирливо тоа што ваквата сопственост е покарактеристична за повисоките звања, т.е. за оние кои, низ својот подолг работен стаж, имале можност да ја стекнат. Инаку, според одделните научни области недвижност најповеќе поседуваат оние од техничко-технолошките науки (38%), како и од медицинските науки (37,1%), додека најмалку оние од областа на општествено-хуманитарните науки (19,2%) што е, на свој начин, индикатор и за материјалната моќ на тие одделни сегменти од научната интелигенција. Се чини, меѓутоа, дека можностите за стекнување на недвижна сопственост, во условите на релативното осиромашување на научната интелигенција, во иднина ќе се смалуваат во корист на други општествени слоеви, пред се на оние кои веќе се формираат врз основа на приватниот капитал.

Еден од показателите за материјалниот статус, се, секако, и станбените услови во кои поединецот и неговото семејство живее и, барем кога е научникот во прашање, често и работи. (Не) решеното станбено прашање е, навистина, особено значајно како чинител, посебно за младиот научен кадар, и за материјалната моќ на научникот тоа да го реши. Анкетата покажа дека најголемиот дел од научната интелигенција има обезбедено

извесни станбени услови, иако не ги баравме и податоците за квадратурата, и тоа најчесто со лични средства. Распоредот на податоците, според видот на живеалиштето е, сепак, илустративен за општиот контекст на материјалниот статус:

**Табела 19:** Вид на живеалиштето на научниот кадар

| Вид на живеалиштето | Со научно звање | | Со соработн. звање | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| а) Сопствена индивидуална станбена зграда (куќа) | 50 | 22,5 | 22 | 17,6 | 72 | 20,7 |
| б) Стан во лична сопственост | 100 | 45,0 | 27 | 21,6 | 127 | 36,6 |
| в) Општествен стан | 50 | 22,5 | 15 | 12,0 | 65 | 18,7 |
| г) Кај родители, роднини и сл. | 14 | 6,3 | 47 | 37,6 | 61 | 17,6 |
| д) Потстанар | 8 | 3,6 | 14 | 11,2 | 22 | 6,4 |
| Се: | 222 | 100 | 125 | 100 | 347 | 100 |

Очигледно е, значи, дека се најзастапени оние кои, под овие или оние услови, го решавале станбеното прашање со лични средства. Тоа се однесува како на поседувањето на стан во лична сопственост, така и за поседувањето на сопствена индивидуална станбена зграда. Иако, со оглед на досегашните прилики, би можело да се очекува поголем процент на оние кои добиле општествен стан, сепак само 18,7% поседуваат станарско право. Останува, значи, фактот дека еден поголем дел од своите приходи научникот ги насочува кон решавањето на станбеното прашање за

што зборува и релативно неповолната структура на живеалиштето на помладиот соработнички кадар.

Објективните показатели кои ги наведовме, несомнено, кај научната интелигенција, несомнено создаваат одредена свест за себе си и за својот статус во општеството. Традиционалниот и елитистички статус на оваа интелигенција во минатото донекаде како да го потиснуваше прашањето на нејзината материјална егзистенција заменувајќи го него со "привидот на незаинтересираност за економската компонента на трудот" што, пред се, било овозможено со "положбата која универзитетите ја имале во рамките на буџетската потрошувачка, а што имало за последица обезбеденост на приходите" на научните работници.[238] Тоа, во извесна смисла, би можело да се прифати и за досегашната ситуација кај нас. Тргнувајќи од таквиот традиционално висок углед на дејноста која тие ја обавуваат, но и од релативно скромната наградeност на таа дејност, анализата, меѓутоа, не наведува на констатацијата дека кај самата интелигенција, постепено, се формира свест за нејзиното несоодветно материјално вреднување. Тоа нешто, пак, влијае на нејзиното мислење за сопствената слојна припадност и покрај "високиот углед на дејноста" што ја вршат. Како изгледа таа самолокација? Можеби е најдобро да ги видиме одговорите на нашите испитаници:

---

238) Исто, стр. 20

**Табела 20:** Прашање: На кој општествен слој, според Вашето мислење, му припаѓате?

| Слој | Со научно звање | | Со соработ.звање | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| а) Висок | 13 | 5,8 | 3 | 2,4 | 16 | 4,6 |
| б) Среден | 149 | 67,1 | 77 | 61,1 | 226 | 65,1 |
| в) Низок | 31 | 14,0 | 21 | 17,0 | 52 | 15,0 |
| г) Не знам | 29 | 13,1 | 24 | 19,2 | 53 | 15,3 |
| С е : | 222 | 100 | 125 | 100 | 347 | 100 |

Како што можеше и да се очекува најголемиот број испитаници од научната интелигенција кај нас (65,1%) смета (или го има чувството) дека припаѓа на средниот слој. Мал број од нив се чувствува како припадник на високиот слој, само 4,6%. Наспроти тоа еден поголем дел (15,0%) смета дека треба да се лоцира во нискиот слој на општеството, што како податок не е за занемарување. Особено ако се има предвид фактот дека еден таков дел (15,3%) не може да го определи тоа свое место и покрај тоа што, сепак, се работи за поединци со највисоко образование и интелектуален статус. Процентот на таквите е, како што може да се забележи, поголем кај младиот научен кадар кој, во таа смисла, се чувствува недефиниран. Полошиот материјален статус на овој кадар условува, веројатно, и повисок процент на оние кои се лоцираат во нискиот слој.

Такво е мислењето на научниците за себе кај нас. Според Липсет, меѓутоа, повисоко мислење за себе немаат, на при-

мер, ни американските интелектуалци. Повикувајќи се на повеќе истражување извршени во шеесеттите години во Соединетите Држави тој ќе забележи: "Зачудува фактот дека сликата која за американските интелектуалци ја имаат нивните сограѓани е сосема различна од она што интелектуалците го претпоставуваат. Додека интелектуалците можат да чувствуваат дека се запоставени и омаловажени, испитувањата на јавното мислење покажуваат дека заедницата ги става прилично високо на скалата на релативниот статус на занимањето".[239] Какво е, во тој поглед, мислењето на јавноста во Македонија? Во недостаток на сопствени истражувања ќе се повикаме на оние кои се веќе направени кај нас и кои се од, релативно, понов датум. Така, овие истражувања покажуваат дека и во услови на економска криза, според угледот на занимањето (што, секако, го вклучува и материјалниот статус) универзитетскиот професор или научникот е во горниот дел на скалата, но, сепак, не толку високо за да би можел да се вброи во елитата. Имено, на скалата од петнаесет занимања тој е на шестото место, пред стручњакот, наставникот во училиштето, новинарот, уметникот и службеникот, но по директорот, политичкиот

---

239) Во една таква студија, како што наведува Липсет, која опфатила 96 занимања, а која ја спровел Националниот центар за испитување на јавното мислење на Универзитетот во Чикаго, професорите имале повисок ранг од сите неполитички занимања, со исклучок на лекарите. Уметниците, членовите на симфониски оркестар и писателите заземале речиси исто толку високо место. Главно, нагласува Липсет, оваа студија покажува дека во Америка интелектуалните занимања уживаат приближно ист престиж како и големите бизнисмени, банкари и директори на корпорации. Тој наведува дека до слични резултати е дојдено и во истражувањата во Јапонија, Велика Британија, Германија, Австралија, па и во Бразил, Филипини, Данска Холандија. - в. Lipset M.Sejmor, Politički čovek, "Rad" Beograd, 1969, str.391

функционер, лекарот, судијата па дури и функционерот на општинско ниво.[240] Ваквото рангирање е поблиску до мислењето што американските интелектуалци - професори и научници - го имаат за себе, отколку до јавното мислење во Соединетите Држави.[241] Во извештајот од наведеното истражување се прикажани и мислењата за угледот на занимањата на одделните категории лица со различен социопрофесионален статус. Општите (физички) работници ја рангирале професијата професор на универзитет или научник нешто пониско од општата интергрупна скала, на седмото место, со тоа што пред неа ги ставиле стручњаците. Сличен став изразиле и административните работници и персоналот за заштита. Интересен е, во секој случај, ставот на земјоделците. Универзитетскиот наставник или научникот на нивната скала е дури на деветтото место. Пред него се рангирани не само стручњакот и наставникот во основно и средно училиште, туку и приватниот занаетчија! Повисоко оваа професија е рангирана од страна на стручњаците, културно-просветните и здравствените работници како и од невработените испитаници - на петтото место. За првите зад неа се судијата и стручњакот, додека за вторите (невработените) судијата, па стручњакот. Највисоко универзитет-

---

240) в.Свеста и однесувањето на граѓаните во услови на економска криза, делот за угледот на занимањата, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 1985 год. (Едиција: Јавното мислење во СРМ), стр.334. Со истражувањето се опфатени 1300 граѓани од Македонија.

241) Липсет во таа смисла го наведува "речиси универзалното" чувство на американските интелектуалци дека се наоѓаат ниско на општествената скала (по престижот, приходот и моќта) во споредба со бизнисмените и стручњаците. - в.Lipset M.Sejmor, наведеното дело, стр. 390

ските професори и научниците се рангирани од страна на раководителите и општествено-политичките работници, на четвртото место, веднаш зад функционерите, директорите, општинските функционери, а подолу на скалата се лекарот, судијата, стручњакот итн. Другите испитаници, како што се квалификуваните и висококвалификуваните работници, трговските, угостителските работници, приватните занаетчии и другите слободни професии, стручњаците со средна стручна подготовка, како и домаќинките, учениците и студентите и пензионерите оваа професија ја ставиле како и во општата интергрупна скала, на шестото место со извесни поинакви разместувања кај другите професии.[242]

Основната констатација која е извлечена од ова истражување е таа дека оценката на угледот на занимањата е во значителна корелативна врска со занимањето на испитаникот, т.е. дека определувањето на угледот во многу зависи од тоа колку нему различните занимања му се блиски, познати, колку со нив доаѓа во непосреден допир и колку тој допир игра улога во неговиот живот. Оттука, на пример, и повисокото рангирање на стручњаците во однос на научниците од страна на општите работници (чија работна судбина многу често зависи од директно претпоставените). Таков, е, се чини, и случајот со пониските административни работници. Квалификуваните и висококвалификуваните работници, како и слободните професии во таа смисла се "посамостојни". Очигледно е, пак, дека за земјоделците професијата

---

242) в.Наведеното истражување на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје, стр.309-333

научник е многу далечна и кај нив се уште се јавува остаток на традиционалната свест: учителот и наставникот, занаетчијата и сл. за нив се позначајни, перспективно подостижни и покоњуктурни. Што се однесува до функционерите и раководителите, меѓу кои неретко се наоѓаат и бивши универзитетски професори и научници и обратно, како и честите контакти кои меѓусебно ги имаат, се чини разбирливо што на ова занимање му доделуваат висок ранг, и што, на некој начин, се идентификуваат со него. Наместо посебен коментар ќе го поставиме прашањето кое, се чини, во себе го содржи и одговорот; не беше ли Грамши во право кога зборуваше за органскиот интелектуалец?

И скалата на угледот на занимањата што, во случајов, ја приведовме посочува на фактот дека научната интелигенција е некаде на средината на социопрофесионалниот статус на групите во општеството. Ако кон тој статус, како и кон веќе утврдената материјална положба на научната интелигенција, ги додадеме и некои посредни сознанија за нејзината општествена моќ кои говорат за средниот степен на таа моќ, како и искажувањата на самите испитаници за својата припадност, тогаш ќе се сложиме дека интелигенцијата, а во најзините рамки и научната интелигенција, и во социјалната структура на македонското општество му припаѓа, во својот најголем дел, на средниот општествен слој.[243] И на македонската интелигенција, која во

243) Овде ги имаме предвид истражувањата на Милосав Јаникијевиќ во групниот проект "Друштвени слојеви и друштвена свест", каде што тој наведува дека стручњаците вон стопанството имаат среден степен на оп-

првите повоени децении имаше извесни традиционални и елитни карактеристики, и се "случи", да го цитираме повторно Ескарпи, концентрација кон средната зона на социјалната скала" онака како што тоа се случи и во другите, поразвиени општества.[244]

---

штествена моќ што индиректно може да се однесува и на научната интелигенција. (в.Janičijević Milosav Opšti metodološki pristup i socijalne osobenosti društvenih slojeva, наведеното истражување, Београд, 1977, стр.61. Инаку, во определувањето на слоевитоста на македонското општество во основата тргнуваме од структурата која ја дава Михајло Поповиќ кој разликува: слој на политички и стопански ракводители (како највисок слој), потоа среден слој во кои ги вбројува вишите и високите стручњаци ("интелигенцијата") и административните и рутинските службеници, и на крајот слојот на непосредните производители и слојот на приватните сопственици. Велиме "во основата" затоа што сметаме дека ваквата стратификациска скала веќе претрпува соодветни поместувања со оглед на промените кои, особено во последните години,се случуваат кај нас. Имено, кон највисокиот слој на политичките и стопанските раководители, се приклучува се повеќе, ако веќе и не е над него, слојот на крупните приватни сопственици со перспектива да стане и највисокиот слој во општеството, додека ситните приватни сопственици ние би ги ставиле во средниот слој (т.н. традиционална средна класа). (в. Popović Mihajlo, Teoriske pretpostavke i poimovni elementi istraživanja, во наведеното истражување, во фус.75, стр. 40

244) Eskarpit Robert, наведеното дело, стр.58
Најновите социолошки информации од Соединетите Држави потврдуваат дека и во американското општество високите стручњаци, меѓу кои се и научниците, се третираат како припадници на "средната класа". (в.Enrenreich Barbara, Feminizam i konsolidavanje klase, "Pregled" br.253/1991, Ambasada Suedinjenih Američki Država, Zagreb, 1991, str.52

# Глава трета

## ПОЛОВАТА СТРУКТУРА: НАДМИНУВАЊЕ НА НАУЧНАТА "МАСКУЛИНОКРАТИЈА"

Метафората со која американскиот социолог Барбара Еренрајх ќе го изрази животот во средните слоеви на американското општество гласи: "страв од паѓање".[245] Таа своја метафора Еренрајх ќе ја објасни на следниот начин: "Негде кон крајот на шеесеттите години американското општество почна да заостанува на патот кој водеше во американскиот сон за богатство и рамноправност. Беше тоа крај на периодот со чијшто тек економската нееднаквост меѓу Американците опаѓаше. Оттогаш стремежот за постигнување на еднаквост, кој траеше уште од првите повоени години, нагло свртува во друг правец; многу богатите слоеви на општеството сè повеќе се оддалечуваат од средната класа која го губеше тлото под нозете. Некои економисти дури предвидуваа дека средната класа - во смисла на слоевите кои располагаат со осредно количество на пари потполно ќе ја снема. Меѓутоа, средната класа економски се одржа..."[246] Благодарејќи на што? Одговорот на Барбара Еренрајх не само што е оригинален, туку и доволно провокати-

---

245) Станува збор за најновата книга на спомената авторка "Fear of Falling: The Jnner Life of Middle Class" ("Страв од паѓање: животот во средната класа") издадена 1989 год.- в.Ehrenreich Barbara, Fenimizam i konsolidovanje klase","Pregled" izd.Ambasada SAD, Beograd,br. 253,1991 god., str. 52

246) Исто, стр.52

вен да го побуди вниманието на секој социолог: "Средната класа економски се одржа благодарејќи на еден нов, неочекуван фактор - на оригинално радикалната и егалитаристичка идеологија на феминизмот"! Или, како што се нагласува во уводната белешка кон овој труд што го цитираме, "низ приходот кој вработената жена го внесува во семејството"! Всушност со "појавата на браковите во кои мажот и жената се високообразовани и заработуваат високи плати кое нешто "го прошири јазот помеѓу добростоечките Американци и нивните помалку срекни сонародници"[247]

Дали нешто слично денес и се случува на "средната класа" кај нас е прашање кое, без некои додатни сознанија, не може да го добие својот позитивен одговор и покрај фактот дека, на прв поглед, некои сличности можат да се пронајдат.[248] Тезата на наведената авторка е, меѓутоа, дотолку интересна што,во врска со таа класа и нејзиниот статус, го истакнува проблемот на интелектуализацијата на половите, посебно кај женскиот пол. Имено, според неа, во текот на еден подолг период од овој век определени струки представуваа "тврдина на средната класа", и се до неодамна без резервирани за мажите. Низ целиот дваесетти

---

247) Исто,стр.52 (воведни забелешки)

248) Во стопанските поместувања во осумдесеттите години, нагласува Еренрајх, многу фактори влијаеа на тоа дали определено семејство ќе напредува во својот развој или ќе тргне надолу: дали купиле кука пред наглиот скок на цените во седумдесеттите? Дали се воздржале од голем број на деца? Дали можеле да добијат некоја помош од генерацијата на своите родители? ...Во голема мера, новото раслојување меѓу оние со средни приходи го следеше познатиот пат: работничката класа се лизгаше надолу, додека стручњаците, припадници на средната класа останува на истото или успеваа уште повеќе.(в.Ehrenreich Barbara, наведеното дело, стр.52

век, жените кои сакаа да стекнат некоја квалификација беа, вели Барбара Еренрајх, насочувани кон интелектуално "понежните" занимања како што се негата на болниот, социјалната работа или просветата - занимања кои социолозите ги сметаат за "полупрофесии". Девојките кои инсистираа да се пробијат до врвните професии често беа соочени "со нетрпеливоста од страна на професорите и колегите на што следеше маргинализација внатре во самата професија".[249]

Дека ваквото мислење, кога станува збор за интелектуалните професии, не е осамено зборува и фактот што прашањето на учеството на жената во науката, на пример, се обработува како посебно во рамките на темата за маргиналните групи во науката.[250] И покрај тоа што е веќе неспорно дека постепено се надминува "маскулинитетот" на науките и на "маскулинократијата" во нив, останува, сепак, фактот дека социологијата не го намалува интересот за т.н. полова диференцијација (sex differences) во науките. Затоа и се нагласува дека жените се онаа социјална (социодемографска) група од научниот потенцијал на која аналитичарите на науката и посветуваат најголемо внимание.[251] Може веќе со сигурност да се рече дека прашањето за вклученоста на жената во општествената репродукција не се поставува само во неговата елементарна форма, туку како

249) Исто, стр.53-54

250) В.на пр.: Prpić Katarina, Marginalne grupe i znanosti, JDIS, Zagreb, 1989, str.83-99.

251) Исто, стр.83

прашање на освојување на најсложените професии. Имено, и покрај тоа што денес се констатира дека вработувањето на жените достигнало такво ниво кое ги прави ретки земјите во кои женската работна сила не чини околу третина, па дури и половина од вкупното вработено население, и понатаму е присутно мислењето, кое секако се базира врз одредени факти, дека колку што е повисок општествениот статус на занимањето, толку е помал бројот на жените кои се занимаваат со таа професија.[252] Во таа смисла, како што се забележува, истражувачите на општествената положба на жената сѐ почесто ги аргументираат тезите за социјалната осуетеност на жената токму со податоците за нивната недоволна застапеност во научниот, политичкиот и културниот живот, дури и онаму каде што е вработеноста на жените релативно висока.[253] Впрочем, најречито за учеството на жените во одделни видови на работа зборуваат и податоците за досегашна Југославија. Така, во 1986 година во индивидуалниот физички труд жените учествувале со 33%, во работата на трака со 58,7%, во механизираниот труд со 40,3%, во транспортот и сообраќајот со 2,5%, во администрацијата со 57,9%, во стручните занимања со 44,2%, во надзорот и управувањето со 14,8% и во науките и истражувањата со 32,6%.[254] И покрај постојаното

---

252) v.Burić Olivera, Kritika idealističkog tumačenja procesa oslobođenja žene i putevi njegovog razvoja u svetu i kod nas (Savetovanje: Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu, Portorož, 1976, str.7, Prpić Katarina, наведеното дело, стр.83

253) Prpić Katarina, наведеното дело, стр.83

254) Наведено според: The position of women managers in Yugoslavia and India, Kanjuo Aleksandra, (чукан текст), Yugoslav center for theoury, Ljubljana 1990 g. str.6

зголемување на вработеноста на жената таа, сепак, и понатаму е најповеќе присутна во аграрно-индустриските дејности, иако е присутно постепеното зголемување на нејзиното учество и во другите сфери на трудот. Меѓутоа, како, сѐ уште, да важи забелешката дека научноистражувачката работа, а особено универзитетската кариера, се традиционално област на трудот во која пристапот на жените им е тешко достапен.[255] Бариерите кои постојат на тој план, се резултат, пред сѐ, на традиционалната положба на жената како во сферата на трудот, така и во семејството чии корени досегнуваат длабоко во историјата, до оние моменти кога жената, токму со поделбата на трудот, го доживеа својот "светскоисториски пораз" во штотуку роденото патријархално општество. Рамките на тоа општество навистина тешко се кршат но, се чини, уште потешко се кршат рамките на свеста за него, наспроти сите процеси и постигнувања во сферата на материјалната и духовната култура.[256] Таа реалност, која не

255) Zdravković Silvija, наведеното дело, стр. 51

256) Некои истражувања, како што наведува Крањц др Ана, покажуваат дека само една четвртина од мажите и жените со факултетско образование мислат дека жената може во професијата да биде рамноправна со мажот. Можеме тогаш, нагласува таа, да замислиме колку е помал процентот на таквите во целокупната популација во која има и помалку образовни луѓе со пониска општа култура. Една четвртина од анкетираните, понатаму, го изнеле мислењето дека тоа е резултат на предрасудите на машките. Причините, пак, зошто жената не е рамноправна со мажот биле наведени по следниот редослед: преоптовареност со семејството, биолошките особини, немањето авторитет и, на крајот, помалата способност за психички напори. Нагласувајќи дека таквите приговори за жените стручњаци ги среќаваме уште во старата Австроунгарија, Крањц вели дека можеме само да се чудиме на тоа како тие погледи се очувале до денес и тоа кај млади интелектуалци од 35 до 40 години. в.Kranjc dr Ana, Žena u procesu stjecanja i mobilizacije svoga obrazovanja (Savetovanje:Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu), "Komunist", Ljubljana, 1979, str.306

ја одминува ни сферата на интелектуалноста може, оттука да се согледа и низ квантитативните податоци за застапеноста на половите во научниот потенцијал што може да биде, кога е жената во прашање, и мерило за културата на еден народ како што би рекол Фурие.

Според тоа учество, како што се истакнува, досегашна Југославија значително ги надминуваше развиените западноевропски и други земји, но не достигнуваше толку високи стапки на вработеност на жената во оваа сфера како што тоа досега беше во источноевропските земји.[257] Понатаму, според податоците кои

---

257) Ќе ги приведеме овде податоците кои ги споменува Катарина Прпиќ за одделни земји. Така, според податоците за 1982 год., учеството на жените во вкупниот истражувачки потенцијал на САД било 12%, а во Канада (1981) тоа учество било нешто поголемо и изнесувало 16%. Од постарите податоци Прпиќ ги наведува и следните: застапеноста на жените во вкупниот број на вработени во научноистражувачката дејност во Норвешка била 11% (1974), во вкупниот број на научноистражувачкиот персонал на универзитетите, јавните и приватните институти во Данска жените учествувале (1973) со 14%, во вкупниот број вработени во научноистражувачките дејности во Швајцарија тоа учество (1975) било 10%, во научниот кадар во Белград (1973) било 18%, во Италија, според некои проценки, тоа учество изнесувало 17% итн. Во источноевропските земји овие проценти се значително поголеми. Во СССР тоа учество )1976) било 39,7% во Бугарија (1974) 44%, во Чешкословакија (1975) 36,4%, во Унгарија (1975) 24,7%, во Романија (1973) 37,7%, а во Полска (само за академските предавачи) тоа учество било 34%. Катарина Прпиќ меѓутоа, при наведувањето на податоците, укажува на методолошкото "шаренило" во нивното прибирање, а азбележува и дека вклучувањето на жената во научноистражувачката дејност во т.н. социјалистички земји е, всушност, резултат на латентната (не)вработеност и на политиката на докажување на успешноста на решавањето на историскиот проблем на ангажирањето на жената, за разлика од податоците за западноевроспките земји кои се "еден од индикаторите за често анализираната положба на жената во современото граѓанско општество". Prpič Katarina, Žena u znanosti, sp. "Žena", Zagreb, 1982/4, str. 55-56, како и наведеното дело "Marginalne grupe u znanosti... стр.83, фуснота 3

се наведуваат за 1979 година, на пример, најголемо учество на жените во научноистражувачкиот кадар било во Хрватска (30,9%), а потоа во Босна и Херцеговина (29,6%), Србија (29,1%), Македонија (25,1%), Словенија (24,4%) и Црна Гора (16,8%). Последните три републики се и под процентот на учеството за досегашна Југославија во целина кое било 28,6%.[258] Како што се забележува учеството на жената во научниот кадровски потенцијал не го следи општиот степен на општествено-економската развиеност на одделните региони а кој степен, во секој случај, претпоставува и поразвиена научна дејност.

Имајќи ги предвид изнесените показатели ќе ги наведеме податоците за половата структура на научната интелигенција во Македонија регистрирана според пописот на научниот кадар во 1984 година, споредени според процентуалните податоци за Хрватска во 1985 година. Таа структура е следната:

**Табела 21:** Половата структура на научната интелигенција во Македонија и Хрватска (1984 односно 1985)

| Република | П о л | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М а ш к и | | Ж е н с к и | | С е: | |
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| Македонија | 931 | 74,9 | 312 | 25,1 | 1243 | 100 |
| Хрватска | - | 68,5 | - | 31,5 | - | 100 |

Извор: Регистар на научни кадри во Македонија, Реферален центар при НУБ "Климент Охридски", Скопје, 1989; Prpić Katarina, Marginalne grupe u znanosti, JDIS, Zagreb, 1989, str.84

258) Prpić Katarina, Marginalne grupe u znanosti, str.24, Tablica 24

Се забележува дека учеството на жените во научниот кадровски потенцијал на Македонија не само што е помало (за 6,4%) од Хрватска, туку и тоа дека учеството е исто како и кај податоците кои ги наведовме за 1979 година. Некој поголем помак, меѓутоа, не е направен ни во Хрватска каде што бележиме зголемување на учеството на жените само за 0,6%. Значи ли тој факт дека "феминизацијата" на научната интелигенција е навистина "процес со долг здив" (Прпиќ)?

Одговорот можеме да го побараме и низ показателите на возрасната полова структура. Така, што се однесува до Македонија, меѓу поистакнатите научни работници од најстарата генерација (над 70 години) регистриравме само две жени од вкупно триесет имиња.[259] Состојбата, понатаму, е следната:

**Табела 22:** Половата структура на научниот кадар во Македонија според возраста

| Пол | Возраст | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Од 61-70 г. | | Од 51-60 | | Од 41-50 | | Од 31-40 | | Вкупно | |
| | Н | % | Н | % | Н | % | Н | % | Н | % |
| Машки | 290 | 87,6 | 253 | 76,7 | 317 | 69,4 | 71 | 56,8 | 931 | 74,9 |
| Женски | 41 | 12,4 | 77 | 23,3 | 140 | 30,6 | 54 | 43,2 | 312 | 25,1 |
| Се: | 331 | 100 | 330 | 100 | 457 | 100 | 125 | 100 | 1243 | 100 |
| | (26,6) | | (26,5) | | (36,8) | | (10,1) | | (100) | |

Извор: Регистар на научни кадри во Македонија, Рефералeн центар на НУБ "Климент Охридски", Скопје, 1989

259) Според: Ко је ко u Jugoslaviji, "Hronometar", Beograd, 1970

Видливо е дека со опаѓањето на возраста на научниот кадар се смалува учеството на мажите, а се зголемува учеството на жените. Тоа, покрај другото, може да се толкува со зголемувањето на бројот на студентите од женски пол, но и со процесите на општата "еманципација" на жената во нашата средина, и покрај релативно, сѐ уште, помалото учество на жените, особено ако се има предвид половата структура на вкупното население.[260] Од друга страна, учеството на жените во научниот кадар е поголемо отколку учеството на жените во вкупното активно население.[261] Најдобриот показател за пропусната моќ во поглед на полот на социјалниот систем на науките е, сепак, показателот за учеството на женската младина во вкупниот број на студентите. Истражувањата покажуваат дека ова учество, од година во година, се зголемува. Така, од 24,1% колку што било во учебната 1955/56 година, што е воедно и најниско учество, во седумдесеттите години (1975/76) тоа се зголемило на околу 40% што е приближно исто со учеството на најмладата генерација во научниот кадар што ние ја анализиравме.[262] Тој факт не става во ситуација да не се сложиме со мислењето дека причините за, сѐ уште, помалото учество на жените во научната интелигенција

---

260) Така, во 1971 година во вкупното население машките биле застапени со 59,67%, а женските со 49,33%, а во 1981 година тоа учество било 50,71% односно 49,29%. - в.Ношпалоска Катарина, Промени во контингентите население во СРМ како одраз на промените во старосната и половата структура на населението, зборник "Проблеми на демографскиот развој во СРМ", МАНУ, Скопје, 1985, стр. 553

261) Во 1981 година во вкупното активно население жените учествувале со 37,2%. Според: Статистички преглед на РЗС бр.131

262) в. Георгиевски д-р Петре, наведеното истражување, стр.416-418

треба да се бараат во недоволната отвореност на системот на науките кон вработувањето на жените, туку дека тие причини треба да се бараат во веќе споменатиот општо постигнат степен на општествениот развој и на промената на традиционалната свест за образованието на женската младина и за нејзиното вклучување во економските репродукциони текови воопшто.[263]

Според веќе споменатата Барбара Еренрајх, една од придобивките на женскиот пол во американското општество е неговото вклучување во т.н. "машки" занимања. Како пример за тоа таа го наведува податокот дека, од крајот на шеесеттите години до денес, бројот на девојките кои студираат право, економија и медицина се утростручил.[264] Истражувањата во Македонија, пак, покажуваат дека половата структура на студентите се разликува во зависност од видот на науките кои се студираат. Така, на медицинските науки, во периодот од учебната 1974/75 до учебната 1978/79 година, студентките учествувале со околу 54%, на општествено-хуманитарните науки со приближно истиот процент, додека на техничките и природно-математичките науки тоа учество се движело помеѓу 17 и 30%.[265] Дали ваквото учество се одразува и врз половата структура на научната интелигенција по одделните подрачја на науките? Еве каков распоред и сооднос ни покажа нашата анализа:

---

263) Такво мислење застапува, на пример, Катарина Прпиќ. В.наведено дело, стр.85

264) Од овој "успех" на женскиот пол, според Еренрајх, најголема полза имаат жените припаднички на средната класа, т.е.оние кои ја имале предноста да посетуваат добри школи, да ја уживаат поддршката на семејството, кои имале време и пари и сл.- в.Ehrenreich Barbara, наведениот труд, стр. 54

265) в.Георгиевски Петре, наведеното истражување, стр. 417

**Табела 23:** Половата структура на научната интелигенција по одделни научни подрачја

| Научно подрачје | П о л | | | | Вкупно | Од тоа: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | | Женски | | | М(%) | Ж(%) |
| | Н | % | Н | % | | | |
| Природно-математички науки | 164 | 15,4 | 78 | 24,0 | 242 | 67,8 | 32,2 |
| Општествени науки | 348 | 32,8 | 107 | 32,9 | 455 | 76,5 | 23,5 |
| Земјоделско-шумарски науки | 165 | 15,6 | 23 | 7,1 | 188 | 87,8 | 12,2 |
| Техничко-технолошки науки | 250 | 23,6 | 54 | 16,6 | 304 | 82,2 | 17,8 |
| Медицински науки | 134 | 12,6 | 63 | 19,4 | 197 | 68,0 | 32,0 |
| С е: | 1061 | 100 | 325 | 100 | 1386 | 76,6 | 23,4 |

Забелешка: Вкупниот збир на научни работници е поголем од претходната табела затоа што се земени сите досега регистрирани научници (со најстарата генерација), а не состојбата според Регистерот на НУБ "Климент Охридски" од 1984 година. Со тоа ја добиваме целосна слика на распореденоста на интелигенцијата според подрачјата а не само моментната состојба.

Во првите четири колони ја добиваме распореденоста на половите по одделни научни подрачја. Имено, се гледа дека и машкиот пол е најзастапен во општествените науки, како што е и со женскиот пол (32,8 односно 32,9%) што може да ни ја потврди истата заинтересираност на обата пола за оваа научна област. Машките, сепак, пројавиле помал афинитет кон медицинските и природно-математичките науки отколку кон техничко-технолошките и земјоделко-шумарските. Кај женскиот пол, состојбата е

обратна, особено кај земјоделско-шумарските науки. Постојат ли, значи, "машки" и "женски" занимања и во областа на науките? Очигледно е дека, ако условно ги позајмиме термините на Рајт Милс, дека наспроти "сините околувратници" кои се, и понатаму својствени за машкиот пол, жените, сепак, тежнеат кон "белите околувратници". Податоците за соодносот на мажите и жените вработени во одделните научни области (приложени во шестата и седмата колона) само го зацврстуваат таквото мислење. Најнеизедначен однос меѓу половите се јавува токму кај земјоделско-шумарските и техничко-технолошките науки што, само по себе, го наметнува прешањето: дали е тоа резултат на затвореноста на овие науки кон женскиот пол или, пак, е повеќе во прашање односот на женскиот пол кон нив? Од друга страна, и покрај изразениот интерес на женскиот пол кон општествено-хуманитарните науки и медицинските науки, односот меѓу мажите и жените е, сепак, неповолен, со оглед на веќе изнесените податоци за процентот на женската младина која се запишува на тој вид на студии. Односот меѓу половите е, единствено, поурамнотежен во облста на природно-математичките науки.

И во истражувањата за други средини е утврден сличен распоред на научниот кадар. Се истакнува податокот дека кон средината на шеесетите години жените биле најзастапени, во рамките на досегашна Југославија, во истражувачкиот кадар на природно-математичките, но, за разлика од Македонија, и во медицинските науки. Петнаесеттина години подоцна нивното учество се зголемило и во општествено-хуманистичките науки, така

што ова подрачје, по наведените најповеќе се феминизирало. Техничките науки стануваат, подолгорочно гледано, сè повеќе "машки" домен.[266]

Се истакнува дека ваквите разлики кои се пројавуваат кај одделните подрачја на науките произлегуваат од "примарната, позитивна ориентација, која своите корени ги влече од традиционалната поделба на трудот на струки кои се, односно кои не се, за жените, а не од различното однесување на одделните стратуми на самата посматрана професија во однос на овој белег".[267] Се чини, меѓутоа, дека традиционалната поделба на трудот не е, така да речеме, сама по себе "виновна" за состојбите. Во прашање е, сепак, и извесен однос кон таа поделба која, од страна на жените, не се напушта во секоја смисла. "Освојувањето" на машките професии е една од целите на феминистичкото движење но, по се изгледа, има место забелешката дека тој феминизам, на кој се повикува и Барбара Еренрајх, тежнее повеќе кон остварување на правата на жената, но на оние права кои ги отвораат вратите кон понежните и "почисти" занимања и во самата високообразовна сфера. Укажувајќи на фактот дека американските жени пројавуваат повеќе интерес за општествено-хуманитарните, управните и медицинските занимања, таа, всушност посочува и на една од слабостите на феминизмот, на повторното негово враќање кон тезата за посебната

---

266) v. Prpić Katarina, Marginalne grupe..., str.85

267) v. Zdravković Silvija, наведениот труд, стр.53

природа на жената, за објективноста на природната поделба на трудот, за "мистиката на женственоста" - израз кој го употребила извесна Бети Фриден, нешто на кои инсистираат токму "машките шовинисти". Свесна за тоа Еренрајх, затоа, ќе забележи: "Феминистките сакаа, што одвреме навреме парадоксално звучеше, и да ги прошират и да ги стеснат занимањата". Тој двоен однос кон занимањата, кој се јавува како една од значајните дилеми во феминистичкото движење, ќе ја натера и самата Еренрајх да се запраша: "Дали феминистките сакаа да го отфрлат она што тие го сфаќаа како "капиталистичко општество со кое доминираат машките", или само сакаа во тоа општество да заземат место? Дали сакаа револуција или асимилација?[268]

Останува, во секој случај, вистината дека половата консолидација на интелигенцијата не е само прашање на интелектуализацијата на половите, туку дека таа консолидација подразбира цел сплет на социолошки, антрополошки, психолошки и други бариери кои во конкретниот социјален простор треба да бидат совладувани. Имајќи ги предвид сите карактеристики на македонското општество во минатото, како и оние карактеристики кои се иманентни на неговиот развој денес можеме, во секој случај, да ја прифатиме констатацијата дека "жените влегуваат не само во професиите кои порано беа резервирани за мажите, туку и во професиите кои се создаваат врз

---

268) v.Ehrenreich Barbara, наведениот труд, стр. 53-54

основа на научно-технолошкиот и културниот развој". Или, со други зборови, дека "поспоро или побрзо, со поголем или помал отпор, тие се движат сепак кон тие звања, професии и функции" при што се истакнува дека и во науката процесот на вработувањето на жените е побрз така што и на тоа подрачје е зголемен бројот на вработените жени.[269] Во таа смисла може да се рече дека Рубикон е поминат![270]

Ако навистина е така тогаш нека ни биде дозволено да ја спомeнеме уште во еден контекст Барбара Еренрајх бидејќи мислиме дека и некои други нејзини тези, по својата актуелност, го заслужуваат вниманието. Имено, во својот дискурс за улогата на високообразовната вработена жена во консолидирањето на "средната класа", на која и припаѓа и најголемиот дел од интелигенцијата, таа го засегнува и прашањето на интелектуалната и професионалната структура на браковите и на женските и на машките припадници на таа класа. Наведувајќи ги, како илустрација, зборовите на професорот по економија на Харвардовиот универзитет Дејвид Блум дека, сè повеќе, "браковите се склучуваат на економска основа" и дека "машките со повисоки примања се стремат да се оженат за девојки со,

269) v. Petrovska dr Blaga, Žene iz SR Makedonije и ostvarivanju svoje emancipacije, Zbornik: "Učešće žena u procesima društvenog odlučivanja, Institut za socijalnu politiku, Beograd, 1983, str.203

270) Мора, во прилог на тоа, да се спомене дека појавата на жените во науката не е, ни на пошироките простори, од многу постар датум. Во годината 1849 за прв пат една жена се стекнува со диплома од медицина во Америка. Во средношколската настава во Франција жената се појавува кон крајот на 19 век, а прва жена, професорка на универзитет, била Марија Кири. - в. Bakotin dr Jerko, Žena i njezin poziv, Zadar, 1962, str.7

исто така, повисоки примања," оваа жена-социолог ја истакнува истата тенденција и кај интелигенцијата. Затвореноста на брачната структура и на овој слој, и кај машките и кај женските, се пројавува во желбата да се пронајде партнер кој и материјално, но и интелектуално би им одговарал.[271]

Дали таквата тенденција е карактеристична само за американското општество? Анализата на занимањето на брачниот другар на анкетираните научни работници во нашето истражување ни покажува дека, барем во оваа смисла, сме многу блиску до американците. Впрочем, еве ги податоците кои недвосмислено го потврдуваат тоа:

Табела 24: Структурата на научната интелигенција во Македонија според занимањето на брачниот другар

| Занимање на брачниот другар | Пол | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | | Женски | | Вкупно | |
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| Индивидуален земјоделец | - | - | - | - | - | - |
| Работник | 1 | 0,4 | 4 | 3,6 | 5 | 1,4 |
| Осамостоен занает. односно трговец | - | - | - | - | - | - |
| Административен персонал | 36 | 15,3 | 10 | 8,9 | 46 | 13,3 |
| Средностручен кадар | 26 | 11,1 | 5 | 4,5 | 31 | 8,9 |
| Стручњак, просвет. или културен раб. и уметник | 109 | 46,4 | 70 | 62,5 | 179 | 51,6 |

271) Ehrenreich Barbara, наведениот труд, стр.54-55

Табела 24 (продолжение)

| Занимање на брачниот другар | П о л | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | | Женски | | Вкупно | |
| | Н | % | Н | % | Н | % |
| Научник, односно универзитетски професор | 9 | 3,8 | 7 | 6,2 | 16 | 4,6 |
| Домаќинка, студент, невработен и сл. | 26 | 11,1 | 1 | 0,9 | 27 | 7,8 |
| Не е во брак или непознато | 28 | 11,9 | 15 | 13,4 | 43 | 12,4 |
| С е: | 235 | 100 | 112 | 100 | 347 | 100 |

Прво што паѓа во очи е тоа дека кај ниеден од испитаниците не е забележан брачен другар (и кај обата пола) од земјоделска или занаетчиско-трговска професија. Вториот факт е очебиен и во согласност со тезата на Еренрајх: брачниот другар и на мажите-научници и на жените-научници е, и во апсолутна и во процентуална смисла, со високо образование и по занимање стручњак, просветен или културен работник и уметник. Доколку и не е тоа тогаш тој е, во најлош случај, почесто административен работник или е од редовите на средностручниот кадар што подразбира стекнато средно образование. Сосема се ретки случаите брачниот другар да е работник. Во тој поглед женскиот пол се јавува како "похрабар": од вкупно пет вакви регистрирани случаи, четири се од женскиот пол. Се разбира врз основа на бројот на анкетираните не може, во таа смисла да се извлече посигурен заклучок, но може да се претпостави дека предрасудите кај женскиот пол во врска со занимањето на

мажот се помали, иако податоците за нив кај професиите стручњак и научник можат да наведат на размислувањето дека се попробирливи од мажите. Браковите со партнер од сопствената бранша се почести кај женскиот отколку кај машкиот пол додека машките се повеќе наклонети кон брачен партнер од редовите на административниот персонал и од средностручниот кадар што, од психолошка гледна точка може да биде интересно.[272] Не е незначителен ни бројот на мажите чии брачен партнер е домаќинка, студент или невработен (кој сака да работи но не може да најде вработување). Кај оние кои имаат брачен другар студент или невработен станува збор за помладиот научен кадар кој ја исполнува, главно, и графата "не е во брак". Кај постарите машки научни работници е доста присутна сопругата како домаќинка што е, секако, остаток од традицијата, од оној на машкото - како маж, татко и единствениот хранител на семејството, што кај помладите испитаници ретко го сретнавме.[273]

---

272) Тоа се приближува до веќе познатиот стереотип на нашата традиција: жената да биде образована, но за некој степен подолу, со што мажот ја обезбедува доминацијата во семејството. Во тој стереотип се вклопува и професијата административен работник која обезбедува дополнителни приходи, но и можност брачната другарка да посвети, во попладневните часови, доволно внимание и на семејството.

273) Според Еренрајх некогашното сфаќање дека вработената жена претставува сигурен знак за машката неспособност, речиси е сосема отфрлен во сите класи во американското општество. - в. Ehrenreich Barbara, наведениот труд, стр. 54

# Глава четврта

## ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА: ГЕНЕРАЦИСКА ИЛИ ХРОНОЛОШКА ГРУПА?

Во повеќето истражувања на интелигенцијата со кои дојдовме до допир, покрај другото, како предмет на анализата се јавува и прашањето за старосната структура на оваа општествена група. Во таа, пак, анализа како основен поим секогаш се јавува поимот на генерацијата за кого, обично, се врзува и прашањето за творечките можности на интелектуалецот и неговиот креативен развој. Имено, се наведува дека повеќегодишното искуство во светот потврдува дека најзначајните резултати во научната работа истражувачите ги постигнуваат на возраст помеѓу 26 и 40 години. Тоа, всушност, го покажала статистичката анализа на Х.Ц.Леман спроведена во 20 земји од светот.[274] Меѓу овие години, како што покажале добиените резултати, истражувачите имаат најоригинални идеи, творечки мисли и најголема енергија за нивното остварување. Притоа се покажало дека таа продуктивност е, сепак, различна според староста за одделни научни подрачја. Така, на пример, се утврдило дека во математиката и физиката истражувачките способности се пројавуваат порано, отколку во хемијата и биологијата,или

274) Наведено според: Previšić Jožo, Znanstveni kadar u SR Hrvatskoj, JDIS, Zagreb, 1975, str.78

отколку во општествените науки и филозофијата за кои е потребен повисок степен на научна зрелост.[275]

Едно од мислењата за оваа продуктивност е и она на познатиот советски истражувач во областа на науката за науките Г.М.Добров кој смета дека денес таа продуктивност не зависи само од возраста и личните особини на научникот туку и од условите во кои тој работи, од организацијата на информациите во определените науки. Според него, всушност, продуктивноста на научникот сѐ повеќе се поместува кон позрелите години поради сѐ поголемиот обем на научни информации кои тој треба да ги обработи и усвои.[276]

Каква е старосната структура на научната интелигенција во Македонија? Ако го прифатиме сфаќањето на кое укажува Роберт Ескарпи, за биолошкиот циклус на творештвото кој "одговара на еден човечки живот" или, со други зборови, на период од седумдесет години, тогаш таа структура за Македонија е како што е веќе дадена во табелата 22, во последниот ред.[277] Според тие податоци се гледа дека најголемо е учеството на научните работници на возраст од 41 до 50 години (36,8%). На возраст од 51 до 60 години се 26,5%, а речиси

---

275) Исто, стр.78-79. Германскиот истражувач К.Курц врз основа на анализата на библиографските податоци за 232 големи светски физичари утврдил дека тие биле најплодни меѓу 25 и 35 година.- В.исто така: Научно-техническая революция и изменение структуры научных кадров СССР, "Наука" Москва, 1973, стр. 101

276) v.Dobrov G.M., Potencijal nauke, Institut za naučno-tehničku dokumentaciju i informacije, Beograd, 1970

277) Eskarpit Robert, наведеното дело, стр. 45

исто е учеството и на оние кои се на возраст од 61 до 70 години. Најмало е учеството на оние кои се стари од 31 до 40 години (10,1%).[278] И истражувањата за Хрватска и за Белградскиот универзитет покажуваат дека се најбројни оние научни работници кои се на возраст помеѓу четириесет и педесет години (29,8% во Хрватска и 37,8% за Белградскиот универзитет - во 1973 година). Овие истражувања, меѓутоа, покажуваат далеку помлада структура со поголемо учество на оние кои се помеѓу триесет и четириесет години (15,3% односно 25,3%).[279] Значи ли тоа дека научната интелигенција во Македонија е веќе подложна на извесна тенденција на стареење со запирањето на експанзијата на научниот кадар која, особено на универзитетите, оди паралелно со запирањето на експанзијата на бројот на студентите. Дали е научната интелигенција кај нас погеронтократска од другите средини?

Различната методологија која се применува при пописот на научниот кадар не ни дава да направиме некои посигурни споредби но, сепак, ќе ги наведеме податоците за некои од тие други средини во поглед на учеството на научниот кадар до 40 годишна возраст. Така, во малку подалечната 1970 година тоа учество во САД било околу 56%, во СССР околу 70%, во Југосла-

---

278) Во наведениот Регистер на научни кадри во Македонија, за кој податоците се прибирани во 1984 година, не наидовме на податоци за кадрите помлади од триесет години. Поради тоа, како и поради подругата методологија применета во Хрватска и на Белградскиот универзитет, споредбите кои ќе ги направиме не мора да се најточни.

279) v.Previšić Jožo, наведеното истражување, стр.80 и Zdravković Silvija, наведениот труд, стр.54

вија како целина 58%, во Хрватска (во 1973) 48%, на Белградскиот универзитет (во 1973) 37%.[280] Со оглед на годините кои се споредуваат можеме да претпоставиме дека и во Македонија ова учество било поголемо од она кое го утврдивме за 1984 година, но тоа, најверојатно, не е толку високо, со оглед на актуелниот податок, како во наведените примери.[281] И кај научната интелигенција, значи е присутен процесот на стареење, како и во македонското општество воопшто.[282]

Дали тоа стареење се одразува и на одделните научни области подеднакво и каде е тоа најизразено? Тоа ќе го видиме од следните податоци:

---

280) Исто, стр.81 односно 54

281) Во тие години, имено, ја имавме појавата на експанзија на високото образование што се јавува како услов и за зголемување на кадарот на универзитетите и во науката. Сличен е и примерот со Англија каде во 1952 година е забележана најниска просечна старост на универзитетите, за во целиот десетгодишен период потоа, сѐ до 1962 година, да би се задржало учеството на кадарот помлад од 40 години, на ниво од 65%. По таа година се забележува почеток на процесот на "стареење" на кадарот, односно на враќање на старосната структура од пред "бумот".- v. Zdravković Silvija, наведеното истражување, стр.53

282) Учеството на старосните групи кои ние ги анализиравме од 1948 до 1981 година се зголемило, а на помладите старосни групи се смалило. Така, на пример, старосната група од 30 до 39 години во 1948 година учествувала во вкупното население со 11,8%, а во 1981 година со 13,6%, од 40 до 49 години со 9,2% односно 11,8%, од 50 до 59 години со 5,8% односно 8,9%, а групата од 60 години па натаму со 8,7% односно 9,2%. Од тоа се заклучува дека во македонија е присутен бавен процес на стареење на населението, што се должи на долгорочното опаѓање на стапките на наталитетот и природниот прираст. Со оглед на прогнозите до 2000 година може да се очекува таа тенденција да продолжи, дури и со побрзо темпо. - в.Ношпалоска Катарина, наведениот труд, стр. 555-556

Табела 25: Старосната структура на научната интелигенција во Македонија по одделни научни подрачја

| Научно подрачје | Возраст 31-40 % | 41-50 % | 51-60 % | 61 и нат. % | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|
| Природно-математички науки | 6,9 | 38,3 | 26,7 | 28,1 | 100 |
| Општествено-хуманитарни науки | 14,5 | 29,3 | 28,8 | 27,3 | 100 |
| Земјоделско-шумарски науки | 7,1 | 30,4 | 23,8 | 38,7 | 100 |
| Техничко-технолошки науки | 11,0 | 48,8 | 19,2 | 21,0 | 100 |
| Медицински науки | 6,2 | 28,7 | 30,9 | 34,3 | 100 |

Пресметано според изворот наведен во Табела 22.

Најурамнотежен распоред на генерациите на научните работници се забележува кај општествено-хуманитарните науки кај кои и учеството на помладите генерации е најголемо (на оние помеѓу 31 и 40 години). Меѓутоа, според "пирамидата" на старроста "најмладо" научно подрачје се, сепак, техничко-технолошките науки кај кои и учеството на оние над 60 години е најмало. Тоа може да се протолкува со фактот што овие науки кај нас најдоцна се оформија. "Најстаро" научно подрачје се медицинските науки кај кои наспроти малото учество на младите научници, е големо учеството на оние над педесетгодишна возраст. Процесот на стареење, во таа смисла, ги има зафатено и земјоделско-шу-

марските науки. Речиси до исти резултати е дојдено и со анкетата спроведена во 1974 година на Универзитетот во Белград. И таму е утврдено дека процентот на научните кадри под 40 години е напола помал отколку на факултетите од другите научни подрачја, додека на факултетите од традиционалните науки ситуацијата е дијаметрално спротивна. Тоа, покрај другото, се толкува и со многу поспорото напредување во повисоките звања кај медицинските науки, наспроти другите, што го смалува и протекот на кадрите во вертикална смисла, а со тоа и приемот на нови, млади научни кадри.[283]

Би се вратиле, сега, на почетната констатација дека во анализата на интелигенцијата и нејзината старосна структура како основен поим, најчесто, се користи поимот на генерацијата и тоа во биолошка смисла. Поимот на генерацијата не би можел, сепак, да се користи без одредена внимателност - вели Ескарпи. Па додава: Заводлив на прв поглед, тој поим не е во потполност јасен. А ние би додале: ни сосема значаен кога е во прашање "староста"на интелигенцијата. Зошто? И, ако, навистина е така со кој друг поим би го замениле?

Пред сè, се забележува, и ни се чини со право, дека недостатокот на повеќето од мислењата кои како критериум го земаат генерациските (биолошко-физиолошки) принцип во утврдувањето на продуктивноста на научникот е во тоа што се губи предвид фактот дека тој се вклучува "од едни форми на научна дејност во други", како што е преминувањето од експериментална,

283) v.Zdravković Silvija, наведеното истражување, стр.55

емпириска работа кон теоретска, од фундаментални кон применети науки, од исклучително истражувачки дејности кон педагошки, од истражувања во една област, кон истражувања во друга итн.[284] Имено, сосема е извесно дека постарите научници се помалку продуктивни, но затоа не смее никако да се потцени фактот на нивната способност, барем кај добар дел од нив, за синтези во науката кои, иако поретки, можат да имаат извонредно значење и вредност.[285] Од друга страна, како што се додава, врз динамиката на научната дејност покрај физиолошкиот фактор "влијаат ред фактори од сосема друг тип" како што се нивото на подготовката, степенот на надареноста, предметот на изучување, емоционалниот набој и сл.[286]

Аргументите на Ескарпи се, во таа смисла, уште поинтересни и порелјефни, иако тој интелигенцијата ја зема во потесна смисла. Повикувајќи се на сопствените сознанија тој смета дека до поголемите новитети во творештвото (барем она книжевното) доаѓа отприлика на секои 30 до 35 години што е, навистина, тешко да се поврзе, како определен ритам, со ритамот на генерациите во биолошка смисла. Понатаму, тој забележува дека старосната пирамида на општата популација не се поклопува "како ѕвонец" со идеалниот облик на старосната пирамида на

284) в.Научно-техническая револуция и изменение структуры научных кадров..., стр.100-101

285) Во тој поглед се наведува и заклучокот на веќе споменатиот американски истражувач Леман кој наведува дека по кулминационата точка на творештвото во четириесеттите години на возраста, често, настапува нов период на подем на активноста, некаде помеѓу 60-70 години.- Исто,стр. 101

286) Исто, стр. 101

творците. "Систематското студирање на старосните пирамиди во текот на вековите го допушта тврдењето дека една генерација на писатели не се појавува пред главнината на претходната генерација да го помине врвот на четириесеттите години. Сѐ се случува, како да е процутот можен дури од зачетокот на рамнотежата, кога притисокот на активните писатели ќе ослаби до таа мера за да попушти пред притисокот на младите" - пишува тој. За него, книжевните генерации се разликуваат од биолошките со тоа што тие се "бројно препознатливи групи". Затоа и англасува дека значаен датум не може да биде ни датумот на раѓањето, ни определената возраст од причина што "писателот не се раѓа, туку писател се станува". Затоа, кога е овој феномен во прашање повеќе треба да се зборува за т.н. "зона на стереење", отколку за определена возраст на творецот.

На што мисли Ескарпи кога зборува за "препознатливоста на групите" и за "зоната" на нивното стареење?

Овие два поима се,всушност, во непосредна врска и произлегуваат еден од друг. Имено, при класификацијата на општествените групи во социологијата секогаш се земаат оние нивни белези кои ги диференцираат едни од други, ја истакнуваат нивната глобална општествена природа која ги прави - токму така - "препознатливи". Покрај таквите општи белези на групата за припадникот на интелигенцијата е, меѓутоа, значајна и неговата индивидуална "препознатливост", неговата индивидуална природа која доаѓа до израз во она што тој го создава. Тоа нешто, пак, ја определува и неговата припадност кон групата на интелигенцијата кон овој или оној нејзин дел, кон генерацијата на творци кои

удираат печат на времето во кое работат. А тоа време не мора да се поклопува со биолошката генерациска припадност од едноставната причина што, сепак, во сферата на творештвото, па и научното, може да се влезе порано или подоцна, во вакви или онакви општествени прилики и настани, кои го допуштаат не само настапувањето на поединецот туку и на цели такви интелектуални групи. Во тој поглед припадноста кон одделна генерација не значи, во секој случај, и припадност кон определена возраст: "младоста" на творештвото не мора да значи и "младост" на возраста, како што ни "зрелоста" на творештвото не мора да се идентификува со "зрелоста" на добата на поединецот. Оттука, и продуктивноста во науката не е единствениот критериум на научноста и вредноста на одделните генерации, туку резултатот на таа продуктивност е сложен процес чиј одлучен период можеби паѓа некаде околу четириесеттата, но кој во тоа доба може да биде заокружен, но може да биде, во строго креативна смисла, и започнат. Изостанувањето на таквиот резултат и научна креација го означува, според тоа, моментот на творечкото стареење или навлегувањето во, како што би рекол Ескарпи, "зоната на стареење". Неговиот предлог, во таа смисла, е: можеби би било подобро поимот на генерацијата да се замени со полесниот и повеќе органски поим на хронолошка група, како збир на творци од сите старосни возрасти (макар со една возраст која доминира) кои во определено време (не возраст) "земаат збор", ја освојуваат творечката сцена и кои, "свесно или не, го затвораат за извесно време пристапот кон таа сцена, оневозможувајќи им на новите вокации да се остварат."[287]

---

Интересна е, во овој контекст, не така дамнешната полемика со ставовите на американскиот професор по историја и општествени науки Расел Џејкоби, изложени во неговата книга "Последните интелектуалци", која ја водат професорот по англиски јазик на Принстонскиот универзитет Луис Менанд и научниот соработник Марк Фалкоф. Имено, Џејкоби тврди дека бројот на значајните американски интелектуалци под четириесет и пет години е сосема мал и дека, во таа смисла, може да се зборува за цела една "нестаната" генерација. Истакнувајќи дека факторите кои го обележуваат или го поткопуваат формирањето на интелектуалните генерации се сложени, наведениот автор причините за тоа ги наоѓа во доминацијата на неоконзервативизмот во американското општество или, со други зборови, во општествените прилики во кои таа генерација на родени во 1940 година, се нашла. Всушност, авторот смета дека нејзиното отсуство од јавниот живот и нејзиното повлекување во мирните академски води не само што неа ја прави "невидлива" за пошироката јавност, туку и дека таа едноставно никогаш и не се појавила. А сега, вели тој, веќе е предоцна - таа генерација е навлезена во години за да би дошла до израз. Тоа отсуство на помладите интелектуалци Џејкоби го поткрепува и со проучувањата на американскиот социолог Чарлс Кадушин кој, врз основа на тие свои проучувања, го утврдил списокот на најугледните интелектуалци меѓу кои помладите, речиси сосема, ги немало. Кадушин претпоставил дека "наследниците се уште не се огласиле". Меѓутоа, забележува Џејкоби, наследниците ни до денес не се појавија. Списокот на значајните интелектуал-

ци и денес би бил многу сличен на Кадушиновиот, направен во 1970 година.[288]

Основната забелешка која наведените полемичари му ја упатуваат на Џејкоби е таа дека опаѓањето на влијанието на интелектуалците од т.н. американска левица тој, всушност, го поистоветува со генерацијата како возрасна група. Посочувајќи примери на истакнати интелектуалци од кои некои се и под триесет години Марк Фалкоф истакнува дека, сепак, се работи за нова група на интелектуалци која настапила на сцената а која, всушност, и припаѓа на генерацијата која, наводно, ја нема. Ако се работи за лево ориентираните интелектуалци, истакнува тој, Џејкоби со право забележува дека не постои некоја очигледна генерација која би била нивен наследник. Но, ако веќе работите така се посматраат грешката на Џејкоби, за Фалкоф, е во тоа што тој многу полага на генерацискиот фактор. И за него, како и за Луис Менаид клучот на интелектуалниот активитет не е во самата генерациска промена, туку во промената на условите во кои тој активитет се изразува и врз чија основа се формираат интелектуалните групи.[289]

Се чини дека и полемиката која овде ја спомунуваме оди во прилог на тезата на Ескарпи: дека биолошкиот поим на генерацијата не може секогаш да ни ја даде вистинската слика за пого-

---

288) v.Jakoby Russel, Preuzeli su ih univerziteti, "Pregled" br.245, izd. Ambasada SAD, Beograd, 1989, str.48, 50 i 51

289) v.Menand Louis, Živi i zdravi; Falcoff Mark, Novi gradski intelektualci; "Pregled" br.245.... str.49, 54'57

лемиот или помалиот придонес на интелигенцијата во нејзината определена област во која таа се изразува и дека творечкиот биоритам на таа интелигенција е, сепак, зависен од многу други фактори кои можат да го засилат или да го успорат. Во таа смисла и релативното стареење на научната интелигенција во Македонија не мора веднаш да не наведе на зклучокот и за опаѓањето на нејзиниот творечки придонес, туку повеќе на заклучокот дека нејзиното "подмладување" е потребно, пред сѐ, заради одржувањето на континуитетот на досегашниот нејзин творечки циклус.

# Глава петта

## СТРУКТУРАТА СПОРЕД ОДДЕЛНИТЕ НАУКИ: НОВИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ИСТРАЖУВАЧОТ

Во сегашниов свет, пишуваше Грамши, техничкото воспитување, цврсто поврзано дури и со најпримитивната и најнеквалификувана индустриска работа, мора да ја создаде основата за новиот тип интелектуалец.[290] Овие зборови на Грамши не ја содржат само вистината на неговото време, туку и антиципацијата на денешницата: радикалните промени до кои доведе научно-технолошката револуција станаа, навистина, не само темел за воспоставување на сосема нова структура на производните сили, туку и за промени во карактерот на трудот, во човековите способности и ориентации, во природата на општествените врски и живеење. Новиот тип на интелектуалец, како што би рекол Џејкоби, "се повлекува од еден поширок домен кон една потесна дисциплина" свртувајќи се кон сосема нови полиња на интелектуалниот ангажман - кон полињата на новата светска технологија.

Првата наша генерација на научна интелигенција, во таа смисла, и припаѓаше претежно на хуманистичката сфера. Или поточно: 40,8% од таа интелигенција (родена до 1921 год.) се оформи на подрачјето на општествено-хуманитарните науки, 23,1%

290) в.Грамши Антонио, Одбрани текстови, Скопје, 1978, стр. 110

на подрачјето на земјоделско-шумарските науки, 19,1% на подрачјето на медицинските науки, а само 11,6 односно 5,4% на подрачјето на техничко-технолошките односно природните науки.[291] Тоа е веќе историски факт кој може да се толкува со повеќе причини од кои, се чини, две се најзначајни. Едната од нив е од функционална природа: ориентацијата кон општествено-хуманитарните науки била условена од потребата кон целосното оформување на идентитетот на општеството. Другата, пак, е од структурен карактер: неразвиеноста на тоа општество во техничко-технолошка смисла не ја давала основата за поинаков интелектуален профил[292] Сето тоа, пак, за подолго или за пократко време, ја детерминирало и институционалната организација на науката, нејзината мрежа и капацитети.

Што може денес, по повеќе децении, да се каже за промените кои настанале во тој поглед. Ќе ги наведеме податоците од нашата анализа споредени со истите такви податоци за Хрватска и Словенија:

---

291) Податоците се пресметани според Регистарот на научните кадри во Македонија на НУБ "Климент Охридски" и според податоците во "Ко је ко у Југославији".

292) Нашите преродбеници, се забележува во таа смисла, не не вовлекле во новините на модерната епоха. Тие како духовни и практични подготвувачи на прогресот не беа носители на техничко-технолошката култура, како што беа преродбениците од Западна Европа. - в.Бошале Никола, Научното творештво во Македонија, изд."Македонска книга", Скопје, 1987 год., стр. 74

Табела 26: Структура на научната интелигенција по одделни научни подрачја

| Научно подрачје | Македонија % | Хрватска % | Словенија % |
|---|---|---|---|
| Природно-математички науки | 17,5 | 27,0 | 15,9 |
| Општествено-хуманитарни науки | 32,8 | 18,0 | 27,5 |
| Земјоделско-шумарски науки | 13,6 | 12,0 | 14,4 |
| Техничко-технолошки науки | 21,9 | 28,0 | 24,4 |
| Медицински науки | 14,2 | 15,0 | 17,8 |
| Вкупно: | 100 | 100 | 100 |

Извори: Наведените под табелата 1 и Previšić Jožo, Znanstveni kadar u SR Hrvatskoj, JDIS, Zagreb, 1975, str.111, tabela 25
Поради различната методологија на пресметување податоците за Хрватска се дадени како во наведениот извор, без децимали.

Првото што можеме да го констатираме е дека, во однос на првата, повоена генерација на научна интелигенција во Македонија, во согласност со општите промени во општеството и ширењето на науките, настанале и промени во структурата на интелигенцијата според научните подрачја. Имено, научната интелигенција од подрачјето на општествено-хуманитарните и земјоделско-шумарски науки не е веќе толку доминантна. Ширењето на науките, општите развојни трендови во општеството го зголемија значително учеството на интелигенцијата на техничко-

технолошките науки и од природните науки. Со други зборови ако т.н. техничка интелигенција не беше толку присутна во почетните фази на создавањето на научната интелигенција, денес е таа веќе значаен фактор на интелектуалниот развој и на развојот на општеството во целина.

Споредено, меѓутоа, со другите слични средини, како што се во случајов Хрватска и Словенија, може да се констатира дека во оваа смисла Македонија е, сѐ уште, средина во која застапеноста на научната интелигенција од општествено-хуманитарните науки е поголема, за сметка на техничко-технолошката интелигенција. Очигледно, тоа е еден показател кој говори дека науката, и покрај својата карактеристична универзална димензија, ја носи и димензијата на конкретната општествена средина и нејзината развиеност, дека таа зависи, покрај другото, од условите што ги поставува реалниот структурен образец на општеството во чии рамки таа израснува. Врз таа основа се формира, всушност, и основниот белег на посматраната група: хуманистичката интелигенција кај нас се јавува, сѐ уште, како носител на идентитетот на средината кое нешто го одредува и нејзиниот авторитет, а нејзините носители ги предодредува да припаѓаат кон "елитата" која го персонифицира тој идентитет. Структурните промени во самата наука опоменуваат дека таквиот модел, кој во својата суштина е просветителски, сѐ повеќе се наоѓа на ударот на современите техничко-технолошки потреби на цивилизацијата. Знаењето, оттука, не е веќе само влезница за светот на образованите или белег на сопствена-

та идентификација, туку тоа станува економска категорија која, доколку не биде почитувана како таква, може многу лесно да доведе и до постепеното губење на тој идентитет. Нека ни биде дозволено да бидеме по малку малициозни па да извикнеме гласно: што, тогаш, со сите наши поети!

За да не звучи овој наш восклик "еретички" ќе го повикаме напомош Оскар Ланге, кој со далеку поголема доза на научна ладнокрвност ќе забележи: "Денес, кога математиката и техниката пробиваат во хуманистиката, а природно-математичките науки и техниката наметнуваат нови филозофски прашања, кога техниката непосредно предизвикува далекусежни општествени последици, кога мисловните категории на кибернетиката освојуваат сè поголемо подрачје на примена во техниката и во управувањето со општествените процеси - единството на науките се појавува во сета своја полнота."[293] И веќе споменатиот Џејкоби, кој со нескриени чувства жали за интелектуалецот-хуманист од повоените години, сепак, ќе признае: со оглед на таквиот развој, нестанувањето на сестраните интелектуалци и нивното претопување во разни професии изгледа сосема разбирливо, неизбежно, а можеби дури и пожелно.[294] Особено што, современата организација на општеството, како и на науката, го овозможува собирањето и координирањето на знаењата и вештината кои ги поседуваат поединците како посебни професии. На тој начин,

---

293) Според. Previšić Jožo, наведеното истражување, стр.109

294) v. Jakobi Russel, наведениот труд, стр.48

исто така, се овозможува и знаење кое "според неговиот карактер се чува, надградува, а понекогаш и долго време може да се пренесува од генерација на генерација".[295]

Таквата современа организација на општеството и на науките ја поставуваат и научната интелигенција во Македонија на своевиден научен крстопат, со отворањето на многу нови научни подрачја во нејзиното творештво. Она на што, можеби, во овој момент треба да се пледира е тоа дека во изборот на правецот на тој крстопат не би требало да се тргне од негирањето на она што досега е создадено и што и во моментот се уште се создава. Тактвиот избор, се чини, би бил оној најлошиот.

295) в.Чокревски д-р Томислав, Социологија, ИП "Љуботен", Скопје, 1991, стр.318

## ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА: СОЦИЈАЛНИОТ ПОРТРЕТ НА НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Зборувајќи за социолошките белези на "некогашните интелектуалци" Расел Џејкоби нив, сликовито, ќе ги спореди со Гринич Вилиџ, најпознатиот њујоршки боемски кварт, како синоним за почетокот на многу интелектуални кариери. Тој почеток, според зборовите на еден од тие интелектуалци, би можел да се сведе на следното: "Стигнав едно есенско попладне 1949 година. Го спуштив багажот и тргнав да го најдам Гринич Вилиџ". Го најде, вели Џејкоби, полн со сродни души...

Таквиот опис, несомнено, не тера да се запрашаме: кој е нашиот интелектуалец денес, која е неговата парадигма што можеме да ја утврдиме врз основа на сето она што досега беше кажано? Дали е тоа јунакот од Балзаковите "Изгубени илузии", младиот, помалку занесен и амбициозен провинцијалец Лисјен Левен кој, влегувајќи во светот на интелектуалноста брзо и болно ќе ги изгуби илузиите за него? Или е тоа рационалниот и нихилистички расположен Базаров на Тургењев, кој "романтиката" на таа интелектуалност и ја подредува на строгата егзактност? Или пак, е тоа современиот компјутеризиран анонимен академец кој, сѐ уште, не стигнал да го напише романот за себе?

Ќе ги оставиме, за момент, литературните асоцијации и реминисценции кон Балзак, тој веројатно најголем социолог во книжевноста, или кон Тургењев, тој веројатно еден од нај-

добрите суптилни аналитичари на времето "спроти новите дни" и ќе се обидеме, со малку посув јазик, да го зацртаме социјалното кроки на нашата, пред сѐ, научна интелигенција.

1.

Се чини дека развојот и крактерот на македонското општество упатува на пошироко определување на поимот на интелигенцијата, вклучувајќи го и вредносниот и статусниот критериум. Тоа е, секако, една од особеностите на не толку развиените општества во кои, сѐ уште, се мешаат елементите на традиционалното и модерното, наспроти поразвиените општества каде што превладува функционалниот пристап кон местото и улогата на интелигенцијата. Со други зборови, критериумите за припадноста кон неа се, барем засега, недоволно диференцирани, не толку изострени, при што преовладува формалниот пристап. Во реалноста тоа се пројавува како поседување на определено образование кое, најчесто, се идентификува со определен социјален статус.

2.

Во поглед на нејзината улога и функција во општеството таа има своја специфична еволуција. Јавувајќи се, во традиционалното општество, како средиште на духовниот живот и чувар на битието на својот народ, таа, подоцна, ќе ја преземе улогата на просветител и, со настапувањето на граѓанското општество, и носител на националните идеи функционирајќи како

национална предводителка, но без вистинска материјална и социјална подлога. Оформена во сосема специфични околности - без можноста да дејствува во слободно општество со сите негови атрибути и под силното влијание на околните пропаганди - таа својот творечки дух ќе го насочи, пред сѐ, кон реализација и афирмација на националната самосвојност, без оглед на тоа со каква содржина и во каква форма се јавувала и се јавува националната идеја. Тоа може да се каже за припадниците на интелигенцијата на сите народи кои живееле на македонските простори. Оваа специфичност ќе се одрази и на целиот период по војната, и по конституирањето на македонската државност, што ја става во посебна положба не само во однос на формирањето на обрасците на интелигенцијата во Европа и пошироко, туку и во однос на обрасците на повеќето балкански народи. Во најновите, современи услови, меѓутоа, таа веќе ја презема функцијата и улогата на универзален фактор во вклучувањето во општите светски текови со што се повеќе доаѓаат до израз и нејзините универзални вредности.

3.

Во структурална смисла, иако нејзиното појавување се врзува со граѓанското општество како посебен слој, таа не го следи сосема патот на развиените граѓански општества. Ако во тие општества интелигенцијата како слој се оформи од граѓанската класа (Франција), или главно од класата на аристократијата (Англија и Германија) или и од едните и од другите (Ита-

лија), еден поголем дел во македонското општество од 19 век, па наваму се оформи и од сиромашните селански слоеви што е разбирливо со оглед на тогашната неразвиена општествена структура. Повоениот развој, пак, овозможи регрутација на интелигенцијата од сите општествени слоеви, што беше карактеристика и на другите средини во досегашна Југославија, како и во другите земји на т.н. социјализам. Наведените обрасци потврдуваат дека таа не била и не е класа, туку посебен слој и тоа хетероген по своето социјално потекло. Тоа услови и условува и различен однос на нејзините делови кон одделните класи. Тој однос, меѓутоа, често зависел и зависи од идеолошките сфаќања на тие нејзини делови. Она што ја одржува хомогеноста на овој слој е содржано во карактерот и функцијата на трудот кој, сепак, денес, сè уште, ја дели интелигенцијата на хуманистичка и техничка и покрај тенденцијата за надминување на таа поделба.

4.

Неразвиеноста и периферноста на македонското општество не овозможиле во минатото оформување на посебна, научна интелигенција во него. Таа се создава, како помасовна група, дури по војната со стекнувањето на националните слободи, со експанзија на школството и универзитетите и со формирањето на институционалните основи на науката. Во таа смисла нејзиното формирање го следи патот на општиот подем на општеството и промените кои настануваат во неговата материјална, об-

разовна и културна основа, како и во структурата на одделните слоеви во него. Структурниот образец на македонската научна интелигенција, во тој поглед, се разликува од образецот на научната интелигенција на други југословенски средини чија научна интелигенција порано се оформила. Може да се рече дека денес тие обрасци, освен по подолгата своја историја и традиција, веќе се слични.

5.

Социјалното потекло на научната интелигенција во современото македонско општество покажува дека таа е, веќе,претежно од градски тип, иако во поглед на другите југословенски средини таа, сѐ уште, во поголем дел се регрутира и од селото. Снажниот процес на урбанизацијата и миграциите речиси секојдневно го менуваат тој сооднос и, доколку дојде до запирање на тие процеси, може да се очекува таа сѐ повеќе да се регрутира од градот, но, во исто време да се стабилизира и нејзината бројност. Како главни регрутациони центри се јавуваат поголемите градови и тоа оние со подолготрајна интелектуална традиција. Тезата за поголемото влијание на (не)развиеноста на одделните подрачја не се потврдува, но затоа, пак, е присутен феноменот на регрутацијата од оние селски средини кои, во минатото, имале извесна културна традиција. Тој традиционализам, повеќе присутен во селото, се одразува, сепак, на изборот на научното подрачје: кон поголема застапеноста на оние од селско потекло во општествено-хуманитарните и земјо-

делско-шумарските науки. Во тој поглед научната интелигенција во македонското општество го следи, главно, општиот структурен образец.

6.

Социјално-професионалното потекло на научната интелигенција ја потврдува нејзината хетерогеност како социјална група. Таа денес се регрутира од речиси сите општествени слоеви. Останува, меѓутоа, фактот дека доминира социјално-професионалното потекло од родители со претежно високо образование или од административните професии. Таквата тенденција е карактеристична и за општиот структурен образец и во другите средини во досегашна Југославија и тука македонското општество не претставува исклучок. Напротив, може да се констатира дека тоа е со поголема пропусна моќ во поглед на ова потекло од поразвиените средини, но ако овие последните се имаат предвид може да се очекува тенденција на понатамошна елитизација на научната сфера. Инаку, учеството на оние од работничко потекло е и понатаму високо.

7.

Според својот материјален статус научната интелигенција се приближува кон пониските среден слој во општеството. Таа денес живее исклучиво од примањата за својата редовна дејност, без поголеми можности за дополнување на тие примања, во станбени услови типични за средната класа кај нас. Во таа

смисла во најтешка состојба е оној нејзин сегмент кој штотуку навлегува во научната работа. Тезата за саморепродукцијата на научната интелигенција не е потврдена и покрај тоа што таквата појава ја има. Споредено со други средини таа не е толку изразена што не значи дека, со оглед на искуството на тие средини, ви иднина нема да биде поизразена. Што се однесува до општиот статус на научната интелигенција во општеството, ако се земат предвид и другите елементи (моќ, углед и сл.) како и речиси едноставно искажаниот став на нејзините припадници, таа денес може да се групира меѓу средните слоеви.

8.

Научната професија, и покрај значајните променив во нејзината полова структура, и понатаму е "привилегија" на машкиот пол. Македонското општество е, во таа смисла, потрадиционално од поразвиените средини во досегашна Југославија што е карактеристика и на општата полова вработеност. Со смалувањето на возраста на научниот кадар, меѓутоа, се забележува тенденцијата на постепена "феминизација" и на оваа професија што укажува и на постепеното надминување на половите бариери во оваа сфера. Ориентацијата на половите кон определените научни подрачја укажува, и понатаму, на постоење на "женски" и "машки" науки. Исто така, сè повеќе се засилува и тенденцијата на хоризонталната брачна подвижност: браковите на интелектуалците се склучуваат со припадник од сферата на не-

мануелниот труд, додека вертикалната брачна подвижност е сосема ретка. Со оглед на некои искуства во светот може да се очекува таа тенденција и понатаму да продолжи.

9.

Присутен е процесот на постепено стареење на научната интелигенција што може да се одрази и на "научната продуктивност" во иднина. Меѓутоа, и во тој поглед, македонската научна интелигенција не се разликува многу од другите поблиски средини. Се разликува, пак, затоа од старосниот структурен образец на развиените земји каде што старосната граница паѓа. Процесот на стареење ги има "зафатено" најповеќе медицинските и земјоделско-шумарските науки, а како "најмлади" се јавуваат техничко-технолошките науки.

10.

Специфичноста на патот на оформувањето на научната интелигенција, од една страна, и релативната неразвиеност на македонското општество, од друга страна, условуваат профил на интелигенцијата претежно од општествено-хуманитарната сфера. Со оглед на тенденциите во светот кон промена на таа структура македонското општество е, во таа смисла, "поназад" не само во однос на поразвиените земји, туку и во однос на повеќето поблиски средини. Во тој поглед живее, сѐ уште, просветителската традиција, наспроти техничко-технолошката.

11.

"Единаесеттата теза" за научната интелигенција во македонското општество се однесува на карактеристичниот, индивидуален тип на нашиот научен работник. Каков е неговиот социјален профил?

Прво, тој е од машки пол, на возраст од околу 45 години. Роден е во градска средина (Охрид), во семејство на родител стручњак, просветен или културен работник. Неоговиот брачен другар е по занимање, исто така, стручњак, просветен или културен работник. Второ, главно е ниско средно платен и нема дополнителни примања кои позначајно влијаат на неговиот материјален статус. Не поседува поголема своја недвижна сопственост. Живее во стан во лична сопственост кој е купен на кредит. И, трето, подрачјето на кое работи е од хуманитарно-општествените науки.

x

x x

Нема сомнение дека одумирањето на интелектуалците од "јавен тип" и нивното претопување во "интелектуалци професионалци" ќе ги зафати, ако веќе и не ги зафати, и нашите простори. Карактеристичниот тип на нашиот научен работник што ние го опишавме, на соодветната возраст, е, всушност, никој друг туку оној млад, бунтовен и неконформистички студент од 68-та година. Тоа е, како што би рекол Џејкоби, "историската духо-

витост": интелектуалците од ирационалните, необични шеесетти години, созреаја во една професионална, "невидлива" група. Научниот начин на изразување, јазикот, чувството за научна "дисциплина" и за сопственото место во сето тоа, сѐ повеќе, го удираат печатот врз "интелектуалниот етос" на денешното време. Води ли таа професионализација, навистина, кон "приватизација или деполитизација, кон повлекување на интелектуалната енергија од еден поширок домен кон една потесна дисциплина"? Се разбира, одговара Луис Менанд, светот на интелектуалците се промени. Ако интелектуалците веќе не си го пијат спокојно кафето во Мекдугаловата улица во Гринич Вилиџ, туку летаат со млазњаци на состаноци во Франкфурт, тоа ништо не зборува за вредноста на нивното мислење. Нема сомнение дека на тие конференции се слушаат многу бесмислици, но можеме мирно да речеме дека сразмерно исто толку бесмислици се слушаа и во Мекдугаловата улица. Веројатно е така, ќе забележи, Џејкоби но ќе додаде: Има илјада социолози, но го нема Рајт Милс; има тристотини критичари и книжевни теоретичари, но го нема и Едмунд Вилсон; има мноштво економисти, но ги нема Пол Свизи или Хари Брејвермен; постои мноштво критичари на урбаната средина, но ги нема Луис Мамфорд или Џејн Џејкобс.

Дали е, навистина, така?

# ПРОЛЕГОМЕНА ЗА ЕДНО ИДНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Еден замислен "разговор":

Сартр: Интелектуалците треба да се самоукинат...

Грамши: Но, тие како "органски" тешко можат самите тоа да го направат!

Манхајм: Тие не се "органски", тие се "слободнолебдечки"...

Маркс: Како и да е, останува фактот дека мислите на една епоха се секогаш мисли на владејачката класа!

На ветровитите брегови на езерото Балатон, токму во екот на работата врз овој труд, а веројатно под импресија на непрегледната унгарска рамница, се присетивме и на зборовите на веќе по малку подзаборавениот Јозеф Шумпетер, дека човечките маси никогаш не создаваат одредени мислења по сопствена иницијатива и дека, и доколку ги имаат, уште помалку се во состојба јасно да ги формулираат и да ги вообличат во постојани ставови и акции. Таквата улога Шумпетер ќе им ја припише на интелектуалците. Или, со други зборови, речено, на оние што во времињата на антиинтелектуализмот во Америка беа наречени со погрдното име - јајцеглави.

Во времето на денешните настани, кои, сакале или не, во секого од нас будат помалку или повеќе апокалиптични чувства, балатонската рамница всушност повторно не исправи пред

прашањето: која е функцијата на интелектуалецот, т.е. дали определениот простор и време, особено во политичка смисла, може да ја ограничи таа функција? Од бескрајот кој не опкружуваше не го добивме одговорот. До нас само како да допре гласот на интелектуалецот, тој "степски волк", осуден постојано да талка по тој бескрај, барајќи го сопствениот идентитет и во времето, и во просторот.

Напуштајќи го тој амбиент и приближувајќи им се на нашите простори и нашето време, полни со многу непознаници, дилеми и човекови лутања, сѐ повеќе ни се оформуваше мислата дека одговорот на прашањето мора да се побара не во идеалнотипската претстава за интелектуалецот, туку во оние простори во кои, всушност, тој го гради своето битие. Имено, еволуцијата на интелектуалецот, како дејствен субјект, не поучува дека тој својата сила, знаење и умешност ги црпел од сопствените простори и од своето време. А, кога веќе станува збор за тие наши простори и за ова наше време, може да се рече дека тој наш интелектуалец ја имал и ја има сѐ уште и улогата на мислител, но и улогата на свештеник, и улогата на просветител, но и улогата на револуционер, и улогата на маг, но и улогата на менаџер, и улогата на критичар, но и улогата на апологет. Во многу случаи, тие и такви улоги, интелектуалецот или морал да ги прифати, или му биле доделувани. Во прашање било само тоа со колкава умешност тој успевал да ги одигра.

Прашањето, пак, сега, ни се поставува малку поинаку: може ли тој да биде носител на критичката свест за своите простори и за своето време, да трага по можностите за неговите промени, без посредување и без посредници? Без толкувачи и арбитри, за него и за неговата функција. Може ли интелектуалноста да биде во корелација со моралноста, а оваа во ист таков однос со јавниот живот? Или, може ли, конечно, јајцеглавиот да го надмине својот Јанусов лик, понекогаш толку карактеристичен за него?

Одговорот, најверојатно, ќе го најдеме во вистината на која ни укажува и Сартр, дека интелектуалецот денес, а тоа важи и за нас, нема добиено од никого "мандат" за извршување на својата функција, ниту, пак, некој може нему да му даде налог како да ја промислува стварноста во која живее. Тој "налог" интелектуалецот и без тоа сам ќе си го даде, но во согласност со своите убедувања и сопствените погледи. Секое посредништво, во таа смисла, не само што е за него непотребно, туку често е и погубно. Не е ли тоа погубно и за средината во која тој дејствува? Зошто?

Посредуваниот интелектуалец, имено, не е во можност да гради определена свест за сите, туку само свест за некого и за нечии конкретни цели, а тоа не значи ништо друго, освен тој да биде во нечија служба, не да ја мисли и промислува стварноста, во нејзиниот тоталитет, туку да и се предаде на верата во оваа или онаа парцијална идеја, сервирана во моментот како единствено исправна, а во таа смисла и вечна. Значи:

мисла, а не вера! Интелектуалец во функција на мислата, а не во функција на верата! Оттука произлегува и одговорот на прашањето што како ехо долета од балатонската рамница - дека политичкиот простор и време не можат да ги определат меѓите на духовните функции. Ако, во таа смисла, интелектуалецот е навистина "очи, уши и глас на слободното општество", како што ќе рече Ајен Ренд, тогаш да го оставиме и слободно да си ја извршува таа функција - да ги посматра и оценува збиднувањата околу себе и да го оценува нивното значење. Колку и, тоа, во моментов, да ни изгледа неостварливо, па дури и утописко. Да му помогнеме во тоа, макар и по цената, во нечии очи да изгледаме "јајцеглави".

Впрочем, и овие редови се во негова чест. Во чест на јајцеглавиот.

# ЛИТЕРАТУРА

# ЛИТЕРАТУРА


1. Aleksić Rade, Inteligencija u jugoslovenskom društvu, "Sociologija", Bgd., 1964/1-2.

2. Амелин П.П., Интелигенция и социализм, Издательство ленинградского университета, 1970.

3. Ангелов Иван, Демографскиот развој во СР Македонија и неговите импликации врз образовната структура, зборник: "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", МАНУ, Скопје, 1985.

4. Anger Pierre, Savremene tendencije u naučnom istraživanju, INTDJ, Beograd, 1966.

5. Adžija Božidar, Socijalizam i inteligencija, "Vjesnik", Zagreb, 03.08.1976.

6. Babić Ivan, Uz aktualiziranje diskusija o odnosu politike i inteligencije, sp. "Kulturni radnik", Zagreb, br.11-12/1966.

7. Bakotin dr Jerko, Žena i njezin poziv, Zadar, 1962.

8. Ben-Joseph David, Uloga znanstvenika u društvu, "Školska knjiga", Zagreb, 1986.

9. Berdjaev Nikola, Ruska ideja, izd. "Prosveta", Beograd, 1987.

10. Birnbaum Norman, O pojmu političke avangarde u suvremenoj politici: intelektualci i tehnička inteligencija, sp."Praxis", br.1-2/1969.

11. Блаватская Татьяна, Из истории греческой интеллигенции, еллинистического времена, изд. "Наука", Москва, 1983.

12. Bloch Ernst, Intelektualac i politika, sp. "Naše teme" br.12/1970.

13. Bodin Louis, Les intellectuels, Paris, 1962.

14. Boedecker Michael-Leisewitz Andre, Inteligencija i radnički pokret, "Marksizam u svetu", br.1-2/1977.

15. Bon Frederic i Burnier Michel-Antoine, Intelektualci u društvu, "Kulturni radnik", 1967/1.

16. Bon Frederic i Bournier Michel-Antoine, Novi intelektualci, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

17. Bourdien Pierre, Velika iluzija intelektualaca, Treći program radio Zagreba, 1980/4-5

18. Böhm Antal, Socijalizam i inteligencija, "Socijalizam u svetu", 1980, IV,17.

19. Бошале д-р Никола, Науката како производна сила и нејзината стратешка улога во општеството, изд. Републичка заедница на научните дејности, Скопје, 1986.

20. Бошале Никола, Научното творештво во Македонија, "Македонска книга", Скопје, 1987.

21. Bošnjak Branimir, Partija i inteligencija, "Borba", 9.II 1985.

22. Brkljačić Ivo, Dileme suvremenog socijalizma i uloga inteligencije, "Naše teme", Zagreb, 1970/12.

23. Burić Olivera, Kritika idealističkog tumačenja procesa oslobodjenja žene i putevi njegovog razvoja u svetu i kod nas, zbornik: "Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu", "Komunist". Ljubljana, 1979.

24. Burns Rob, Zapadnonemački intelektualci i ideologija, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

25. Војиновић Перко, Политички и интелектуални профил грађанске интелигенције између два свјетска рата, "Овдје", 18.VI 1986.

26. Vrcan Srdjan, Napetosti uzajamnog odnosa komunističkog pokreta i inteligencije, "Naše teme", Zagreb, 1970/12.

27. Vrcan Srdjan, Sociologijski pogled na inteligenciju: Helmut Schelsky o "klasnoj borbi" i svećeničkoj vlasti intelektualaca, "Kulturni radnik", Zagreb, 1986/2.

28. Vujačić dr Vidak, Dijalektika duha, "Obod", Cetinje, 1978.

29. Вујачић Видак, Филозофија интелигенције, "Пракса", Титоград, 1983/4.

30. Вујошевић Ново, Опадање креативног духа интелигенције, "Пракса", Титоград, 1983/4.

31. Вукчевић Ристо, Један прилаз анализи положаја интелигенције, "Пракса", Титоград, 1983/4.

32. Werner Hofmann, Intelektualac i politička moć, "Praxis", Zagreb, 1970/1-2-

33. Gavi, Sartre, Viktor, Revolucionarni čovek, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

34. Гајгер Теодор, Критика идеологије и политичка синтеза, "Градина", Ниш, 1984/12.

35. Galbraight J.K., Nova industrijska država, "Naprijed", Zagreb, 1972.

36. Gella A., An introduction to the sociology of the Intelligentsia, (vo: The Intelligentsia and the Intellectuals. Theory, Method and Case Study, L.1977).

37. Георгиев Ангел, Специфични карактеристики на урбанизацијата на СР Македонија, зборник: "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје, 1985.

38. Георгиевски м-р Петре, Социјалната структура на студентите во СР Македонија и нејзиното влијание врз изборот на факултетот (високата и вишата школа), другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето, (докторска дисертација), Скопје, 1981.

39. Gollner Nada, Socijalna struktura studenata u našoj zemlji i njezina uloga u formiranju inteligencije, "Politička misao", Zagreb, 1966/1-2.

40. Gorz Andre, Klasni karakter nauke i naučnih radnika, "Marksizam u svetu" 1974/10.

41. Gorz Andre, Tehnika, tehničari i klasna borba, "Marksizam u svetu", 1974/3.

42. Goričar dr Jože, O pojmu i klasnoj fizionomiji inteligencije u savremenom kapitalizmu, "Gledišta", 1960/2.

43. Gouldner A.W., The Future of Intellectals and the Rise of the New Class. New York, 1979.

44. Gouldner Alvin, Uvod u teoriju revolucionernih intelektualaca, "Marksizam u svetu", 1977/1-2

45. Грамши Антонио, Одбрани текстови, изд. "Македонска книга", Скопје, 1973.

46. Gruden Živko, Rasulo intelektualne elite, "Vjesnik", Zagreb, 21.XII 1985

47. Дарендорф Ралф, Интелектуалац и друштво, "Градина", Ниш, 1984/12.

48. Деспић А.Р., искажување на тема "Интелектуални рад у самоуправном друштву", "Политика", Београд, 21.II 1970.

49. Димић Мома, Интелектуалац изван институције, "Градина", Ниш, 1984/12.

50. Dobrov M.G., Potencijal nauke, Institut za naučnotehničku dokumentaciju i informacije, Beograd, 1970.

51. Dragosavac dr Dušan, Društvene klase i inteligencija, "Kulturni radnik", Zagreb, 1979/3.

52. Djordjević Živorad, Za i protiv inteligencije, Beograd, 1979.

53. Ђорђевић Живорад, Интелигенција на раскршћу - могућа скица за истраживања интелигенције, "Марксистичка мисао" 1977/6.

54. Djordjević dr Jovan, Politički sistem (poglavlje "Inteligencija"), Beograd, 1967.

55. Djurčinov Milan, Partija i inteligencija, "Borba", 21.I 1984.

56. Eisenstadt N.B., Intelektualci i tradicija, "Kulturni radnik", Zagreb, 1972/6.

57. Елаковић Симо, Модерно друштво и "стојалиште" интелектуалног деловања, "Марксистичка мисао", Београд, 1987/1.

58. Enzesberger H.M., Industrija svesti, "Marksizam u svetu", 1974/4.

59. Escarpit Robert, Sociologija književnosti, "Matica Hrvatska" 1970.

60. Ehrenreich Barbara, Feminizam i konsolidovanje klase, "Pregled", Ambasada SAD, Beograd, br.253.

61. Жерновска Пауна, Школување на населението на факултетите, високите и вишите школи во СР Македонија, "Прикази и студии", РЗС, Скопје, 1975/46.

62. Živković Miroslav, Kako je rasporedjen jugoslovenski intelektualni kapital, "Sociologija", 1979/4.

63. Zadrović Ante, O odgovornosti intelektualaca, "Naše teme", 1978/2.

64. Zvonarević Mladen, Partija i inteligencija, "Borba", 30.III 1985.

65. Zdravković Silvija, Putevi preobražaja nauke, "Gledišta", 1978/3.

66. Zdravković Silvija, Univerzitetski nastavnici u savremenom jugoslovenskom društvu, "Savremena administracija", Beograd, 1977.

67. Indjić Trifun, Intelektualci Latinske Amerike, "Naše teme", Zagreb, 1966/1-2.

68. Ilić Miloš, Sociologija kulture i umetnosti, Institut društvenih nauka, Beograd, 1966.

69. Ilić Miloš, Inteligencija i javnost, "Treći program", Beograd, proleće 1969.

70. Intelektualci in delavsko gibanje, (osnovna tema), "Anthropos", 1978/3-4.

71. Inteligenca v sodobni družbi, (osnovna tema), "Anthropos", Ljubljana, 1986/1-2.

72. Интелигенција и револуционарни ангажман (основна тема), "Марксистичка мисао", 1977/4.

73. Историја на македонскиот народ (кн.I,II и III), НИП "Нова Македонија", Скопје, 1969.

74. Jakoby Russel, Preuzeli su ih univerziteti, "Pregled", Ambasada SAD, Beograd, br.245/1989.

75. Janičijević Milosav, Jedan pogled na karakteristike nastanka i razvitka jugoslovenske inteligencije, "Gledišta", 1960/2.

76. Janičijević Milosav, Opšti metodološki pristup i socijalne osobenosti društvenih slojeva, vo: "Društveni slojevi i društvena svest", IDN, Beograd, 1977.

77. Janičijević Milosav, Stvaralačka inteligencija medjuratne Jugoslavije, IDN, Beograd, 1984.

78. Jedinstvo radničke klase i inteligencije u borbi za samoupravni preobražaj društva, (redakcijski članak), "Socijalizam", Beograd, 1968/9.

79. Југословенски интелектуалац данас, (анкета), "НИН", Београд, 3, 10, 17.XI и 15 и 22.XII 1968.

80. Кантарџиев Ристо, Македонското преродбенско училиште, "Култура", Скопје, 1965.

81. Кантарџиев Ристо, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата, зборник: "Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата, МАНУ, Скопје, 1979.

82. Kanjuo Aleksandra, The position of women managers in Yugoslavia and India, (čukan tekst), Yugoslav center for theori and practice of self-management "Edvard Kardelj", Ljubljana, 1990.

83. Кардељ Едвард, Белешке о нашој друштвеној критици, "Култура" Београд, 1966.

84. Kecman Vojislav, Selekcija i protok znanstvenih kadrova, "Naše teme", Zagreb, 1983/7-8.

85. Ki-Zerbo Joseph, Intelektualci, radnici i seljaci: novi odnosi za africko samoupravljanje, "Marksizam u svetu", Beograd, 1978/4-5.

86. Килибарда Ристо, Однос хуманистичке интелигенције и управљачког слоја у класним друштвима, "Пракса", Титоград, 1983/4.

87. Кирн Андреј, Наука као друштвена революционарна и конзервативна снага, "Марксистичка мисао", 1979/1.

88. Kirn Andrej, Lenin, znanstevo-tehnična inteligenca inteligenca in Oktobarska revolucija, "Teorija in praksa", Ljubljana, 1977/12

89. Kmecl Marko, Tehniška inteligencija in okolje, "Teorija in praksa", Ljubljana, 1986/9-10.

90. Kovačević Božo, Prilog proučavanju medjuratne lijeve inteligencije, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1987/3-4.

91. Kovačević Boško, Naznake o intelektualcima i inteligenciji, "Rukovet", Subotica, 1987/2.

92. Кожул др Фрањо, Стара подјеле, нове страсти, "Борба" 20-21. X 1984.

93. Kolakowski Leszek, Intelektualci i komunistički pokret, "Naše teme", Zagreb, 1971/4.

94. Kolakovski Lešek, Intelektualci protiv intelekta, "Kultura", Beograd, 1982.

95. Komunistički pokret i inteligencija, "Naše teme", Zagreb, 1970/12, (osnovna tema).

96. Конески Блаже, Македонскиот XIX век, "Култура", Скопје, 1986.

97. Konrad George - Szelenyi Ivan, Intelektualci na putu ka klasnoj vlasti, "Marksizam u svetu", Beograd, 1989/6-7.

98. Konrad Georg - Selenji Ivan, Uloga marginalne inteligencije u formiranju intelektualne klase, "Vidici", 1982/3-4.

99. Коргун В.Г., Интеллигенция в политической жизни Афганистана, "Наука", Москва, 1983.

100. Корубин Јован, Живиот песок: интелигенцијата, "ЛИК", Скопје, 21.XI 1990.

101. Корубин Јован, Ставовите за општествените прашања во зависност од степенот на образованието, Трета програма на Радио Скопје, 12.II 1988.

102. Корубин Јован, Функцијата на јајцеглавиот, "Нова Македонија", 29.V 1991.

103. Краљ Мило, Стваралаштво и класа, "Стварање", Титоград, 1973/6.

104. Kranjc dr Ana, Žena u procesu stjecanja i mobilizacije svoga obrazovanja, zbornik: "Društveni položaj položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu", "Komunist", Ljubljana, 1979.

105. Кувалдин Б.В., Американскии капитализм и интелигенция, "Наука", Москва, 1983.

106. Кувачић Иван, Интелектуалци и власт, "Градина", Ниш, 1984/12.

107. Kuvačić Ivan, Intelektualci i vlast, "Kulturni radnik", Zagreb, 1981/2.

108. Kuvačić Ivan, Obuzdana utopija, "Naprijed", Zagreb, 1986.

109. Кугель С.А. - Шемц П.Б., Научная интеллигенция СССР: фактори и тенденции развития, Социологические исследования", 1979/1.

110. Kulić Mišo, Intelektualci i transcedencija, "Dijalog", 1978/5.

111. Lapassade Georges, Ruso i enciklopedisti, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

112. Лапе Љ., Марко Цепенков за селските задружни куќи и чифлици во Прилепско, Тиквешко и Штипско, "Историја" 1967/2.

113. Лаушевић Саво, Шта јест интелектуалац, "Пракса", Титоград, 1983/4.

114. Ленин В.И., Сочинения, Москва, изд.I, т.7.

115. Letica Slaven, Intelektualac i kriza, "August Cesarec", Zagreb, 1989.

116. Lipset M.Sejmor, Politički čovek, "Rad", Beograd, 1969.

117. Липсет М.Сејмор - Басу Асоке, Иновативна и интегративна улога интелектуалаца, "Градина", Ниш, 1984/12.

118. Löwy Michael, Pour une sociologie des intellectuels révolutionnaires, Presses universitaires de France, Paris, 1976.

119. Lukač Djerdj, O pitanju organiziranja intelektualaca, "Kulturni radnik", Zagreb, 1985/3.

120. Lukacs Georg, Uz organizacijsko pitanje intelektualaca, "Ideje", Beograd, 1972/1-2.

121. Luccioni Michael, Uključivanje mladih gradskih intelektualaca u kinesko selo, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

122. Le Goff Jacques, Intelektualci u srednjem veku, Zagreb, 1982.

123. Mazzola Michel, Od intelektualca kod Marxa do marksizma intelektualaca, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

124. Мансуров В.А.- Барбакова К.Г., Молодои интеллигент развитого социалистического обшества, "Наука", Москва, 1981.

125. Manhajm Karl, Ideologija i utopija, "Nolit", Beograd, 1968.

126. Manheim Karl, Eseji o sociologiji kulture, "Stvarnost", Zagreb, 1980.

127. Манчев Васе, Интелектуални фрагменти, "Комунист", Скопје, 22.I 1988.

128. Margetić Ivo, Čemu vodi birokratizacija inteligencije, "Polet", 1968/20.

129. Maričić Siniša, Koliko Jugoslavija sudjeluje u svetskoj znanstvenoj proizvodnji, "Scientia Yugoslavica", 1986/1-2.

130. Markevič V., Evolucija socijalno-profesionalne pozicije inteligencije u narodnoj Poljskoj, "Marksizam u svetu", 1975/5-6.

131. Марковић проф.д-р Петар, Општествено-економските промени на село во СР Македонија, ИСПИ, Скопје, 1970.

132. Matić Davorka, Kritika teorija o novoj klasi intelektualaca i inteligencije, "Revija za sociologiju", 1987/3-4.

133. Machajski W., O vladavini intelektualaca, zbornik: "Birokratija i tehnokratija", "Sedma sila", Beograd, 1966.

134. Menand Louis, Živi i zdravi, "Pregled", Ambasada SAD, Beograd, 1989/245.

135. Mikecin Vjekoslav, Napomene o inteligenciji i komunističkom pokretu, "Naše teme", Zagreb, 1971/2.

136. Mikulić Branislav, Osvrt na nastavno-saradničko osoblje visokoškolskih organizacija u BiH, Zbornik radova Ekonomskog fakulteta, Sarajevo, 1980/15.

137. Milić Vladimir, Revolucija i socijalna struktura, "Mladost", Beograd, 1978.

138. Milić Vojin, Doktorati u obrazovanju i obnavljanju naučnog osoblja, "Sociološki pregled", Beograd 1981/3-4 i 1982/1-2.

139. Milić Vojin, Naučni potencijal: pojam i problemi, "Sociološki pregled", 1978/1-2.

140. Милић Војин, Научни потенцијал СФРЈ: раст и проблеми, Зборник Филозофског факултета, Београд, 1986/14.

141. Milič Vojin, predgovor kon "Ideologija i utopija" od Karl Manhajm, "Nolit", Beograd, 1978.

142. Mills C.Wright, Bijeli ovratnik, "Naprijed", Zagreb, 1979.

143. Милс Рајт, Знање и моќ, "Вук Караџиќ", Београд, 1966.

144. Miloševič Branislav, Vitezovi duha, revija "Danas", Zagreb, 8.VIII 1989.

145. Миљовска д-р Десанка, Местото и улогата на интелигенцијата во Илинденската народна револуција, зборник: "Илинден 1903", Институт за национална историја, Скопје, 1970.

146. Mirič Jovan, Inteligencija i politika, "Politička misao", Zagreb, 1966/1-2.

147. Morin Edgar, Duh vremena, BIGZ, Beograd, 1979.

148. Morin Edgar, Intelektualci: kritika mita i mit kritike, "Marks-sizam u svetu", 1977/1-2.

149. Moursi Fouad, Sitna buržoazija kao klasna snaga, "Socijalizam u svetu" 1980/17.

150. Mrkšič Danilo, Srednji slojevi u Jugoslaviji, Istraživačko-izdavački centar SSO Srbije, Beograd, 1987.

151. Мухиќ д-р Ферид, Македонската интелигенција и духот на сегашноста, "Комунист", Скопје, 15.I 1988.

152. Muhič Fuad, Partija i inteligencija, "Borba", 7.I 1984.

153. McBride William, Intelektualna produktivnost u kapitalističkim i postkapitalističkim društvima, "Praxsis", Zagreb, 1974/1-2.

154. Миноски Михајло, Обид на Спиро Гулапчев и на организацијата "Пријателска дружина" за ширење на општите и практичните научни знаења сред селанството во Македонија, зборник: "Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата", МАНУ, Скопје, 1979.

155. Надель С.Н., Научно-техническая интеллигенция в современном буржуазном обшестве, "Наука", Москва, 1971.

156. Naučni i tehničko-tehnološki razvoj Jugoslavije do 2000. godine, izd. "Tehnika", Beograd, 1983.

157. Научно-техническая ревоюция и изменение структуры научных кадров СССР, "Наука", Москва, 1973.

158. Недељковић Милан, Интелигенција на раскршћу, "Градина", Ниш, 1972/9.

159. Ношпалоска Катерина, Промени во контингентите население во СР Македонија како одраз на промените во старосната и половата структура на населението, зборник: "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", МАНУ, Скопје, 1985.

160. Ovadija - Musafija Ina, Intelektualac i socijalizam, "Ideje", 1984/1.

161. O ulozi intelektualaca (intervju so Ž.P.Sartr), "Marksizam u svetu", 1977/1-2

162. Pažanin A., Intelektualci i politika, "Politička misao", Zagreb, 1969/4.

163. Paič Ivo, Partija i inteligencija, "Borba", 14.I 1984.

164. Panov Mitko, Proces urbanizacije u kontekstu demografske strukture stanovništva u SR Makedoniji, "Geografski glasnik", Zagreb, 1976/38.

165. Papič Žarko, Samoupravljanje i inteligencija, "Gledišta", 1975/9.

166. Папић др Жарко, Дај да то урадимо!, "Борба", 28-29.I 1984.

167. Папић Жарко, Самоуправљање и интелигенција, "Младост", Београд, 1976.

168. Pejovič Danilo, Socijalizam i inteligencija, "Praxis", 1964/2.

169. Пекевски Боро, Некои демографски појави што се откриваат со резултатите од пописот на населението и становите во 1981 година, зборник: "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје, 1985.

170. Peratoner Ervin, O mogučem sukobu, o disciplini i odgovornosti, o buntovnoj i o prilagodjenoj inteligenciji, "Naše teme", Zagreb, 1970/12.

171. Perovič Milenko, Činovništvo i inteligencija, "Savremenost", Novi Sad, 1986/11-12.

172. Petrovič Gajo, Odgovornost intelektualca danas, "Naprijed", Zagreb, 1978.

173. Petrovska dr Blaga, Žene iz SR Makedonije u ostvarivanju svoje emancipacije, zbornik: "Učešče žena u procesima društvenog odlučivanja", Institut za socijalnu politiku, Beograd, 1983.

174. Pečujlić dr Miroslav, Nameštenička inteligencija u savremenom kapitalizmu, "Gledišta", 1960/2.

175. Popović Djordje, Tehnokratija i intelektualni rad, "Socijalizam", Beograd, 1977/10.

176. Popović dr Djordje, Inteligencija i radnička klasa, izd. "Radnička štampa", Beograd, 1980.

177. Popović Miloje, Neki oblici društvenog angažovanja mlade inteligencije danas, "Gledišta", Beograd, 1964/6-7.

178. Previšić Jozo, Znanstveni kadar u SR Hrvatskoj, Institut za društvena istraživanja Sveučilišta, Zagreb, 1975.

179. Pretnar dr Stojan, Uvod v ekonomiko intelektualnih stvaritev, "Naši razgledi", 1975/20.

180. Prpić Katarina, Žena u znanosti, "Žena", Zagreb, 1982/4.

181. Prpić Katarina, Kvalifikacijska struktura i radno-profesionalni položaj istraživača, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1987/1-2.

182. Prpić Katarina, Marginalne grupe u znanosti, JDIS, Zagreb, 1989.

183. Radivojević dr Predrag, Naučno-tehnološki potencijali Jugoslavije, NIGRO "Privredni pregled", Beograd, 1986.

184. Rado Jan, Stvaralaštvo i pokret, "Naše teme", Zagreb, 1970/12.

185. Развој на научно-истражувачката работа во Македонија, Републичка заедница на научните дејности, Скопје, 1984.

186. Ralić Prvoslav, Inteligencija izmedju kritičke utopije i etablirane partije, "Socijalizam", Beograd, 1972/11.

187. Ralić Prvoslav, Klasne pretpostavke odnosa inteligencije i komunističke partije, "Socijalizam", 1986/10.

188. Rapport Anatole, Klasni interesi intelektualaca i elita moći, "Pravnik", Zagreb, 1973/6-7.

189. Ристовски Блаже, Македонската нација, "Мисла", Скопје, 1983.

190. Rihta Radovan i saradnici, Civilizacija na raskršću, "Komunist", Beograd, 1972.

191. Rossanda Rossana, Revolucionarni intelektualci i Sovjetski savez, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

192. Rus Vojin, Vanredne mogućnosti za inteligenciju XX i XXI vijeka, "Dijalog", Sarajevo, 1978/5.

193. Руткевич М.Н., Советская интеллигенция: структура и тенденции развития на современном этапе,"Социологические исследования", 1980/2.

194. Salinović Ivan, Politička uloga inteligencije, "Kulturni radnik", Zagreb, 1973/2.

195. Sanguineti Edoardo, Intelektualci i marksizam, "Naše teme", 1979/11.

196. Sarić M.Petar, Inteligencija i kritika, "Socijalizam", Beograd, 1971/6.

197. Sartin P., Les cadres et l'intelligence, "Nachette", Paris, 1968.

198. Sartr Jean - Paul, Funkcija intelektualaca, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

199. Sartre Jean Paul, Što je to intelektualac?, "Kulturni radnik", Zagreb, 1975/1.

200. Секуловић Горан, Маркс о интелектуалном и пролетерском "Пракса", Титоград, 1986/6.

201. Szelenyi Ivan, Gouldner: s Theory of Intellectuals as a Flawed Universal Class, "Theory and Society", 1982/6.

202. Szelenyi Ivan, Perspektive i ograničenja istočnoevropskog novog klasnog projekta: samokritičke napomene o delu "Intelektualci na putu ka klasnoj vlasti", "Marksizam u svetu", Beograd, 1989/6-7.

203. Szepanski Jan, Mitologizacija intelektualistów, "Studia socjologiczne", 1962/3.

204. Szepanski Jan, Funkcje intelligennci we wspolszenych spoleczeństwach, "Kultura i spoleszeństwvo", Warszawa, 1966/3.

205. Simoni Carlo, Sartr, intelektualac, organizacija, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

206. Skledar Nikola, Društvene promjene i inteligencija, "Sociologija", Beograd, 1986/1-2.

207. Смоляков Л. ., Некоторые проблемы ленинского анализа интеллигенции, "Вопросы философии, 1983/6.

208. Sohn-Rethel Alfred, Intelektualni i manuelni rad, "Socijalizam u svetu", Beograd, 1978/9.

209. Sohn-Rethel Alfred, Tehnička inteligencija izmedju kapitalizma i socijalizma, "Marksizam u svetu", Beograd, 1974/3.

210. Социологические исследования интеллигенции, Академия наук СССР, Москва, 1982.

211. Старделов д-р Георги, Марксизмот и интелигенцијата, "Погледи", Скопје, 1972/6-7.

212. Старделов д-р Георги, Што да се прави, "Комунист", Скопје, 4.III 1988.

213. Stipetić Zorica, Inteligencija u pripremanju socijalističke revolucije u Hrvatskoj - njezina uloga i karakteristike (1919-1941), "Kulturni radnik", Zagreb, 1975/1.

214. Stipetić Zorica, Problemi istraživanja inteligencije u Hrvatskoj izmedju dva svjetska rata, "Časopis za suvremenu povjest", Zagreb, 1971/2-3.

215. Stojković Andreja, Kako je počelo: o ruskoj inteligenciji i francuskim intelektualcima, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1987/3-4.

216. Стрибер Мирослав, Лењин о друштвеном положају и улози интелигенције, Зборник за друштвене науке Матица српске, Нови Сад, 1970/55.

217. Striber Miroslav, Promene u brojnosti, profesionalnom i obrazovnom sastavu jugoslovenske inteligencije, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, 1971/V.

218. Striber Miroslav, Činiosi opredeljivanja intelektualaca, "Index", 29.XI 1969.

219. Sultanović dr Vlado, Socijalno-klasni položaj menadžera i naučnotehničke inteligencije, "Treći program", Sarajevo, 1979/26.

220. Supek Rudi, Humanistička inteligencija i politika, Studentski centar sveučilišta, Zagreb, 1971.

221. Tanović Arif, Intelektualci i radnički pokret, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

222. Tanović dr Arif, Inteligencija i radnički pokret, "Odjek", 1977/12-

223. Ташковски Драган, Рађањето на македонската нација, НИП "Нова Македонија", Скопје, 1967.

224. Томовић др Рајко, За укидање разлика између хуманистичке и техничке интелигенције, "Марксистичка мисао", Београд, 1975/3.

225. Тошев Крум, Оформувањето на нашиот литературен јазик и нашата интелигенција, "Нов ден", Скопје, 1946/4-5.

226. Ќурчиев Александар, Трајните миграции на населението во СР Македонија, зборник: "Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија", МАНУ, Скопје, 1985.

227. Falkcoff Mark, Novi gradski intelektualci, "Pregled", Ambasada SAD, Beograd, 1989/245.

228. Федјукин А.А., Октобар и интелигенција, "Марксистичка мисао", Београд, 1986/4.

229. Fejnberg Evgenij, Intelektualna revolucija, "Teorija in praksa", Ljubljana, 1987/8-9.

230. Ferenčić Ante, Indikatori znanstveno-tehnološkog razvoja, "Naše teme", Zagreb, 1983/7-8.

231. Filipović Muhamed, Inteligencija - nedovoljno poznat fenomen, "Odjek", 1966/24.

232. Fischer Ernest, Intelektualci i vlast, "Naše teme", Zagreb, 1966/10.

233. Фојер С.Луис, Ко је интелектуалац?, "Градина", Ниш, 1984/1

234. Fougeyarallas Pierre, Reč intelektualac, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

235. Frankel Charles, Muke humanističkog intelektualca, "Marksizam u svetu", 1977/1-2.

236. Habermas Jürgen, Intelektualci, ljevica i vlast u Evropi, "Kulturni radnik", Zagreb, 1979/1-

237. Хајек Ф.А. Моћ интелектуалаца, "Градина", Ниш, 1984/12.

238. Hobsbawn Eric, Intelektualci i radnički pokret, "Kulturni radnik", Zagreb, 1979/5.

239. Hodžić Alija, Inteligencija u socijalizmu, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1987/3-4.

240. Hudoletnjak Boris, O intelektualcima i onim drugima, "Naše teme", Zagreb, 1971/2.

241. Huszar de Gerge, The Intellectuals, The Free Press of Glencoe, 1960.

242. Хусар Т., Интеллигенция Венгерской Народнои Републики, "Социологические исследования", 1980/3.

243. Casanova Antoine, Socijalni status intelektualaca, "Marksizam u svetu", Beograd, 1974/3.

244. Cvetičanin Radivoj, Partija i inteligencija, "Borba", Beograd, 2.II 1985.

245. Cvjetičanin Veljko, Klase i klasna struktura suvremenog društva, "Školska knjiga", Zagreb, 1974.

246. Cerroni Umberto, Intelektualci i oni obični, "Kulturni radnik", Zagreb, 1975/1.

247. Chomsky Noam, Odgovornost intelektualaca, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

248. Šalinović Ivan, Politička uloga inteligencije, "Kulturni radnik", Zagreb, 1973/2.

249. Šlaus Ivo, Znanstveno-tehnološki potencijal SFRJ, "Teorija in praksa", Ljubljana, 1987/5-6.

250. Шпадијер Марко, Црногорска интелигенција данас, "Пракса", Титоград, 1983/4.

251. Šćepanski Jan, Struktura i položaj inteligencije u poljskom društvu, "Sociologija", Beograd, 1959/2-3.

252. Šuvar Stipe, Nekoliko uvodnih varijacija o odnosu inteligencije i komunističkog pokreta, "Naše teme", Zagreb, 1970/12.

253. Шувар др Стипе, Наша интелигенција између прошлости и будућности, "Политика", Београд, 11.V 1974.

254. Šumpeter Jozef, Kapitalizam, socijalizam i demokratija, "Kultura", Beograd, 1960.

255. Šušnjić dr Djuro, O pretpostavkama sociologije nauke, "Gledišta", Beograd, 1974/11-12.

256. Šušnjić Djuro, Cvetovi i tla, "Mladost", Beograd, 1982.

257. Шушњић Ђуро, Интелектуалац данас, "Књижевна реч", 10.II 1983.

258. Šušteršić Miloš, Proletariat in inteligenca, "Teorija in praksa", Ljubljana, 1983/4-5.

ПОСЕБНИ ПУБЛИКАЦИИ:

259. Biografije in bibliografije znanstvenih in strokovnih sodelavcev SAZU, Ljubljana 1976.

260. Biografije in bibliografije učiteljev in sodelovcev Univerze v Mariboru 1976-78, Maribor, 1979.

261. Biografije in bibliografije univerzitetnih učiteljev, znanstvenih delavcev in sodelavcev, Ljubljana, knjiga I 1957, knj.II 1969; knj. III 1979.

262. Biografije i radova nastavnika, saradnika i ostalih naučnih radnika, Univerzitet u Banjaluci, 1979.

263. Вујаклија Милан, Лексикон страних речи и израза, "Просвета", Београд, 1977.

264. Enciklopedija Leksikografskog zavoda, knj.3, Zagreb, MCMLXVII.

265. Ko je ko u Jugoslaviji, "Hronometar", Beograd, 1970.

266. Larousse du xx[e] siecle, tome sixieme, Libraire Larousse, Paris, 1933.

267. Le dictionnaire de notre temps, "Hachette", Paris, 1990.

268. Littre E., Dictionnaire de la Langue Francaise, Paris, 1958.

269. Извештај за работата на Универзитетот "Кирил и Методиј" за учебната 1989/90 година, Скопје, 1990.

270. Научни институции во СР Македонија 1970, Институт за научно-техничка документација и информации, Белград, 1970.

271. Развој на СР Македонија 1945 -1984, Републички завод за статистика, Скопје, 1986.

272. Регистар на научните работници во Македонија, НУБ "Климент Охридски" (реферален центар), Скопје, 1989.

273. Registar znanstvenih radnika Hrvatske,

274. Politička enciklopedija, "Savremena administracija", Beograd, 1975.

275. Sociološki leksikon, "Savremena administracija", Beograd, 1982.

276. Spomenica Naučnog društva i Akademije nauka i umetnosti Bosne i Hercegovine, 1951-1976, Sarajevo.

277. Работници и чист личен доход во Република Македонија, "Статистички преглед", Републички завод за статистика, Скопје, 1991/213.

278. Статистички годишник на СР Македонија за 1973 година, РЗС, Скопје.

279. Статистички годишник на СР Македонија за 1990 година, РЗС, Скопје.

280. Статистички преглед бр.131, РЗС, Скопје.

281. The Sharter Oxford Englisch Dictionnairy of Historical Rinciples, Revised Edition, 1959.

282. Универзитетот во Скопје 1949-69, (монографија), Скопје, 1969.

283. Webster's Unified Dictionary and Encyclopedia, New York, 1959.

# П Р И Л О З И

Регрутациона интелектуална карта на Македонија според научните работници родени на 10.000 жители - по општини ( состојба 1984)

1. Над 10 научни работници (родени на 10.000 жители)

2. Од 5,1 до 10 научни работници

3. Под 5 научни работници



Графикон 1: НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ОДДЕЛНИ НАУЧНИ ПОДРАЧЈА СПОРЕД МЕСТОТО НА РАЃАЊЕ (СЕЛО-ГРАД)




| | A | B | C | D | E |
|---|---|---|---|---|---|
| Grad | 257 | 150 | 212 | 86 | 142 |
| Selo | 176 | 79 | 73 | 89 | 36 |

А – Општествени науки

В – Природно-математички науки

С – Техничко-технолошки науки

Д – Земјоделско-шумарски науки

Е – Медицински науки

Графикон 2: ПОРАСТОТ НА ГРАДСКОТО И СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА НАУЧНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ПО МЕСТОТО НА РАЃАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ 1921 - 1971

## *Inteligencija*




| | Gradsko | selsko |
|---|---|---|
| 1921 | 89 | 25 |
| 1948 | 646 | 389 |
| 1971 | 847 | 453 |




## *Naselenie*




| | Gradsko | selsko |
|---|---|---|
| 1921 | 214.91 | 593.814 |
| 1948 | 318.499 | 834.485 |
| 1971 | 803.077 | 844.231 |



Графикон 3: Застапеноста на научната интелигенција според социјалното потекло во одделни научни подрачја




| | A | B | C | D | E | F | G |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 21.6 | 27.8 | 6.2 | 15.5 | 3.1 | 23.7 | 2.1 |
| 2 | 13.4 | 13.4 | 10.4 | 26.9 | 1.5 | 32.8 | 1.5 |
| 3 | 16.5 | 32.9 | 7.7 | 11 | 6.6 | 17.6 | 7.7 |
| 4 | 12.1 | 6.1 | 9.1 | 15.1 | 3 | 48.5 | 6.1 |




А – Индивидуален земјоделец

В – Работник

С – Самостоен занаетчија одн.трговец

Д – Административен персонал

Е – Средностручен кадар

Ф – Стручњак,просветен или културен работник

Г – Научник,односно универзитетски професор

1. Земјоделско-шумарски и биолошки науки

2. Техничко-технолошки науки

3. Општествено-хуманитарни науки

ГРАФИКОН 4: Припадноста (слојна) на научната интелигенција според мислењето на испитаните научни работници




| | A | B | C | D |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 13 | 149 | 31 | 29 |
| 2 | 3 | 77 | 21 | 24 |
| 3 | 16 | 226 | 52 | 53 |




А – Висок слој

Б – Среден слој

Ц – Низок слој

Д – Не знае

1.Со научно звање

2.Соработници

3.Вкупно

ГРАФИКОН 5: Половата структура на научната интелигенција во Македонија и Хрватска (состојба 1984 односно 1985)



ГРАФИКОН 6: Старосната структура на населението во Македонија според пописот од 1981 година (над 30 години)



ГРАФИКОН 7: Старосната структура на научната интелигенција во Македонија според состојбата во 1984 година (над 30години)



ГРАФИКОН 8: Староснатa структура на научната интелигенција во Македонија по одделни научни подрачја (состојба 1984)




| | A | B | C | D | E |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6.9 | 14.5 | 7.1 | 11 | 6.2 |
| 2 | 38.3 | 29.3 | 30.4 | 48.8 | 28.7 |
| 3 | 26.7 | 28.8 | 23.8 | 19.2 | 30.9 |
| 4 | 28.1 | 27.3 | 38.7 | 21 | 34.3 |




А– Природно-математички науки

Б – Општествено-хуманитарни науки

Ц.– Земјоделско-шумарски науки

Д – Техничко-технолошки науки

Е – Медицински науки

1. Од 31 до 40 год.

2. Од 41 до 50 год.

3. Од 51 до 60 год.

4. Од 61 и натаму

ГРАФИКОН 9: Структура на научната интелигенција по одделни научни подрачја во Македонија, Хрватска и Словенија( по војната)




| | A | B | C | D | E |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 17.5 | 32.8 | 13.6 | 21.9 | 14.2 |
| 2 | 27 | 18 | 12 | 28 | 15 |
| 3 | 15.9 | 27.5 | 14.4 | 24.4 | 17.8 |

1 2 3

А – Природно-математички науки

Б – Општествено-хуманитарни науки

Ц – Земјоделско-шумарски науки

Д – Техничко-технолошки науки

Е – Медицински науки

1. Македонија

2. Хрватска

3. Словенија

# П Р А Ш А Л Н И К

за утврдување на социјалното потекло и материјалниот статус на научноистражувачкиот кадар во Македонија

---

1. Звање: а) наставно-научно б) соработничко

2. Пол: а) машки б) женски

3. Година на раѓање ___________

4. Место на раѓање а) село б) град

5. Занимање на родителите (да се наведе прецизно):

   а) на таткото ______________________________

   б) на мајката ______________________________

6. Занимање на брачниот другар ______________________________

7. Висина на Вашиот личен доход (приближно) ______________________

8. Имате ли дополнителни примања кои посуштински влијаат на Вашиот материјален статус:

   а) Да б) Не

9. Да ли поседувате недвижна сопственост (земја, куќа за одмор, деловен простор и сл.):

   а) Да б) Не

10. Живеете во:

    а) сопствена индивидуална станбена зграда (куќа)
    б) стан во лична сопственост
    в) општествен стан
    г) кај родители, роднини и сл.
    д) потстанар

11. Дали, според Вашето мислење, трудот на научниот кадар е доволно вреднуван?

    а) Да б) Не в) Не знам

12. На кој општествен слој, според Вашето мислење, му припаѓате:

    а) Висок
    б) Среден
    в) Низок
    г) Не знам